1. Реалната дефиниција е *„дефиниција на ствари"* или поточно *„дефиниција на суштината на ствари"*, *„природата на ствари"*. Ова гледиште потекнува од Аристотела и се задржало до нашите дни со помали или поголеми измени. Претпоставка за ваквото сфаќање е постоењето на објективни ентитети (кои различно се сфаќаат), кои можат да се зафатат со дефиницијата. Значи, дефиницијата е одговор на прашањето: „Што е дадена ствар?" („Што е *x*?"), вели Робинсон (24,16).

2. Реалната дефиниција *се однесува на поимот*. Така ја сфаќа реалната дефиниција Кант, за кого поимите не се замисли на предметите, туку празни, несодржински априорни форми. За Петрониевиќ реалната дефиниција „се однесува на самиот поим" како замисла на некој предмет (22,135), а за Б. Марковиќ таа е вистинска дефиниција, зашто „поблиску ја определува самата содржина" на поимот (16,66). Слично мислат и мнозина марксистички логичари (Асмус, Горскиј, Шешиќ, Г. Петровиќ и др.) било да го сфаќаат поимот како одраз или замисла на предметот.

3. Реалната дефиниција *се однесува на релацијата „симбол-објект“* (Михаило Марковиќ). Според М. Марковиќ дефиниендумот кај реалната дефиниција не е ни стварта ни поимот, туку симболот, а дефиниенсот е „собир од зборови што опишуваат еден објект“, а не неопределените категории „суштина“, „природа“ и др. (17,412). Ова гледиште е слично на Робинсоновото сфаќање на номиналната збор-ствар (word-thing) дефиниција (24,20—34).

4. Реалната дефиниција е *дефиниција на зборот* (*симболот*) во предметна стилизација. Ако значењето на зборот се сфати во предметна стилизација, т.е. дека се однесува на објективно постојни предмети, тогаш во суштина се работи за реална дефиниција. Иако и Хобс и Мил ја отфрлаат реалната дефиниција во корист на номиналната, последнава тие ја сфаќаат во предметна стилизација. Слично е и гледиштето на Жергон кога тој под дефиниции на стварите (definitions des choses) подразбира дефиниции што ја толкуваат смислата на зборот во неговата секојдневна употреба (11,46).

5. За реалната дефиниција е карактеристично што го *тврди постоењето на десигнатот на дефиниендумот*, смета Сакери (11,43; 5,75).

6) Реалната дефиниција ја *искажува целата природа на стварта* смета В. Окам. Неегзистентното (химерите) како и некои зборови (глаголи, предлози, сврзници) не можат да имаат реални, туку само номинални дефиниции.

7. Според Лајбниц за реалната дефиниција е карактеристично *инволвирањето можноста на она што се дефинира* (обична реална) за разлика од реалната причинска кај која се работи за *предмет што може да се конструира* (11,43).

8. Реалните дефиниции се *аксиоми или примитивни пропозиции во кои предметот се дефинира имплицитно*. Така се определуваат реалните дефиниции во аксиоматските системи. Според Коен и Нејгел „во техниката на модерната математика сите реални дефиниции се имплицитни“ (3,232). За Артур Пап тоа е употребна дефиниција (20,486), а според Сушко реалните дефиниции се псевдодефиниции или дефиниции преку постулати што треба да го задоволат само условот на непротивречност (29,55).

Спомнатите значења придавани на реалната дефиниција не наполно се согласуваат со нашето сфаќање. Првото значење е зафатено од нашето сфаќање во една модифицирана форма. Имено, стварта, суштината на стварта е предмет на дефиницијата не непосредно, туку со посредувањето на поимите како замисли на предметите. Второто значење на реалната дефиниција е прифатливо до колку поимите се интерпретираат како замисли на предметите. Третото значење не е прифатливо, зашто дефиниендумот се определува како симбол, а не поим. Ако значењето на зборот, според четвртото значење, се сфаќа

како замисла на предметот (поим), тогаш не постои суштинска разлика меѓу така сфатената номинална дефиниција и нашето сфаќање на реалната дефиниција. Петтото значење е вклучено во нашето значење на реалната дефиниција. Гледиштето на В. Окам не е наполно прифатливо, зашто ни една дефиниција не може да ја искаже целата природа на стварта. Седмото значење е вклучено во нашето значење на реалната дефиниција. Сфаќањето на реалните дефиниции како аксиоми во аксиоматските системи не е наполно прифатливо, зашто не можат сите реални дефиниции да се третираат како аксиоми.

Следствено, реалната дефиниција може да се определи како *суд во кој се објаснува еден поим како замисла на некој предмет со помошта на други познати поими.*

Делба на реалната дефиниција

Прва делба на реалната дефиниција на *суштинска* и *дескриптивна* среќаваме кај средновековните логичари. Суштинската (essentialis или quidditativa) дефиниција ја изразува суштината на стварта, а таа суштина е или метафизичка или физичка. Суштинската се смета од нив за вистинска дефиниција. Описната (descriptiva) дефиниција ја презентира стварта преку нејзините ознаки. А тоа се или сопствени својства или акцидентални или преку резултатите. За разлика од суштинската описната дефиниција е дефиниција во широка смисла (11,42). Во средните векови се среќава и делбата на реалната дефиниција на *формална* и *материјална* во зависност од тоа дали дефиницијата се однесува на формалната (суштинската) причина или пак на некоја друга надворешна причина. Блиска на овие делби е и онаа на Викторин на *супстанцијална* (def. secundum substantiam) и *акцидентална* (def. secundum accidens, que deckriptio nominatur) (11,42).

Во логиката на Порт-Ројал реалната дефиниција се дели на *точна* (ја објаснува природата на стварта со наведување на суштински ознаки) и *помалку точна* или *дескрипција* (ги зафаќа акциденталните својства на стварта) (11,48).

Делба на реалната дефиниција на *експликативна* и *дескриптивна* среќаваме кај нашите логичари Петрониевиќ и Шешиќ. Според Петрониевиќ „*Експликативната* дефиниција води сметка за рангот на ознаките и заради тоа претставува вистинска дефиниција“ (22,135), а „*дескриптивната* дефиниција се состои во простото набројување на ознаките на еден поим без обзир на нивниот ранг“ (22,135). Како што се гледа, Петрониевиќ го употребува изразот „експликативна“ во значење на „суштинска“.

Шешиќ им се спротивставува на гледиштата што остро ги разграничуваат овие два вида дефиниции, повикувајќи се на ставот дека „разликата меѓу суштината и појавата не е апсолутна“. „Дефиницијата стварно може да биде помалку или повеќе дескриптивна, односно

повеќе или помалку суштинска" . . . „до колку со дефиницијата се определуваат битните, суштинските одредби на предметот, таа е суштинска, а до колку предметите се дефинираат врз основа на нивните појавни моменти дефинициите се појавни. Дефиницијата во основата е појавна до колку со неа се набројуваат само надворешните особини на предметот" (30,130). Според него „суштинска дефиниција е секоја сестрана дијалектичка дефиниција" (30,130).

Погоре веќе ја спомнавме Лајбницовата делба на реалната дефиниција на *обична реална* (за можен предмет) и *реална причинска* (ако предметот може да се конструира). Во таа смисла Каминski говори за *аналитичка* (за даден предмет) и *синтетичка* (за предмет што допрва ќе биде конструиран) (11,52).

Да резимираме. Оние логичари што сметаат дека определивоста на предметот е можна било преку укажувањето на неговите суштествени својства или преку несуштествените својства говорат за *суштинска* (супстанцијална, формална, експликативна), односно за *дескриптивна* (акцидентална, појавна, материјална) дефиниција. Оние логичари пак кои на предметот му приоѓаат од аспектот на неговата даденост или можност за конструирање, говорат за *аналитичка* (обична реална, дефиниција на даден предмет), односно за *синтетичка* (реална причинска, дефиниција на конструирлив предмет) дефиниција.

Бидејќи втората делба на реалната дефиниција се однесува повеќе на методот на дефинирањето, ние овде ќе се апстрахираме од неа. Делбата на реалната дефиниција на суштинска и дескриптивна за нас е прифатлива од аспектот дали преку поимите се зафаќаат суштествените или помалку суштествените својства на предметот, дали се зафаќа самиот предмет или пак неговите релации со други предмети итн.

Суштинската дефиниција настојува преку поимот да ја зафати суштината на предметот, т. е. релативно константната внатрешна структуираност на предметот. Секој предмет е единство на општото, посебното и единичното, основата на кое е општата, посебната и единичната структурираност на предметот. Така, суштината се јавува како нешто релативно константно, непроменливо за разлика од појавата која е флуидна променлива, нестабилна. Бидејќи предметите се поликвалитетни, постои рангирање и меѓу нив. Оттаде и не може строго да се одделува суштината од појавата, општото од единичното, нужното од случајното итн.

Зафаќањето суштината на предметот (преку поимот) е основна задача на дефиницијата. Таа ја извршува оваа задача повеќе или помалку успешно во зависност од тоа колку науката успеала да го запознае предметот. А од тоа како ја извршува оваа задача зависи и нејзината познавателна вредност.

Научниците постојано се обидуваат да дадат суштински дефиниции за предметите што ги проучуваат, да одговорат на прашањето

од типот: „Што е *x*?“. Во таа смисла економистот се обидува да одговори на прашањето — што е стоката, физичарот — што е масата, хемичарот — што е хемискиот елемент, биологот — што е клетката итн.

Дескриптивната дефиниција повеќе ја зафаќа надворешната, појавната страна на предметот. До колку појавата поадекватно ја изразува суштината, до толку дескриптивната дефиниција преминува во суштинска. Всушност, во секоја дескриптивна дефиниција има елементи на суштинската, зашто секоја појава во помала или поголема мерка, на овој или оној начин, ја изразува суштината.

Научниците обично прибегнуваат кон дескриптивни дефиниции кога не успеале доволно да ја познаат (разберат) суштината на проучуваните предмети. Во тие случаи тие се служат со дескрипции на надворешните, индивидуалните својства на предметот, на неговите релации со другите предмети итн.

Од овој аспект не се прифатливи гледиштата дека не треба да се говори за дескриптивни дефиниции. Иако сите дескрипции не се дефиниции (оние што не го задоволуваат условот — предметот да може доволно да се познае и разграничи од нему сродните предмети), иако дескриптивните дефиниции имаат помала познавателна вредност од суштинските, тоа не е доволна причина тие да се отфрлат.

III. НОМИНАЛНА ДЕФИНИЦИЈА

И терминот „номинална дефиниција“ се употребува во повеќе значења. Да ги наведеме основните негови значења.

1. Номиналната дефиниција е *етимолошка определба на зборот*. Морин во „Речникот на филозофијата и на теологијата схоластичка“ ја определува номиналната дефиниција како „oratio quae originem, seu interpretationem et etymologiam nominis explicat“ (13,1258). И авторите на Логиката на Порт-Ројал сметале дека понекогаш номиналната дефиниција ја дава етимологијата на зборот (13,1259). Ова гледиште го прифаќаат унгарскиот логичар Фогараши (7, 207) и нашите логичари Петрониевиќ (22,135) и Шешиќ, за кого „единствено етимолошката дефиниција на зборот е номинална“ (30,130).

2. Номиналната дефиниција е *определување на еден збор со други зборови*. Нејзина структура е *збор-збор* (симбол-симбол). „Збор-збор дефиницијата“, според Робинсон, „кажува дека еден збор значи исто што и друг збор“ (24,16). И понатаму: „Ако некој, на пример, ви каже дека германскиот збор „rot“ значи исто што и францускиот збор „rouge“, а вие не знаете на што се однесува ниеден од нив, тоа е збор-збор дефиниција“ (24,17). За М. Марковиќ номиналната дефиниција е „симбол-симбол“ дефиниција, каде и дефиниендумот и дефиниенсот се симболи, а меѓу нив постои однос на еквивалентност (17,412). На пример: „Црвено“ е „rouge“. Терминот „е“ ја изразува релацијата на синонимност, односно преведливост (ако се работи за изрази од различни јазици) (17,411).

3. Номиналната дефиниција е *збор-ствар дефиниција*. Ова гледиште го застапува Робинсон, а по него Кларк и Велш (2,174). Робинсон: „Збор-ствар дефиницијата го доведува зборот во корелација со стварта, како значење на таа ствар" (24,17). Кај збор-збор дефиницијата не се знае значењето на двата термина („гот", „rouge"), додека кај збор-ствар дефиницијата не се знае значењето на дефиниендумот. Всушност овде се работи за третирање на номиналната дефиниција во предметна стилизација.

4. Номиналната дефиниција е *арбитрарно воведување во јазикот на нов израз како заменител или краткенка на поголожен израз*. Ваквото сфаќање на номиналната дефиниција особено е раширено во математиката и симболичката логика. Инаку зачетоци на ова сфаќање среќаваме во Логиката на Порт-Ројал и кај Жергон. Уајтхед и Расел во Principia Mathematica на следниов начин ја определуваат дефиницијата: „Дефиницијата е изјава дека извесен новововеден симбол или комбинација од симболи има да значи исто што и извесна друга комбинација од симболи чие значење е веќе познато" (31,11). Таквите дефиниции за Рајхенбах се метајазични (23,20), за Сушко — дефиниции во вистинска смисла на зборот (29,31), за Ч'рч — синтактични или номинални (5,74), за С. Стебинг — симболички конвенции (27,280), за Артур Пап — арбитрарни стипулации (21,33). Горскиј донекаде поинаку ја дефинира номиналната дефиниција кога вели дека со неа се *„воведува нов термин наместо опис на кој и да е предмет"* (8,72). Шешиќ нив ги наречува „типично номинални дефиниции" (30,130).

5. Покрај овие раширени значења на номиналната дефиниција во литературата далеку поретко се среќаваат и поинакви. Така, за Зигварт номиналната дефиниција се однесува на поими (26,385). Такво е гледиштето и на Килпе (12,206). Според Лајбниц пак номиналните дефиниции само дозволуваат еден објект да се дистингвира од другите (13,1259).

Ако тргнеме од стојалиштето дека некои дефиниции првенствено се однесуваат на зборовите, симболите, на нивната јазична функција, и ако нив ги наречеме номинални дефиниции, тогаш некои од наведените значења би можеле да се прифатат како значење на номиналната дефиниција. Овде првенствено мислиме на значењата под „2" и „4". Во првиот случај се работи за таканаречена речничка (лексичка), а во вториот за стипулативна (нормативна, легислативна) дефиниција. Етимолошката дефиниција влегува во речничката, како нејзин посебен случај. Сфаќањето на номиналната дефиниција како збор-ствар дефиниција е неприфатливо заради а) обидот реалната дефиниција да се измести со номиналната и б) затоа што ова гледиште во основата е позитивистичко, номиналистичко, зашто ги негира поимите непосредно корелирајќи ги зборовите со стварите.

Делба на номиналната дефиниција

Хоба, сфаќајќи ја номиналната дефиниција во предметна стилизација, разликува номинална дефиниција што ја дава *самата природа на предметот* и номинална дефиниција што ја *објаснува причината на предметот*, начинот на неговото настанување (11,43).

Жергон номиналната дефиниција ја дели на *комплетна* (полна) и *некомплетна* (неполна). Комплетната ја дава полната конститутивна содржина на дефиниендумот, додека некомплетната не ја дава содржината на дефиниендумот, но затоа укажува на десигнатите на изразот што овозможува разграничување на предметите што потпаѓаат под тој израз од оние што не потпаѓаат (11,47—48). Слично гледиште застапува и Мил.

Во современата логичка литература мошне раширена е делбата на номиналната дефиниција на *речничка* (лексичка) и *стипулативна* (легислативна, нормативна).

Робинсон најнапред ја дели номиналната дефиниција на *збор-збор дефиниција* и *збор-ствар дефиниција*, а потоа последнава ја дели на *лексичка* и *стипулативна*. Според него лексичката дефиниција известува „за вообичаеното или речничкото значење на зборот" додека стипулативната установува или прогласува или избира едно сопствено значење на зборот (24,19). Неговите следбеници Кларк и Велш директно ја делат номиналната дефиниција на лексичка и стипулативна (2,175). Копи, покрај лексичката и стипулативната, говори и за прецизирачка (precising) и теоретска дефиниција (4, 93—100). Кај нас М. Марковиќ, исто така, разликува лексичка (дескриптивна) и нормативна (постулатска, убедувачка, стипулативна) дефиниција со оглед на односот на дефинициите спрема постојната јазична практика (17,412—413). Дефиницијата на изрази Каминski ја дели на аналитичка (sprawozdawcza) и синтетичка (projektujaca). Првата го установува значењето што еден израз го има (и одговара на лексичката дефиниција), а втората го установува значењето на новововеден термин (и одговара на стипулативната дефиниција) (11,52).

Како што се гледа, номиналната дефиниција главно се дели врз основа на три принципи на делбата: 1) дали дефиницијата се однесува на значењето што еден израз го има или пак на установувањето на значењето на новововеден термин, 2) дали дефиницијата се однесува на конотацијата на изразот или на неговата денотација и 3) дали дефиницијата се однесува на самата природа на дефинираниот предмет (на суштинските ознаки) или на неговите акцидентални ознаки. Бидејќи вториот и третиот принцип на делбата се повеќе карактеристични и соодветни за реалната дефиниција, овде ќе ја разгледаме само делбата на номиналната дефиниција според првиот принцип.

Врз основа на делбата според првиот принцип се добиени *речничката* и *стипулативната* дефиниција. Речничката дефиниција се

именува уште како лексичка, дескриптивна и аналитичка, а стипулативната — легислативна, нормативна, убедувачка („persuasive"), постулатска и синтетичка.

Речничка дефиниција. Со неа се дефинираат изразите кои веќе имаат свое значење усвоено од определена јазична заедница (групи луѓе, слоеви, класи).

По својата структура речничката дефиниција е збор-збор (симбол-симбол) дефиниција, што значи дека и дефиниендумот и дефиниенсот се зборови (симболи). Односот меѓу нив изразен со дефиницискиот сврзник („е", „значи" итн.) е однос на еквивалентност. Кај изразите во рамките на еден јазик тоа е синонимност, а кај изразите на два или повеќе јазици — преведливост.

Овие дефиниции најмногу се среќаваат во речниците (еднојазични или повеќејазични). Составувачите на речниците до нив доаѓаат анализирајќи ја актуелната употреба на зборовите, а потоа по пат на селекција одбираат извесни значења на кои им даваат приоритет. Притоа обично се претпочитаат оние значења што се среќаваат кај извесни писатели, научници или посебни општествени слоеви. Тие се фиксираат во речниците и се настојува да се усвојат како основни значења при изградбата на литературниот јазик. Така речниците не се јавуваат само како историја на сите употреби на еден збор, туку донекаде добиваат и карактер на нормативни дефиниции.

Но не само во речниците, тие се среќаваат и во другите области од човековиот живот — во научните дискусии, во обичниот живот, во наставата итн.

Стипулативна дефиниција. Со неа се установува какво значење ќе има извесен јазичен израз (симбол). Стипулативната дефиниција е предлог, решение, молба, барање, наредба како да се употребува во иднина еден симбол, односно какво значење ќе има тој во идната употреба.

Стипулативната дефиниција се употребува во повеќе случаи: 1) за воведување нов симбол со ново значење, 2) за избор на едно значење од повеќето значења на еден јазичен израз, 3) за придавање на ново значење на стар, познат симбол, 4) за воведување на симбол како кратенка или заменител на посложен симбол итн.

Поради нејзиното значење за ефективната комуникација меѓу луѓето таа се квалифицира како творечка дефиниција за разлика од речничката која просто ја дескрибира актуелната јазичка употреба на симболите.

IV. ОДНОСОТ МЕЃУ РЕАЛНАТА И НОМИНАЛНАТА ДЕФИНИЦИЈА

При определувањето на односот меѓу реалната и номиналната дефиниција се среќаваат две екстремни гледишта. Додека некои привржаници на реалната дефиниција ја негираат или потценуваат номиналната дефиниција, од друга страна пак некои привржаници на номиналната дефиниција имаат таков однос спрема реалната дефиниција.

Аристотел и неговите следбеници од средниот век многу не ја ценеле номиналната дефиниција, зашто со неа не може да се определи суштината на стварта.

И мнозина понови логичари не ја ценат многу номиналната дефиниција. Според Хефлер номиналната дефиниција е „дефиниција во посредна смисла“ (10,45). Строгович неа ја сместува во „логичките форми слични на дефиницијата“ (28,117), а Фогараши смета дека „номиналната дефиниција, право говорејќи, нема никаков научен карактер“ (7,207).

Да ги спомнеме ставовите и на некои привржаници на номиналната дефиниција. Мил отворено се обидува да докаже дека не постојат реални дефиниции. Реалната дефиниција, вели тој, е извор на опскурност (18,102), зашто ниедна дефиниција нема за цел да ја открие природата на стварта, а и нема критериум со чија помош би се разграничила реалната дефиниција од другите пропозиции за стварите (18,103).

Сличен однос се среќава и кај мнозина современи логичари. За Огден и Ричардс дефиницијата е супституција на симболи, а со стварите таква супституција е неможна (19,110). Робинсон на повеќе од 40 страници, во својата монографија за дефиницијата, ја побива реалната дефиниција (24,149—192), а неговите следбеници Кларк и Велш го делат неговото мислење, изјавувајќи: „Грешка е да се говори за дефинирање на ствари“, зашто „прашањето во формата — „што е x?“, бидејќи е нејасно, допушта мноштво можни одговори“ (2,173). И Хосперс мисли дека не постојат реални дефиниции, зашто она што се дефинира секогаш е зборот или фразата — симболот (9,54).

Но за нас се далеку поинтересни гледиштата кои укажуваат на поврзаноста, единството меѓу реалната и номиналната дефиниција. Херман Лоце му се спротивставува на острото разграничување на овие два вида дефиниции. Подвлекувајќи ја нивната поврзаност тој дури укажува дека тие понекогаш означуваат исто (15,202). Така тој истакнува дека „за една геометриска дефиниција не постои никаква реална дефиниција што би се разликувала од номиналната; секоја внстинска дефиниција што ја даваме ја изразува едновремено и целата природа на она што овде е ствар и целото значење на името“ (15,202). Лоскиј подвлекува дека едната од овие дефиниции ја имплицира другата, дека дефинирањето на поимот имплицира дефинирање на името и обратно (14,125). Коен и Нејгел сметаат дека „практично дистинкцијата (меѓу вербалната и реалната дефиниција — М. И.) никогаш

не е така остра и дури во дефинициите кои изгледаат наполно вербални постои општо повикување на анализата на она што зборот го заменува" (3,232).

Од логичарите-марксисти на оваа поврзаност укажуваат Горскиј и Шешиќ. Како аргумент за поврзаноста меѓу овие два вида дефиниции Горскиј ја истакнува претворливоста на едната во другата. Номиналната дефиниција: „Колебањата чијашто амплитуда (и соодветно енергија) се намалува со текот на времето ние ќе ги *наречуваме* гаснечки колебања", што може да се преобрази во реална дефиниција: „Гаснечки колебања *се* колебања чијашто амплитуда (и соодветно енергија) се намалува со текот на времето" (8,73). Шешиќ неразделната поврзаност меѓу реалната и номиналната дефиниција ја гледа во тоа што при дефинирањето на стварта се дефинира и поимот и зборот, како што при дефинирањето на зборот се дефинира и стварта и поимот (30,130).

Колку е тешко да се одречува поврзаноста меѓу реалната и номиналната дефиниција, покрај другото, покажува тешкотијата во која попаднаа противниците на реалната дефиниција Мил и Робинсон. Мил, од една страна, тврди дека ниедна дефиниција немала намера „да ја објасни и открие природата на стварта" (18,103), од друга страна, признава дека има изрази кои се „дефиниција и нешто повеќе", а тоа повеќе, според него, е тоа што тие тврдат постоење на еден факт (18,103—104). И Мил, консеквентен на својата позиција, го решава прашањето на тој начин што тврди дека тој дел од исказот не е дефиниција. Робинсон се најде побуден да го поправа Мил, пишувајќи: „Тој не забележал дека практично е невозможно да се направи или добие збор-ствар дефиниција без да се има мислење за егзистенцијата на *објектот придодаден на зборот со дефиницијата*" (24,64). Логично е што Робинсон од позициите на збор-ствар дефиницијата го поправа Мила. Меѓутоа, ни тој не отиде многу подалеку од Мила, зашто му пречеше одречувањето на реалната дефиниција.

За поврзаност меѓу реалната и номиналната дефиниција, односно за релативна самостојност на едната или другата, може да се говори само ако постои поврзаност, односно релативна самостојност на нивните предмети. Негативно речено, спротивставувањето на овие два вида дефиниции логички е оправдано ако се работи за нивни наполно различни предмети.

Како што веќе рековме, предмет на реалната дефиниција е поимот како замисла на предметот, а на номиналната — зборот, значењето на зборот (симболот). Значи, се работи за релацијата поим-збор, замисла на предметот — значење на зборот. Поимот не е некаква празна, несодржинска мисловна форма, туку секогаш замисла на некој предмет. Во случајов е ирелевантно дали поимот е адекватна замисла на предметот, дали го исцрпува предметот итн. Но мислата, свеста воопшто, не може да постои без својата материјална облека, без јазикот или да се изразиме со Марксовите зборови: „Духот" од почетокот го носи на себе проклетството да биде „опфатен" со материја" — јазикот

кој" и е практична, стварна свест"... (32,297). Накратко, нема поим без свој јазичен израз како што нема ни збор, симбол без значење. А значењето, покрај другите свои димензии, има и ментална и предметна димензија. Токму таа поврзаност на предметите ја овозможува поврзаноста и претворливоста на овие два вида дефиниции.

Но поврзаноста говори како против апсолутното спротивставување така и против апсолутното идентифицирање на реалната и номиналната дефиниција. Не би имало никаква смисла да се говори за два вида дефиниции ако не би се признала релативната самостојност на нивните предмети. Таа релативна самостојност доаѓа до израз во задачите на дефиницијата — дали првенствено се работи за познавателни (реална дефиниција) или јазични (номинална дефиниција) задачи. Секако не се исти задачите, на пример, на овие две дефиниции, кои навидум изгледаат исти: „Со зборот „подморница" означувам брод што може да плива под вода" и „Подморница е брод што може да плива под вода". Во првата на преден план се јазичните, а во втората познавателните задачи на дефиницијата.

Mitko ILIEVSKI

KINDS OF DEFINITIONS ACCORDING TO THE SUBJECT OF DEFINITION

(S u m m a r y)

This article analyses the kinds of definitions according to the subject of definition and their relations.

After the analysis of a number of so far formulated principles in the division of definitions and according to that of the differentiating of definitions, this article presents the standpoint that the basinc principles of the division of the definition are: 1) the subject of definition, and 2) the method od definition.

Critisizing the points of view which maintain that the subject of definition is either the thing (real definition) or the notion (conceptual definition) or the word (nominal definition), the author defends the thesis that thing, notion and word are bound together and is resolutely opposed to the three above stated separate definitions. From that viewpoint, as relatively independant kinds of definitions according to the subject of definition the real and the nominal definition are analyzed.

The analysis of the multiple meanings in which the term „real definition" has been used goes on to show that it would be most appro-

priate to understand the real definition as a judgement defining a notion (a conception of a given subject) with the help of other familiar notions.

According to this, the multiple meanings in which the term „nominal definition" has been used shows that the most acceptable are: 1). the explanation of the meaning of a given simbol used by a definite language community (lexical definition), and 2). the introducing of a new meaning (stipulative definition).

In the conclusion a particular attention is paid to the relation of the real and nominal definitions. In opposition to the statements which place them one against the other, overrate or underrate them, the author defends the opinion that they are dialectically connected and transmutative on the basis of the unity of their subjects.

ЦИТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. Aristotel, *Organon*, Beograd 1965.
2. Clark Romane and Welsh Paul, *Introduction to Logic*, New York 1958.
3. Cohen Morris and Nagel Ernest, *An Introduction to Logic and scientific Method*, New York 1934.
4. Copi Irving, *Introduction to Logic*, New York 1958.
5. *Dictionary of Philosophy*, Edited by Runes, Iowa 1958.
6. Dubislaw Walter, *Die Definition*, Leipzig 1931.
7. Фогараши Бела, *Логика*, Москва 1959
8. Горский Д. П., *Логика*, Москва 1958
9. Hospers John, *An Introduction to philosophical Analysis*, 6 print. Englewood Cliffs, 1958.
10. Höfler D-r Alois, *Grundleheren der Logik*, 6 Auflage, Leipzig 1919.
11. Kaminski Stanislaw, *Georgonne'a teoria definicji*, Lublin 1958.
12. Külpe Oswald, *Vorlesungen über Logik*, Leipzig 1923.
13. Lalande, *Vocabulair technique et critique de la Philosophie*, 17 ed., Paris 1956.
14. Лоскиј Н. О., *Логика* I, Београд 1927
15. Lotze Herman, *Die Formen der Definition*, Leipzig.
16. Марковић д-р Благоје, *Логика*, Београд 1939
17. Marković Mihailo, *Dijalektička teorija značenja*, Beograd 1961.
18. *John Stuart Mill's Philosophy of scientific Method*, New York 1950.
19. Ogden C. K. and Richards J. A., *The Meaning of Meaning*, London 1956.

20. Pap Arthur, *Elements of Analytic Philosophy*, New York 1949.

21. Pap Arthur, *Semantics and Necessary Truth*, Baltimore 1958.

22. Петронијевић д-р Бранислав, *Основи логике*, Београд 1932

23. Reichenbach Hans, *Elements of Symbolic Logic*, New York 1956.

24. Robinson Richard, *Definition*, Oxford 1954.

25. Sesmat Augustain, Logique I, Paris 1950.

26. Sigwart d-r Christoph, *Logik*, I Bd., Tübingen 1911.

27. Stebing Susan, *A Modern Introduction to Logic*, London 1953.

28. Строгович М. С., *Логика*, Москва, 1949

29. Suszko Roman, *Z teorii definicji*, Poznan 1949.

30. Šešić d-r Bogdan, *Logika II*, Beograd 1959.

31. Whitehead A. N. and Russel B., *Principia Mathematica*, vol. I, second edition, Cambridge 1957.

32. Karl Marx i Friedrih Engels, *Rani radovi*, Zagreb 1953.

Ристо ЃОРЃЕСКИ

ТЕСТИРАЊЕ НА РАЗЛИКАТА ВО КРИТЕРИУМОТ НА НАСТАВНИЦИТЕ И УЧЕНИЦИТЕ

Улогата на наставникот како испитувач и оценувач на знаењата на учениците е мошне деликатна и одговорна. Пред сè, од него се бара објективност во критериумот на оценувањето, односно оценката да претставува реален одраз на знаењата на ученикот. До колку ова не се остварува и се допушта поголемо учество на субјективните фактори, обично настануваат прилично негативни, а понекогаш дури и многу тешки последици. Во вакви случаи, било да се преценети или потценети покажаните знаења, не само кај ученикот на кој се однесува оценката, туку и кај другите ученици во класот се формира мислење за необјективноста на наставникот. Особено ако оценката е негативна, може да предизвика кај учениците сомневање во искрените намери на наставникот, да го поткопа неговиот авторитет и да создаде неповолна психолошка клима за нормално остварување на наставно-воспитниот процес.

Со повторувања на вакви грешки во оценувањето уште повеќе се зголемуваат и реакциите на учениците што не ретко доведуваат и до аверзија спрема наставниот предмет што наставникот го предава, па дури и до аверзија спрема училиштето и воопшто спрема учењето. Кај такви ученици, поради овие причини, доаѓа често и до промена на личните особини, а особено до губење доверба во себе, до чувство на инфериорност и малодушност, се формира фобија од испити како и многу други ментални аберации. Емоционално поосетливите, пак, ваквиот неочекуван неуспех можат да го доживеат како лично понижување, па понекогаш и како голема лична трагедија.

Ваквите негативни последици можат успешно да се избегнуваат до колку е објективно оценувањето. Во такви случаи учениците повеќе се мотивирани за учење, се развива и зајакнува нивната љубов кон наставниот предмет, доаѓа до поголема мобилизација и поголемо ангажирање на нивните ментални функции. Со објективно оценување се зголемува авторитетот на наставникот и се создава погодна работна атмосфера во класот. Сето тоа придонесува работата во класниот колектив да биде пријатна и да се постигнува максимално можен успех.

Свесни за можноста да погрешат и за последиците што од тоа можат да произлезат, а понекогаш и од желба кај учениците да разбудат поголем интерес за предметот што го предаваат, некои наставници при испитувањето на еден ученик, за оценката ги консултираат другите ученици во класот. Нивното мислење има извесно влијание врз донесувањето на конечната оценка. За жал, до сега не се извршени попрецизни истражувања за вредноста на ваквиот начин на оценување.

Во училишната практика се сретнуваат и такви наставници кои при испитувањето бараат од ученикот претходно самиот да предложи оценка што смета дека ја заслужува според покажаните знаења. Дури потоа, земајќи ја во обзир неговата изјава, наставникот ја утврдува оценката. Овој начин, исто така, не е доволно испитан иако заслужува внимание.

Од аспектот на мотивацијата на учениците и одржувањето на добри односи на релацијата наставник — ученик, секако дека има најголема вредност онаа оценка со која се согласни наставникот и ученикот. Друго е прашањето колку при сегашниов начин на испитување и оценување е можно тоа и во практиката да се постигнува. До сега повеќепати било укажувано на тешкотиите во формирањето на објективен критериум кај наставниците. Можеме да претположиме дека се тие уште поголеми кога треба учениците сами да ги оценуваат одговорите на некој ученик, или, што е уште поделикатно, кога ученикот треба лично да ги оценува сопствените знаења што ги покажал на испитот. Учениците, како и возрасните, обично ги преценуваат своите знаења и способности кога за нив зборуваат пред други луѓе поради желбата да се покажат посупериорни над другите луѓе од својата средина. Од друга, пак, страна, има и такви ученици при кои веќе се формирало чувство на инфериорност, со што дошло и до забележително потценување на сопствените знаења и способности. Ваквата хиперкритичност, исто така, доведува до необјективно оценување.

Ваквите согледувања ја прават прилично реална хипотезата за постоење значајна разлика во критериумот на наставниците и учениците во училишното испитување и оценување. Може да се претположи дека е таа дури и поголема отколку разликата што се појавува во оценките на повеќе наставници кога оценуваат исти знаења.

Иако е оваа хипотеза реална и произлегува од практиката на нашите училишта, до денес не е научно верифицирана. Меѓутоа, познавањето на евентуалната разлика, а уште повеќе познавањето на нејзината големина има не само теоретско, туку и практично значење. Со помош на такво познавање наставниците можат да добијат поголем увид во прифаќањето на нивните оценки од учениците на кои тие се однесуваат. Тоа пак може корисно да послужи, до колку е разликата поголема, наставниците да бидат повеќе претпазливи при оценувањето и на учениците да им даваат поподробни образложенија за секоја оценка и со тоа да ги уверат во објективноста на наставникот при оценувањето на нивните знаења. Тогаш оценката може да има вистинско значење, може да ги

поттикнува повеќе во учењето, да создава услови за поголема заемна доверба и заемна соработка меѓу наставникот и ученикот, нужни за успешна работа во училиштата.

Од овие причини сметавме за потребно да испитаме: *дали постои разлика во критериумот на оценувањето меѓу наставниците и учениците.*

Бидејќи училиштата обично имаат две категориии ученици — машки и женски, кои обично се однесуваат различно спрема учењето, сметавме за потребно да испитаме: *дали некоја од овие категории се согласува повеќе со оценките на своите наставници.*

Некои истражувања покажуваат дека за извесни предмети не постои толку голема разлика во оценките на повеќе наставници, како што постои во другите предмети. Во ова истражување сакавме да провериме *дали постои слична појава и при компарирањето на оценките на наставниците и учениците.*

На крајот, сметавме за корисно да испитаме *дали постојат посебни категории ученици кои покажуваат различни тенденции по однос на оценките на наставниците.*

МЕТОДИКА И РЕЗУЛТАТИ

Од студентите на прва година студии беше прво побарано да ги наведат оценките што ги добиле во завршниот клас на средните училишта и тоа од следниве предмети: мајчин јазик, странски јазик, историја, географија, биологија, хемија, физика и математика. Потоа од нив беше побарано до оценката од секој предмет да стават уште една оценка, која според нивното длабоко уверување ја заслужиле и требало да ја добијат. Така беа собрани 1488 оценки што ги дале наставниците и исто толку оценки со кои учениците сами ги оцениле своите знаења, или вкупно 2976 оценки.

Овие податоци беа внесени во скатер дијаграми за да се прикаже биваријалната дистрибуција на фреквенциите на категориите оценки на наставниците и учениците. Од средените податоци беше тестирана разликата меѓу едната и другата група оценувачи со x^2-тестот. Притоа секогаш се тргнуваше од нулта хипотеза според која не постојат статистички значајни разлики во критериумот на оценувањето меѓу овие две групи.

Степенот на согласувањето во оценките меѓу двете групи беше определуван и со пресметување на коефициентите на контингенцијата како и со пропорциите на бројот на оценките каде е постигната или не е постигната согласност меѓу оценувачите.

Врз основа на ваквата статистичка обработка на податоците беа добиени следниве резултати:

а) Биваријална дистрибуција на фреквенциите и коефициентот на контингенцијата за оценките од сите наставници и ученици

Оценките на наставниците и учениците се прикажани на скатер дијаграмот претставен на слика 1.

		НАСТАВНИЦИ				
		одлични	многу добри	добри	доволни	Вкупно
Ученици	одлични	162	98	13	7	280
	мн. добри	19	265	181	36	501
	добри	4	28	271	168	471
	доволни	—	3	38	195	236
	Вкупно	185	394	503	406	1488

Сл. 1. — Биваријална дистрибуција на фреквенциите и коефициентот за оценките од сите наставници и ученици

Како што се гледа од дијаграмот, наполно согласување во оценките е постигнато во 893 случаи, додека во другите 595 не е постигнато. Како што се очекуваше, учениците покажаа поголема тенденција кон наголемување на оценките. Така, во 447 случаи учениците сметале дека добиле една оценка пониска од онаа што ја заслужувале, во 49 случаи сметале дека биле оштетени за две, додека во седум дури и за три оценки, односно добиле оценка „доволен“ иако одлично владееле со материјалот. Според тоа, од 595 случаи, 503 покажуваат дека, според мислењето на учениците, наставниците на испитите ги потцениле нивните знаења.

Сепак, во групата ученици што не се согласиле со оценките на наставниците имало и такви што покажувале поголема критичност не кон наставниците, туку кон себе. Така, во 92 случаи тие дале изјава дека добиле повисока оценка отколку што заслужувале според покажаните знаења.

До колку бројот на случаите во кои учениците се согласуваат со наставниците и бројот на случаите во кои не се согласуваат ги претвориме во проценти од вкупниот број, тогаш ја добиваме следнава пропорција:

$$p = 0{,}60 \qquad q = 0{,}40$$

Овде со „p" е означен процентот на случаите во кои е постигната согласност, а со „q" во кои таква согласност не била постигната. Стандардната грешка на оваа пропорција изнесува 0,013.

Разликата во дисперсијата на оценките од двете групи оценувачи може да се согледа и од сликата 2.



Сл. 2. — Дисперсија на оценките на наставниците и учениците изразена по категории и цроценти (Nu=1488, Nn=1488)

Процентот на одличните и многу добрите оценки е поголем кај учениците, додека процентот на добрите и доволните оценки е поголем кај наставниците. Особено е забележлива разликата во екстремните категории, односно во „одличните" и „доволните". Овие податоци уште еднаш покажуваат дека учениците се покажале како поблаги оценувачи.

Иако разликите во оценките меѓу овие две групи се доста чести, тие не се многу големи. Како што се гледа, во 96% случаи постои полна согласност или, пак, разликата изнесува само една оценка. Според тоа, ученик што добил оценка „доволен" или би ја задржал истата или би инсистирал најмногу на оценка „добар" и слично.

Оваа констатација се потврдува и со величината на коефициентот на контингенцијата, како и величината на кореспондентниот x^2. При нивните пресметувања се добиени следниве вредности:

$$x^2 = 1383 \qquad \text{d.f. } 9 \qquad C = 0{,}69$$

Овој коефициент е позитивен и статистички значаен.

б) Разлика во односите на учениците и ученичките спрема оценките на наставниците

Колку учениците се согласиле со оценките што ги добиле од своите наставници се гледа и од биваријалната дистрибуција на фреквенциите на слика 3.

		НАСТАВНИЦИ				
		одлични	многу добри	добри	доволни	Вкупно
Ученици	одлични	31	20	2	1	54
	мн. добри	5	52	53	15	125
	добри	2	14	78	61	155
	доволни	—	—	12	86	98
Вкупно		38	86	145	163	432

Сл. 3. — Биваријална дистрибуција на оценките на наставниците и учениците

За одличните оценки што ги добиваат на испитите во најголем број случаи учениците сметале дека се сосема заслужени. Само во 5 случаи сметале дека нивните знаења биле преценети за една и во два случаја за две оценки.

Поинаков е нивниот однос кон доволните оценки. Во оваа категорија тие се согласиле само со приближно половината оценки, додека за останатите сметале дека се пониски од оние што ги заслужиле.

Ученичките изгледа полесно ги прифаќаат оценките на своите наставници. На ова укажуваат податоците во скатер дијаграмот на слика 4.

		НАСТАВНИЦИ				
		одлични	многу добри	добри	доволни	Вкупно
Ученици	одлични	131	78	11	6	226
	мн. добри	14	213	128	21	376
	добри	2	14	193	107	316
	доволои	—	3	26	109	138
	Вкупно	147	308	358	243	1056

Сл. 4. — Биваријална дистрибуција на оценките на наставниците и ученичките

Од 1056 парови оценки на ученичките и нивните наставници постигната е согласност во 646 или 61% од вкупниот број случаи. Во останатите случаи, како што се гледа од сликата, разликата изнесува најчесто само една оценка. Таа е поголема од една оценка само во 4% од случаите. Ученичките, исто како и учениците, најмногу ги одобрувале одличните и многу добрите оценки, додека повеќе од половината од доволните оценки ги коригирале и префрлиле во погорните категории.

Разликата меѓу учениците и ученичките во прифаќањето на оценките од своите наставници може да се согледа и од разликите во пропорциите на овие две групи. Тие се прикажани во табелата I.

	P	q	SE prop.	dif.	SE dif. prop.	T
ученици	0,57	0,43	0,024	0,048	0,028	1,43
ученички	0,61	0,39	0,015			

Таб. I. — Пропорции на прифатените и неприфатените оценки од учениците и ученичките

Ученичките, како што забележуваме, покажуваат за 4% поголемо согласување со оценките на наставниците отколку учениците. Меѓутоа, оваа разлика не е голема и затоа не е статистички значајна што се гледа и од величината на „Т“-вредноста.

Слични разлики се добиени и во пресметувањето на x^2 како и коефициентите на контингенцијата посебно за групата ученици и за групата ученички. Притоа се добиени следниве вредности:

Ученици: $x^2 = 373{,}72$ d. f. 9 $C = 0{,}68$ $P < 0{,}01$
Ученички: $x^2 = 1067{,}55$ d. f. 9 $C = 0\,71$ $P < 0{,}01$

Двата коефициента на корелацијата се статистички значајни бидејќи се значајни и кореспондентните вредноси на x^2, врз основа на кои тие беа изведени. Сепак, нивната разлика е мала и статистички не е значајна.

в) Значајност на разликите во оценките на наставниците и учениците за поодделните наставни предмети

Во ова истражување се земени оценки од сите поважни предмети што се предаваат во средните училишта. Разликите помеѓу оценките на наставниците и учениците за секој предмет одделно се проверувани со помош на x^2-тестот. Притоа во секој случај се поаѓаше од нулта хипотеза, т.е. од претпоставка дека не постои разлика во критериумот на овие две категории оценувачи. Добиените вредности се прикажани во табелата II.

Предмети	x^2	P
Математика	1,474	не е значаен
Странски јазик	5,716	не е значаен
Хемија	10,170	0,05
Физика	13,276	0,01
Мајчин јазик	17,962	0,01
Биологија	19,080	0,01
Историја	19,170	0,01
Географија	20,678	0,01

Таб. II. — Величините на x^2 и P за одделните предмети

Овие резултати ја потврдуваат хипотезата според која согласувањето меѓу оценувачите, покрај другото, зависи, прилично, и од предметот на кој се однесуваат оценките.

г) Категории ученици според нивните тенденции за прифаќање на оценките од наставниците

Според она како ги прифаќаат оценките од своите наставници учениците би можеле да ги поделиме во четири категории:

хиперкритични кои обично сметаат дека добиле пониска оценка од онаа што навистина ја заслужиле;

хиперкритични кои сметаат дека добиваат најчесто оценки што не ги заслужиле, односно што сметаат дека наставниците се благи оценувачи;

реални или оние што се согласуваат со добиените оценки. Доколку, пак, не се согласуваат, оценките не ги менуваат само во една насока, туку во двете насоки — некогаш со покачување, а некогаш со намалување вредноста на оценката;

некритични односно ученици што секогаш се согласуваат со оценката од наставникот без оглед дали е таа висока или ниска.

Овие четири категории ученици имаат различно поведение кога се ставени во ситуација да го изнесат своето мислење за оценката што ја добиле, а со тоа и за критериумот на наставникот.

Овие категории се разликуваат и според нивната застапеност меѓу учениците. Тоа се гледа и од табелата III, во која е прикажан бројот на учениците и ученичките што учествувале во ова истражување.

	хипо-критички	хипер-критични	реални	некритични	Вкупно
ученици	26	0	27	0	53
ученички	90	5	34	2	131
Вкупно	116	5	61	2	184

Таб. III. — Категории ученици според нивната тенденција да ги менуваат оценките од наставниците

Категоријата на хипокритичните ученици, како што покажуваат податоците, е најголема во споредба со другите три категории. Таа е застапена со 63% од учениците. На второ место е категоријата „реални" со 33%, на трето место се хиперкритичните со 2,7% и на последно место некритичните со околу 1% од вкупниот број на испитаниците. Нив ги сретнуваме само кај ученичките.

ЗАКЛУЧОЦИ И ДИСКУСИЈА

Резултатите од ова истражување упатуваат на следниве заклучоци:

1. Критериумот на учениците често се разликува од критериумот на наставниците. Учениците кога ги оценуваат своите знаења обично се поблаги отколку наставниците. Ова особено се однесува на учениците што покажуваат послаб успех, додека солидните ученици почесто се согласуваат со критериумот на наставниците.

2. Разликата во критериумот меѓу овие две групи оценувачи иако е доста честа, сепак не е многу голема. Обично таа изнесува само една оценка. Така, во 96% од случаите оценките на учениците се или идентични или различни само за една оценка од оценките на нивните наставници.

3. И покрај пројавените разлики, сепак постои прилично висока корелација меѓу оценките на овие две категоири оценувачи. Коефициентот на контингенцијата изнесува 0,69. Тоа укажува дури и на поголема солидарност на наставниците и учениците отколку меѓу самите наставници.

4. Хипотезата дека учениците имаат поинаков однос спрема оценките на своите наставници отколку ученичките, со ова истражување не е доволно докажана. Иако ученичките покажуваат поголемо согласување со своите наставници отколку нивните другари, сепак разликата во тој однос не е статистички значајна.

5. Потврдена е хипотезата дека разликите во оценките меѓу оценувачите, исто така, се зависни и од наставниот предмет, дури и тогаш кога оценувачите се ученици. Математиката и странскиот јазик се предмети при кои постојат помали несогласувања меѓу оценувачите отколку што е тоа случај со другите предмети.

Резултатите од ова истражување, како и резултатите од други слични истражувања, укажуваат на тешкотиите во објективното оценување, а со тоа и на потребата, работата врз усовршувањето на критериумот да биде перманентна задача на секој наставник. Особено е важно да се настојува ученикот да ја прифати оценката на наставникот како објективна мерка на неговите знаења. Таквите оценки повеќе ги мотивираат учениците во учењето, го подигнуваат авторитетот на наставникот и создаваат услови за меѓусебно разбирање и создавање хармонични односи во класот, од што зависи прилично успехот во воспитно-образовната работа.

Risto ĐORĐESKI

TEST OF THE DIFFERENCE IN THE CRITERION IN ASSESSMENT USED BY TEACHERS AND STUDENTS

Summary

Some studies indicate that there are significant differences between teachers in the criteria they use in assessment. On the other hand little attention is given to the eventual diffrences in the criteria used by teachers and students. The need of such studies stems from the students' statements

that the mark given to them is not objective. For these reasons we thought that it will be interesting to investigate whether the students accept the marks given to them by their teachers as an objective measure of their knowledge.

Regarding this we have asked high school graduates to indicate the marks they think they have deserved for their knowledge on the examinations, beside the marks given to them by their teachers. In that way we got 1488 pairs of marks from the two groups of assessors, the total of 2976 marks. The bivarial distribution of these marks is presented in Figure 1.

The difference between the marks of the teachers and the students were tested by the Chi square test, where the null hypothesis was applied, i. e. that there are not statistically significant differences between them. The value of the Chi square is = and $P < 0,01$. The contingency correlation coefficient is 0.69.

The hypothesis that the male students and female students differ in their attitude toward the marks given by the teachers was not proved because the T is only 1,43.

On the other hand the hypothesis that these differences depend upon the subject was proved. The smallest differences were found in the assessment of the knowledge of mathematics.

Depending on the attitude of the students toward the marks they got we can divide them in four categories: hypercritical, who most often think that the teachers are very stern assessors; less critical, that they are meek assessors; realistic, that they are fairly objective; and noncritical, who accept the marks they have gotten from the teachers.

On the basis of these results it might be concluded that there is a need for more objectivity in assessment on the teachers' part, and also the attention should be directed toward the acceptence of the marks by the students, because the accepted marks will imrpove the atmosphere in the relationships between the students and the teachers, will increase the motivation for learning, and in that way will secure better success in learning.

Ристо КАНТАРЏИЕВ

ОБРАЗОВАНИЕТО И МАТЕРИЈАЛНАТА ПОЛОЖБА НА УЧИТЕЛИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО XIX ВЕК

До средината на XIX век — до она пределно време кога во Македонија се создаваат неопходни општествени и материјални услови за развитокот на школството, учителствувањето како професија, како специјално и единствено занимање на луѓето било сосема ретко. Професионални учители воопшто немало. Во ќелијните училишта — какви што имало само во Македонија до 30-те и 40-те години на минатиот век, учители најчесто биле свештеници и калуѓери[1]), а понекаде и световни лица. Тогаш не постоеле специјализирани установи за подготовка на учители. Позначајни просветно-културни центри биле манастирите. Тие ја играле улогата на елементарни училишта на црковната просвета и образование и во нив доаѓале да учат сите оние што сакале да станат калуѓери, свештеници, учители, или само да ја научат црковно-словенската писменост. Во она време ретко можел да се најде писмен човек кој не поминал неколку години на учење во некој манастир. Своето прво образование го добиле во манастирите голем број наши луѓе кои подоцна станале многу извесни духовни и световни лица. Во кичевскиот манастир Пречиста, на пример, извесно време учеле нашите први народни учители—будители, Јоаким Крчовски и Кирил Пејчиновиќ.[2]) Во ќелијното училиште на манастирот Св. Јован Бигорски пак учеле Анатолија од Лазарополе (кој подоцна станал воспитач на руското царски двор), архимандритот Иларион од Лазарополе, Павле Х. Василев Аџиевски од Галичник, Партенија Зографски и др.[3]) Училишни средишта претставувале и други манастири во Македонија — Св. Архангел Гаврил Лесновски, Св. Прохор Пчински, Св. Јоаким Осоговски, Св. Јован Ветерски, Трескавец, Слепче, Св. Атанасие Лешочки, кои во текот на XVIII и XIX век, а некои од нив и порано, непрекинато подготвувале свештеници и учители за својот крај.

---

[1]) Д-р Ј. Х. Васиљевић, Просветне и политичке прилике у јужним српским областима у XIX в., Београд, 1928 г., стр. 5.

[2]) Апостол Апостолов, Училишниот живот во горните села на Мала Река во XIX и почетокот на XX век, „Просветно дело", 1951 г., бр. 9—10, стр. 39.

[3]) Истото, стр. 40.

Учителствувањето не било главно и постојано занимање ни на приватните и општинските ќелијни учители, зашто тоа тогаш не обезбедувало сигурна егзистенција. Со учителствувањето тие се занимале по неопходност и тоа само како со второстепена и случајна професија, која ја вршеле покрај својата главна и редовна работа. А главната работа на приватниот ќелиен учител како световно лице му бил занаетот (шивачки, чевларски, ќурчиски, подврзување на книги и др.). Додека работел на занаетот, учениците го учеле својот урок и повремено тој ја прекинувал работата за да ги провери учениците дали го научиле зададениот урок или да им даде нов урок. Подобра донекаде била положбата на општинските ќелијни учители, зашто за својата работа примале плата од општината. Меѓутоа, и тие биле принудени да бараат дополнителна заработувачка работејќи на некој занает. Воопшто до 30-те години на минатиот век ретки биле луѓето на кои учителствувањето им било единствено и главно занимање. Образованието на ќелијните учители било многу ограничено. Сите тие биле воспитаници на ќелијните училишта — манастирските и градските, во кои одвај можеле да се здобијат со елементарна писменост. Нивните знаења биле мошне скудни и не излегувале надвор од кориците на часословот и псалтирот, или светчето и апостолот. Такви исти знаења тие пренесувале и кај своите ученици.

Како специјално и постојано занимање, учителствувањето кај нас се установува со појавата на световните училишта. Потребата за такви учители, на кои работата во училиштето ќе им биде единствено занимање, се наложувала од самиот карактер на овие училишта. Зашто, за разлика од ќелијните, во световните училишта се учеле нови, световни науки и во нив учеле многу поголем број ученици. Освен тоа, содржината, организацијата и методиката на наставната работа во световните училишта биле многу посложени одошто во ќелијните училишта. Сето тоа изискувало со наставата во овие училишта да раководат лица специјално подготвени за тоа. Од друга страна, световните училишта биле општонародни — за нивната работа бил заинтересиран целиот народ. Световниот учител бил платено лице — примал редовна месечна или годишна плата од училишната општина, на која ѝ бил непосредно одговорен за својата работа во училиштето и, освен учителствувањето, тој не смеел да има и друго занимање. А платата, макар што била скромна, сепак ги задоволувала неговите потреби, па не се наложувало тој да бара и други извори за своето издржување, како што тоа било неопходно за ќелијниот учител. На тој начин, со појавата на световните училишта кај нас се појавува и учителствувањето како професија, како специјално и единствено занимање на одделни луѓе. Тоа било од големо значење за натамошниот развиток на нашето школство.

По своето образование првите световни учители во Македонија многу не се разликувале од ќелијните учители. Голем број од нив биле ќелијни воспитаници, кои по силата на околностите станале световни учители. Во најдобар случај тоа биле лица што ги завршиле

класните училишта, но и тие освен најосновните знаења од науките што ги учеле во овие училишта, друго и немале што да им предадат на своите ученици. Во 40-те, 50-те и 60-те години на минатиот век некои од нашите поразвиени градови, како Скопје, Велес, Прилеп, Штип и др., што појавувале стремеж да ги унапредат своите училишта, доведувале поподготвени учители од соседните словенски земји. Така, по покана на велешките трговци, од 1843 до 1861 г. во Велес учителствувале четири српски учители и една српска учителка — Спиридон Јовановиќ (1843—1845), Саво Радојчиќ (1845—1847),[4]) Јован Нешковиќ и неговата сопруга (1857—1859)[5]) и Ѓорѓи Милетиќ (1859—1861).[6]) Од нив најповеќе придонесол за унапредувањето на школството во овој град учителот Јован Нешковиќ. Тој бил мошне способен, учител со факултетско образование, кој во почетокот на учебната 1857/58 година во источниот дел на Велес („Прцорек") ги поставил основите на првото класно училиште, познато под името „Трговска школа", а неговата жена ги удрила основите на првото женско световно училиште во Македонија. Кон крајот на 1857 г. или во првата половина на 1858 г., во западниот дел на Велес класно училиште отворил и бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов.[7]) Тој, исто така, бил образован и способен учител, познат и како автор на неколку учебници и книги. Во 1861 г. класно училиште отворил во Штип српскиот учител Ѓорѓи Милетиќ,[8]) а во 1866 г. такво училиште основал во Прилеп бугарскиот учител Никола Ганчев Еничерев.[9]) Меѓутоа, овие учители биле само одделни појави и макар што многу придонесле за осовременувањето на училишната настава во местата каде што учителствувале, сепак не можеле посуштествено да влијаат врз изменувањето на општата состојба во која се наоѓало нашето школство тогаш. Мнозинството основни учители, особено по селата, биле неподготвени за учителскиот позив. Во една своја дописка во „Цариградски весник" од 1859 г., Ј. Х. Константинов-Цинот соопштува дека од тројца учители што таа година учителствувале во прцоречкото училиште во Велес, едниот бил полузналец, а другите два прости учители.[10]) К. Шапкарев, пак, во својата автобиографија за еден од своите колеги вели дека одвај можел и името да си го потпише.[11]) Такви појави не биле ретки меѓу нашето учителство во тоа време. Посолидна подготовка имале само оние учители што завршиле средни или виши училишта во странство. А такви учители имало малку кај нас тогаш.

---

[4]) Д-р Ј. Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 88—90.

[5]) Ристо Кантарциев, Класните училишта во Македонија, Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, 1971 г., кн. 23, стр. 89—92.

[6]) Истото, стр. 94—95.

[7]) Истото, 92—94.

[8]) Истото, стр. 95—96.

[9]) Истото, стр. 96—97.

[10]) „Цариградски вестник", бр. 420 од 28.II.1859 г.

[11]) Блаже Конески, Кон македонската преродба, Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1959 г., стр. 18.

Од оној мал број поиздигнати просветни и културни работници што оставија трага во културната историја на нашиот народ, ние ги споменуваме: Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Димитрија Миладинов, Рајко Жинзифов, Партенија Зографски, Константин Миладинов, Григор Прличев, Кузман Шапкарев и Димитар Македонски. Како народни просветители и општествени дејци во еден период толку значаен во животот на нашиот народ, тие многу придонесле за неговиот напредок.

Јордан Х. Константинов-Џинот е еден од ретките наши преродбенски учители, кој со самообразование и самопрегорна работа успеал да се издигне над нивото на образованието на тогашните учители и да се здобие со завидна култура на времето. Но тој извесно време поминал на учење во Самоков и Солун, престојувал на грчките острови Хиос и Патмос — тогаш прочуени центри на новогрчката просвета, а исто така и во Србија и Романија, каде што се запознал со напредните училишни реформи и новата образованост. Престојувањето во овие земји имало несомнено големо влијание на неговата натамошна просветителска дејност.

Меѓутоа, Димитрија Миладинов и другите напред споменати просветни и културни работници од средината на XIX век се школувале во поинакви услови. Тие биле грчки воспитаници и токму поради тоа имале и добро образование. Зашто грчките училишта во Македонија тогаш биле најуредени и имале најдобар наставнички кадар. Тоа особено се однесува за Охрид, Струга и Битола, кои во тоа време биле сестрано повлијаени од грцизмот. Колку било силно грчкото духовно влијание во овие наши градови се гледа и од фактот што во првата половина на минатиот век во нив постоеле само грчки училишта. Во Охрид, на пример, елинското класно училиште било основано во 1802 г., а заемното училиште во 1841 г. Но покрај овие, во него работеле и неколку келијни грчки училишта.[12]) Во овие училишта во Охрид го добиле своето прво образование Д. Миладинов, П. Зографски, К. Миладинов, Г. Прличев и К. Шапкарев. Д. Миладинов го продолжил образованието и во Јанина, а К. Миладинов и Г. Прличев и во Атина, зашто „. . . тогаш само името на Атина и Јанино звучеше у нас“.[13]) Во својата Автобиографија Г. Прличев со голема горчина наспоменува што тогаш не се нашол ниеден да го посоветува наместо во Атина да оди да учи во Русија.[14]) Воспитани во грчките училишта во духот на елинизмот, тие како грчки учители ќе бидат фанатични спроводници на грчкиот јазик, грчката образованост и култура кај нас. Д. Миладинов бил еден од најподготвените учители во тоа време и многу придонесол за ширењето на грчката просвета и воопшто за издигањето на грчките училишта во некои наши градови, особено во Охрид.

---

[12]) Ристо Кантарциев, Неколку документи за отворањето на првите славјански училишта во Охрид во XIX век, „Просветно дело“, 1957 г., бр. 7—8, стр. 388.

[13]) Григор Прличев, Автобиографија, Скопје, 1953 г., стр. 24.

[14]) Истото, стр. 24.

„Меѓу десетте учители што се изменија во време на моето ученикување во Охрид — пишува Г. Прличев, — ниеден не им беше толку полезен на учениците колку Миладинов. Тој во секоја постапка имаше нешто привлечно. Речта му течеше од устата како мед. Свештен оган му гореше во очите . . .“[15]) Истото тоа за него го вели во својата автобиографија и К. Шапкарев: „. . . сполучи да добие почтеното и желаемо име „добър учител“ какъв не беше дошъл пред него в Охридското училище (можит да се речит че и тога до сега не е дошъл друг како него) . . .“[16]) И, ете, овие длабоко елинистички настроени наши луѓе тогаш, во времето кога ќе се поведе борба против грцизмот, постепено и сè поопределено ќе ја доживеат својата преориентација кон словенизмот и ќе станат свесни будители на својот народ, идејни носители на неговите напредни стремежи. Се разбира, секој од нив оваа метаморфоза, својот генетички прелом ќе го доживее во овие или оние околности и на свој особен начин. Меѓутоа, потребно е да се наспомене дека оваа нивна преориентација е тесно поврзана со промените во економскиот и општествениот живот што настанаа кај нас кон средината на минатиот век. Тоа е време кога нашиот народ ја започнува борбата против Цариградската патријаршија, во која и нашето учителство како речиси единствен претставник на тогашната наша интелигенција мораше да се определува.[17]) Но освен оваа основна и општа причина, на нивното преродување дејствувале и други — надворешни причини и поттици. За Д. Миладинов таков поттик можела да биде неговата средба со рускиот научник Виктор Григорович во 1845 г.,[18]) дописките на Ј. Х. Константинов-Џинот во „Цариградски весник“,[19]) а исто така и неговите врски со Рачински.[20]) Сепак, тој својот дефинитивен пресврт ќе го доживее подоцна — во 1855/56 г., за време на своето престојување во Херцеговина, Босна, Војводина и Србија.[21]) Странствувањето во овие југословенски земји наполно ќе го преброди Миладинова и по враќањето во татковината тој ќе стане вистински народен будител, свесен и пламенен борец против фанариотското духовно ропство. Овој пресврт, толку карактеристичен за Д. Миладинов, најубаво го опишува неговиот ученик и следбеник К. Шапкарев: „. . . нека кажиме че до некое време, а именно дури не беше учителствувал в Магарово, или може малу нещо и понапред, беше страшен Елинист фанатик за Грьцизъмът може многу да іе повредил Българската народност. Но от тога, незнам по коя причина, възбудило се іе било малку чувство народности, а кога беше в Битоля, беше доволно славянист и на пъти дури и фанатик. След Битоля направи едно обхо-

[15]) Истото, стр. 20.

[16]) Ив. Снегаров, Принос към историята на просветното дело в Македония, Една автобиография на Кузман Шапкарев от 1864 г., — Македонски преглед, год. III, кн. 2, София, 1927 г., стр. 59.

[17]) Бл. Конески, цит. дело, стр. 20.

[18]) Х. Поленаковиќ, Страници од македонската книжевност, Скопје, 1952 г., стр. 166.

[19]) Истото, стр. 166.

[20]) Бл. Конески, цит. дело, стр. 20.

[21]) Х. Поленаковиќ, цит. дело, стр. 166—167.

ждение по Ерцеговина и Босна и Сърбия чрез Мостарскийт Владика, а кога се врати от тамо на 1856—1857 се погоди в Прилеп за Елински учител . . . От тогава се преправил беше от Савел на Павел, беше се възродило у него едно ненаситимо родолюбие, до толкова що-то дури до фанатизъм допираше. Но как да іе това негово родолюбие многу спомогна на заспалийт ни до тога народ, който ни гри не знаеше, нито нещо чувствуваше за народност.“[22])

Периодот од животот на Д. Миладинов по 1855/56 г. е инспириран со сестрана народна дејност. Тој неуморно работи на просветувањето и националното буденье на својот народ. Длабоко народен човек, кој живо ги чувствува народните болки и страданја под фанариотското ропство, тој е на чело на движењето против тоа ропство. Но не само против грчкото духовенство, тој е исто така немилосрден и во борбата против гркоманството. Во едно свое писмо до Јанаки Стрезов од 1859 г., во кое ја осудува тогашната гркоманска дејност на Г. Прличев, сите оние што биле во служба на грцизмот тој ги наречува „апостоли отстапници на својата народност, отечество и родители“, што се „со тврда решеност и убеденост да ја изродат словенската храбра крв и да создадат грчки пеперуги со тифусен дух . . .“[23]) Со ваквата своја дејност на вистински народен трудбеник Д. Миладинов на директен или индиректен начин ќе влијае на многубројни свои ученици и ќе разбуди кај нив интерес за народното дело. Неговото влијание за некои од нив, како за Р. Жинзифов, К. Миладинов, Г. Прличев, К. Шапкарев и др., ќе биде решавачко за нивниот натамошен живот. По неговиот совет брат му Константин, неговиот соработник Р. Жинзифов и многу други ќе одат да учат во Москва. Под директниот впечаток од смртта на браќата Миладиновци во цариградските зандани, Г. Прличев — оној ист Прличев, којшто во 1859 г. беше толку остро критикуван од Д. Миладинов поради гркоманството, ќе ја доживее својата метаморфоза и ќе се врати дома од Атина „со тврдо решение да гине или да одмазди за Миладиновци.“ Повлијаен од Д. Миладинов, во 1857 г. К. Шапкарев го вовел македонскиот јазик во грчкото заемно училиште во Струга. Потоа, како народен учител, тој наполно се посветува на ширењето на просветата на мајчин јазик, за што издал и неколку учебници.

Некои од нашите преродбенски учители во својата дејност појавувале колебливост и недоследност. Но тоа е сосем разбирливо ако се имаат предвид условите во кои работеле тие наши народни просветители. Постојано во борба за одржување на својата егзистенција, прогонувани од грчките владици и денунцирани од нив кај турската власт, поради што често биле затворани, во времето кога кај нас почнуваат да дејствуваат различни пропаганди — сето тоа многу влијаело на ваквото нивно држење. Но и покрај оваа нивна црта на приспосо-

[22]) Ив. Снегаров, цит. дело, стр. 60.

[23]) „Илюстрация Свѣтлина“, 1898 г., цит. според Бл. Конески, Македонските учебници од XIX век, стр. 21.

бување — карактеристична и за нашиот граѓанин во тоа време,[24]) значењето на нивната улога во преродбата на нашиот народ ни малку не се намалува. „Тие ја носат — верно — сета ограниченост на нивното време и на нивната средина, но доста им е на скромните даскали таа историска заслуга, што ја возродија словенската просвета во Македонија, во земјата каде што некогаш таа просвета и се беше зародила.“[25])

Заслугата на овие наши истакнати преродбенски учители за развитокот на македонската просвета е навистина голема и тоа дотолку повеќе што во времето кога тие делувале бројот на световните учители во Македонија бил многу мал. Не само за селата, туку и за градовите тогаш бил проблем да дојдат до образовани и способни учители. Од многубројни дописки и писма објавени во тогашните весници дознаваме дека токму поради тоа што немало учители во некои наши градови училиштата работеле нередовно и имале непостојан карактер. Освен тоа, поголемиот број од основните учители не биле подготвени за функцијата што ја вршеле. Нивните општи и стручни знаења биле мошне скудни — не ги надминувале знаењата што ги добивале во класните училишта, а педагошко-методската подготовка речиси била никаква. Уште послабо подготвени од нив биле учителките. Неподготвеноста на учителите за наставна работа била всушност основната причина за неуспехот што го покажувале учениците во училиштата.

Пообразовани учители се забележуваат во македонските училишта во 60-те и 70-те години на минатиот век. Во ова време значителен број македонски учители образованието го добиле во училиштата во соседните словенски земји и Русија, како и во педагошките училишта што ги основал во Штип (1869) и Прилеп (1874) нашиот истакнат педагог Јосиф А. Ковачев.

Во 50-те и 60-те години на минатиот век, како стипендисти на српската влада, во училиштата во Србија учеле и македонски деца и младинци. Тие во Србија се школувале по препорака на црковно-училишните општини на одделни македонски градови или истакнати граѓани. Бројот на учениците од Македонија во училиштата во Србија значително се зголемил кон крајот на 60-те и во 70-те години. Тогаш српската влада вложува усилби за да го прошири и зацврсти своето просветно и национално влијание во Македонија и за остварувањето на ваквата цел настојува преку новоформираниот Просветен одбор (1868) да привлече на школување во Србија што поголем број македонски деца и младинци. При редовната богословија во Белград во 1873 г. било основано II одделение со специјална наставна програма за забрзано школување на младинците од „неослободените области“. Ова одделение било повеќе познато под името „Странска богословија“[26]) За пет години, од септември 1873 г. до 16.VIII. 1878 г., II од-

[24]) Бл. Конески, цит. дело, стр. 20.

[25]) Истото, стр. 20.

[26]) Д-р Ј. Х. Васиљевиќ, цит. дело, стр. 382.

деление на белградската богословија завршиле 81 ученик од Македонија.[27]) Покрај општообразовните и богословските предмети, тие во него учеле педагогија и методика. По свршувањето на ова училиште голем број од нив се враќале во Македонија како учители и во своите родни места отворале световни училишта, со настава на српски јазик.

Но, потребно е да истакнеме дека во ова време освен во училиштата во Србија, извесен број македонски учители образованието го добиле и во училиштата во Бугарија. Некои од нив го завршиле пловдивското класно училиште, кое тогаш било едно од најуредените класни училишта во Бугарија. По враќањето во Македонија тие отворале основни и класни училишта според образецот на реформираните бугарски училишта и во нив го применувале новоздобиеното наставно искуство.

Во 70-те години на минатиот век неколку генерации на способни, модерни учители, излегле од педагошките училишта на Ј. Ковачев во Штип и Прилеп. Тоа биле првите од ваков вид училишта во Македонија. Во нив учениците добивале теориска и практична педагошка подготовка за професионална учителска работа. Особено внимание Ковачев обрнувал на практичната методска обука на своите ученици — идни учители. За првпат во училиштата во овие градови тој ја вовел новата, гласовната аналитичко-синтетичка метода што ја пренел од Русија и одделенско-часовниот систем на настава. Во Штип тој организирал и специјални педагошко-методски курсеви за учителите што сакале да ја усвојат новата наставна метода. Подготвувајќи во своите училишта модерни учители — новатори, способни да ги применуваат во училиштата новите наставни принципи и методи, Ковачев дал голем придонес за развитокот на методиката и организацијата на основното образование во Македонија.

Бројот на учителите со соодветна педагошко-методска подготовка во Македонија во третата четвртина на XIX век бил значително поголем во однос на учителите што работеле во македонските училишта во втората четвртина на истиот век. Меѓутоа и во ова време сè уште се чувствувала голема потреба од образовани учители, па поради нивниот недостиг во некои наши градови напоредно со световните работеле и ќелијни училишта. Во 1855 г. во Кратово, на пример, уште учеле „часословци и псалтирци".[28]) Во 1866 г. во Прилеп покрај световно имало и две приватни ќелијни училишта.[29]) А во Берово низ целиот XIX век имало само ќелијни училишта.[30])

---

[27]) Д-р Климент Џамбазовски, Културно-општествените врски на Мекедонците со Србија во текот на XIX век, Скопје, 1960 г., стр. 109—110.

[28]) „Цариградски вестник", 1855 г., бр. 208.

[29]) Н. Г. Ничерев, Възпоминания и бележки, София, 1906 г., с. 84.

[30]) Световно училиште било отворено во 1892 г. — Григорије Дракаловић, Старе школе у Малешу, Јужни преглед, Скопље, 1928 г., бр. 9, стр. 413.

* * *

За својата работа учителите биле слабо наградувани. Нивните плати не само што биле многу мали, туку биле и непостојани. Најниски плати имале ќелијните учители. Во првата половина на минатиот век тие се движеле од 70—100 и до 500—600 гроша, а сосема ретко ја достигнувале сумата од 1000 гроша годишно. Во Кратово, на пример, ќелијните учители примале обично по 300, 400 и 600 гроша годишна плата.[31]) Во толкав износ примале плати ќелијните учители и во другите наши градови. Повисоки плати имале само попрочуените учители. Првиот општински учител во Велес, даскал Митре, имал во 1832 г. 1000 гроша годишна плата, а неговите помошници по 500 гроша.[32]) Значително помали биле платите на селските учители. Тие не изнесувале повеќе од 100, 200 и 300 гроша годишно, но затоа добивале од селаните стан, храна и огрев. Некои од нив својата работа ја наплатувале само во натура: во жито, пченка, грав и др. Ќелијниот учител го плаќал оној којшто го издржувал училиштето — манастирот, селото, црковно-училишната општина или родителите на децата ако тој бил приватен учител и држел свое училиште. Условите и времето на плаќањето се определувале по спогодба. Најчесто тие се исплатувале на крајот на годината, а во некои места и седмично, месечно или за времето од еден до друг празник. Во Велес, на пример, учениците им плаќале на своите приватни учители на крајот на седмицата, обично во сабота и затоа плаќањето се викало „саботница“.[33]) Во Кратово, пак, роковите за исплатување на учителите биле поголемите христијански празници: Ѓурѓовден, Петровден, Крстовден, Митровден, Божиќ[34]) и др.

Покрај платите, ќелијните учители добивале повремено од родителите на учениците и различни подароци. Вообичаено било кога детето за првпат се поведе на училиште да му се однесе на учителот некаков подарок — кошула, гаќи, рало чорапи, марамче, јадење и пијалак.[35]) Кога Г. Прличев научил слободно да чита, дедо му го одвел на училиште и, според обичајот, му однел на учителот — Апотоле, еден салтар локуми и една шарена крпа.[36]) Учителот го дарувале кога детето би научило да чита, а исто така, кога тоа би го изучило часословот, псалтирот, светчето и другите книги.[37]) Таков обичај постоел речиси во сите наши училишта во тоа време. Ќелијниот учител добивал подароци во пари и натура и во други околности. Кога, на пример, му

---

[31]) Ст. Симиќ, Наша старовремска школа, ракопис откупен од Советот за просвета на НРМ, 1956 г., стр. 47—49.

[32]) Хр. Чочков, Град Велес, Учебното дело до революционните борби, София, 1929 г., стр. 11.

[33]) Сегашно и недавно минало на град Велес. — Кратък очерк от К.(аранфилович), Период. списание, год. VIII, кн. XL, Средец, 1892 г., стр. 557.

[34]) Ст. Симиќ, цит. дело, стр. 48.

[35]) Истото, стр. 50.

[36]) Г. Прличев, цит. дело, стр. 5.

[37]) Ст. Симиќ, цит. дело, стр. 51.

помагал на свештеникот во богослужбата во црквата и надвор од неа, исто така со нешто го дарувале. Во Кратово при крштевањето на децата му давале на даскалот 1—2 гроша, на венчавање 3—4 гроша, а за маслосвет, парастос и слично 3—5 гроша.[38]) Тој добивал подароци и од своите поранешни ученици, кога тие, на пример, би отвориле свој дуќан, занаетчиска работилница, кога би се оженеле или ракоположиле за свештеници.[39])

Сепак, платите и наградите што ги добивале ќелијните учители биле многу скромни и недоволни за нивниот опстанок. Затоа тие биле принудени да работат и на некој занает. Работите од својот занает тие ги вршеле во училницата за време на наставата, додека учениците ги учеле своите уроци. За време на наставата во училиштето доаѓале одвреме навреме и муштерии за да купат или да порачаат нешто да им изработи даскалот. Поради ваквиот карактер училиштата на приватните ќелијни учители повеќе личеле на занаетчиски работилници, одошто на вистински училишта.[40])

Меѓутоа, ни на световните учители материјалната положба не била многу завидна. Навистина тие примале значително поголеми плати од ќелијните учители, но сепак не им биле доволни за нивните потреби. Во особено тешка положба биле селските учители, кои примале многу помали плати од градските учители. Додека просечната плата на селскиот основен учител била околу 500—600 гроша годишно, на градскиот основен учител таа изнесувала 2.000—3.000 гроша годишно. Исто така и платите на градските учители биле многу различии. Основните учители имале помали плати од класните учители, учителките биле послабо платени од учителите, а странските учители биле подобро платени од учителите домородци. Висината на учителските плати зависела, главно, од подготовката на учителите, а и од материјалната состојба на училишните општини. Поподготвените и поспособните учители биле поскапо платени. Затоа такви учители можеле да доведат само побогатите училишни општини. Таков бил, на пример, случајот со Велес, Скопје и Прилеп, во кои напредокот на учебното дело кон средината на минатиот век се должи токму на тоа, што тие можеле да плаќаат подобри учители од другите наши градови. Ова општо мислење за учителските плати ќе го поткрепиме со неколку податоци.

Од една сметка на Прцоречката училишна општина во Велес за 1853 и 1854 г. се гледа дека во 1853 г. учителот Ѓорѓија Даскалот за две години примил 5.301 грош, а учителката Мица Козароска за истото тоа време примила 510 гроша; во 1854 г. Митре Даскалот примил

[38]) Истото, стр. 51.

[39]) Истото, стр. 52.

[40]) Ст. Симиќ, цит. дело, стр. 53; К. Църнушанов, Келийните училища и учители в Прилеп, Сто години ново българско училище в гр. Прилеп, 1943 г., стр. 35.

1.060 гроша, а две учителки заедно 500 гроша, на бугарскиот учител Дамаскин Даскалот за 6 месеци во 1855 г. општината му платила 2.540 гроша.[41]) Во 1848 г. Ј. Х. Константинов-Џинот се погодил за учител во Скопје за 5.000 гроша годишна плата.[42]) Во 1856 г. за главен учител во прцоречкото училиште во Велес дошол српскиот учител Јован Нешковиќ. Тој заедно со жена си, која била учителка во женското училиште, земал 10.000 гроша годишна плата.[43]) Од 1857 до 1862 г. во училиштето на западната страна во Велес учителствувал бугарскиот учител Ѓорѓи Икономов за 10.000 гроша годишно.[44]) Како главен учител во Прилеп бугарскиот учител Никола Г. Еничерев имал 8—9.000 гроша годишна плата.[45]) Од 1870 до 1873 г. главен учител на училиштата на двете општини во Велес бил Васил Попович од Болгород (Бесарабија) со годишна плата од 12.000 гроша.[46]) Како учител и директор на сите училишта во Прилеп од 1874—1877 г. Јосиф Ковачев имал 120 турски лири годишна плата и „кукя наем с църковна плата".[47])

Еве како бил наградуван за време на своето учителствување во различни градови на Македонија К. Шапкарев. Како учител во Охрид во 1854 г. имал 800, а во 1855—1856 г. 2.000 гроша годишна плата; во Струга три години по 3.000—3.500 гроша; во Охрид две години (1859—1861) по 45 турски лири; во Прилеп четири години по 4.000—5.000 гроша; во Кукуш седум години по 65—72 турски лири; во Прилеп и Битола (1872—1874) по 72 турски лири; во Солун, Кукуш и Цариград по 120—160 турски лири.[48])

Положбата на тогашните учители била тешка не само поради малите плати, туку и поради условите во кои тие работеле, кои за нив често биле неподносливи. Тие биле изложени на самоволијата и каприцитe како на грчките владици, така и на месните чорбации. Последните се мешале во работата на училишните настојатели и си ја наложувале волјата при назначувањето или отпуштањето на учителите. Поради каприцитe и подбуцнувањата на велешките чорбации кај грчките владици Џинот морал неколку пати да го напушта својот роден град. И како учител во Скопје, поради истите причини, тој бил принуден неколку пати да го напушта и овој град. Во својата автобиографија К. Шапкарев расправа како тогаш и учителите се главувале како говедари и како тоа зависело од волјата на чорбациите. Кога тој поради

[41]) К.(аранфилович), цит. статија, стр. 567—568.
[42]) Васил Кънчов, Град Скопие, Периодическо списание, год. XI, кн. 55—56, Средец, 1898 г., стр. 117.
[43]) Хр. Чочков, цит. дело, стр. 24.
[44]) Истото, стр. 26.
[45]) Н. Г. Еничерев, цит. дело, стр. 81.
[46]) Хр. Чочков, цит. дело, стр. 29.
[47]) Хр. Шалдев, Град Прилеп за своите училища, Македон. преглед, год. I, кн. 1, стр. 54.
[48]) К. Шапкарев, Автобиография от 1883—1884—1895, ракопис, с. 24, (Фотокопија, Семинар за југословенска книжевност при Филозофскиот факултет во Скопје, инв. бр. 100).

неразбирањето на градските првенци бил принуден да го напушти Охрид, очекувајќи во Битола (1856 г.) да се назначи за учител во Велес или Струга, „охридянци, а особито Георше Гърдан гледаецем ме без работа, ми велеха „шетай сега без работа како говедар".[49]) Воопшто, сменувањето и отпуштањето на учителите не биле ретки појави, а и самите учители често ги напуштале училиштата и барале други за поголема плата. Тоа, пак, многу лошо се одразувало врз работата на училиштата.

Ристо КАНТАРДЖИЕВ

УРОВЕНЬ ОБРАЗОВАНИЯ И МАТЕРИАЛЬНОЕ ПОЛОЖЕНИЕ УЧИТЕЛЕЙ В МАКЕДОНИИ В XIX ВЕКЕ

Р е з ю м е

До середины XIX века учительство как профессия, как специальное и единственное занятие в Македонии было очень редким. Уровень образования учителей был весьма невысоким. Они не были подготовлены для той функции, которую выполняли. Учительством они занимались по необходимости и то лишь как побочным и случайным делом.

Учительство, как специальное и постоянное занятие в Македонии становится возможным с образованием гражданских училищ — с половины прошлого века. С этого времени в школах Македонии работают более образованные учителя, получившие своё образование в училищах в соседних славянских странах и в России. Несколько поколений способных и образованных учителей вышли из стен педагогических училищ, основанных в Штипе (1869) и Прилепе (1874) выдающимся македонским педагогом Йосифом А. Ковачевым. Применяемые им в этих училищах новые учебно-методические принципы весьма способствовали приближению македонской школы к требованиям времени и её модернизации.

Материальное положение учителей в Македонии в XIX веке было незавидным. Их труд плохо оплачивался. Заплата учителей зависела главным образом от уровня их подготовки, а также от материального состояния общины, к которой принадлежала школа. Учителям начальных школ полагалась меньшая заплата, чем учителям предметникам, труд учительницы оплачивался ниже чем учителя, а труд иностранных учителей оплачивался лучше чем своих. Они, ратотая в очень трудных, часто невыносимых условиях, сыграли большую роль в развитии македонского просвещения.

---

[49]) Ив. Снегаров, цит. дел стр. 49.

Hristo ANDONOV — POLJANSKI

UNE LETTRE DE NAPOLÉON BONAPARTE DE 1798 ET SES PREMIÈRES ACTIONS POLITIQUES DANS LES BALKANS

Fouillant dans le Public Record Office de Londre les documents diplomatiques relatifs à l'histoire de la Macédoine — dont, nous avons publié un volume se rapportant à la période allant de 1797 à 1839[1]) — nous avons trouvé une lettre de Napoléon datée du 15 juin 1798. Signée de la main d'un personnage aussi illustre, cette lettre nous a paru d'un intérêt d'autant plus grand qu'elle se recommandait à notre attention tant pour son contenu que pour l'époque où elle avait été rédigée. Tout d'abord, nous avons voulu savoir si elle a été déjà publiée soit dans la *Correspondance* de Napoléon soit dans ses *Mémoires* et si elle a été utilisée dans les écrits qui lui ont été consacrés où dans ceux qui ont trait à l'histoire de la France sous le Directoire, à la question d'Orient et aux autres problèmes de l'histoire française de cette époque. Nous avons consulté d'abord le premier recueil plus complet de la correspondance napoléonienne, dont la publication, sur l'ordre de Napoléon III, avait commencé en 1858.[2]) Dans le volume IV de ce recueil, publié en 1860, comprenant la période allant de 5 mars au 21 septembre 1798, est insérée, sous le numéro 2662, la lettre portant le titre de: „Aux Commissaires du Gouvernement à Corcyre, Ithaque et près le Département de la Mer Egée. Quartier Général. Malte. 27 prairial an VI (le 15 juin 1798)"[3]). Il en ressort que la lettre fut adressée aux trois commissaires: de Corfou, d'Ithaque et au Département de la Mer Egée. La lettre est publiée dans ce recueil sous sa forme unique. Selon toute apparence, Napoléon avait écrit plusieurs lettres ayant le même contenu. Néanmoins le texte de la lettre insérée dans ce volume n'est pas suivi des variantes des lettres envoyées aux commissaires respectifs. Ainsi, de la variante de cette lettre, que nous publions ici, il apparaît avec évidence

---

[1]) Voir: Британски документи за историјата на македонскиот народ. I (1797—1839) (British Documents on the History of Macedonian People. Vol. I (1797—1839). Edited by Hristo Andonov-Poljanski). Skopje, the Archives of Macedonia 1968, pp. 319 (En macédonien est anglais).

[2]) Correspondance de Napoléon Ier. Publiée par ordre de l'Empereur Napoléon III. Paris 1858 —.

[3]) Ibidem. Tome Quatrième. Paris 1860, № 2662 (Collection Napoléon), pp. 152—153.

qu'elle fût écrite comme une lettre unique. Cette variante est adressée au „Commissaire de Gouvernement près le Département de la Mer Egée."[4])

Si l'on compare la lettre publiée dans le recueil de 1860 avec cette variante, on pourra constater certaines différences dans la tournure, le style et aussi dans la modification de certaines mesures concrètes que l'on devait prendre dans la région mentionnée. Bien que dans le fond le contenu soit identique, on peut constater les différences existant dans l'un et dans l'autre texte (cf. Supplément I, Supplément II).

Il faut dire que dans les autres recueils de la correspondance napoléonienne, surtout dans les éditions datant de 1808,[5]) 1870,[6]) 1897,[7]) 1898,[8]) 1903,[9]) 1909,[10]) et 1912[11]) nous n'avons pas pu retrouver cette lettre de Napoléon Bonaparte, qui date du 15 juin 1798.

Dans les *Mémoires* de Napoléon[12]) non plus on n'en fait pas mention. Nous avons consulté aussi la volumineuse littérature se trouvant à notre portée, consacrée à Napoléon[13]), à la révolution française et à l'Empire[14]), à Tallerand et à sa politique étrangère à l'époque du Directoire[15]) aux réactions de l'Europe face à la Révolution française[16]) et à la position de Na-

[4]) Francis Charnaud to the Governor and to the Members of the Levant Company. Salonica, the 3rd August 1798. (Public Record Office (London) State Papers 105/126. Levant Company. Letters Received 1797—1798).

[5]) Collection Générale et Complete de Letters, Proclamations, Discours, Messages, etc. de Napoléon le Grand. Publ. Chr. Aug. Fischer. A Leipzig 1808, pp. 59—71.

[6]) Ausgewählte Correspondenz Napoleon I. Zweiter Band. Publ. H. Kurz. Hildburghausen 1870, p. 20.

[7]) Lettres Inédites. Publ. Léon Lecestre. Paris 1897 (Seulement pour: 1810—1815).

[8]) Lettres Inédites de Napoléon Ier. Par Léonce de Brotonne. Paris 1898 (Seulement pour: 1793—1815).

[9]) Dernières Lettres Inédites de Napoléon Ier. Par Léonce de Brotonne. Paris 1903, I—II.

[10]) Briefe Napoleons des Ersten. Erster Band. Stuttgart 1909, SS. 148—149, 149—153, 153—171.

[11]) Napoléon Ier. Correspondance Inédites. Publ. E. Piccard et Z. Tuetey. Paris 1912, Vols. I—IV (Seulement pour: 1804—1811).

[12]) Voir: Napoleon. Die Memorien Seines Lebens. Band 4. Wien—Hamburg—Zürich (In Neuer Bearbeitung Herausgegeben von Friedrich Wencker—Widberg). (Einnahme von Malta, S. 293—312). Cf. Mémoires pour servir a l'Histoire de France, sous Napoléon, écrits a Saint—Héléne. Paris 1823, 166—198, 338.

[13]) Voir: J. Bainville, Napoléon. Paris 1931 (Bibliographie, pp. 585—590); L. Villat, La Révolution et l'Empire (1789—1815). II. Napoléon (1799—1815). Paris 1947, pp. LIII—LXV etc.; E. B. Тарле, Наполеон. (Сочинения. T. VII. Москва 1959, 62—87 (En russe).

[14]) Voir: L. Villat, La Révolution et l'Empire (1789—1815). I. Les Assemblées Révolutionnaires. Paris 1947, pp. 391—399; A. Fugier, La Révolution Française et l'Empire Napoléonien. (Histoire des relations Internationalles). T. IV. Paris 1954, pp. 114—115.

[15]) Voir: G. Lacour—Gayet, Talleyrand et l'xpédition d'Égypte. Paris 1917; H. Dehérain, La Vie de Pierre Ruffin. T. I. Paris 1929, 126—127; G. Lacour—Gayet, Talleyrand (1754—1838). T. I. Paris 1947 (Ch. XVII. L'Expedition d'Égypte, pp. 302—326). Benoist—Méchin, Bonaparte, en Égypte, Paris 1969.

[16]) Voir: A. Sorel, L'Europe et la Révolution Française. Cinquieme partie. Bonaparte et le Directoire. Paris 1948, 162—163, 222—224; A. G. Grant—H. Temperley, Europe in the Nineteenth Centuries (1789—1950). London 1959 (Ch. IV. The Rise of Napoleon to Power, pp. 67—68).

poléon touchant la question d'Orient[17]) et, plus particulièrement, l'Albanie.[18]) Dans toute cette littérature nous n'avons trouvé aucune allusion à la lettre dont nous nous occupons ici.

Voulant attirer l'attention sur ce problème, nous analysons dans la présente contribution le contenu de la lettre de Napoléon du 15 juin 1798 et ses premières activités politiques dans les Balkans. Dans l'Appendice nous reproduisons la lettre du 15 juin 1798 publiée dans l'Edition de 1860 et sa variante retrouvée dans „Public Record Office" avec son fac-similé.

1.

Nous avons trouvé la lettre de Napoléon du 15 juin 1798 dans le fonds de la Levant Conmpany du Public Record Office de Londre. Francis Charnaud, le consul de la Levant Company à Salonique avait reçu cette lettre, qu'il joignit à son rapport du 3 août 1798. Dans ce rapport il expliquait comment il était entré en possession de la lettre. D'après ce qu'il dit, c'était le consul britanique à Zante, Spiridion Foresti, à ce moment prisonnier à Corfou, qui s'en était emparé. Francis Charnaud précisait que c'était la copie d'une lettre de Bonaparte, que celui-ci avait adressée à son commissaire résidant à Corfou[19]). En outre, Francis Charnaud écrivait que Spiridion Foresti avait mis au courant lord Grenville, le secrétaire au Foreign Office[20]), de tous les incidents relatifs à cette lettre.

Francis Charnaud laissait savoir que la lettre en question était envoyée du „Quartier Général de Malthe" et signée „Buonaparte Membre de l'Institut National, Général en chef" à la date du „27 Prairial an 6me de la République une et indivisible", comme on le lit, d'ailleurs, dans la lettre. Elle fut adressée „Au Commissaire du Gouvernement près le département de la Mer Egée".[21])

On voit de là que Bonaparte avait écrit la lettre aussitôt après son départ de Malte. Si, comme le dit A. Sorel, la prise de Malte date du 13 juin 1798[22]), on peut supposer que cette lettre était une des premières que

[17]) Voir: E. Driault, La Question d'Orient. Paris 1900 (Ch. III. Le Grand Dessein de Napoléon, pp. 69—81); J. A. R. Marriott, The Eastern Question. Oxford 1958, (7. Napoleon and the Near Eastern Problem, pp. 164—169).

[18]) A. Boppe, L'Albanie et Napoléon (1797—1814). Paris 1914 (I. Premières Négociations, pp. 1—19).

[19]) „A Copy of the Republican General Buonaparte's Letter, addressed to a Commissary of Corfu." (Francis Charnaud to the Governor and to the Members of the Levant Company. Salonica, the 3rd August 1798/PRO-State Papers 105/126. Levant Company. Letters Received, 1797—1798/).

[20]) Francis Charnaud to the Governor and to the Members of the Levant Company. Salonica, the 3rd August 1798 (PRO-SP 105/126).

[21]) Ibidem.

[22]) A. Sorel, Op. cit., p. 254. Cf. Oeuvres de Napoléon Bonaparte. Paris 1821, T. I p. 24.

Napoléon eût envoyées à l'Orient. Cette constatation est, d'ailleurs, confirmée par la lettre qu'il a adressée à Ali Pacha de Janina, datée du 17 juin.[23])

L'engagement qu'avait pris Napoléon de suivre de Malte la réalisation d'une politique méditerranéenne définie depuis longtemps n'était guère une chose dûe au hasard. En fait, la réalisation de cette politique avait commencé par la prise de Malte qui, selon Talleyrand, était considérée comme „. . . la clé du Levant . . . C'est un autre Gibraltar . . . Celui que possède Malte est le maître de la Méditerranée."[24]) C'est de là qu'il s'était emparé des points clés de la Méditérranée, estimés comme „stations naturelles sur la route du Levant."[25])

L'établissement des rapports avec le „Commissaire du Gouvernement près le département de la Mer Egée" était donc une conséquence naturelle de la politique napoléonienne concernant la Méditerranée et l'Orient. C'est grâce à la paix de Campo Formio (le 17 octobre 1797) que la France était entrée en possession des Iles ioniennes où fut instauré le pouvoir républicain français.[26]) De cette manière, la vieille aspiration de Napoléon fut réalisée de mettre le pied sur ces points importants de la Méditerranée devant servir de tremplin pour les conquêtes futures et pour atteindre la gloire d'Alexandre le Grand. On sait, d'ailleurs, les intérêts économiques que la France avait dans cette région et les projets de Bonaparte de s'emparer du Levant pour y menacer les intérêts britaniques. Les projets de Bonaparte relatifs à la politique française d'Orient étaient connus avant la paix de Campo Formio. Ainsi, Bonaparte écrivait le 16 août 1797 au Directoire: „Les îles de Corfou, de Zante et de Céphalonie sont plus intéressantes pour nous que toute l'Italie ensemble."[27]) Cette tendance s'était manifestée avec plus de netteté après la conclusion de la paix. Aussi avait-il présenté à cette fin des projets déterminés au Directoire, non sans être encouragé par Talleyrand qui, de son côté, avait présenté un Mémoire sur la politique française étrangère.[28])

Grâce à la prise des Iles ioniennes, Corfou était devenu la base principale de la politique méditerranéenne française et de la pénétration dans la Péninsule balkanique. Ainsi, d'après le rapport de Talleyrand du 13 août 1797, le Directoire avait défini avec précision la politique française touchant le Levant: „Rien n'est plus important que de nous mettre sur un bon pied dans l'Albanie, en Grèce, en Macédoine, et autres provinces de l'empire turc d'Europe, et même toutes celles que baigne la Méditerranée, comme notamment l'Egypte qui peut nous devenir un jour d'une

[23]) Correspondance № 2684 (A. Boppe, Op. cit., p. 14).

[24]) A. Sorel, Op. cit., p. 223. Cf. Hardman W., A. History of Malta, 1798—1815. 1909; H. Luke, Malta. London 1960²; G. Lumbroso, Napoleone e la Mediterranea. Genova 1934; R. Borricand, Malte. Paris 1969.

[25]) E. Driault, La Question d'Orient, p. 72.

[26]) A. Boppe, Op. cit., p. 1.

[27]) E. Driault, Op. cit., p. 72.

[28]) Cf. G. Lacour—Gayet, Talleyrand., p. 306—307, 319; E. B. Тарле, Op. cit., 64.; J. A. R. Marriott, Op. cit., 166.

grande utilité."[29]) Conformément à cette politique bien définie, Bonaparte avait reçu, dès le 19 août 1797, des instructions précises pour mettre à l'oeuvre l'action projetée[30]), qui prit, avant et surtout après la prise de Malte, des proportions déterminées. L'agent principal de cette politique dans les Iles ioniennes était le général Gentili, chargé d'une mission spéciale dans tout le bassin méditerranéen et dans les Balkans. Cette politique fut poursuivie aussi par les successeurs de Gentili,[31]) et c'est précisément de ce côté-là qu'il faut chercher le destinataire de la lettre que Bonaparte envoya le 15 juin 1798 de Malte.

2.

L'intention principale de Bonaparte en envoyant sa lettre du 15 juin 1798 (voir Supplément I) était d'informer le „Commissaire du Gouvernement près le département de la Mer Egée" que les Français s'étaient rendus maîtres de Malte et que la population du département de la Mer Egée, plus particulièrement les Grecs de la Morée et des autres contrées, devait être mise au courant de cet événement. En même temps, il mettait l'accent sur l'affirmation que la population en question allait tirer „tout l'avantage"[32]) de cette nouvelle conquête française.

Le leit-motif de la letre de Bonaparte est évident. C'est la tendance à réaliser les buts de la politique française méditerranéenne, notamment l'extension de l'influence française dans les Balkans. En réalité, par la prise des Iles ioniennes Bonaparte mettait en oeuvre les projets d'infiltration dans ces régions. Pour commencer, il allait établir des relations avec Ali Pacha de Janina, Pazvant-Oglu, et, ensuite, procéder à la propagation des idées nouvelles parmi les Grecs de la Morée et les autres populations. La base principale pour la diffusion de l'influence française et des idées révolutionnaires était Corfou. C'est de là, comme on le voit d'aileurs par la lettre du 15 juin 1798, que Bonaparte essayait de réaliser, conformément aux intérêts français dans le Levant, l'idée d'élargir la zone d'influence française. Il y fut même très actif. Ainsi, A. Bopp affirme que Bonaparte envoyait dans ces régions d'autres émissaires aussi, qui exécutaient la politique projetée. Parmi ces émissaires, il y avait Dimo et Nicolo Stephanoli et leur aide de camp, Levalette[33]), qui se distinguaient particulièrement par leur activité.

---

[29]) A. Sorel, Op. cit., pp. 162—163. Pour Égypte cf.: A. de La Jonquière, L'expédition d'Égypte. 1900—1907; Fr. Charles—Roux, Les origines de l'Expédition d'Égypte. Paris 1910; Boulay de la Meurthe, Le Directoire et l'Expédition d'Égypte. Paris 1883.

[30]) A. Sorel, Op. cit. p. 163.

[31]) Cf. A. Boppe, Op. cit., p. 9; J. A. R. Marriott, Op. cit., p. 167; Rodocanachi, Bonaparte et les iles Joniennes (1797—1816). Paris 1899.

[32]) PRO-SP 105/126, 1798.

[33]) Voyage de Dimo et Nicolo Stephanoli en Grèce pendant les années 1797 et 1798. London 1800. (A. Boppe, Op. cit., p. 13—14); Cf. E. Driault, La politique orientale de Napoléon. Paris 1904; C. Rados, Napoléon Ier et la Grèce. Athènes 1921.

On ne sait le résultat de ces conversations, mais il est un fait: Le Président des groupements macédoniens Monsieur TILCOFF, approché indirectement par des agents de la Légation Bulgare, se laissera circonvenir par eux et négligea d'accomplir le mandat qui lui avait été confié. Il n'entra pas en relations avec la Légation des Etats — Unis. A toutes les questions posées, il repondait en excipant des difficultés; considérables à surmonter. La suspiscion commença à naître parmi ses mandants qui le surveillèrent. Ayant acquis la preuve de ses relations vec la Légation bulgare, ils convoquèrent une assamblée générale qui se tint à Lausanne le 2 Mai. En face du danger, il fut décidé que toutes les sociétés macédoniennes de Suisse: les deux de Genève, celle de Saint-Maurice, celle de Lausanne, celle de Zurich, se fonderaient en une seule avec siège à Lausanne.

Le President TILCOFF, démasqué, essaya de plaider sa cause en défendant la tutelle italienne plutot que l'appui americain. Il dit même textuellement: „J'ai vu dernièrement Monsieur GUISI, Consul d'Italie à Lausanne. Il rentrait de Paris où il avait vu le Marquis Raggi. Celui-ci lui

rapporta un incident qui se serait produit à la Conférence de la Paix. Le Marquis aurait dit à Monsieur PICHON, au cours de l'étude de la situation dans les Balkans: Et maintenant voyons la question macédonienne. — La question Macédonienne?, — aurait répliqué Monsieur PICHON avec surprise. Mais il n'existe pas de question macédonienne. Si, Monsieur le Ministre, il en existe une et si vous le voulez bien, nous en reparlerons en son temps."

Monsieur GUISI se serait étendu avec complaisance sur l'intérêt que l'Italie attachait à la question de la Macédoine et aurait montré au contraire la France s'en désintéressant totalement tout au désir de satisfaire Grecs et Italiens.

Malgré cette diversion habile, TILCOFF fut non seulement forcé de donner sa démission, mais *encore exclu de la Société.* Le Docteur Kotzaroff, privat-docent à l'Université de Genève, a été élu à sa place avec Monsieur BOJADIEFF de Zurich comme Secrétaire général.

Afin d'éviter dorénavant toute immiscion italienne, la société a voté un ordre du jour ainsi conçu: „Les Macédoniens vivant en Suisse, réunis à Lausanne le 2 Mai 1919, déclarent vouloir faire tout ce qui sera en leur pouvoir pour obtenir l'indépendance de leur pays *sous l'égide d'une puissance de l'Entente désintéressée* et par là il faut entendre toute puissance qui n'ait pas d'intérêt immediat dans les Balkans.

L'influence américaine étant très fort, c'est vers les Etats—Unis que les Macédoniens ont l'intention de se tourner, c'est à eux qu'ils se disposent à demander secours.

Leurs sympathies vont à la France, tous parlent français, leurs délibérations d'assemblée se font en français, dans l'administration cantonale qu'ils rêvent d'établir en Macedoine, la connaissance du français serait obligatoire pour les fonctionnaires. Mais ils craignent que la France, engagée avec la Grèce et la Serbie, n'ait point les mains libres et ne puisse les soutenir, le voulut-elle.

Il semble toutefois que cette question mérite de retenir l'attention, et qu'il soit possible, en encourageant le mouvement d'indépendance macédonienne, de concilier à la fois les engagements pris vis-à-vis de la Grèce et de la Serbie avec l'intérêt supérieur qu'aurait la France à être protectrice d'une Macédoine libérée.

7.

Француски отправник послова шаље из Берна 20.V.1919. свом министру у Париз горњи извештај који му је доставио конзул из Цириха 13. маја.

MINISTRE DES AFFAIRES ETRANGERES
Direction des affaires politiques
et commerciales

COPIE

M. Clinchant, Chargé d'Affaires de la République Française à Berne
à M. Pichon, Ministre des Affaires Etrangères

Berne, le 20 Mai 1919.

Notre Consul à Zurich me fait parvenir une note sur les organisations macédoniennes en Suisse.

J'ai l'honneur de tramsmettre ci-joint, ce document à Votre Excellence comme suite à ma lettre du 1r Mars dernier sur le Coneil Général des Sociétés Macédoniennes en Suisse.

(Копија без потписа)

8.

31.V. француски посланик Ch. Henry пише из Софије свом министру о погледима бугарског министра спољних послова Тодорова и о претензијама Бугарске на Македонију које квалификује као илузије.

COPIE

Sophia, le 31 Mai 1919.

M. CH. Henry, Délégué du Ministre des Affaires Etrangères à SOPHIA,
à M. Pichon, Ministre des Affaires Etrangères

J'ai l'honneur d'envoyer sous ce pli, à toutes fins utiles, à Votre Excellence une lettre par laquelle le Président du Conseil suggère à la Conference de la Paix de régler les diférends territoriaux des Balkans par une vaste consultation des peuples intéressés.

Le seul intérêt que présente ce document est de faire apparître que les illusions des Bulgares ne se sont pas abandonnés car c'est très sérieusement que M. Théodorof fait sa proposition dont l'argumentation lui paraît convaincante. C'est sincèrement qu'il croit avoir des droits sur les provinces qu'il revendique et c'est sincèrement qu'il affirme à ses compatriotes que les Puissances ne pourront pas méconnaître dans leur ensemble des droits aussi évidents et aussi sacrés.

Le Général Chrétien et moi avons beau nous efforcer souvent de modérer son optimisme, il a une foi tenace dans les destinées de son pays. Lorsqu'un télégramme de presse lance quelque nouvelle particulièrement fâcheuse pour la Bulgarie, M. Théodoroff s'affole et parle d'abandonner aussitôt le pouvoir, mais au bout de trois ou quatre jours ses frayeurs sont apaisées et il repart de plus belle pour ses illusions favorites. Il n'y a pas huit jours que sur la nouvelle que Stroumitza serait donnée à la Serbie, il parlait de se retirer et voici que déjà il nous remet une note réclamant de la Conférence un plébiscite en Macédoine.

9.

29.V. из Софије Тодоров подноси генералу Кретјену представку о ситуацији у Македонији и тражи да се у њој обави плебисцит.

COPIE

Sofia, le 29 Mai 1919.

M. Théodoroff, Ministre des Affaires Etrangères,

à M. le Général Chrétien, Commandant les Armées Alliées en Bulgarie à Sofia

Aucun communiqué officiel n'ayant été publié sur les travaux préparatoires de la Conférence de la Paix concernant les questions balkaniques, le Gouvernement bulgare n'est point informé des solutions qui y sont envisagées. Les idées annoncées par l'Entente sur le droit des peuples de disposer d'eux-mêmes et les messages de M. le Président des Etats — Unis d'Amérique donnent toutefois à la Bulgarie la ferme conviction que le principe dont s'inspirent aujourd'hui les Grandes Puissances Alliées et Associées ne peut être que celui des nationalités.

Dans leur haute sagesse ces grandes Puissances trouveront elles-mêmes les voies et moyens les plus propres à établir les droits qui découlent pour chaque Etat balkanique, du principe des nationalités et à assurer la ré-

alisation et la garantie de ces droits. Dans l'accomplissement de cette oeuvre de justice, la Conférence peut-être assurée qu'elle ne rencontrera aucune résistance de la part de la Bulgarie, qui ne revendique rien au delà des droits légitimes de sa race. Dans cet ordre d'idées le Gouvernement bulgare, croyant fermement de ne point s'écarter de l'esprit qui guide la Conférence de la Paix, prend la respectueuse liberté d'exprimer l'opinion que le principe des nationalités recevrait, dans les Balkans, son application la plus juste et la plus complète si les populations des régions formant l'objet des compétitions actuelles étaient, sous le contrôle efficace de la Socilété des Nations, appelées de manifester leur volonté par le moyen d'un plébiscite. En demandant une consultation populaire dans les provinces actuellement sous la domination serbe, grecque et roumaine et que la Bulgarie revendique, le Gouvernement bulgare admet cette consultation également pour les régions actuellement sous le souveraineté bulgare et que pourraient réclamer la Serbie, la Grèce ou la Roumanie.

Le plébiscite ne pouvant se heurter à aucune opposition de principe de la part des Etats qui adhèrent au programme de l'Entente et son application ne devant, dans les circonstances actuelles, présenter aucune difficulté pratique, le Gouvernement bulgare a l'espoir qu'il sera ordonné par la Conférence de la Paix comme une mesure qui ne peut qu'aider au succès de sa mission.

En vous priant de vouloir bien porter ce qui précède au Gouvernement de la République Française et à sa délégation à la Conférence de la Paix, j'ai l'honneur . . .

*
* *

VI. *Закључак*. — Основна документација са Конференције мира у Паризу 1919. године већ је објављена у страној историјској литератури па и у неким нашим научним радовима. Ипак, претежни део материјала, који указује на све детаље о многобројним и разноврсним питањима која су третирана на том међународном скупу, остао је неприступачан за научну обраду због неких законских ограничења из архивистичке службе. То, међутим, није био случај са материјалом који је сачуван у Библиотеци чији је приказ овде укратко изложен. Но, и поред тога, он није био коришћен код нас, чак ни у неким најновијим научним радовима у којима се третирају ова питања.

Andrija LAINOVIĆ

YOUGOSLAVICA DANS LA BIBLIOTHÈQUE DE DOCUMENTATION INTERNATIONALE CONTEMPORAINE À PARIS

Résumé

La Bibliothèque de Documentation Internationale Contemporaine est plein d'une quantité consdérable de livres et de publications de toute espèce qui traitent de la situation politique, économique et sociale en Europe depuis le commencement de la première guerre mondiale en 1914.

A côté des imprimés, la Bibliothèque possède un dépôt de manuscrits sous le nom de **Dossier Klotz.** Ces sont des documents, en copie ou en original, provenant de la Conférence de la Paix à Paris de 1919 et soumis par le Secrétariat Général de la Conférence à Louis Klotz, membre de la Délégation française et ministre des finances. Les documents traitent de diverses questions soulevées au cours de la Conférence et ils sont classés en liasses par des Etats respectifs.

Le riche fonds de la Bibliothèque est, à grand regret, presque inconnu et très peu utilisé par l'historiographie Yougoslave. Même les publications les plus récentes parues en Yougoslavie sur la Conférence de la Paix à Paris, n'en font point mention. Pour combler cette lecune nous avons cru utile d'exposer dans un article les publications et la documentation concernant la Yougoslavie. Outre cette énumération nous avons reproduit in extenso quelques documents caractéristiques relatifs surtout à la question macédonienne et faisant partie du **Dossier Klotz.**

Љубен ЛАПЕ

ПЕРЕ ТОШЕВ ВО СПОМЕНИТЕ НА СВОИТЕ СОВРЕМЕНИЦИ

По повод 60 години од неговиот трагичен крај

Од сите крупни фигури на македонското национално-револуционерно движење, само Пере Тошев не оставил тукуречи никаква писмена трага за својот животен пат и учество во борбите на македонскиот народ од крајот на XIX и почетокот на XX век. Оваа неповолна околност историчарот и биографот на Пере Тошев мора да ја надвие со критичката употреба на изворите од втора и трета степен, т.е. со користењето на податоците од спомените на неговите современици или усни раскажувачи. За среќа приличен број Перови соборци во своите спомени од неговото време изнесоа одделни периоди и настани од неговиот живот и на тој начин само донекаде ја пополнија големата празнина во нашите познанија за Пере Тошев како организатор, револуционер, идејник и карактер, како и за неговото место и улога во македонското национално-револуционерно движење.

Прв и најсигурен раскажувач за Пере Тошев е неговиот другар од детството и соборец во Тајната македоно-одринска револуционерна организација — Ѓорче Петров. Како сокласник во неполните гимназии во Прилеп и Битола, потоа во полните гимназии во Солун, и Пловдив, Ѓорче Петров единствено од сите мемоаристи ни остави во своите објавени Спомени[1]) драгоцени податоци за првите години на школувањето на Пере, за неговото учество во ученичките бунтови во Солун и неговото продолжување во Пловдив по исклучувањето од Солунската егзархистичка гимназија, за првите невешти зачекорувања на Пере Тошев во политичкиот живот на Македонија уште како ученик на Солунската гимназија преку создавањето на првите контакти со прилепските комити од 80-те години на XIX век и доста податоци за неговата зрела активност како организатор и пропагатор на идеите на Тајната македоно-одринска револуционерна организација

---

[1]) Спомени на Гьорчо Петров, Съобщава Л. Милетич. София 1927. Преводот на Спомените на Ѓорче Петров на македонски јазик излезе во Скопје 1950 год. Цитираните места овде се според македонското издание на Ѓорчевите спомени.

и еден од нејзините основоположници и врвни раководители во текот на прилично долго време. Ненадоместливи се податоците од Спомените на Ѓорче Петров за Пере Тошев по прашањето за неговата основоположничка улога во создавањето на првото револуционерно јадро на Организацијата во Битола и методите на нејзиното ширење во Битолскиот санџак. Перевите напори и погледи за остварување единство во редовите на Организацијата и неговите рано пројавени тенденции за воведување поголема демократичност и самостојност на окружните комитети најдоа, исто така, видно место во Ѓорчевите спомени. Макар и периферно спомнати во Спомените на Ѓорче Петров се изнесени и односите на Пере Тошев кон своите другари во затворот Подрум Кале и по излегувањето од затворот. Ѓорче Петров ни ги изнесува интимните ставови на Пере Тошев по прашањето на решението на Смилевскиот конгрес за кревање на Илинденското востание, неговото учество во самото востание, во четата на прилепскиот војвода Петре Ацев, и неговата извонредно важна и активна улога на Прилепскиот конгрес од 1904 година по прашањето за реорганизација на Организацијата во новонастанатите услови, во насока на нејзината демократизација и строга примена на изборното начело во сите организациски тела — од селските комитети надолу до Централниот комитет нагоре.

Доследен во изнесувањето на позитивните страни од Перевата активност како ран застапник на идејата за организирано работење во полза на ослободувањето на Македонија од турската власт уште пред да се формира Тајната македоно-одринска револуционерна организација во Солун, Пере Тошев се оцртува, во Спомените на Ѓорче Петров, како извонреден конспиратор и патриот нсцело предаден на ослободителното дело, како цврст карактер во реализирањето на своите планови. Доследен во изнесувањето на вистинските квалитети на Пере Тошев, Ѓорче Петров не се откажал во своите Спомени да ги изнесе и своите несогласувања со Пере Тошев на Прилепскиот конгрес, приговарајќи му во дадениот момент за неговата тесногрдост.

Од едно објавено писмо на Ѓорче Петров се гледа[2]) дека Ѓорче се готвел да напише поопширен оглед или биографија[3]) за својот неразделен другар, како што тоа го стори за Гоце Делчев, но по сè личи дека прераната смрт го спречила Ѓорчета да го исполни овој свој морален долг.

Податоците на Ѓорче Петров во неговите Спомени и воопшто неговите искажувања за Пере Тошев носат наполно објективен карактер и споредени, некои од нив, со други такви, кај други автори, ја потврдуваат нивната веродостојност. Сосем прав е Димитар Митрев кога тврди дека: „Ѓорче Петров пишува за Пере Тошев со реален

[2]) Љ. Лапе, Непознати писма и телеграми на Ѓорче Петров. Гласник на Институтот за национална историја (натаму ГИНИ) XV, 2 (1971), стр. 271.

[3]) П. Ацев, Раняването на Д. Груев в с. Слатино през 1904 г. Илюстрация „Илинден“ (натаму, Ил. Ил.) бр. 83, стр. 6.

пиетет и со реални означувања за неговите револуционерни достоинства, не вршејќи омаловажувачки компарации заради истакнување на сопствените достоинства"[4]).

Во своите сеќавања за првите чекори на политичката активност на Пере Тошев, учителот и неговиот колега во Прилепската неполна гимназија Илија Иванов пишува дека паднал под силно влијание на Перета. „Пере ми ја стави на располагање целата своја библиотека дома и јас бев во нередки контакти со него. Со чиста совест исповедувам, продолжува Иванов, дека Пере не еднаш ми зборуваше како е дојдено времето да се работи за слободата на Македонија и дека со таа задача треба да се ангажира младото учителство . . . Пере сакаше учителот „да апостолствува" надвор од четирите ѕидишта на училиштето и да го подготвува народот за самостоен слободен живот"[5]).

Од првите денови по доаѓањето на Пере Тошев за наставник во Битолската неполна гимназија, во м. октомври 1894 г., па до напуштањето на Битола, во август 1898 г. и подоцна, Пере Тошев работел со Анастас Лозанчев, член на Окружниот комитет во Битола основан од Пере. Од Спомените на Анастас Лозанчев се гледа[6]) дека Пере Тошев уште од првиот ден на својата активност во Битола се покажал како човек со оформени идеи за организациската работа, како човек што имал јасна претстава како да се работи, како да се агитира и сл. Оние што ќе заработеле со Пере се соживувале и сраснувале со самата Организација и останувале докрај верни. Лозанчев наведува редица видни револуционери што излегле од школата на Пере Тошев и кои на дело ја докажале својата приврзаност кон идеалите на Организацијата.

Движејќи се непрекинато со Перета, Лозанчев ни остави необично ласкави епитети за Пере Тошев како човек, карактер и револуционер. Единствено Лозанчев во своите Спомени направи споредба помеѓу личноста на Пере Тошев и Даме Груев, истакнувајќи ги предностите на Перета пред Дамета. Споредбата на Анастас Лозанчев макар колку и да има доза на субјективност, својствена речиси на сите мемоаристи, сепак поради својата рељефност и разновидност заслужува да биде изнесена во сета нејзина целост. Според Лозанчев: „Пере беше тврд како карпа — Даме со еластичен карактер; Пере беше молчалив како сфинкс — Даме цела воденица; Пере револуционер и конспиратор par excellence — Даме беше конспиратор, но никаков револуционер; Пере беше готов сам да му ја скрши главата на својот непријател — Даме беше поскоро готов да го наклевети, да го оцрни,

---

[4]) Д. Митрев, Мислителот Ѓорче Петров. Свечен собир посветен на Ѓорче Петров. Македонска академија на науките и уметностите, Скопје 1971, стр. 18.

[5]) Ил. Ив., Нужно е повече светлина. Сб. Илинден 1903—1924, София 1924, стр. 37.

[6]) Постојат две верзии од Спомените на Анастас Лозанчев. Скратената верзија ја објави Б. Мирчев во списанието „Известия на Института по българска история. Том VI (1956)". Поширокатa верзија на Спомените, лично пишувани од самиот Лозанчев сè уште е во ракопис во ИНИ Скопје, документација, Сл. IV 88.

но никогаш немаше кураж сам да го уништи; Пере беше смел човек, смелоста на Дамета беше посредна; Пере влнјаеше на тесен круг луѓе — Даме беше генијален организатор и тоа, според мене, е најголемото негово достоинство за Организацијата.

Пере бараше елити и на тие елити им вдахнуваше душа — Даме им ја вадеше душата на тие луѓе; Пере беше аскет во полна смисла на зборот — Даме беше на другиот пол од тоа качество; и двајцата беа трезни луѓе. Пере беше искрена, чесна душа, многу голема реткост кај прилепчаните — за Дамета не постоеше зборот искреност; Пере беше со праволинеен карактер и ги презираше оние што сакаа да ласкаат — Даме беше језуит и сакаше да се вртка околу него ласкавци; Пере беше прекалено скромен човек — Даме повеќе горд од гордите; Пере имаше амбиција да се работи, да се твори — кај Дамета имаше друга болна амбиција којашто не му даваше мир — да не биде засенет од други; Пере бараше луѓе работливи и со тврда волја — никогаш околу Дамета не пркнуваше таков.“ И на други места и по друг повод Лозанчев во своите Спомени се однесува со голем пиетет кон Перета, не откажувајќи се, исто така, како и Ѓорче, да ги изнесе и Перевите слабости во неговиот карактер: претераната молчаливост, моменталната избувливост, слабите Перови говорнички способности и др.[7])

Своите сеќавања за Пере Тошев како строг и нервозен, но правичен педагог и воспитач во Битола, ги изнесе во своите Спомени неговиот ученик Никола Киров-Мајски.[8]) Според Никола Киров, Пере пред да ги прими учениците во конспиративниот кружок, основан од него во Битолската гимназија, темелно ја испитувал нивната издржливост во поднесувањето на физички притисоци, а преку систематското воведување во револуционерната литература од гимназиската библиотека, претходно го револуционизирал нивниот дух. Пере ја имал таа можност уште повеќе зашто бил истовремено и библиотекар на гимназиската библиотека.

Во неколку посебни статии и учителот револуционер Тодор Станков ги изнесе своите сеќавања за Пере Тошев, во кои специјално ја подвлекува Перевата предвидливост и такт во својство на раководител на Битолскиот револуционерен округ и член на Централниот комитет во Солун. Станков ја илустрира оваа предвидливост на Перета во два случаја од неговиот личен живот, кога Пере со своите совети и предупредувања, а ползувајќи ги слабостите на турската администрација, успеал да го спаси Станкова од сигурни хапсења.[9])

Најубава претстава за физичкиот и духовниот лик на Пере Тошев остави во своите сеќавања просветниот работник и револуционер од Воден, Велко Думев. „Со поднаведнато нежно тело и свивајќи се

---

[7]) Спомени од Анастас Лозанчев, бивш член от Главния щаб на Илинденското въстание. ИНИ, Скопје, документација. Сл. IV 88, стр. 9, 51.

[8]) Никола Киров — Мајски, Из спомените ми за Пере Тошев. Ил. Ил. 51—52. стр. 6—8.

[9]) Т. Ст., Пере Тошев, Спомени за него и преживелици. Ил. Ил. 25, стр. 1—3,

одвреме навреме од стомачна болка, тој (Пере — б.м.) чекореше бавно, тукуречи тешко, сред летната горештина по оние улици во Солун што водеа кон станот на некои од неговите другари — Д-р Татарчев, Хаџи Николов, Антон Карата, Батанциев или поп Стамат, каде што се правеа состаноците, поточно советувањата на ЦК ВМОРО со повиканите или по своја иницијатива дојдени во летната ваканција раководители на провинциските комитети. Штом влезеше во стајата, оставаше на масата полно книжно кесе со овоштие, го одвиткуваше долгиот бел појас, ја вадеше својата испотена јака и го испружуваше своето изморено тело на креветот или миндерот. Општиот болеснички вид му придаваше на неговото убаво долгманесто лице тукуречи детска нежност, која предизвикуваше топло сочувство кај сите што беа блиску до него. Пере излачуваше исклучителна привлечна сила со целото свое суштество: со своите големи тажни очи, обвиени од неговите густи смуртени веѓи; со мазното широко чело, со бушавата коса што ја покриваше неговата интелигентна глава и со лесниот збор при што и образот му добиваше особено мил, скоро весел вид. Но Пере ги привлекуваше луѓето неодложно со својата душа — душа надарена со високи умствени квалитети и добродетели. Образованието и главно љубопитството беа ги развиле неговите умствени способности до мудрост, редок квалитет кај револуционерите, а неговото воспитание и средина беа закалиле во него човек со највисоки добродетели: скромност, преданост, упорност и трпеливост. Пере ја вршеше работата за Македонија со љубов, предвидливост и мудрост.

Туѓ за слабостите на честољубивите и славољубивите, тој не отстапуваше од своите убедувања, но секогаш беше помирлив кога ја чувствуваше таа потреба, или кога другарите покажуваа расположение кон помирување на спротивностите. Пере не бараше внимание, уште помалку почитување од другите, но секогаш со своите сериозни доводи и заклучоци го предизвикуваше вниманието и признанието на своите другари. Ни еднаш тој не појави склоност да се истакне себеси како водач, иако ги имаше квалитетите, коишто бездруго му го определуваа првородното место меѓу првите сили на Организацијата. А како раководител во Битола и Прилеп и на Централниот комитет во Солун покажа исклучителна организациона дарба, и, ако неговото име не се пронесе со громката слава од на многу помалку што го заслужиле народното признание, тоа се должи само на неговата молчалива, бесшумна, но секогаш свесна, предвидлива и тактична работа.

Врв на сите овие квалитети кај Перета држеше неговата грижлива и свесна потчинетост на организацискатa дисциплина, за неа тој беше готов на секакви жртви[10]).“ Думев наведува неколку конкретни примери за да ги аргументира своите гореприведени тврдења.

---

[10]) Велко Думев, Пере Тошев. Ил. Илинден, бр. 76 (1936), стр. 2—3.

Често цитираната карактеристика на Симеон Радев за Пере Тошев, макар колку да занесува со своите убави стилски достоинства, сепак страда од извесна неполност и едностранчивост. Во сеќавањата на Симеон Радев за Пере е речено дека: „Кај никој од неговите соборци внатрешниот живот не бил така чист, така сосредоточен и изобилен со духовно богатство како Перевиот живот. На него укажала силно влијание руската литература[11]), и во основата тој ги имаше сите својства на една словенска душа: добрината, нежноста и склоноста кон контемплативен живот", што е сосема точно но, според Радева, „истовремено со тоа и како вистински Славјанин и една нијанса на безволие, коешто го кочеше неговото дело и го ограничи неговото влијание само во духовната средина на македонското движење",[12]) што е неточно, бидејќи Радев не ги познавал доволно неговите организаторски способности и неговиот голем придонес во ширењето на мрежата на Организацијата.

Покрај веќе спомнатите искажувања во Споменине на Ѓорче Петров и Анастас Лозанчев за неговите организаторски и конспираторски особини, уште неколку современици се искажуваат во своите сеќавања за организаторските способности на Пере и за неговите теренски патувања. Во таа смисла неговиот современик и соработник Кирил Прличев, во своите сеќавања, тврди дека Пере Тошев ја одбрал учителската професија како маска на својата поткопувачка дејност против турската власт во Македонија. Кирил Прличев го среќавал сам лично Перета во 90-те години од XIX век во Воден и околните села во улога на училиштен инспектор, како ги ревизира училиштата, а всушност како ја проверува активноста на околиските и селските комитети на Организацијата.[13]) За истата ревизија и со уште поголеми детали за посетените места и организаторско-ревизионата работа на Пере Тошев, во својство на член на Централниот комитет, говори, во своите Спомени, раководителот на Гевгелискиот околиски комитет на Организацијата и гевгелиски војвода Аргир Манасиев. За првпат, се сеќава Манасиев, член на Централниот комитет во лицето на Пере Тошев вршел ревизија и организирал сè уште неорганизирани села во Гевгелиска и Енице-вардарска околија[14]).

Како човек со голема упорност, без да води сметка за какви и да било пречки во постигнувањето на своите планови и намери, Перета ни го претставува во своите Спомени прилепскиот војвода Петре

[11]) При едно среќавање во Солун 1895 г. Симеон Радев добил како подарок од Пере Тошев два тома литературни огледи од рускиот напреден критичар и есеист Скабичевски со препорака да ги учи и руските критичари (Симеон Радев, Рани спомени, София 1967, стр. 258).

[12]) Хр. Силянов, Освободителни борби на Македония, Т. II, София, 1943, стр. 64.

[13]) K. Parlitchef, Pere Toscheff. Pro Macedonia № 3, Viene 1925, стр. 38—40.

[14]) Б. Мирчев, Спомени на Аргир Наков Манасиев за участието му в македонското освоб. движение. Известия на Института по бълг. история, Т. 7. (1957), стр. 354.

Ацев. Пред сè упорноста на Перета Ацев ја изнесува со доста детали во врска со неговиот неуспешен обид, по цена на својот живот да го спаси од ропството на поречкиот војвода Мицко својот другар Даме Груев, кога заминува сосема сам во логорот на четата на големосрпската пропаганда водена од неговиот стар познаник од Небрегово — Глигор Ламев[15]). Потоа Ацев Перевата упорност ја илустрира уште во еден друг случај од своите спомени. Имено, настојувајќи да го отстрани основниот недостаток во немањето на оружје во Прилепска околија, Пере Тошев со голем такт, како што расправа Петре Ацев, го убедил овега да ја напушти Прилепска околија во зимските месеци, декември 1904 и јануари и февруари 1905 година, тргнувајќи пеш од Битола, преку Прилепско, Велешко, Овчеполието, Кочанско, низ снежните виулици и соспи, за да ја пречекори турската граница нелегално кај Саса, со Петре Ацев заедно, и да пристапи кон купување оружје[16]).

Како и Ѓорче Петров, но Ацев со уште поголеми детали, во своите Спомени ни ја изнесува Перевата неотстапливост и упорност на Прилепскиот конгрес во врска со настојувањата да се примат сите точки на Правилникот на Организацијата, составен од самиот него, во кој доминира демократизмот и изборното начело од најниските до највисоките тела на Организацијата. На сите приговори, што му биле правени, според сеќавањата на Петре Ацев, „Пере остана непопустлив и не отстапи во ниеден пункт. Тој не сакаше да се вслуша ни во едно од мислењата на целата конференција, заклучно ни во Ѓорчевото мислење . . . Ни една запирка Пере не се согласуваше да измени“[17])

И покрај толку цитираните мислења од сеќавањата на современиците на Пере Тошев, далеку сме од мислата дека сме ја запознале целосно личноста на Пере Тошев како човек и деец, барем не во сите периоди од неговата активност. Речиси никој од неговите современици не се осврнал на неговата значајна улога на Општиот конгрес на Организацијата во Рилскиот манастир, при крајот на 1905 година, или на неговата лева ориентација по неговиот повторен избор за член на ЦК во 1905 г. и неговото работење во пиринскиот дел на Македонија. Исто така никој од неговите современици не се осврнал, колку што досега сме имале можност да ја проследиме мемоарската литература, на видот на неговата активност по време на хуриетските денови во Солун како училиштен инспектор и соработник на прогресивните весници на серчани, за што овде-онде инцидентно се споменува во литературата. Освен податокот од Спомените на прилепскиот војвода Крсте Гермов-Шакир, дека Пере Тошев му ги дал да ги пренесе Проект-програмата и Правилникот на федеративното движење од

---

15) Хр. Силянов, цитираното дело, стр. 299—302.

16) Петар Ацев, С Пере Тошев от Битоля до София след сражението в Крушевица. Ил. Ил. бр. 94—97 (1938).

17) Извадоци од Спомените на Петар Ацев. ИНИ Скопје, документација Сл. IV 115, стр. 14.

Солун во Прилеп, за да му ги предаде на Наум Тошев, други податоци немаме.[18]) Располагаме уште само со едно сеќавање на еден од неговите современици од тоа време. Тоа е доста ласкавиот одзив на еден од идеолозите на федерализмот во Турската Империја, Павел Делирадев: „По Хуриетот, пишува Делирадев, Пере дојде од Прилеп во Солун и помина доста време во нашата средина. Значи имав можност одблизу да го запознаам.

Романтичар во најчистата смисла на зборот. Без наместеност, без пози. Народната слобода беше за него култ. И на секоја придобивка тој се радуваше како детето на своите играчки. И колку повеќе го запознавав, толку повеќе се убедував дека Пере е апсолутно туѓ на општопризнатата македонска животна практичност, дека никогаш не барал за себе удобно место во животот, дека народното чувство господари над неговиот духовен мир.

Луѓе како Пере, како Гоце, како Јане, се претечи на утрешното, на идното, на саможртвата за општи идеали. Но едните тоа го вршат со внатрешно, макар и спотаено самозадоволство, дека се повикани да прават жртва, да ги трасираат патиштата кон иднината. Тие ја сознаваат и својата духовна сила; ја чувствуваат својата општествена вредност. И тие даваат сè за борбата, сè свое жртвуваат без страв и без вознемиреност, но го испитуваат и радосното чувство на жреците.

А луѓе како Пере, како Чернопеев[19]), како Бугаријата[20]) и илјада други борци слушаат во својата душа само единствен глас: — гласот на посветеноста.

Нивниот внатрешен мир е исполнет, главно, со чувство на саможртвата. А туѓи се на не помалку активните самосознанија за цената, за високата цена на личната жртва.

Затоа меѓу борците има свесни херои. Но има скромни светци, кои не бараат надворешна пофалба, потцртување на нивните дела, таков беше и Пере.

Подли убијци ги прекинаа дните на еден беззаветно предан живот на својот народ. Живот голем и по своите идеали и по својата неземна скромност.

Со таков голем морален капитал се продолжува борбата за доградба на македонската слобода, за којашто се дадени толку знајни и незнајни жртви,“[21]) ги завршува своите сеќавања за Пере Тошев, Павел Делирадев.

---

[18]) Спомени на Крсте Гермов-Шакир. ИНИ, Скопје, документација, Сл. IV 167, стр. 74—75.

[19]) Христо Чернопеев (1868—1915), раководител на Струмичкиот округ и струмички војвода.

[20]) Крсте Бугаријата, кочански војвода, загинал во II-та балканска војна.

[21]) П. Делирадев, Перето. Възпоминателен лист на трима големи македонски революционери. София, 30.VI.1945, стр. 2.

Големиот македонски револуционер демократ и еден од основоположниците на Тајната македоно-одринска револуционерна организација, Пере Тошев, остави длабоки траги во спомените на своите современици како извонредно скромен човек, исцело предаден речиси цели 25 години во служба на македонскиот народ за кој и маченички загина на 4 мај 1912 година во Дреновската Клисура, на патот меѓу Градско и Прилеп. Во недостиг на автентични материјали лично пишувани од самиот него, цитираниве места од спомените на неговите современици го осветлуваат донекаде ликот на Пере Тошев како карактер, идејник, револуционер и раководител.

Ljuben LAPE

PERE TOŠEV DANS LA MÉMOIRE DE SES CONTEMPORAINS

R é s u m é

Dans cet article l'auteur constate que le grand révolutionnaire macédonien, démocrate et un des fondateurs de l'Organisation révolutionnaire macédono-odrinienne secrète Pere Tošev (né à Prilep en 1865 et tué à Drenovska Klisura le 4 mai 1912) n'a laissé presqu'aucune trace écrite sur sa vie et sur sa participation dans la lutte du peuple macédonien contre l'esclavage turc à la fin du XIX^ième^ siècle et pendant la première dizaine d'années du XX^ième^ siècle. Cette lacune fâcheuse, l'historien et biographe de Pere Tošev doit la combler en utilisant avec beaucoup de sens critique les données que contiennent les nombreux mémoires de ses contemporains. Ces mémoires reparent le défaut d' une documentation archivique solide.

Le premier et le plus sûr narrateur de Pere Tošev est son ami d'enfance et compagnon de lutte Đorče Petrov. Petrov nous donne beaucoup de détails et de données importantes dans ses mémoires publiés. Il nous parle de l'enfance et de l'activité politique de Tošev comme fondateur du comité révolutionnaire de Bitola de 1894 à 1898 et membre du Comité central à Salonique de 1898 à 1901 quand il fut arrêté; de sa participation à l'insurrection d'Ilinden en 1903 et de son activité au Congrès illégal de Prilep en 1904. Les informations que donnent les mémoires des autres contemporains de Tošev comme celles d' Anastas Lozančev, Nikola Kirov, Todor Stankov, Velko Dumev, Kiril Prličev, Petre Acev et Pavel Deliradev confirment les données de Petrov et remplissent par de nouvelles données le vide dans ses mémoires de 1904 à 1912 quand

Pere Tošev fut tué. Les nouvelles informations contiennent la description de l'activité de Tošev comme membre réélu du Comité central de l'Organisation de 1905 à 1907, comme inspecteur des écoles à Salonique après la Révolution jeune-turque, sa retraite pour recouvrer la santé perdue dans les prisons turques. Aucun de ses contemporains ne fournit de renseignements sur l'assassinat perfide de Pere Tošev en route pour Prilep, à Drenovska Klisura, victime d'une embuscade bien organisée par le pouvoir turc.

En somme, Pere Tošev a laissé des traces profondes comme révolutionnaire-démocrate, comme un des fondateurs et dirigents de l'Organisation révolutionnaire macédo-odrinienne secrète pour la libération du peuple macédonien de l'ésclavage turc. Aux yeux de ses contemporains et dans leurs mémoires publiés, il est reste fidelle jusqu'à la fin aux idéaux de l'Organisation.

Методија СОКОЛОСКИ

ПРЕСПАНСКАТА НАХИЈА ВО ТЕКОТ НА XVI ВЕК

Во текот на XVI век Преспанската нахија, заедно со Охридската нахија и нахијата Дебарца, спаѓала во Охридската каза. Охридската каза, заедно со Дебарската каза, потоа казите — Старова, Мат, Акче Хисар и Ишим, во кои биле опфатени вкупно 19 нахии, меѓу кои — Горни Дебар, Долни Дебар, Жупа, Река, Мокра, Гора и други на територијата на Албанија, биле вклучени во Охридскиот санџак. Податоци за овој прилог ползуваме од два пописни дефтери (Tahrir defterleri). Едниот е од 1519, а другиот од 1583 година.[1])

Првиот дефтер, кој е сумарен, се чува во архивот на Претседателството на Владата на Република Турција (Başbakanlik Arşivi) во Истамбул. Овој дефтер не е целосно зачуван. Од него нема податоци за хасовите на падишахот, потоа податоци за хасовите на охридскиот санџак-бег, како и за 7 села од еден зеамет. Податоците од овој сумарен (icmal) дефтер се многу општи. Во него се регистрирани имињата и презимињата на притежателите на феудалните лена било да се тоа хасови, зеамети или тимари. Понатаму во рамките на секое феудално лено се регистрирани оние населени места (градови и села), како и мезри, што биле вклучени во феудалното лено, со цифрени показатели за бројот на семејствата (hane) и неженетите, а работоспособни (mücerred). На крајот се дава годишниот приход на феудалниот господар изразен во пари (акчиња), од натуралната и паричната рента, што било должно да му ја даде населението.

Вториот пописен дефтер е опширен (mufassal) и во него се внесени имињата и презимињата на сите старешини на семејствата, како и на неженетите во сите населени места, распределени по нахии

---

[1]) Tapu Defter, № 81 од 1519 година. Овој дефтер е сумарен (icmal) во кој е опфатен пописот на целиот Охридски санџак. Преспанската нахија е опфатена од 24—31 пагинирана страница, но има некои села што се наоѓаат и понапред, каков што е случајот со селото Влашци (Лахци), кое се наоѓа на стр. 8, а селото Гопеш на страница 9.

Tapu Defter № 25 — Defter-i mufassal Liva-i Ohri, — Cild el-evvel (Опширен пописен дефтер за Охридскиот санџак — свеска I), од 21 јули 1583 година, кој се чува во Главната катастарска управа (Tapu ve Kadastro umum Müdürlüğü) во Анкара. Преспанската нахија е опфатена од 51—64 пагиниран лист.

како основни административно-територијални единици. По пописот на имињата и презимињата следуваат разни видови давачки од односното население. За земјоделските производи, како што се зрнестите култури (пченица, јачмен, 'рж, овес, просо, наут, леќа и сл.) се дава количеството изразено во товари, а во исто време пресметано во акчиња. Тоа количество жито претставувало ушур (десеток). Исто така десеток се земал од лозја, односно шира, потоа од улишта и друго, додека данокот за воденици, свињи, бостан, овошје, пасишта, за продажба на вино и друго се пресметувал само во паричен износ. На крајот се сумираат сите давачки и се дава годишниот приход што му следувал на феудалниот господар во чиешто лено спаѓала населбата.

Пописот е извршен за целиот Охридски санџак, односно за сите нахии што биле вклучени во него. На насловната страница од дефтерот стои „Defter-i müfassal Liva-i Ohri — Cild el-evvel" (Опширен пописен дефтер за Охридскиот санџак — свеска I). Во самиот почеток од дефтерот се наоѓа Канунамето за овој санџак,[2]) во кое се даваат податоци за тоа дека на територијата на Охридскиот санџак како основна мерка за жита се применувало „стамболското киле" (Istambul kilesi). Од други извори знаеме дека ова киле тежело 20 оки. Шест стамболски киле сочинувале еден товар, а три сочинувале една друга мерка за жито, наречена „денк". Според тоа еден денк е половина товар, или 3 киле, односно 60 оки, а еден товар претставува тежина од 120 оки. Во самото Канунаме точно се утврдени цените на житата што важеле за целиот санџак, што значи и за Преспанската нахија. Така, на пример, еден товар пченица, наут, леќа и бакла се пресметувал по 54 акчиња; 1 товар 'рж, јачмен, просо и граор по 30 акчиња; 1 товар овес или каплуџа (еден вид пченица) по 18 акчиња. Што се однесува до мерката за вино (шира), таа се викала „medre" и се пресметувала по 6 акчиња.

Во целиот санџак, според Канунамето, се наплатувало само од женетите, т.е. старешините на семејствата по 2 акчиња на име данок за бостан (Resm-i bostan).

Во некои нахии на име „данок за слама" се наплатувало од секој женет по 2 акчиња годишно. Во оние нахии каде што имало повеќе пасишта, како што била, на пример, Дебарца, се наплатувал и „ушур од треварина". Исто така ушур се земал од производство на кромид, лук и зелки. По време на собирањето на ушурот од лозја, во Канунамето стои дека од секој христијанин што имал лозја се наплатувало уште од старо време по 2 акчиња данок наречен „Resm-i tekne" и дека тоа нешто било уште во сила итн. Се задржавме само на некои

---

[2]) Канунамето се наоѓа на пагинираните листови под број 11 и 12 во пописниот дефтер број 25. Ова Канунаме го има објавено во латинска транскрипција O. L. Barkan — „XV ve XVI-inci asirlarda Osmanli Imperatorluğunda ziraï ekonominin hukukï ve malï esaslari — Kanunlar, Истанбул 1943, стр. 292—296. Превод на ова канунаме има објавено Душанка Шопова во ГЛАСНИК на Институтот за национална историја, Год. III, бр. 1, Скопје 1959.

одредби од Законот (Kanunnameto) за да биде што поразбирливо нашето излагање кога ќе говориме за натуралната и паричната рента, што било должно населението во Преспанската нахија да им ги дава во текот на годината на непосредните феудални господари, независно дали се тоа притежатели на зеамети или тимари. Другите одредби во врска со обврските и привилегиите на дервенциското население, како и за соколарите, ќе најдат место во натамошното наше излагање.

Во пописот од 1519 година во Преспанската нахија се опфатени и регистрирани вкупно 43 населени места (села), додека во 1583 година се опфатени 34. Основната причина за смалувањето бројот на селата во оваа нахија околу 1583 година лежи во тоа што некои села во тоа време се префрлени во соседните нахии, на пример во Битолската и Охридската нахија, а има и случаи, населението на одделни села целосно да ги напуштило своите огништа и така тие села се претворувале во мезри (ненаселени места). Така, на пример, селата Меловишта, Лера, Доленци, Српци и Ѓавата подоцна се приклучени кон Битолската нахија, а селото Завој во 1583 година — кон Охридската, додека селото Цапари станало мезра (ненаселено место, бидејќи населението се разбегало). Има и обратни случаи, некои села, на пример од Битолската нахија, во 1583 година да се приклучени кон Преспанската, каков што е случајот со селото Дупени, како и новосоздадени населби во интервалот меѓу 1519 и 1583 година, како што е со селото Галичица.

Сите населени места, како и мезрите во Преспанската нахија во текот на XVI век, впрочем како и во цела Македонија, па и на целиот Балкан, се вклучени во одделни феудални владенија (зеамети и тимари). Во ова време во Преспанската нахија се регистрирани вкупно 32 тимари. Од нив 15 се доделени на поединци, 13 ги уживаат или притежаваат по двајца; 2 се на по тројца и 2 на по четворица. Според тоа, 17 се доделени на заедничко користење. По имињата и презимињата на овие спахии-тимариоти во дефтерот стои дека „учествуваат во воени походи". Само во еден случај, поради неполнолетноста на двајца од притежателите на заедничкиот тимар, во војна учествува секоја година третиот полнолетен брат. Секојпат кога еден тимар ќе го наследел син од татка си, доколку синот сè уште не бил полнолетен и способен за учество во воени походи, тој бил должен од сопствените годишни приходи да ангажира и наполно да опреми друго лице кое ќе го замени како „џебелија" (вооружен коњаник).

Бројот на регистрираните семејства (hane) во сите села во 1519 година изнесува 1900, од кои муслимани само 4 семејства, додека сите други се христијани. Потоа се регистрирани 99 христијански вдовици, како и 182 неженети христијани и 2 неженети муслимани. Ако вдовиците ги сметаме исто така за семејства и ако претпоставиме дека секое семејство броело по 5 члена, во тој случај вкупниот број на населението во целата Преспанска нахија би изнесувал 9995 жители, од кои само 20 души биле муслимани. Единствено село каде што во дефтерот се регистрирани 4 муслимански семеј-

ства и 2 неженети тоа е селото Дрмени. Во другите 42 села нема ниеден муслиман, исклучувајќи ги муслиманите што се притежатели на тимари, чијшто број изнесува 55. Ако кон селското население ги приклучиме и спахиските семејства, множејќи ги со 5, во тој случај вкупно населението во сите 43 села би изнесувало 10.270, од кои 295 муслимани. Според бројот на семејствата во ова време најголеми се селата: Стење со 157 семејства; Царевдвор со 112; Влашци (Лахци) со 102; Сопотско со 96; Перово со 96 и Ѓавата со 97 семејства. Вкупниот годишен приход на сите спахии тимариоти од натуралната и паричната рента, што било должно да им ја даде населението од оваа нахија, изнесува 193.982. Според тоа во просек на едно семејство се паѓа годишно да му даде на спахијата 96 акчиња. Во пописот од 1519 година на територијата на Преспанска нахија се регистрирани како дервенциски следниве села: Буково, Ѓавата, Завој, Исток, Металец и Петрино. Меѓутоа, бидејќи, во самиот попис од овој дефтер нема никакви податоци за должностите и правата или бенефициите што ги уживале дервенциите, а такви има во опширниот пописен дефтер од 1583 година, за дервенциите повторно ќе се навратиме во продолжението кога ќе говориме за општествено-економската положба во Преспанската нахија во 1583 година.

СОСТОЈБАТА ВО НАХИЈАТА ОКОЛУ 1583 ГОДИНА

За разлика од претходниот пописен дефтер, во пописот од 1583 година не се регистрирани имињата и презимињата на притежателите на зеамети и тимари, така што не сме во состојба да констатираме колку феудални владенија имало во ова време и колку од нив се уживани од поединци или пак како заеднички, ползувани од двајца, тројца или повеќе души. Што се однесува до бројот на населените места — селата, сега ги има 34 на број. Најнапред е даден попис на оние села што спаѓале во зеамети. Тоа се селата: Дупени, Перово, Стење и Волкодери. Сите други села се приклучени кон тимари.

Она што особено паѓа в очи како во пописот од 1519, така и во овој од 1583 година, тоа е што никаде не го среќаваме Ресен, било како село или како гратче или пазарно место. Се поставува прашање, дали Ресен дотогаш воопшто не постоел како населба или пак бил приклучен евентуално кон некој вакаф, што е малку веројатно. Натамошните проучувања и испитувања на понови пописни дефтери можеби ќе ни ја откријат оваа загатка. Од она што го знаеме досега од изворните турски материјали произлегува дека Ресен до 1583 година не постоел како населба.

Составот на населението е следниов: муслимански семејства вкупно 90, од кои во дефтерот се регистрирани како старешини на семејства 29, како притежатели на чифлици 27 и 34 лица како притежатели на баштини. Од вкупниот број регистрирани муслимани за 7 души констатиравме дека се исламизирани христијани. Најголем број муслимани среќаваме во следниве села: Дрмени 17 семејства;

Царевдвор 12; Во Бела Црква Долна и Бела Црква Горна се регистрирани по 11 души, а во селото Козјак 8. Во другите села каде што се среќаваат муслимани, а тоа се селата: Белица, Боховино, Влашци, Волкодери, Доброво, Дупени, Крани, Кривени, Подмочани, Покрвеник и Сопотско, бројот на регистрираните муслимани се движи од 1—6. Исламизираните христијани ги среќаваме во селата Бела Црква Долна и Козјак по двајца, а во Доброво, Дрмени и Отешево по еден. Меѓу муслиманите ние нагласивме дека има 34 души како притежатели на баштини. Веднаш ќе нагласиме дека земјишниот имот наречен баштина им припаѓал само на христијани. Појавата, сопственици на баштини да бидат муслимани за првпат ја среќаваме во пописните дефтери во Скопско, Тетовско, Велешко, Прилепско, Битолско и Кичевско, од 1528 година,[3]) што значи уште пред 55 години. При преминувањето на една баштина од рацете на христијанин во рацете на муслиманин во време на пописот прво се става името и презимето на христијанинот, а потоа следува: „а сега во рацете на тој и тој муслиман". Оваа појава ја имаме во доста случаи и во пописниот дефтер од 1583 година за Преспанската нахија. Според тоа, сите 34 баштини во Преспа во свое време биле во рацете на христијани. Новите сопственици-муслимани, најчесто се исламизирани христијани, но не е исклучено баштините и да се купени од разни спахиски синови, јаничари и сл., па дури може со апсолутна сигурност да се претпостави дека добар дел од тие баштини го промениле својот сопственик поради неможноста да ги платат разни давачки, било на самите спахии или на државата. Ако се има предвид фактот дека од втората половина на XVI век државните даноци се неколкукратно зголемени, поради тешката финансиска криза во која попаднала Отоманската Империја, особено по многубројните порази на бојните полиња, почнувајќи некаде од 1529 година натаму, како и побуните на јаничарите во втората половина од XVI век и најпосле масовното дезертирање и одбивање од страна на спахиите-тимариоти да се покоруваат на султанските наредби во врска со мобилизирањето за воени походи, најгрубите злоупотреби од страна на собирачите на даноци, кои наплатувале многу поголеми износи од оние што биле утврдени, сето тоа во втората половина на XVI век довело до масовен пасивен и активен отпор од страна на рајата. Не можејќи да ги плаќа давачките, селската раја била принудена да ги напушта своите родни места и да се преселува во други околии или пак да се придружува кон ајдучките чети и со тоа да ја отпочне борбата против феудалните господари, тиранијата и злоупотребите што ги вршеле највисоките државни и други функционери. Во една таква економска положба на државата, самите муслимани што се наоѓале на теренот, било да се спахии и нивни синови или пак разни јаничари, чувари на тврдини, на многу лесен начин можеле да дојдат до земјишни поседи што ги пречекорувале рамките на законските прописи за тоа колку земјиштен имот може да притежава едно семејство.

[3]) Tapu Defter № 149 од 1528 година. Опширен пописен дефтер за Скопската, Кичевската, Велешката, Прилепската и Битолската нахија.

Веќе во 1583 година во Преспанска нахија среќаваме одделни муслимани, особено од редот на јаничарите, како сопственици на две баштини или два чифлика. Познато е инаку дека во текот на XV и првите децении од XVI век спахиите не смееле да притежаваат земјиштен имот, со исклучок на таканаречениот „хасса имот", т.е. сопствен имот кој се состоел, главно, од овошни градини, ливади, воденици, а многу ретко и од некоја нива. Меѓутоа, со губењето на тимарот се губел и тој „хасса имот". Ова нешто е изрично пропишано во одделни законски одредби или султански наредби. Но, во втората половина на XVI век ние гледаме дека сите тие одредби не се во сила.

Сега да видиме кои се сопственици на баштини и чифлици во голем број случаи на територијата на Преспанска нахија околу 1583 година. Така, на пример, во селото Дупени две баштини, чиишто сопственици порано биле Стојко син на Милош и Стојан син на Радослав, во време на пописот попишувачот регистрирал во дефтерот дека „сега се во рацете на Мехмед јаничар" и тоа за двете баштини. Во селото Боховино три христијански баштини, кои уште од порано ги присвоил на некаков начин јаничарот Мустафа, во дефтерот стои дека во време на пописот „биле во рацете на Мехмед, син на јаничарот Мустафа". Во селото Дрмени сопственик на една баштина е некојси Алија, син на јаничарот Мустафа, а на друга во истото село сопственик е Сулејман, син на спахијата Хасан, значи спахиски син. Во селото Царевдвор една баштина држи јаничарот Мустафа. Во селата Подмочани, Долна Бела Црква и Доброво по една баштина држат или јаничари или нивни синови. Што се однесува до сопствениците на чифлици и тие се главно од редот на јаничарите или спахиите. Така, на пример, во селото Волкодери како притежател на чифлик се јавува јаничарот Сулејман. Во селото Сопотско сопственик на чифлик прво бил јаничарот Мустафа, кого во 1583 година го наследиле неговите синови Бали и Мехмед. Во селото Крвеник сопственик на чифлик е јаничарот Мустафа. Во селото Крушје еден чифлик е во рацете на пензионерот спахија по име Хусеин. Исто така во рацете на спахија се наоѓа еден чифлик во селото Дрмени. Спахијата се викал Коркут Худаверди. Во селото Царевдвор два чифлика држат спахиите Хусрев и Бајазит; еден чифлик од истото село му припаѓал на некојси Мехмед, јаничар, а еден на Сулејман, син на Ахмед, јаничар. Во селото Подмочани два чифлика се во рацете на јаничари и еден на некојси Хизир Војвода. Во селото Долна Бела Црква еден чифлик му припаѓа на некојси Хусеин, кој бил чауш во султанскиот двор. Во селото Горна Бела Црква еден чифлик е во рацете на спахиски син по име Хизир, син на спахијата Кочи, а во селото Покрвеник еден чифлик е во рацете на јаничарот Сулејман, а на еден друг чифлик сопственик е исламизиран христијанин по име Џафер, син на Абдулах. Сите презимиња на „син на Абдулах" означуваат исламизиран христијанин.

Од сите горенаведени примери гледаме дека сопствениците на баштини или чифлици биле главно од привилегираниот воен слој наречен „аскер". Но, што се однесува до давањето ушур и саларие,

кај секој сопственик на чифлик е изрично нагласено дека натурална рента му дава на непосредниот феудален господар. Сопствениците на баштини, покрај ушурот, давале и испенце во износ од 25 акчиња.

Вкупниот број регистрирани христијани во 1583 година во сите села на Преспанската нахија изнесува 1724, од кои 1275 старешини на семејства и 449 неженети. Ако едно сејмејство броело пет члена, во тој случај вкупниот број на сето христијанско население би бил околу 6375, а заедно со муслиманското население тој број би изнесувал 6825 жители. Секако како интересен податок што треба да го одбележиме е дека селото Белица, кое во 1519 година имало вкупно 35 регистрирани жители, од кои 29 старешини на семејства, 3 вдовици и 3 неженети, во пописниот дефтер од 1583 година, под реден број 6, е регистрирано како мезра, а потоа доаѓа текст во кој се говори дека во „стариот дефтер" стоело дека ова село било населено. Меѓутоа, рајата се разбегала и селото опустело, поради што било регистрирано како мезра. Во мезрата се регистрирани само три баштини, двете им припаѓале на муслимани и тоа едната на некојси Хусеин, а другата на Али. Третата регистрирана баштина ја притежавал христијанинот Михаил Петко. Заслужуваат внимание и податоците за селото Цапари, кое во 1519 година имало вкупно 42 регистрирани жители, а во 1583 е заведено само како мезра без ниеден жител. Веројатно и ова село ја имало судбината на претходното и тоа поради оние причини што ги изнесовме порано во нашето излагање.

На територијата на Преспанска нахија има и други мезри во 1583 година, но за нив не би можеле да тврдиме дека се раселени села, бидејќи и во 1519 година тие мезри не биле населени. Еве некои од нив: Горица Горна кај селото Подмочани; Горица Долна кај селото Долна Бела Црква; мезрата Ливада кај селото Златари, мезрата Сопот кај селото Свиништа и др. Што се однесува до дервенциското село Галичица, кое во 1519 година не постоело, може да се претпостави дека е новосоздадена населба и тоа со точно определена цел, жителите од ова село да бидат дервенции. Ова село денес не постои. Според бројот на населението од 1583 година најголеми села се: Лева Река со 130 семејства; Стење со 95; Влашци со 94; Бохоња со 88 и Царевдвор со 80 семејства. Во интервалот меѓу 1519 и 1583 година, според бројот на зголемувањето на населението, на преден план доаѓаат Лева Река и Бохоња, додека кај селата Стење, Влашци и Царевдвор, кои во 1519 година биле меѓу првите по бројот на населението, во 1583 година забележуваме еден осетен пад во споредба со 1519 година, иако сè уште се едни од најголемите. Движењето на населението во другите села ќе може да се проследи во табеларниот преглед што го даваме на крајот од оваа статија.

ДЕРВЕНЦИИ И СОКОЛАРИ ВО ПРЕСПАНСКА НАХИЈА

Во 1583 година во пописот на Преспанска нахија се регистрирани пет села како дервенциски. Тоа се селата: Лева Река, Петрино, Исток, Галичица и Буково.

Во врска со дервенциите и нивните обврски во Кануннамето за Охрдискиот санџак стои дека сите регистрирани жители, било да се тоа женети или неженети, на име испенџе плаќале на непосредниот феудален господар по 10 акчиња годишно. Само женетите, покрај испенџето, биле должни годишно да даваат уште по 1,1/2 стамболско киле пченица и по 1,1/2 киле јачмен или мешано. Покрај овие давачки дервенциите, доколку притежавале лозја, на спахијата му давале ушур. Од она вино што се внесувало во дервенциските села однадвор, т.е. за продавање, се наплатувало по 2 акчиња од товар како такса наречена „баџи хамр" (Bac-i hamr). Дали и во кои дервенциски села законските одредби доследно биле применувани, најарно ќе видиме од самите податоци што ги среќаваме во пописот кај дервенциските села. Споредувајќи ги давачките што се внесени во пописниот дефтер кај дервенциските села, со одредбите во самото Кануннаме можевме да констатираме дека давачките се поклопуваат со законските одредби во дервенциските села: Лева Река, Петрино, Исток и Галичица. Кај сите овие четири села испенџето и ушурот се пресметани точно според бројот на регистрираните жители, при што за секој женет и неженет се пресметани 10 акчиња за испенџе, а само за женетите по 1 денк жито, едната половина пченица, а другата мешано. Бидејќи еден денк претставувал три стамболски киле, произлегува дека женетите давале по 1,1/2 стамболско киле пченица и по 1,1/2 киле мешано. Покрај тоа меѓу давачките кај овие села се среќаваат уште и следните даноци или такси: за вино, за пасишта, нијабет, свадбарина, падарина и такса за тапија на земјата. Кај петтото дервенциско село во Преспанска нахија, наречено Буково, имало отстапување од одредбите во Кануннамето. Еве што стои во самиот дефтер кај ова село:

> „Во стариот дефтер е заведено дека селото Буково е дервенциско, кое спаѓа кон Преспа. Споменатото село уште од старо време е дервенциско. Бидејќи нивната (дервенциска) служба е лесна (hizmetleri hafif olup), секое лице годишно дава по 15 акчиња (на име) испенџе, а женетите (уште) по 1 товар жито — едната половина пченица, другата мешано.
>
> Тие ја чуваат и одржуваат месноста наречена „Куру јол" што се наоѓа на патот што води од Валона, преку Елбасан за Битола. Како компензација за нивната служба тие се ослободени од редовни и вонредни државни даноци.[4]) Како и порано и во новиот царски дефтер (селото) пак е регистрирано како дервенциско (derbend)".

[4]) Поопстојна студија за редовните и вонредните државни даноци, наречени Avâriz-i divaniye ve tekâlif-i örfiye има објавено Бистра Цветкова под наслов „Извънредни данъци и държавни повинности в българските земи под турска власт", София 1958.

Во оваа смисла заслужува внимание и трудот на Авдо Суќеска под наслов „Влијанието на одаточувањето на рајата со наметите avâriz-i divaniye, tekâlif-i örfiye (i) tekâtif-i şakka, врз развојот на процесот на чифличењето во Македонија во XVII век," објавен во ГЛАСНИК НА ИНИ, Год. XIV, 1970, бр. 1, стр. 71—86.

Од цитираниот текст гледаме отстапување од она што било пропишано во Кануннамето како по однос на висината на испенцето исто така и по однос на количеството на житото што било должно населението од ова село да му го дава во текот на годината на непосредниот спахија-тимариот. Испенцето е поголемо за 5 акчиња, а житото двојно повеќе од она што било пропишано во законот. Основна причина за давањето поголем износ од предвиденото за дервенциите е таа што „нивната служба била лесна". Попишувачот, во новиот пописен дефтер од 1583 година го внесол оној ист текст за обврските и конпензациите што бил во претходниот (стариот) пописен дефтер. Раководејќи се од тие обврски, тој точно пресметал дека 63-те регистрирани жители требало да дадат 945 акчиња на име испенце, а само женетите, кои биле 40 на број, се задолжени со 20 товари пченица и 20 товари мешано, така што на секој женет се паѓа по 1 товар жито — едната половина пченица, другата јачмен.

Што се однесува до задолженијата на првите четири дервенциски села, ги имаме следниве податоци: Населението од дервенциското село Река било должно да ја чува и одржува месноста Г-н-д-р-н-и-к(?) што се наоѓала на патот што водел од Охрид за Прилеп. Населението од селото Петрино ја чувало месноста Вражино, која се наоѓала на патот што водел од Скопје и Битола за Валона. Дервенциското село Исток се наоѓало на патот што водел од Охрид за Преспа. Населението од ова село било задолжено да ја чува месноста Суха Гора. Населението на петтото дервенциско село во Преспанска нахија, наречено Галичица, било должно да ја чува месноста Галичица, која се наоѓала на патот што водел од Битола кон Грк-Каја. За сите дервенциски села во Преспа е одбележано во дефтерот дека и порано биле дервенциски.[5])

По однос на соколарите податоците се извонредно скудни. Во самото Кануннаме за Охридскиот санџак се говори дека соколарска служба порано не постоела, но бидејќи некои лица веќе добиле царски наредби за вршење соколарска служба, на попишувачот му се става во задача кај секое лице што притежавало царска наредба покрај името и презимето да стави уште „соколар со царска наредба" (Doganci ba berat-i humayun). Такви соколари со царски берати се следниве: од село Волкодери лицето Дамјан Стојко; од село Влашци такви соколари се жителите — Стојко Петко, Јован Петко и Дојчин Петко. Очигледно е дека овие тројца се браќа. Во селото Прељубие се регистрирани двајца соколари, кои исто така се браќа, а тоа се Круме Петко

[5]) Поопстојно за дервенциските села и дервенциската служба во трудот на М. Соколоски — „Дервенциството во Охридскиот санџак во втората половина од XVI век." ГОДИШЕН ЗБОРНИК на Филозофскиот факултет, Кн. 19 од 1967, стр. 169—202.

и Неделко Петко. Последниот соколар е Спасе Димитри од село Царевдвор. Според тоа вкупниот број на соколарите во Преспанска нахија изнесува седум души.[6])

ОБВРСКИТЕ НА СЕЛСКОТО НАСЕЛЕНИЕ КОН НЕПОСРЕДНИОТ ФЕУДАЛЕН ГОСПОДАР

Како што веќе порано нагласивме, во 1583 година во Преспанската нахија биле вклучени вкупно 34 села. Како натурална и парична рента што им следувала на спахиите-тимариоти се среќаваат следните давачки: ушур и саларие од сите видови жита што се произведувале од селското население во Преспанска нахија (пченица, јачмен, 'рж, овес, граор, леќа и просо), потоа ушур од лозја (односно шира), од улишта, овошје и од треварина каде што имало побогати пасишта. Парична рента во вид на фиксирани суми или како такси или даноци се среќава во следниве видови: испенце, данок за воденици, данок за свињи, данок за земјарина (Resm-i çift) и за лозја (Resm-i dönün) што се исплатувал само од муслиманите; за продадени риби и продададено вино; данок за кожурци; данок за бостан; за лен и коноп; за свадбарина; нијабет; падарина и за тапија на земја; одделен данок за лозја наречен „Resm-i tekne"; за користење на пасишта и данок од градинарски култури.[7]) Единствено село каде што среќаваме приход од риболов во даљани во износ од 1500 акчиња годишно е селото Стење, кое припаѓало во зеамет. Инаку по однос на ловиштата на риби наречени „даљани", речиси сите тие, на пример, на Охридското Езеро се вклучени во хасовите на падишахот. Во истово село е заведена одделно и такса за риболов (Bac-i mahi) во износ од 1600 акчиња годишно.

Во зависност од тоа кои и какви култури се произведувале во синорот на секое село, таков вид давачки се регистрирани во самиот попис кај селата. Во продолжение ние ќе се задржиме само на некои покарактеристични видови натурална и парична рента.

Најнапред да одбележиме дека вкупниот годишен приход од сите видови давачки што им следувал на сите притежатели на зеамети и тимари во Преспанската нахија во 1583 година изнесувал 193 892 акчиња. Во просек на едно семејство се паѓало да му даде на непосредниот спахија 140 акчиња годишно. Тој просек во 1519

---

[6]) Поопстојно за организацијата на соколарската служба види кај М. Соколоски — „Градско и селско население со специјални задолженија во дел од Охридскиот санџак во втората половина од XVI век", — ГЛАСНИК на ИНИ, Год. 10, број 2—3, Скопје 1966, стр. 181—200. Потоа кај Глиша Елезовиќ — „Соколари и соколарство", Скопје 1923 год.

[7]) Поопстојни информации за ушурот од разни земјоделски и други производи, како и за разни други видови даноци што им следувале на непосредните феудални господари во Отоманската Империја, во трудот на М. Соколоски — „Прилог кон проучувањето на турско-османскиот феудален систем со посебен осврт на Македонија во XV и XVI век." — ГЛАСНИК на ИНИ, Год. И, бр. 1, Скопје 1958, стр. 157—227.

година изнесувал 96 акчиња по семјство. На сето население годишно доаѓало, според податоците од дефтерот, да му даде на феудалниот господар вкупно 2406 товари жито, од кои 798,1 /2 товари пченица, 477,1 /2 товари јачмен, 791 товар 'рж, 222 товари овес, 76,1 /2 товари граор, 16,1 /2 товари леќа и 24 товари просо. Проценето во пари сето жито изнесува 89.076 акчиња. Цените на житото ги прикажавме порано врз основа на податоците извлечени од самото Кануннаме. Тие цени насекаде се применувани, при што еден товар пченица или леќа се пресметувал 54 акчиња; еден товар јачмен, 'рж, граор или просо се пресметувал 30 акчиња, а еден товар овес 18 акчиња. Вкупниот приход од ушурот за лозја изнесувал 2565 медри вино или проценето во пари 15.390 акчиња, бидејќи една медра се пресметувала по 6 акчиња. Според тоа ако ги сумираме само давачките од жито и лозја, кои изнесуваат 104.466 акчиња, ќе видиме дека претставуваат над 50% од сите видови давачки во Преспанската нахија.

Важна ставка меѓу приходите е и износот на испенцето. Веќе и порано нагласивме дека овој данок го давале само христијаните, т.е. секој од регистрираните старешини на семејствата, како и регистрираните неженети давале по 25 акчиња годишно на име испенце. За дервенциите веќе знаеме дека најголемиот дел давале по 10 акчиња, а само населението од село Буково давало по 15 акчиња испенце. Вкупната сума од целото население плаќана како испенце изнесува — 37.665 акчиња.

Од другите давачки ќе ги прикажеме уште следниве: од улиштa, вкупен годишен приход од сите оние села каде што се одгледувале пчели, сума во износ од 1192 акчиња; данок за свињи во износ од 1063 акчиња; данок за бостан 1872 акчиња; од кожурци (свилена буба) 925 акчиња; данок за 51 воденица, колку што се регистрирани во дефтерот, во износ од 905 акчиња; приход од производството на лен и коноп во износ од 2265 акчиња; од овошје 989 акчиња итн.

На крајот да ги одбележиме оние населени места во Преспанската нахија во коишто одделни земјоделски или други производи биле најзастапени, при што како мерило ќе ни служат обврските или задолженијата кон непосредните феудални господари.

Според производството на жито на прво место доаѓа селото Влашци, кое било задолжено да му дава годишно на спахијата вкупно 255 товари, од кои 100 товари 'рж; 70 товари пченица; 50 товари јачмен; 20 товари овес и 15 товари граор. На второ место доаѓа селото Царевдвор кое било задолжено со 217 товари, од кои 100 товари пченица; 50 товари 'рж; 40 товари јачмен; 20 товари овес; 5 товари граор и 2 товара леќа. На трето место доаѓа селото Бохоња задолжено со вкупно 180 товари жито, од кои 80 товари 'рж; 40 товари пченица; 20 товари јачмен; 20 товари овес; 10 товари граор и 10 товари просо.

Лозарството било најмногу застапено во селото Стење, кое било должно да му дава на спахијата 1600 медри вино, потоа доаѓа селото

Влашци задолжено со 550 медри, па селото Царевдвор задолжено со 400 медри итн. Лозарството било застапено во 17 села од вкупно 34, колку што ги имало во Преспанската нахија. Пчеларството било најмногу застапено во селото Волкодери. Населението од ова село во 1583 година било задолжено со 150 акчиња годишно. Потоа доаѓа селото Влашци, кое е задолжено со 114 акчиња и на трето место доаѓа селото Сопотско задолжено со 112 акчиња.

Одгледувањето на свињи било најзастапено во селото Сопотско, кое било задолжено со данок за свињи во износ од 150 акчиња годишно. По него било селото Стење со 125 акчиња, а на трето место се селата Горна Бела Црква и Перово задолжени со по 73 акчиња годишно. По производството на лен и коноп прво место зазема селото Влашци задолжено со 260 акчиња, потоа селото Волкодери со 212 и селото Сопотско задолжено со 212 акчиња. Лен и коноп се произведувал во 27 села на Преспанската нахија. Со производство на кожурци, односно со одгледување на свилена буба, според податоците од дефтерот, се занимале 9 села. Оваа гранка на производство била најразвиена во селото Влашци, кое било задолжено со 300 акчиња на име „данок за кожурци", потоа селото Стење задолжено со 200 акчиња, а на трето место доаѓа селото Покрвеник, кое било задолжено со 140 акчиња годишно.

Во заклучокот би требало да ги констатираме следниве работи.

1. Населението во Преспанската нахија некаде во средината на XVI век било речиси исклучиво христијанско, односно македонско, со исклучок на селото Дрмени, каде што се регистрирани, во 1519 година, 6 муслимани. Инфилтрацијата на муслиманскиот елемент, и тоа во прв ред на исламизирани христијани, најверојатно почнува во интервалот меѓу 1528 и 1545 година, бидејќи токму во тој период инфилтрацијата на муслиманскиот елемент е карактеристична за повеќе нахии во Западна Македонија, зашто тогаш исламизацијата почнува да зема поширок замав. Фактот што на територијата на Преспанска нахија нема ниедно населено место исклучиво со муслимани, недвосмислено говори дека на тој терен немало колонизирано никакви чисти муслимани по потекло Турци. Според тоа, најголем дел од муслиманите што се регистрирани во 1583 година се, главно, исламизирани христијани, исклучувајќи ги спахиите или нивните синови, кои се јавуваат било како сопственици на баштини или чифлици, зашто сопствениците јаничари кои имаат баштини или чифлици фактички се исламизирани немуслимани, само што за нив не би можеле да тврдиме дека некогаш биле синови на родители христијани од Преспанска нахија, кои биле одземени од родителите и испратени во Цариград за нивната образовна и војничка подготовка за да станат султанска гарда или чувари на тврдини во разни области на Отоманската Империја.

2. Фактот што во 1583 година се среќаваат одделни лица како сопственици на повеќе баштини или чифлици недвосмислено говори

дека темелите на класичниот воен тимарско-спахиски систем се веќе поткопани и дека започнал процесот на создавање на понов феудален систем, каде ќе доминираат чифлигарството и чифчиските односи во аграрното производство. Може со сигурност да се тврди дека притежателите на баштини и чифлици од редот на спахиите и јаничарите, како и нивните наследници, не ја обработувале сами земјата, туку им ја давале на пауперизирани христијани под определени услови што ги диктирале самите чифликсајбии.

3. Следејќи го движењето на населението во оние села во Преспанска нахија што се регистрирани во 1519 и 1583 година, можевме да констатираме дека само во 4 села бројот на семејствата е зголемен во тој временски период од 64 години, и тоа: во селото Исток бројот на семејствата од 20 во 1519 година е зголемен на 44 во 1583 година, во селото Лева Река од 75 на 130; во Завој од 57 на 69 и во селото Боговени, во кое бројот на семејствата е зголемен од 56 на 88. Во 4 села има, главно, стагнација, а тоа се селата: Ела, Козјак, Петрино и Новиград, а во 19 села бројот на семејствата е во опаѓање. Така, на пример, во селото Перово од 96 семејства во 1519 година по 64 години, т.е. во 1583 година тој број изнесува само 51; во селото Сопотско бројот на семејствата од 96 се намалува на 56; во селото Стење од 157 на 95; во Царевдвор од 112 на 80; во село Јанковец од 77 се сведува на 44 семејства итн.

Каква е состојбата во другите населби најјарно ќе се види од приложениот табеларен преглед.

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД

за состојбата на регистрираното христијанско и муслиманско население во Преспанска нахија во 1519 и 1583 година

Ред. број	НАЗИВ НА СЕЛОТО	Во 1519 година				Во 1583 година				
		ХРИСТИЈАНИ			Муслимани	Христијани		Муслимани		
		Семејства	Вдовици	Нежанети		Семејства	Нежанети	Семејства	Притежатели на: Баштини	Чифлици
1	Бела Црква — Долна	63	5	7	—	21	11	3	6	2
2	Бела Црква — Горна	Во 1519 г. не е регистрир.				35	1	4	2	5
3	Белица	29	3	3	—	1	—	—	2	—
4	Бохоња	55	1	5	—	85	2	—	3	—
5	Буково	44	2	4	—	40	23	—	—	—
6	Влашци (Лахци)	98	4	10	—	93	36	—	1	—
7	Волкодери	35	—	3	—	27	15	—	—	1
8	Галичица	Во 1519 г. не е регистрир.				16	1	—	—	—
9	Гопеш	16	3	1	—	15	4	—	—	—
10	Дервен (?)	26	—	2		Во 1583 г. не е регистрирано				
11	Доброво	Во 1519 не е регистрирано				19	1	2	2	—

Ред. број	НАЗИВ НА СЕЛОТО	Во 1519 година				Во 1583 година				
		ХРИСТИЈАНИ			Муслимани	Христијани		Муслимани		
		Семејства	Вдовици	Нежени		Семејства	Нежени	Семејства	Притежатели на: Баштини	Чифлици
12	Доленци	44	1	4	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
13	Дрмени	49	2	5	6	33	2	7	7	3
14	Дупени	Во 1519 г. не е регистрирано				50	7	1	2	—
15	Ѓавато	85	2	9	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
16	Ела	27	1	2	—	27	7	—	—	—
17	Завој	57	—	6	—	69	14	—	—	—
18	Златари	33	1	4	—	20	20	—	—	—
19	Илинци	34	1	3	—	21	10	—	—	—
20	Избишта	36	2	3	—	30	2	—	—	—
21	Исток	20	—	2	—	44	4	—	—	—
22	Јанковец	72	5	5	—	44	3	—	—	—
23	Козјак	17	1	2	—	10	4	7	1	—
24	Крани	18	3	2	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
25	Крвени	36	1	3	—	32	3	—	—	1
26	Крушје	32	3	3	—	28	14	—	—	1
27	Лева Река	73	2	8	—	130	57	—	—	—
28	Лера	33	—	3	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
29	Маловишта	10	1	1	—	Во 1853 г. не е регистрирано				
30	Манастирче	19	3	2	—	Во 1853 г. не е регистрирано				
31	Металец	11	—	—	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
32	Новиград	16	2	2	—	21	2	—	—	—
33	Острово	15	1	1	—	13	7	—	—	—
34	Перово	85	11	5	—	51	17	—	—	—
35	Петрино	19	2	2	—	20	35	—	—	—
36	Подмочани	68	5	7	—	56	18	—	1	4
37	Покрвеник	39	3	4	—	23	15	3	—	3
38	Прељубие	48	3	5	—	25	5	—	—	—
39	Равне	44	3	4	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
40	Свиништа	21	—	2	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
41	Српци	21	1	2	—	Во 1583 г. не е регистрирано				
42	Сопотско	93	3	10	—	53	13	—	1	2
43	Стење	149	8	15	—	95	49	—	—	—
44	Стипоне	18	—	2	—	8	1	—	—	—
45	Хотешево (Отешево)	33	1	3	—	21	2	—	—	—
46	Царевдвор	107	5	11	—	68	58	2	5	5
47	Цапари	35	3	4	—	Во 1538 г. не е регистрирано				

Metodija SOKOLOSKI, professeur

SUR L'ARTICLE — LA „NAHIA" DE PRESPA AU COURS DU XVI^e SIÈCLE

Résumé

Sur la base de deux régistres de recencement dont l'un récapitulatif (icmal) de 1519 et le second, registre détaillé (defter-i mufassal) de 1583, l'auteur de l'article examine les conditions sociales et économiques de la „nahia" de Prespa au cours du XVI^e siècle. Cette „nahia" était inclue en même temps que la „nahia" de Debartsa dans la „Kaza" d'Ohrid. L'auteur parle d'abord des différentes sortes et du nombre des seigneureries féodales sur le territoire de la „nahia ' de Prespa. Plus loin l'auteur s'attarde plus en détail sur la composition de la population des villages de la „nahia" de Prespa; à ce sujet il constate qu'en 1519, sur un total de 43 localités peuplées (des villages) il n'y a enregistrés dans un seul village que 6 habitants musulmans, tandis que dans tous les autres villages la population est strictement macédonienne et chrétienne. Se basant sur le recencement de 1583, l'auteur constate que sur le territoire de la „nahia" de Prespa des musulmans sont enregistrés dans 16 villages et leur nombre total est de 90, dont 29 sont des chefs de familles (hane), 27 sont des régisseurs de propriétés rurales et 34 personnes sont des propriétaires de vergers. Le nombre de chretiens enrégistrés en 1583 dans tous les villages de la „nahia", s'élève à 1724, dont 1275 chefs de famille et 449 celibataires.

L'auteur fait une description particulière des villages gardiens de defilés de la „nahia" de Prespa, il s'arrête à ce sujet sur chaque village gardien de défilé, exposant des données, sur la base du registre détaillé de recencement de 1583, au sujet des devoirs et des droits ou des privilèges dont jouissaient les habitants de tous les villages gardiens de défilé.

Faisant une comparaison entre les règlements concernant les habitants de ces villages qui sont rapportés dans le Kanunname pour le „sandjak" d'Ohrid de 1583 et les données exposées dans le registre même de recensement, l'auteur constate que les règlements légaux n'ont pas été tout-à-fait appliqués dans tous les villages démontrant ainsi que, si l'on sert uniquement des données du Kanunname, celles-ci peuvent mener à certaines erreurs et à des constatations fausses.

L'auteur examine aussi les obligations du „raya" envers les féodaux seigneurs-propriétaires des „zeamet" et „timars"*, au sujet desquels il donne des indications concernant la quantité de blé et de vin

estimés en argent, puis sur les différentes autres sortes d'impôts et de taxes, comme sont d'impôt sur la chandelle, le lin, les moulins, les peaux et d'autres.

A la fin l'auteur fait des coinclusions sur la structure de la population au cours du XVI^e siècle, sur l'apparition de la propriété rurale, ou bien, la pose des fondements du système des „tchifliks" et de l'accroissement, de la diminution et de la stagnation de la population dans certains villages de la „nahia" de Prespa.

Д-р Александар АПОСТОЛОВ

ОСВРТ ВРЗ АЈДУТСТВОТО И АРАМИСТВОТО ВО ЗЛЕТОВСКО

Првата и најпродолжителна форма на отпор на христијанското население против турските зулуми беше ајдутството. Тоа се јавува во сите земји каде што владеела Турција. Ајдутството станувало масовно особено во времето кога Турција била зафатена во војна и кога внатрешната безбедност била сосема слаба. Но и во време на мир ајдутството не престанувало да биде излив на незадоволство, што преминувало во бунт и вооружен отпор против неправдите што одделни лица или турскиот феудален систем ѝ ги нанесувале на рајата.

Поводите за да се одметнат одделни лица од власта, да ја фатат гората и со оружје в рака да им се одмаздуваат на народните душмани, биле најразлични. Најчесто тоа било убиство што Турците го извршиле на близок роднина на одметникот, насилно потурчување на сестра, посегнување врз честа на домашните и блиски роднини, навредување на личното достоинство на побудните и побујни поединци, кои не сакале да се помират со таквата своја положба, па се одметнувале и станувале ајдути.

Во пишаните историски извори, во народните преданија и во песните, ајдутите се спомнуваат пред сè како закрилници, заштитници на народот, бранители на својот крај од турските зулуми и страв и трепет за турските зулумции.

Ајдутите оделе во дружини од по десетина и повеќе луѓе, но кога анархијата во Турција се зголемувала имало ајдучки дружини составени и од неколку стотини души.[1])

На чело на ајдучката дружина стоел арамбаша или војвода. Нему му биле апсолутно потчинети луѓето од дружината, бидејќи дисциплината била главен услов за одржување на четата и за нејзиното успешно дејствување. Не се ретки случаите, особено во историјата на македонското ајдутство, на чело на четата да стои жена како војвода.

---

[1]) Историја на македонскиот народ — книга I, Скопје, 1969, стр. 270.

Во Источна Македонија, особено во Осоговскиот крај, природните услови за дејствување на ајдутите биле мошне погодни. Обраснати со густи и непреодни гори, беспатните Осоговски Планини биле идеални засолништа и бази од каде ајдутите тргнувале во походи по долината на Крива Река и сливот на Брегалница. Можеби заради овие погодности тука најнапред се јавило ајдутството во Македонија, барем според најстариот засега познат извор што потекнува од 1502 година. Во една султанска заповед од оваа година се спомнува дека штипскиот кадија фатил 6 души ајдути и ги казнил со смрт.[2])

Дека ајдутството се засилувало и омасовувало низ идниот век и дека тоа било прифатено од потиснатата раја од овој крај, преку кое таа вршела одмазда врз омразените ,,јанкесеции" Турци, ни потврдува уште еден податок од 1618 година. Овој документ — пак во вид на султанова заповед — се однесува на калуѓерите од Лесновскиот манастир и некои други манастири, кои не само што укривале и лекувале ајдути, туку заедно со нив оделе во акција. Документов гласи:

,,До кадијата на Кратово . . .

Свештениците (калугери) од манастирите *Лесново* (подвлекол — А. А.), Крива Река и Трново . . . се соколари.[3]) Бидејќи санџакбеговите, војводите, субашиите и кадиите[4]) не се мешаат (во нивните работи) некои од нив, свештеници — ајдути и арамии не само што се здружиле со арамиите кои се наоѓаат во нивната околина, па слегуваат по патиштата и теснеците, и освен што ги убиваат патниците, како и другите минувачи, (туку) им ги лекуваат и раните на ранетите арамии, ги чуваат арамиите и ги снабдуваат со храна. Никогаш нема крај на ваквите нивни злосторства и разбојништва.

Поради тоа сум заповедал спомнатите манастирски свештеници кои прават престапи и злосторства да се фатат, да се доведат и сходно со Шеријатот (турски верски законски пропис — А. А.) да се извидат нивните постапки, како и да се *изврши* правдата . . .

И ти, спомнатиот Хасан (се однесува на кратовскиот кадија — А. А.), нека ти потрае честа, спомнатите манастирски свештеници кои

---

[2]) Исто.

[3]) Во првите векови од владеењето на Турците, некои христијански села, а во овој случај и манастири, биле задолжени да вршат специјални служби. Селата што биле покрај клисурите (дервени), биле задолжени да го обезбедуваат преминувањето на патниците и војската, а некои села биле задолжени да одгледуваат соколи (догани, на турски јазик) и да ги обучуваат за лов на птици, со што се занимавале крупните турски феудалци (спахии) и султанот со својата придружба. Па и калуѓерите од Лесновскиот манастир биле ,,доганции", како што може да се види од овој документ. Граничното село со Злетовската област Соколарци секако го носи ова име поради тоа што е сврзано со ваквата служба на неговите селани уште од преттурскиот период кога и тогашните феудалци, христијани, оделе на лов со соколи. Дервенциите, доганциите и други имале извесни привилегии во однос на другата раја.

[4]) Титули и називи за турски воени, административни и судски функционери.

се здружиле со арамиите и вршат злосторства, приведи ги кон чесниот Шеријат. Ако побегнат, заповедај да ги пронајдат гарантите, кои сходно со Шеријатот, треба да ги најдат . . . Ако се утврдат и констатираат нивните разбојништва и злосторства: дека по изложениот начин биле здружени со арамиите, ги лекувале раните на ранетите арамии и ги снабдувале со храна, и ако треба за нив да поднесат извештај, затворете ги строго и соопштете. Ако не е потребно, извршете таква казна, каква што заслужуваат сходно Шеријатот . . .“ (24 февруари 1618 година).[5])

Ајдутите и разбојниците во овој крај станале пречка и проблем за безбедното движење по најкусиот пат Скопје—Софија и обратно за трговијата и за турската војска. „Порано горната криворечка клисура била дива и непреодна; столетните гори правеле засолништа на ајдути и разбојници. Патот минувал по страните на Лисец, од левата страна на Крива Река.“

Како последица од ајдучката дејност селското производство опаднало, а рудниците околу Крива Паланка престанале да работат. За обезбедувањето на овој пат Турците биле принудени да изградат тврдина до самата река. Први податоци за новопостроената тврдина во таа клисура ни дава познатиот турски патеписец од XVII век — Евлија Челебија. „Тврдината (Хисар) Егри-дере, Бајрам-паша е изградена во 1636 година од везирот на султанот Мурат-хан IV, Бајрам-паша.

Тука е страшна непроодна клисура — непроодна од ајдуци.“[6])

Овој крај не само што изобилствувал со природни погодности за антифеудалната дејност на тамошното население, туку не му недостигале и луѓе одметници и бунтовници. Притиснати од феудалните спахиски давачки и од присилната и тешка работа во рудниците што се експлоатирале од турската држава, калуѓерите од Лесновскиот манастир и населението од околината се оддавале на ваква разурнувачка дејност за царството. Ваквата дејност преминала во масовно движење кон крајот на XVII век, кога на чело на ова движење се ставил легендарниот Карпош, кој, користејќи ја Турско-австриската војна, кренал востание против Турците во 1689 година.[7])

Ајдутството ја продолжило својата активност во Македонија дури до крајот на XIX век, претворајќи се повремено и во арамиство, кога борбата на поединци и групи е подведена и осмислена од Тајната македоно-одринска револуционерна организација, чии темели се удрија во Солун 1893 година.

---

[5]) Душанка Шопова, Македонија во XVI и XVII век, Документи од цариградските архиви, (1557—1645), Скопје 1955, стр. 91—92.

[6]) Историја на македонскиот народ, книга I, стр. 274.

[7]) За ова види опширно, Душанка Бојаниќ — Лукач, Карпошев покрет, (доктор. дис. во ракопис во Библиотеката на Катедрата за историски науки при Филозофскиот факултет во Скопје).

За ајдучкото движење во Осоговијата, односно во Злетовската област, имаме бројни пишани и уште повеќе усни податоци (во чија сигурност нема никакво сомневање), од периодот пред, во времето и по Руско-турската војна (1877/78 година), кога народите од Балканот, кои сè уште се наоѓале под турско ропство, сметаа дека е дојден часот за нивното конечно ослободување.

Поновото, а особено најновото ајдутство, имаше и изразити елементи на арамиство, бидејќи бројните борци, припадници на повеќе дружини, немаа единствен идеен раководен центар, па секоја дружина имаше и свој метод на дејство, во зависност од својот водач и составот на луѓето во неа.

И додека Иљо Марков (дедо Иљо) војвода малешевски[8]) имаше контакт со ослободителните движења на Србија и Бугарија, и земаше активно учество во нив, Румена Војвода[9]) и другите што се движеа во овој крај ќе дејствуваат или само на својот терен или, (ако се арамии), своите походи ќе ги пренесат и во подалечни реони од Злетовската област.

---

[8]) Најстар и најпрославен водач на македонските ајдуци од поново време бил Илија Марков или по популарното име познат во народот дедо Иљо Малешевски. Роден во Берово во почетокот на XIX век, Иљо станал ајдук откога Турците му го убиле брат му Станко во 1848 година. Тој собрал чета што по едно време се зголемила на 300 души. Со четата, главно, дејствувал во Осоговските Планини. По 1855 година дошол во Ќустендил и се легализирал, а потоа пак станал ајдутин. Во времето на Руско-турската војна Иљо со својата чета се биел против Турците. Заради учеството во бунтот на Србите 1862 година кога се наоѓал во Белград, добивал пензија од Србија, а заради учеството во борбата за ослободување на Бугарија и од неа добивал пензија. Потоа се настанил во Ќустендил каде умрел во 1898 година на 93-годишна возраст.

[9]) Румена Војвода со својата дружина одела по Осоговијата меѓу 1856—1860 година. Таа била родум од Ѓуешево. Стрелала одлично со пушка: удирала со куршум во јајце, јаболко симнувала од глава на човек. По надворешен изглед повеќе личела на машко. На Турците многу им се допаднала, па дури паланечкиот кајмакам ја грабнал и сакал да ја потурчи, но бил принуден да ја ослободи заради бунтот на селаните. Таа била омажена во Ќустендил. Имала врска со ајдуците. Кога една турска чета војници пристигнала дури од Ниш во потера по Иљо Малешевски, ја фатиле Румена и ја тепале среде село за да ги предаде ајдутите. Додека ја тепале молчела. Кога станала, гордо се исправила и рекла: „Има да видите . . .“ На Румена особено подејствувала една случка пред самата нејзина куќа. Дошла чета на Иљо Малешевски од 170 души, предводена од бајрактарот Стоимен, ја запалила девебаирската кула, убила 3 Арнаути што ги фатила во Ќустендил и се вратила со песни накај „Калин Камен“.

Повод Румена да стане ајдутка било убиството на некое Турче, кое се скарало со Румена за сено, Румена го остава четиригодишниот син Андон и исчезнува. Другар на Румена станал ковачот од с. Крсла. Се побратимиле и заедно ајдукувале. Дружината на Румена се состоела од 15—16 момчиња, главно собрани од Ќустендилскиот и Паланечкиот крај. За нејзиното гонење доаѓал аскер дури од Битола. Безмилосно ги сечела агаларите и се судрувала со булукбашите. Дружината ја викала „планинска царица“. — Ефрем Каранов, Румена Војвода, стр. 19. Цитирано според Јордан Иванов, Северна Македония, София 1906, стр. 305—306.

Дека Иљо Малешевски дејствувал и во Кратовско-паланечкиот крај, се зборува и во народната песна: „Ајде ред се редат, мамо, кочанските сејмени . . .“, каде што се спомнува дека сејмените го бараат Иљо, арамија покрај Крива Река, а тој се наоѓал во Солуна града.

Румена Војвода главно дејствувала во Ќустендилско-кривопаланечкиот планински крај, но вршела повремени походи со својата дружина и во Кратовско-злетовската област.

Така, според Ефрем Каранов, еден ќустендилски трговец бил опколен од дружината на Румена на Печеници.[10])

Во Јамишката Планина таа ги фатила кај местото „Ненива воденица“ Анастаса (Абазов) и Јосифа, деца на имотните селани Крсто и Анастас, од Зелени Град. За да ги откупат децата овие дале 7 ќесиња пари (едно ќесе 1.000 турски гроша).[11])

Меѓу најстарите ајдуци што народот ги запомнал и во песна ги опеал од Злетовската област се Милос од Злетово и Наца Петкова Гуцева, од с. Древено.

Пред ослободувањето на Бугарија, Милос Петров од Злетово се одметнал од турската власт. Повод за неговото одметнување бил што некое Турче од Злетово убило некое христијанче од истото село, а Милос го убил Турчето. Милос одел сам или пак со Гуно од Луково, со Пешо од Злетово, како ајдутин по „Валуек“, „Мелиште“ по Лесновскиот и Луковскиот синар.

За Турците од Злетово Милос бил страв и трепет, па не смееле дури да му напакостат на семејството. Интересно е што и Тасе, еден од синовите на Милоса, станува ајдутин. Тој, по ослободувањето на Бугарија, нелегално го преведува својот син Јован, кој неколку години учел во Бугарија, а нотоа, откога зел „чесен збор“ од злетовските Турци дека ако го врати Јована од Бугарија нема ништо лошо да му сторат, го вратил детето, но Турците го тепале Јована. Тогаш Тасе им пратил порака на Турците дека ќе го изгоре Злетово, но тоа не го сторил благодарејќи на христијаните што го одвратиле од таа намера.

[10]) Месност близу до Кратово, во непосредна близина до Злетовската област. Еве што вели фатениот трговец за Румена. „Кога шетавме на Печеници се слушна свиркање и „фрп“ . . . Истргање на ножови од лево и од десно; се најдовме опколени од 15—16 души. На сред патот застана еден млад со гола сабја . . . Косите му беа расплетени и му висеа на градите од двете страни на главата; главата му беше забрадена со црвена шамија по женски, беневреците му беа од бел шајак со црвени гајтани; чепкен до појасот од бел шајак со црвени ширити, разотворени ракави; на левото му рамо — црна ресичка; силавот надвиснал над појасот. Тоската му беше куса и кирјосана. Ние се сетивме дека е Румена . . . Побара тутун, ја разврза шамијата од главата, ја наполни со нашите тутунски кесиња, ги однесе и ги раздаде на дружината. Потоа се еврти кон нас и ни рече: „Одете си!“ и ние тргнавме.“ Јордан Иванов, цит. дело. Потоа Румена била убиена од своите другари кога наста-пиле караници во дружината.

[11]) Според кажувањето на Димитар Гичев, налбатин од Злетово. Анастас Абазов потоа се преселил во Злетово и бил најимотен христијанин во Злетово и член на ВМРО уште пред Илинденското востание. Син му Славко бил пунктов началник на ВМРО и кратовски војвода пред балканските војни.

Во една борба со Турците Тасе бил ранет и предаден од некој Луковец, па Турците го убиле.[12])

„Кога започнала Српско-црногорско-турската војна 1876—78 и потоа Руско-турската 1877/78 . . . во Кратовската област . . . започнаа да се собираат и договараат за едно општо народно движење. Веднаш потоа започнаа да се приготвуваат секири, да се точат ножови и да се чистат стари пушки. На чело на ова движење се истакнуваат во планинските села два човека — Марко и Никола Сакулички. Обајцата организираат ајдучки и востанички чети, кои започнаа да напаѓаат и убиваат одделни Турци. Овие чети толку се засилија што доаѓаа во лозјата, палеа огнови, печеа овци, пукаа пушки и се веселеа, а Турците беа бессилни да им се спротивстават на комитите.“[13])

Бројот на ајдутите и арамиите во Злетовската област се намножил толку, што нивните подвизи станале општо извесни и народот ги опеал во песни. Таква една песна на авторот на овој труд, во 1971 година, му ја испеа Маца Манева Зафирова, на 102 години возраст, родена во с. Лесново, а живее во с. Марчино. Еве како гласи песната:

„Зелена горо, блажена,
Зиме си пуна и лете.
Зиме си пуна ловции,
Лете си пуна ајдуци,
Ајдуци та па кумити.
Најнапред беше, минеше Коле Капетан,
По него беше Марко војвода.[14])
По него беше Дивит Стубоуски (од фамилијата Петковци).
По него Јане Гајранче
По него Ило Беровче,
По него Јован Јамишки,
Милос Злетовски,
Тимчо Древенски,
Тасе Лесновче
Југрин (Гуно) Луковски,
Тоне Кавpачки,
Наун Кнежевски;
Сите се гора собраа
До свака бука и јунак.
На свака дуња и гуња.
На свака крушка и пушка.
На свака шумка крушумка.“

„Оваа песна сум ја чула и пеела уште како дете“, вели баба Маца.

[12]) Според кажувањето на злетовци: Васил Лазов, Димитар Гичев, пок. Стојан Јосифов, од Горни Стубол и внукот на Тасета, Миле Милосов, од Злетово.

[13]) Стеван Симиќ, Историја Кратовске области, . . . стр. 173.

[14]) Ова се однесува за браќата Марко и Коле Сакулички. Марко е познат во историјата на македонскиот народ како пунктов началник на ВМРО во Кустендил, преку кого Гоце Делчев испраќал оружје, литература, писма и луѓе од Бугарија за Македонија. Види, од Љубен Лапе, Писмата на Гоце Делчев . . .

Спомнатите ајдути и арамии биле современици на Иљо војвода „Беровче", како што се наречува во песната. Според тоа секако некои од спомнатите ајдути од Злетовската област биле негови современици, а можеби и придружници, кога тој поминувал низ овој крај, пред, во време и по Руско-турската војна.

За сите спомнати комити старите луѓе од овој крај знаат да раскажат по нешто од нивната активност, што чуле од своите постари.

Така, на пример, за Наунчета од Барбарево и за арамиите се раскажува следново:

Наунче имал многу убава сестра. Неа ја грабнал некој Турчин од с. Стрисовци и со неа имал дете. Наунче, не можејќи да го поднесе овој срам на времето, отишол на нивата каде жнеел Турчинот и сестра му, со секира го убил и зетот и детето (внукот), ја зел сестра си и ја одвел во Куманово кај архиерејскиот намесник, а овој ја омажил за христијанин. Потоа Наунче отишол во „Црни Врв" и се придружил кон дружината на Марко и Коле Сакулички.

Ајдутите арамии од оваа дружина носеле пушки кременлии и сабји. Собирале од беговските кули жито и го складирале во с. Петршино во два амбара. Еднаш се собрале во Петршино околу 150 души арамии. Според имотната состојба им наложиле на петршани да дадат пари. Собрале наводно два товара пари. Имало и турски златни лири. Зеле и еден товар облека. Го фатиле некој Василко (можеби на Илија Василев татко му) и од татка му Ѓорѓија барале да донесе откуп на соборот на „Мала Богородица" во Лесновскиот манастир.

Некој Али Чауш, со турска војска, се борел со арамиите кај Зелени Град и во таа борба загинал. Тоа место и денеска го носи називот „Али Чауш". Во таа борба „киднапираниот" Василко избегал.[15])

Познати арамии биле уште Мицо од Глобица, Велко од Лепопелци[16]). За не многу славни потфати на арамиите народот од овој крај запомнал и повеќе поединости, каква што е следнава:

Марко Сакулички дошол со својата дружина, во која се наоѓал и некој јамиштанец, во с. Добрево. Сестра му на овој јамиштанец, која била мажена во Добрево, го ословила овега со „брате." Тој рекол: „Не сум ти брат." Дружината дошла од с. Немањинци. Таму „печеле" некој поп. Зеле 300 рала чорапи и друга облека. Ги носеле на коњи. „Дошле кај баба ми, раскажува Сенто Златков, од с. Добрево, за која дознале дека има пари. Го врзале татко ми Ангел и го терале до Којково. Домашните морале да продадат добиток, собрале 300 гроша пари и го откупиле. Откога се вратил, дошле Турци во селото и го прашале каде го терале арамиите. Тој кажал дека му ги врзале очите и не знаел

[15]) На авторот ова му го раскажа Гаврилов Саздо, од. с. Неокази.

[16]) Податоци од Тасе Тод. Спасов, од Ратавица, роден 1868 г.

каде го терале. Баба ми ја печеле по мевот со вжештен вршник од што умрела. Умрела и првата жена на татко ми од страв.“[17])

Арамиите воделе борба со турскиот аскер во „Оџин Камен“.[18])

Од подоцнежните арамии се спомнуваат уште Аралампи и Анастас од с. Јамишта. Тие заедно со Марко и Коле Сакулички го убиле бегот од Туралево и му зеле пари.

Еднаш, околу 20 арамии отишле во Петршино и го мачеле населението, барајќи да им даде еден шиник пари. Зеле од куковскиот бег 20 коњи.[19])

Меѓу ајдутите и арамиите од овој крај била мошне позната ајдутката Наца Гуцева.

Според раскажувањето на некои стари луѓе, Наца била принудена да стане ајдутка заради насилништвото на некој бег. Таа 10—12 години одела со дружина.[20]) Наца со својата дружина одела дури во Драмско и Кавалско, каде вршеле обири. Во Стара Планина ги разбила турска војска и таа се префрлила во Скопје. Се главила кај некој Турчин да му биде сеиз. Била облечена во пантолони — Турчинот ја викал Наце (машко име). Еден селанец од Древено, кој однел да продава водеиички камења во Скопје, кога сакал да ги напои воловите на една чешма, Наца му удрила шлаканица велејќи: „А бре, древенски шлакутар.“ Кога селанецот се вратил во Древено, расправал дека некој Турчин го удрил, „ама ми се чини дека е наша Наца.“ Потоа Наца решила да се врати во селото и да се омажи. Кога дошла во Древено кај татка си, го прашала: „Имаш ли настрана твој човек.“ — „Имав ќерка, но одамна забегна“, одговорил татко ѝ. Тогаш се препознале. Никој не сакал да ја земе за жена, не смеел. Потоа се омажила за Нако од Калништа. Купила имот. Имале два сина, едниот ѝ го убиле.[21])

За ајдути од овој крај, кои по Руско-турската војна се изметнале во арамии, цитираниот веќе Стеван Симиќ, го вели ова: „Но за кратко време овие чети се изметнаа во обични, ограбувачки банди, кои започнаа да напаѓаат и на Турци и на христијани. Од тоа време останаа многу лоши спомени во народот . . . Народот не беше во состојба сам да се брани од ваквите востаници, а на турската власт ѝ беа врзани рацете бидејќи тогаш воопшто немаше војска во градот и околијата.“[22])

За потврда на горното нека ја приведеме и оваа констатација:

---

[17]) Ова на авторот му го раскажа во 1971 година Сенто Ангелов Златков, од с. Доброво, роден 1883 година.

[18]) За ова раскажува Стојанов Д. Стојче од с. Горни Стубол.

[19]) Раскажува Сене Тиров Димишков, од с. Пробиштип.

[20]) Раскажува Наун Божинов Трајчов, од с. Древено.

[21]) За ова на авторот му раскажа Сене Нанев Мијалков, роден 1900 година, од Калништа. Тој во 1916 година бил овчарче кај Наца во Калништа, кога таа имала 80 години. Од неа разбрал за раскажаното.

[22]) Стеван Симић, Историја Кратовске области, стр. 173.

„Засилувањето на арамиството во 80-те години од XIX век ги опфати и краиштата на Источна Македонија, особено оние што биле поблизу до турско-бугарската граница (каква што е Злетовската област — А. А.), биле изложени на напади од страна на разбојници од македонска народност, кои се криеле во Бугарија и оттаму слегувале да ограбуваат, во Македонија. Вистина, тие ги напаѓале главно богатите турски селани, но турските потери и воените одреди по селата на Источна Македонија редовно ги обвинувале мирните македонски села дека наводно стојат во врска со разбојничките банди, па повеќе ги гонеле мирните селани отколку разбојниците, често уценувајќи и затворајќи ги . . .“[23])

Тајната македоно-одринска револуционерна организација ѝ стави крај на активноста на арамиските дружини, а некои нејзини членови станаа одлични револуционери.

D-r Aleksandar Apostolov

VUE RÉTROSPECTIVE SUR LE MOUVEMENT DES „HAJDUKS“ ET SUR LE BRIGANDAGE DANS LA RÉGION DE ZLETOVO

Résumé

Dans ce bref supplément, se basant sur des données orginales publiées ou non, se basant aussi sur les témoignages de contemporains et sur les chants parlant des „Hajduks“ et des brigands de cette région l'auteur a essayé de donner une vue rétrospective sur cette forme de résistance passive et active au joug turc.

Dans ce supplément l'auteur commente l'activité du célèbre combattant pour la liberté nationale de la Macédoine de l'est, Iljo Markov — voïvode de Maleševo, et l'auteur parle aussi du Voïvode Rumena du village de Gouechevo, région de Kustendil. Ceux-ci, d'après des données originales écrites, d'après les chants qui maintenant encore sont chantés par le peuple et d'aprés les témoignages de personnes âgées de cette région, ont agi, avec leurs compagnies armées, même dans le région de Kratovo et Zletovo.

Ce qui est tout à fait nouveau et inconnu jusqu' á maintenant dans notre littérature historique, c'est l'activité de la „Hajduk“ Nada Goutseva, du village de Dreveno près de Zletovo, qui pendant dix ans a été membre de la compagnie de „Hajduks et Arami“ qui parcourait toute la Macédoine de l'est, pour ensuite, en tant que déjà célèbre Sirma Voïvoda, se consacrer à une vie tranquille et paisible.

[23]) Историја на македонскиот народ, II, Скопје 1969, стр. 111—112.

De plus, l'auteur constate dans son exposé, sur la base des témoignages oraux de personnes, aussi bien que se basant sur des sources non publiées, qu'au mouvement „Arami" (brigandage) dans la région de Zletovo ont pris part un grand nombre de personnes, mécontents du joug turc.

Par une telle forme de résistance active ces groupes de brigands „Arami" ou certains particuliers se vengeaient des oppresseurs turcs connus, les assassinant ou leur volant leurs biens.

Par la formation de l'Organisation Macédonienne secrète, le mouvement des „Arami" a été interrompu, mais certains de ces „Arami" se sont mis à la disposition de cette organisation et l'ont servie fidèlement, utilisant leur expérience du combat leur pratique de la conspiration, leurs relations avec des recéleurs et leur audace; mais etant alors des patriotes et des membres d'une Organisation qui avait sa constitution, son idéologie et sa force guerrière, telle qu'était V.M.R.O.

Дац. Славка ФИДАНОВА

АЛБАНСКАТА НАРОДНОСТ ВО МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕТО НА НАРОДНО-ОСЛОБОДИТЕЛНАТА ВОЈНА И НАРОДНАТА РЕВОЛУЦИЈА

Албанското население во Македонија имаше иста судбина како и македонскиот народ за сето време на стара Југославија. Национално угнетувано, како и македонскиот народ, тоа се наоѓаше во потешка положба и поради постојаниот притисок од големосрпскиот режим, кој имаше за цел да го исели и да му ја одземе земјата. Покрај постојните мерки што се спроведуваа врз основа на Законот за аграрните односи и врз основа на Законот за населување, постоеја и други дискриминаторски методи, во кои националистите од четничкото здружение имаа главен збор.[1]) Во последните години пред војната проблемот на иселувањето стана акутен затоа што југословенската влада потпиша со турската влада Конвенција за иселување.[2])

Албанското население, незадоволно со својата положба, потпадна под влијание на сепаратистичките струења, чии носители беа албанските националистички сили — аги и бегови и дел од албанската интелигенција, на кои притоа не им пречеше истовремено да бидат и народни пратеници и сенатори на листата на владеачките партии во старата југословенска држава.[3]) Последните години пред априлската војна сепара-

---

[1]) Архив на Југославија (АЈ), Фонд Милан Стојадиновиќ (МС), к. 35, Претставка на Димитрија Анастасијевиќ—Ташула, од 21. август 1936, тогашен адвокат во Скопје, во која е изнесен план за иселување на Арнаутите од некои околии.

[2]) Види во статијата: Sl. Fidanova, KPJ u Makedoniji u borbi za mase 1941—1942, JIČ, 1968, 1—2, стр. 78.

[3]) Во еден извештај на Кралската банска управа во Скопје, како носител на овие струења меѓу албанските маси на југословенската територија се споменуваат албанските политички личности: Ферат-бег Драга, бивш народен пратеник за Скопје, бивш претседател на политичката странка за Јужна Србија—Џемијет, претседател на Улема меџлис; Асим Љуш, бивш народен пратеник од Ѓаковица за Метохија; Кадри Сали, бивш народен пратеник од Гостивар за Полог и Кичевскиот крај; Илјаз Агушевиќ, бивш народен пратеник од Приштина за Косово и др. Понатаму во извештајот се вели дека оваа акција ја помагале и албанскиот католички клер, како и еден поголем дел од државните имами. (А VII, п. 17, к. 61, ф. II/1, микрофилм во АМ). Во еден друг документ во врска со активноста на наведените албански првенци се вели: „Сите напред наведени се познати како големи приврза-

тистичкото движење кај Албанците беше сè позабележително, под влијание на италијанската пропаганда и италијанската известителна служба, која својата активност ја подзасили особено по окупацијата на Албанија во пролетта 1939 година.

Фашистичка Италија, заинтересирана да ги прошири своите интересни сфери на Балканот, откако ги освои мошне рано позициите во Албанија, го искористи незадоволството на Албанците на Косово и во Македонија поради одземањето на земјата и нивното иселување, ги подгрејуваше сепаратистичките стремежи кај нив и работеше врз разбивањето на Југославија. Тоа таа успешно го спроведуваше преку албанските и италијанските дипломатски претставништва, односно италијанските,[4]) преку воено-известителната служба — СИМ офи-

ници на Албанија без оглед на тоа што е Албанија заземена од страна на Италијанците и тие се духовни водачи на сите акции кај арнаутското население". (А VII, п. 17, к. 61, ф. 14/1. За албанските првенци види и во документите во А VII, к. 61, ф. 2/1; к. 26, ф. 53/2 и ф. 51/7.).

[4]) Непобитен е фактот дека италијанските и албанските дипломатски претставништва во Белград, Скопје и Битола со помош на албанските првенци имале голема улога во водењето на акцијата меѓу албанското население за разбивање на Југославија, односно за присоединување на деловите населени со Албанци кон Албанија. Дописникот на Централниот пресбиро од Тирана во еден свој извештај од 1936 година соопштува: „Во последно време во Албанија интензивно се работи за формирање на Косовскиот комитет и се подготвува позасилена пропаганда во Јужна Србија преку Албанскиот и Италијанскиот конзулат во Битола и Скопје". (А VII, п. 17, к. 27, ф. 41/3). По италијанската окупација на Албанија дојде до фузионирање на италијанските и албанските претставништва, така што извесен број службеници од албанските претставништва преминаа на работа во италијанските дипломатски претставништва, каде што продолжија со својата дотогашна работа во корист на Италија. (А VII, фонд бугарска непријателска архива, к. 1, ф. 4/2). Таков бил случајот со албанскиот пратеник во Белград д-р Тахир Штила, кој и пред окупацијата на Албанија одржувал тесни врски со албанските првенци, а по окупацијата вршел курирска должност, пренесувајќи пари за изведување на споменатата акција. (AVII, п. 17, к. 61, ф. 2/1). Продолжувањето на дотогашната италијанско-албанска пропаганда и нивното дејствување во Македонија се потврдува и во еден друг документ од 1939 година, во кој се вели: „Според извесни сигурни сознавања фузионираните италијанско-албански претставништва во нашата земја (посланството во Белград и конзулатите во Скопје и Битола) ќе продолжат по насоките на бившите албански претставништва во нашата земја" (AVII, п. 17, к. 26, ф. 35/2). Инаку италијанската пропаганда преку италијанските дипломатски претставништва непосредно пред априлската војна земаше сè поголем замав, што се потврдува и со следниов извештај на Кралската банска управа во Скопје од 10 мај 1940 година, во кој се вели дека италијанскиот пратеник во Белград, Мамели, со писмо го известил италијанскиот конзул во Скопје: „Готов сум од своја страна со сите сили да ја потпомогнам секоја акција на албанското малцинство во југословенска Македонија којашто би им користела на италијанските воени, политички и економски интереси на Балканот, специјално во Југославија . . . . .". За финансирање на оваа акција тој изразува готовност „на Кралскиот конзулат секој месец да му испраќа по 120.000 динари, со тоа парите да бидат употребени само за таа акција". Притоа тој сметал и на извесен број од албанските првенци кои би се прифатиле за таа работа, па затоа во писмото понатаму се вели: „Се надевам дека во југословенска Македонија сепак ќе се најдат чесни и свесни албански првенци кои ќе можат со извесна постојана парична награда да ги пропагираат меѓу своите истомисленици италијанските интереси . . . .". (AVII, п. 17, к. 61, ф. 13/1).

церите, кои беа поврзани со албанските националистички сили,[5]) како и преку илегалното Студентско друштво БЕСА.[6]) Друштвото БЕСА формирано е 1935 година во Белград на иницијатива на некои личности од италијанското, односно албанското дипломатско претставништво. Организатори и членови на Друштвото беа неколку студенти — Албанци од Косово и Македонија, кои беа привржаници на фашистичката идеологија и работеа во корист на фашистичка Италија. Својата активност тие ја пренесуваа во внатрешноста, каде што се поврзуваа со реакционерните албански националистички сили. Под форма на културно-просветна работа, тие ја шираа фашистичката идеологија, ја проповедаа големоалбанската идеја меѓу албанските широки народни маси, сеејќи истовремено верска омраза меѓу Албанците и Македонците.[7])

Многубројните извештаи на југословенските воени власти од тој период со загриженост соопштуваа за засилената италијанска пропаганда во краиштата населени со Албанци, за дејствувањето на италијанската известителна служба, за движењето на албанските политички првенци, истовремено изнесувајќи ги причините што довеле албанското население да бара излез во италијанската окупација, макар што мнозинството на албанското население во Албанија не ја прифатило италијанската окупација.[8]) Но, и покрај тоа, владеачкиот режим на стара Југославија не презеде никакви мерки за да ја подобри нивната положба.

---

[5]) Според искажувањата на еден од агентите на германската известителна служба (АБВЕР), италијанската известителна служба (СИМ), чиј центар се наоѓал во Тирана, на чело со генералот Паријани, во Македонија дејствувала од три правци: од Елбасан и делумно од Кукс и Корча. Главен пункт за Македонија бил Елбасан од каде што службата дејствувала во правецот Дебар—Скопје—Куманово—Кр. Паланка, со горниот дел на Повардарието и во правецот Струга—Охрид—Битола—Прилеп—Штип, со средниот дел на Повардарието. СИМ службата за спроведување на својата пропаганда предвид ги имала пределите населени со Албанци, но притоа како главна цел ѝ бил градот Скопје „каде што се наоѓал Италијанскиот конзулат, исто така камуфлиран орган на СИМ". (Елаборат за италијанската известителна служба). За сега не располагаме со документи што би се однесувале за конкретната акција на овој пункт во Елбасан, освен за дејствувањето на СИМ-офицерот во Кукс, Анѓело Антика, кој имал создадено широка мрежа на повереници на територијата Косово и неговата работа во таа смисла била прилично обемна. (За ова види во наведениот елаборат; AVII, п. 17, к. 26, ф. 42/2 и к. 26, ф. 52/2). Работата на Анѓело Антика се проширила и на територијата на Македонија, посебно во Скопје, бидејќи луѓето во италијанската известителна служба, како Ферат-бег Драга и Мухамед Шабан Емин Паша, живееле и работеле во Скопје. Според некои податоци улогата на Мухамед Шабан Емин Паша во служба на италијанската известителна служба во правецот на Скопје особено била запазена во времено на окупацијата на Македонија. — Види во наведениот елаборат во АМ; AVII, п. 17, к. 61, ф. 1/4 и 1/7; Ali Kadri, Okupacioni sistem na Kosovu i Metohiji 1941—1944, JIČ, 1965, бр. 2, стр. 51.

[6]) Елаборат за организацијата „Беса".

[7]) Елаборат за организацијата „Беса" во Тетово.

[8]) AVII, п. 17, к. 26, ф. 37/2 и 56/2.

КПЈ, уочувајќи ги навреме сите последици од ваквата политика на империјалистичките земји, посебно на фашистичка Германија и Италија и на нивните агенти во земјата, редовно во своите документи укажуваше на опасноста што доаѓа од нив за независноста на народите и народностите во Југославија. Поради акутноста на тоа прашање, со оглед на започнатата империјалистичка војна и зајакнатата активност на империјалистичките држави, национално угнетените народи да ги искористат за своите освојувачки цели, КПЈ на тој проблем му даде посебно место на V-та земска конференција. Затоа во Резолуцијата, донесена на оваа Конференција, напоредно со задачата партиските организации да се борат за национална рамноправност и слобода на албанските маси, беше речено дека ќе треба да се борат и „против италијанските агенти, кои во тие краишта настојуваат со разни ветувања да ги измамат угнетените Арнаути и да предизвикаат воен судир во тој дел од Југославија".[9])

По окупацијата на Македонија и нејзината поделба, албанското население, како и македонскиот народ, потпадна под двата окупатори: италијанскиот и бугарскиот. Најголем дел од албанското население се најде во окупираниот дел на Македонија под Италијанците, што тие го приклучија кон Албанија, создавајќи „голема Албанија", воспоставувајќи квислиншка цивилна албанска власт на чело со реакционерни националистички сили. Воспоставувањето на албанската квислиншка власт во служба на италијанскиот окупатор, особено со отворањето школи на албански јазик, како и поради нивното огорчување со хегемонистичката политика на големосрпската буржоазија, придонесоа кај добар дел од Албанците да се јави илузија за ослободителната улога на италијанскиот окупатор.[10])

За разлика од положбата на Албанците во окупираниот дел на Македонија од Италија, во кој беа фаворизирани и поттикнувани против Македонците, Албанците во окупираниот дел на Македонија од Бугарите не само што се третирани како граѓани од втор ред, бидејќи не беа од „бугарско потекло", туку дури беа изложени и на полициска тортура. Изложени на полициски притисок од бугарскиот окупатор, Албанците од селата покрај демаркационата линија емигрираа на територијата под италијанска окупација, каде што, наоѓајќи се без земја и без занает, се оддаваа на разбојништво и на ограбување, а од 1943 година ја претставуваа основната сила на платените балистички единици за борба против НОД и НОВ на Македонија.[11])

Италијанскиот окупатор вешто ги користеше илузиите на едните и незадоволството на другите, за да ја зацврсти власта во веќе оку-

---

[9]) Proleter 1929—1942, Beograd, 1968, стр. 770—771.

[10]) Исто така во точ. 2., стр. 77, 78; Сл. Фиданова, Некои особености во развојот на народната власт во Западна Македонија, Зборник „Развитокот на државноста на македонскиот народ", Скопје, 1968, стр. 299, 300, 301, 302; АИНИ, Скопје, Изјава на Џафер Кодра.

[11]) Славка Фиданова, Подготовките за формирање на Тетовскиот партизански одред, Историја, 1966, год. II, бр. 1—2, стр. 6 и 7.

пираните краишта, но и за да ги прошири претензиите на територите што му припаднаа на бугарскиот окупатор, особено на градовите Скопје, Куманово и др. Во таа смисла окупаторот разви пропагандна активност во корист на „голема Албанија", особено на територијата што ја окупираа Бугарите, работејќи на тоа за да ја придобие и турската народност за проалбанска акција.[12]) Како последица на тоа во текот на мај 1941 година, на иницијатива на некои личности од организацијата БЕСА, во Скопје беа приредени манифестации под парола градовите — Скопје и Куманово — да се присоединат кон Албанија, а потоа групата со исти барања приреди манифестации и во Тетово.[13]) Така еден дел од албанската народност, поради разните околности, во прв ред поради културната и верската заостанатост, под влијание на италијанската пропаганда и разните албански реакционерни сили, го прифати италијанскиот окупатор, а подоцна и германскиот, наспроти општите интереси на албанскиот народ.

Платформата на Комунистичката партија на Југославија која, повикувајќи ги народите на Југославија во борба против окупаторот, ја поврзуваше борбата со националното ослободување на сите народи и народности во Југославија, отвораше перспектива и пред албанските народни маси за остварување на нивните национални права. Сета смисла на националната политика на Комунистичката партија во текот на Народноослободителната борба најјасно беше изразена во зборовите на водачот на востанието во Југославија Јосип Броз-Тито: „Зборот народноослободителна борба би бил само една фраза, па дури и измама, кога освен општојугословенска смисла не би имал и национална смисла за секој народ посебно, т.е. значи, кога освен ослободувањето на Југославија во исто време тоа не би значело и ослободување на Хрватите, Словенците, Србите, Македонците, Албанците, Муслиманите итн., кога народноослободителната борба би ја немала таа содржина навистина да им носи слобода, рамноправност и братство на сите народи на Југославија . . . ."[14]) Сите подоцнежни акти на раководството на КПЈ по националното прашање на народите и народностите на Југославија беа потврда на доследноста на нејзината политика по тоа прашање, борејќи се непрекинато и денес за нивното остварување. КПЈ за Македонија исто така во сите свои прогласи, обрнувајќи се до македонскиот народ со повик за борба против окупаторот за остварување на својата национална слобода, истовремено се обрнуваше и до другите народности во Македонија, вклучувајќи ја и албанската народност, во заедничка борба со македонскиот народ и тие да ги извојуваат своите национални права.

Меѓутоа, при практичната реализација на партиската политика за нивното вклучување во народноослободителните партизански

---

[12]) AVII, фонд бугарска непријателска окупација (БО), к. 1, ф. 4/2, микрофилм во АМ; АИНИ, Скопје, Исказ на еден бугарски окупаторски воен злосторник, нерегистриран материјал.

[13]) Исто; Види во споменатата статија на Сл. Фиданова во точ. 2, стр. 5.

[14]) Josip Broz — Tito, Govori i članci, knj. I, Zagreb, 1959, стр. 119.

одреди и НОВ на Македонија, пристапот кон албанските маси беше различен со оглед на нивниот став и расположението во однос на окупаторот. Во окупираниот дел на Македонија од бугарскиот окупатор, каде што огорчувањето на албанското население спрема окупаторот беше големо, требаше само да се канализира незадоволството, запознавајќи ги Албанците со целите и карактерот на НОБ. Поради тоа албанското население во овој дел на Македонија многу порано се определи за НОВ. Има многу примери на поединци, групи, па и на цели села што се вклучија во НОВ и зедоа активно учество во неа. Во тој однос посебно внимание заслужуваат првите народноослободителни партизански одреди од 1941 година — Скопскиот, Кумановскиот, во чии редови, покрај Македонци, имаше и други народности, па и борци од албанската народност, што во однос на вкупниот број на партизаните во тие одреди, нивното учество, иако малуброjно, претставуваше големо постигнување.[15]) Познат е случајот на селото Никуштане во Скопска околија од 1941 година, кое при повлекувањето на Скопскиот партизански одред пред потерата на бугарската полиција го поддржуваше одредот, собирајќи поголемо количество храна за одредот.[16]) Голема улога во Скопска околија во текот на 1942 година при формирањето на Вториот скопски партизански одред и неговото дејствување на тој терен, исто така, одигра албанското село Танушевци, кое за ова време претставуваше едно од упориштата на народноослободителното движење во овој крај на Македонија и на еден дел од Косово.[17]) Со своето учество во народноослободителното движење и привrзаноста кон движењето многу беше карактеристичен случајот на албанските села во Велешка околија: Горно и Долно Јаболчиште, Согле и др., кои во 1942 година претставуваа база за исфрлање на првите партизански чети на планината Лисец.[18]) За целото време на 1942 година и во почетокот на 1943 година, додека на тој терен дејствуваше партизанскиот одред „Пере Тошев", подоцна партизанскиот одред „Димитар Влахов", овие села, како и областа околу нив, претставува речиси полуслободна територија. Одредот „Димитар Влахов" наиде на добар прием и во албанските села во Скопска околија: Горно Количани, Алдинци и др. Акцијата што ја изведе одредот во Горно Количани есента 1942 година предизвика големо одушевување меѓу албанското население, така што за време

[15]) АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Скопскиот и Кумановскиот партизански одред; Методи Петровски и Петар Трајковски, Куманово, 1969, стр. 66; Кемал Мусли, Првата ноќ со партизаните, Јубиларен весник „13. ноември", Скопје, 1970, бр. 9; Кемал Сејфула, Во Првиот скопски партизански одред, Јуб. вес. „13. ноември", Скопје, 1964, бр. 3.

[16]) АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Скопската партиска организација и Скопскиот партизански одред; Кемал Сејфула, споменатата статија.

[17]) Кемал Сејфула, Дваесет и пет години од формирањето на Вториот скопски партизански одред, јуб. вес. „13 ноември", Скопје, 1967, бр. 6; Изјава на Лазо Стефановски, АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Скопскиот партизански одред, стр. 49, 50.

[18]) Јордан Леов, Велешката партиска организација во 1942 година, Зборник, Велес и Велешко во НОВ 1942, Т. Велес, 1969, стр. 57, 63; Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 2, стр. 245.

на одржувањето на митингот беше приредена вистинска веселба.[19]) Многу документи, како и сеќавањата на учесниците во тие одреди, ги забележаа примерите на поединци што беа готови да им помогнат на партизанските борци како нивни курири, како доставувачи на храна и сл.[20]) Применетите репресалии од страна на бугарскиот окупатор по разбивањето на одредот „Димитар Влахов", особено врз албанското население во споменатите села од Велешка околија, направените зверства врз припадниците на НОД на очиглед на сите присутни селани, не го поколебаа албанското население. Тие, заедно со македонскиот народ, стоички ги поднесоа сите маки и неволји.[21])

Со создавањето на нова плима во почетокот на 1944 година, албанските села од овој крај многу активно го помагаат партизанското движење, одигрувајќи значајна улога во познатиот Богумилски поход на Првата македонско-косовска бригада, како и при конечното ослободување на земјата.[22])

Меѓутоа, и на територијата под бугарска окупација, меѓу албанското население се најдоа луѓе, разни декласирани елементи, од чии редови окупаторот формира контрачети за борба против партизанските одреди и НОВ на Македонија, особено по капитулацијата на Бугарија.[23])

---

[19]) Извори за ослободителната војна и револуција во Македонија 1941—1945 (Извори), Том I, кн. I, 1968, стр. 360; Зборник докумената и података о народноослободилачком рату југословенских народа (Зборник), том VII, књ. I, стр. 138, Саопштење Главног штаба народноослободилачких партизанских одреда Македоније о борбама од 2 августа до 7 актомбра 1942 год., во кое во врска со споменатиот настан се вели: „Во почетокот на октомври четата број еден од одредот Димитар Влахов извршн успешен напад на општината во селото Количани, во Скопска околија, ја запали архивата и заплени: 20 пушки, 2.000 фишеци, 2 машини за пишување, преса и др.".

[20]) Како пример наведуваме една изјава на еден од учесниците во партизанскиот одред Димитар Влахов: „Тоа беше пред крајот од месецот октомври 1942 год. Стигнавме пред селото Еловец и тука се засолнивме во една плевна каде што помина еден Арнаутин. Нему му објаснивме дека сме партизани и му побаравме да ни донесе леб. Тој ни донесе 4 погачи, 20 кгр. компири и јаболка. Како надоместок, во вид на бакшиш, ние му дадовме една пита кашкавал и 200 лева. Тој нас нè допрати до патот за селото Држилово, од каде продолживме и стигнавме до селото Горно Нерезе". — АИНИ, Скопје, Воен полев суд, 1943 година.

[21]) Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 2, стр. 247; Никола Кирков, И мртва, Битула не го испушти детето . . . ., Запис од едно крваво октомвриско утро во 1942 год. во селото Д. Јаболчиште, види Народен билтен, Т. Велес, 9 ноември 1961, бр. 10; Никола Кирков и Јордан Леов, Велес во НОБ, стр. 130—132.

[22]) Бранислав Шикиќ, Поречкиот партизански одред и Скопската дополнителна бригада, Јуб. вес. 13 ноември, Скопје, 1967, бр. 6; Илија Нешовски, Бригадата меѓу народот, Јуб. вес. 13 ноември, Скопје, 1964, бр. 3; Ристо Чубриловски, Борбениот животопис на XII скопска ударна бригада, Јуб- вес. 13 ноември, Скопје, 1963, бр. 2; Киро Цветковски, За борбениот пат на Скопскиот одред . . . . Извадоци од партизански дневник, Исто.

[23]) АИНИ, Скопје, фонд БО, к. 3, нерегистриран материјал; Исто, Според еден документ, Скопската обласна полициска управа со наредба бр. 33 за контрачетници назначила една група Албанци на чело со Фета Османов за борба против „противдржавните елементи" кои се појавиле во Скопска околија; Исто, Изјава на бугарски окупаторски воен злосторник, нерегистриран материјал.

За разлика од територијата под бугарска окупација, каде што мнозинството од албанското население пристапуваше кон НОБ, процесот на опфаќањето на албанското население во редовите на НОД во Македонија под италијанска окупација беше многу побавен и потежок, и тоа како поради наведените илузии, така и поради политиката на окупаторот и неговите слуги што сееја верска и национална омраза меѓу Албанците и Македонците. Поради овие објективни околности бројот на опфатените Албанци во редовите на НОД во 1941 година беше речиси незнатен. Нешто поголем пробив меѓу албанските маси беше направен во текот на 1942 година, за што многу придонесоа и службениците од Албанија, главно просветните работници, што беа антифашистички расположени. Во текот на 1942 се формираа и посебни партиски ќелии и скоевски групи од редовите на Албанци, најчесто заедно со Македонците.[24]) Посебни албански партиски ќелии и скоевски групи имаше во Тетово, Гостивар и Дебар. Во овие градови имаше Албанци-комунисти и во месното партиско раководство.[25]) Благодарејќи на нивната политичка активност беа постигнати и првите резултати во опфаќањето на албанските маси во редовите на НОД, така што се забележани и првите заеднички акции насочени против окупаторите и нивните слуги.[26])

Сепак, албанските маси помасовно му пристапуваат на НОД во текот на 1943 година, со исклучок на Дебар, каде што од 1942 год. беше опфатен поголем дел од младината.[27]) За овој пресврт кај албанските маси беа значајни преземените мерки од военото и политичкото раководство на Македонија, кое во врска со натамошниот развој на востанието во Западна Македонија, како најважна политичка задача пред партиските организации ја постави политичката работа меѓу албанските маси, за нивното вклучување во редовите на НОД и НОВ на Македонија и за создавање на братство и единство меѓу македонскиот и албанскиот народ. Имено, партиските организации, според заклучоците на седницата на ЦК КПМ од 4 и 5 мај 1943 година, со својата засилена политичка работа меѓу албанските маси, требаше да го разобличат окупаторот и неговите слуги, да им објаснат на албанските маси дека своите национални права можат да ги остварат само во заедничка борба со македонскиот народ против окупаторот и дека во нивни интерес е да се вклучат во редовите на НОВ на Македонија, под команда на Главниот штаб на Македонија, кој еднакво се бори како против бугарскиот окупатор во Македонија, така и против сите окупатори, а за ослободување на македонскиот народ и албанската народност, за да можат слободно да решаваат за својата судбина.[28]) Со оглед на специфичните услови, раководството на НОД на Маке-

[24]) Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 10, стр. 308.
[25]) Исто.
[26]) Исто.
[27]) АИНИ, Скопје, Стенографски белешки за Дебарската партиска организација; Исто, Изјава на Џафер Кодра.
[28]) ИА КПЈ, том. VII, стр. 220.

донија го застапуваше гледиштето да се формираат посебни албански партизански одреди под команда на Главниот штаб на Македонија и на него потчинетите воени раководства, кои низ заедничките акции би се братимиле со македонските партизански единици, а потоа би дошло и до создавање на заеднички македонско-албански народноослободителни единици.[29]) Поради оваа специфичност се застапуваше гледиштето во градовите и селата каде што заеднички живеат Македонци и Албанци, да се формираат и посебни народноослободителни комитети до созревањето на условите за создавање на заеднички народноослободителни комитети во кои би биле застапени и едните и другите.[30]) За успехот на оваа политичка акција требаше да придонесе и договорот постигнат во јуни 1943 година помеѓу Главниот штаб на Македонија и Главниот штаб на Албанија за заедничка политичка и воена соработка, според кој Главниот штаб на Албанија требаше што поскоро да испрати една чета на територијата на I-та оперативна зона, односно во Западна Македонија под италијанска окупација, која под военото и политичко раководство на Македонија требаше политички да дејствува во духот на веќе прокламираната линија[31]). Меѓутоа, и покрај тоа што военото и политичко раководство во Западна Македонија воспостави врска со албанскиот партизански одред на Хаџи Леш, со албанскиот баталјон „Мокра", сè до капитулацијата на Италија, не беше остварена поголема соработка со нив затоа што тие дотогаш не преминаа на југословенска територија.[32]) Исклучок во тоа претставуваше присуството на четворица испратени албански борци, кои беа растурени по единиците на НОВ на Македонија и како такви многу придонесоа за политичката работа меѓу албанските маси.[33])

Военото и политичко раководство на НОД во Македонија, меѓу другото, го имаше предвид и влијанието што го имаа врз албанските маси албанските националистички сили, разни бајрактари и на нив слични, кои во тој момент беа непријателски расположени спрема Италијанците, па поради тоа со цел да ги обединат сите родољубиви и патриотски сили за борба против окупаторот, работеа да постигнат договор за заедничка акција против окупаторот и со овие националистички сили. Еден таков договор за формирање заеднички воен штаб за водење заедничка акција против окупаторот со националистичките сили, кои имаа свои вооружени единици, секако ќе имаше воjнички и политички ефект кај албанските маси. Летото 1943 година еден таков договор постигнат е помеѓу II-та оперативна зона и националистичките сили од територијата на Струшка околија[34]), додека на 6 септември 1943

[29]) Исто.

[30]) АИНИ, Скопје, арх. 436, 656, 462, 387; Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 10, стр. 316.

[31]) ИА КПЈ, том VII, стр. 228—229, 240.

[32]) Зборник, том VII, кн. I, стр. 244, 263, 331, 354—355.

[33]) Исто, стр. 355.

[34]) Исто, стр. 317, 319, 355; Исто, кн. II, стр. 76; Струга и Струшко, Струга, 1970, стр. 99; Велимир Брезовски, Ослободителната војна во Македонија 1943 на територијата на СРМ, 1971, стр. 188 и 189.

година ист таков договор беше постигнат помеѓу Главниот штаб на Македоннја и I-та оперативна зона, од една страна, и Главниот штаб на Албанија и националистичките албански сили, од друга страна.[35]) Договорот предвидуваше создавање на заеднички воен штаб и водење заеднички акции на територијата на Западна Македонија. Меѓутоа, овој договор никогаш не влезе во сила, поради настаните од 8 септември, кои наполно ја изменнја ситуацијата во однос на политичките сили во Албанија, па според тоа и на територијата на Западна Македонија.

Напорите на партиското и воено раководство, вложени за успешно извршување на таа најважна политичка задача, за политизација на албанските маси на платформата за борба против окупаторот, наскоро беа крунисани со успех. Албанските маси, сфаќајќи ја политиката на окупаторите и на нивните слуги, сè повеќе се определуваа за народноослободителното движење. Значајни резултати во тој однос беа постигнати во Дебар и во Гостиварска околија, каде што идејата на братството и единството особено доаѓаше до израз. Покрај широкото опфаќање на албанските маси во НОД, родољубите—Албанци од Дебар во јули 1943 година изведоа и акција на телефонските врски на патот Дебар—Гостивар и Дебар—Кичево.[36]) Во почетокот на јули 1943 година, на територијата на Гостиварска околија е формирана и посебна албанска чета, во која имаше 9 борци.[37]) За неполни 10 дена, изведувајќи акции по селата во Гостиварска околија и дејствувајќи политички преку одржување митинзи, бројот на борците-Албанци брзо се зголеми во четата. Четата наскоро прерасна во народноослободителен партизански одред, а подоцна, како израз на создаденото единство и братство меѓу Македонците и Албанците во вооружената борба против окупаторот и неговите слуги, се формира заеднички Македонско-албански народноослободителен партизански одред.[38]) Братството и единството меѓу Македонците и Албанците особено се манифестираше во гостиварското село Равен, каде што Албанците, носејќи ги на раце партизаните-Албанци и Македонци, ги извикуваа паролите: „Да живее братството на Албанците и Македонците".[39]) Според некои податоци, во формирање бил и албански одред во Струга.[40]) Покрај тоа што во ова време се формира посебен албански одред, кој подоцна се помеша со македонскиот, односно со Мавровскиот и Кичевскиот партизански одред, Албанци-борци имаше и во партизанските одреди „Славеј" и „Дримкол".[41]) Извесен број Албанци од Дебар и Струга се најдоа и во албанските одреди — на Хаџи Леш и во „Мокра" — на територијата на Албанија.[42])

[35]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 275.

[36]) Исто, арх. бр. 717.

[37]) Зборник, том VII, кн. I, стр. 313.

[38]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 717; ИА КПЈ, том VII, стр. 255; Зборник, том. VII, кн. I, стр. 371, 389.

[39]) Исто, стр. 389.

[40]) Струга и Струшко, Струга, 1970, стр. 99; Велимир Брезовски, споменатото дело, стр. 188 и 189.

[41]) Зборник, том VII, кн. I, стр. 389; Исто, кн. II, стр. 8, 79.

[42]) Зборник, том VII, кн. I, стр. 396; АИНИ, Скопје, арх. бр. 360; Исто, Стенографски белешки за Дебарската партиска организација, стр. 103—105.

Напоредно со овие, во одделни места во Западна Македонија, каде што заедно живеат Македонци и Албанци, се формираа и посебни албански народноослободителни комитети. Такви посебни комитети постоеја во Кичево, Гостивар, Дебар и Тетово.[43]) Овие посебни албански народноослободителни одбори одиграа улога од првостепено значење при мобилизацијата на масите на линија на народноослободителното движење за развивање на братството и единството меѓу македонскиот и албанскиот народ, во раскринкувањето на окупаторот кој ја подгрејуваше верската и шовинистичка омраза меѓу Македонците и Албанците и сл. Освен политичката функција што ја имаа, сите народноослободителни одбори како органи на народноослободителната борба одиграа значајна улога и при собирањето на материјални и парични средства за потребите на партизанските одреди и единиците на НОВ на Македонија. Подоцна, во текот на 1944 година, ќе се формираат заеднички народноослободителни одбори, во кои се застапени и Македонци и Албанци. Извесен број Албанци заземаа раководни места и во високите партиски и воени раководства, како членови на областен комитет, инструктори, команданти на оперативна зона, член на Главниот штаб на Македонија и др.

Под влијанието на постигнатите успеси на партизанските одреди во Западна Македонија во разбивањето на окупаторската власт, како и под влијанието на настаните во Италија, со паѓањето на фашизмот, квислиншката албанска власт постепено почнува да се распаѓа.[44]) Одделни личности од квислиншката албанска власт почнаа да ги напуштаат своите места и да пристапуваат кон НОД и НОВ на Македонија. Познат е примерот со командирот на милицијата во Кичево — Хамди Дема, кој со група свои луѓе (60 лица) пристапи кон НОВ на Македонија и зазеде функција командант на I-ва оперативна зона и член на Главниот штаб на Македонија.[45])

Напоредно со процесот на сè поголемо определување на албанските маси за НОД, италијанскиот окупатор успеа од редовите на Албанците, главно од дотогашните пљачкашки банди, да формира тн. волонтерски вооружени формации на чело со Џемо Хасани и Мефаил Шеху, за борба против партизанските единици.[46])

Со тоа започнатата поларизација на албанските маси уште повеќе се продлабочи, за да добие набргу по капитулацијата на Италија поголеми размери.

---

[43]) Сл. Фиданова, споменатата статија во точ. 10, стр. 316.

[44]) Зборник, том VII, кн. I, стр. 189. — По извршениот напад на две карабинерски станици во близината на Гостивар, на 24 август 1943 година, четири албански карабинери преминаа на страната на Првиот народноослободителен партизански одред.

[45]) Исто, стр. 313, 325, 356, 374.

[46]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 4954; Зборник, том VII, кн. II, стр. 21.

По капитулацијата на Италија партизанските сили во Западна Македонија успеаја да разоружаат поголем број италијански гарнизони, создавајќи прилично голема слободна територија, со градовите Кичево и Дебар. Постигнатите успеси на партизанските сили пред и по капитулацијата на Италија, го подигнаа угледот и авторитетот на НОД во очите на албанските маси. Тоа предизвика брз прилив на борци од редовите на албанските маси. Само за неколку дена на територијата на Гостиварска, Дебарска и Кичевска околија беа формирани поголем број одреди, во кои, покрај Македонци, имаше и Албанци, како и неколку посебни албански чети.[47]) Со реорганизацијата на партизанските сили, во текот на октомври 1943 година беше формиран и посебен албански баталјон.[48]) додека во Дебарскиот баталјон, покрај Македонци имаше и Албанци, како израз на братството и единството меѓу Македонците и Албанците.[49]) Кон партизанските сили во тоа време се придружија и некои бајрактари со своите вооружени чети, ставајќи се под нивна команда.[50]) Во разоружувањето на италијанскиот гарнизон во Дебар зедоа учество и бајрактарите од Мал Дебар, кои во Дебар влегоа истовремено кога и партизанските сили.[51]) Соочени со фактичката положба, поради многубројната народоослободителна војска, која претставуваше воена сила, а нешто и од страв од проширување на бугарската окупација на територијата на Западна Македонија, на располагање на Главниот штаб се стави и дотогашниот платеник на Италијанците Мефаил Шеху.[52]) Веднаш потоа тој со 500 свои воору-

---

[47]) Исто, стр. 23—24 — Извештај на Штабот на I-та оперативна зона од 15 септември 1943 година.

[48]) Исто, стр. 85, 86, 87, 88, 91; Поповски Елисие, Создавањето на Првиот шиптарски баталјон во составот на Народноослободителната војска на Македонија, Братство, стр. 69—73.

[49]) Поради настанатата ситуација во Дебар по капитулацијата на Италија, во врска со големоалбанските националистички сили, кои ја узурпирале власта во Дебар, според упатствата на Светозар Вукмановиќ—Темпо требало да се формира еден баталјон од младинци — Албанци и Македонци од Дебар. Овој Дебарски баталјон, кој во некои документи се среќава и како младински, требало да покаже дека партизаните се единствени заштитници на македонскиот и албанскиот народ, и борци за полна рамноправност на двата народа, покрај улогата што ја вршеше како гарнизон во самиот Дебар. Дебарскиот баталјон е формиран на 5 октомври 1943 година и како таков влегол во составот на Првата ударна група баталјони, која требало да послужи како база за формирање на I-та ударна бригада. — Зборник, том VII, кн. 2, стр. 79, 91.

[50]) Еден од овие бајрактари бил и Уке Цани — од секторот Жупа, Дебарско. Подоцна се покажало дека тој, пристапувајќи кон НОВ на Македонија, немал искрени намери заедно со македонските единици да се бори против окупаторот. — Исто, стр. 23.

[51]) Исто, стр. 20—21, 31—32, 35, 56—57.

[52]) Добривое Радосављевиќ, инструктор на ЦК КПЈ во Македонија, во писмото од 12 септември 1943 година во врска со таквите случаи го издаде следното упатство: „Мефаил за сега примете го под наша команда и испратете го на граница со детални упатства. Всушност, штом му даваш задача, ти со тоа го примаш под команда . . . . Со Цемо примете, ако имаме сили, борба, а ако немаме, тогаш и преговори за да се влезе во градот (Гостивар — н. з.). — Исто, стр. 14.

жени луѓе беше испратен како граничен одбранбен баталјон на дотогашната бугарско-италијанска граница.[53]) Слична готовност тогаш изрази и Цемо Хасани, но согласност за заедничка акција со партизанските сили не беше постигната поради неговото издајство во текот на подготовките за заземање на Гостивар.[54])

Истовремено со поларизацијата во редовите на албанските маси, настапи и диференцијација кај албанските општествено-политички сили. Националистичките албански сили кои дотогаш се изјаснуваа против италијанскиот окупатор, од страв за своите класни интереси пред растечкото народноослободително движење и единиците на НОВ во Македонија и Албанија, на чие чело се наоѓаа КП на Македонија и КП на Албанија, притоа оптоварени и со големоалбански шовинизам, некои поврзани и со реакционерната псевдонационална организација „Баликомбтар" во Албанија, претставуваа сериозна опасност за НОД во Македонија и во Албанија. Нивниот реакционерен став дојде до израз уште во времето на воспоставувањето на народната власт во Дебар, околу поделбата на воениот плен со единиците на Народноослободителната војска на Македонија, околу истакнувањето на македонското знаме, околу учеството на Македонците во Народноослободителниот комитет во Дебар и сл.[55]) Под притисок на народноослободителните сили во Дебар, овие националистички сили наскоро беа приморани да го напуштат Дебар и веднаш потоа во Пишкопеа се судрија со ослободителните сили од Албанија.[56]) Наскоро по реокупацијата на Албанија и западниот дел на Македонија од страна на Германците и прогласувањето на „Независна Албанија" со квислиншката прогермански влада, албанските националистички сили од територијата на Македонија, вклучувајќи ги и бајрактарите, се поврзаа со германскиот окупатор. На територијата на Струшка околија со германскиот окупатор веднаш се поврза Риза Дрини, како и некој Тефик од Велешта.[57]) На ист начин им пристапија и бајрактарите од околината на Дебар.[58]) Со потпир на нив, германскиот окупатор во Западна

[53]) Исто, стр. 55.

[54]) Исто, стр. 24.

[55]) Во оваа група бајрактари припаѓале главно бајрактарите од територијата меѓу Дебар и Пишкопеја (Мал Дебар на албанска територија — н. з.). Пред капитулацијата на Италија мнозинството од нив се согласиле на спогодба со партизанските одреди и единиците на НОВ на Македонија и единиците на НОВ на Албанија за борба против италијанскиот окупатор, па во таа смисла бил заклучен и овој договор. Узурпирајќи ја власта во Дебар, овие реакционерни големоалбански националистички сили се носеле со мисла на еден конгрес во Дебар да прогласат Голема Албанија, во која македонскиот народ би бил потчинет. За остварување на целта тие се поврзале со реакцијата во Албанија од „Баликомбтар", настојувале да воспостават врска со Германците, макар што истовремено биле и во врска и со претставниците на Англиската воена мисија, а сакале да ги искористат и партизанските сили. Тогаш излегле на видело и сите знаци дека бајрактарите се поврзале и со Цемо. — Исто, стр. 20—21, 30—31, 35, 56, 78—80.

[56]) Исто, стр. 184—185.

[57]) Исто, стр. 76.

[58]) Исто, стр. 35 и 163.

Македонија започна да формира балистички вооружени единици за борба против НОВ. Меѓу првите во служба на Германците, како нивни платеници, стапија дотогашните платеници на Италијанците Џемо и Мефаил. Под влијание на големоалбанската пропаганда на реакционерните националистички сили, како и од страв од балистичките тајфи дојде до проретчување на Албанците во редовите на партизанските одреди и единиците на НОВ на Македонија. Но и покрај ваквата појава, многу видни личности-Албанци и понатаму беа со НОД, што беше од крупно политичко значење за влијанието меѓу албанските маси.

По формирањето на балистичките единици, германскиот окупатор со своите вооружени сили и со тие на балистичките формации на 1 октомври 1943 година изврши напад на слободната територија во Западна Македонија.[59])

Народноослободителните сили — македонските и косовските единици, заедно со албанскиот баталјон или како што се викаше—Томин баталјон и четата на Хаџи Леш водеа двомесечни огорчени борби со балистите и Германците за одбрана на слободната територија и за враќање на загубената. Нанесувајќи им големи порази на сите сектори — народноослободителните сили успеаја да го повратат Кичево и другите загубени територии. Во изглед беше понатамошно напредување. Водејќи вооружени акции, раководството на НОД во Западна Македонија не ја испушти од предвид и политичката работа меѓу албанските маси. Така, поради вестите дека се врши голема концентрација на балистичките сили од страна на Германците за повторен напад на слободната територија, еден од раководителите-Албанци, со својата група луѓе беше испратен во Кичево со задача политички да дејствува меѓу албанските маси во Кичево и селата.[60]) Една помала група Албанци, исто така, беше испратена во Зајас политички да им ја објасни на Албанците целта на Народноослободителната борба.[61]) Оваа акција имаше значајни резултати, така што одделни групи и поединци вклучени во балистички формации беа убедени и принудени да го предадат оружјето.[62]) Ваква беше положбата сè до моментот на повлекувањето на народноослободителните единици, кои пред многу посилните непријателски сили, давајќи отпор, беа приморани да се повлечат, а во декември 1943 година главнината на партизанските сили и да ја напушти територијата во Западна Македонија. По ова во редовите на единиците на НОВ, формирани во времето на капитулацијата на Италија, дојде до поголемо оретчување на Албанците во нив.

По реокупацијата на слободната територија во Западна Македонија, балистите, под заштита на Германците, пред крајот на 1943

---

[59]) Исто, стр. 163—165, 127—128, 208—211, 228—230; Извори, том I, кн. II, стр. 402.

[60]) Исто, стр. 180—184, 190—195, 232—235, 239—243.

[61]) Исто, стр. 191.

[62]) Исто, стр. 208.

и почетокот на 1944 година го пљачкосуваа и тероризираа македонското население од тие краишта.[63]) Во отсуство на поголеми судири со партизанските сили во Западна Македонија, германскиот окупатор балистичките сили од Западна Македонија ги искористи за борба против единиците на Народноослободителната војска во Албанија.[64])

Со враќањето на Првата македонско-косовска бригада во пролетта 1944 година на територијата на Западна Македонија, германскиот окупатор повторно ќе ги употреби балистичките сили против народноослободителните единици на територијата на Западна Македонија. Пред нараснатото народноослободително движење во текот на 1944 година, германскиот окупатор ќе настојува да добие што повеќе во редовите на албанските маси. Користејќи се со сите средства, во прв ред со верската заостанатост на албанските маси, плашејќи ги со комунизмот или со враќање на старото, германскиот окупатор сепак успеа да создаде раздор и да мобилизира дел од албанските маси за своите цели, формирајќи балистички единици. Покрај тоа, на територијата на Западна Македонија под германска окупација во текот на 1944 година имаше и доброволечка војска, која беше организирана на иницијатива на Втората призренска лига, а од средината на 1944 многумина Албанци од Западна Македонија влегоа во составот на формираната СС дивизија „Скендер-бег".[65]) Германците и балистите вршеа и насилна мобилизација на албанските маси. Во оваа акција, покрај Џемо и Мефаил, беше ангажирана и албанската реакција од Дебарска и Струшка околија, како што беа бајрактарите: Уке Цани, Али Маликѝ, Мифтар Кальоши и др.[66]) Меѓутоа, балистичките единици собрани на овој начин, по првата борба со ослободителните сили набргу се распаднаа. Според еден извештај од 14 јуни 1944 година, по една таква борба во Локов, која се одигра за време на германско-балистичка офанзива на слободната територија, кога Германците и балистите беа присилени да ги напуштат своите позиции, поголем број Албанци, што се наоѓаа во редовите на балистите, избегале од нивните редови и почнале да се кријат по шумите за да не бидат повторно мобилизирани.[67]) Германскиот окупатор, за да ги спречи таквите појави, сурово се пресметуваше со нив, свртувајќи го во текот на самата борба своето оружје против нив. Таков беше случајот со една група насилно мобилизирани Албанци, која, не сакајќи залудно да изгине за интересите на Германците, се обиде да избега и да се врати по своите куќи, при што Германците убија повеќе од 30 луѓе; или случајот со друга група Албанци, кога беше убиен и еден од командантите на балистичките сили.[68]) Репресалиите што ги применуваше германскиот

[63]) Зборник, том VII, кн. 3, стр. 173—174.

[64]) Исто, стр. 174.

[65]) Исто, стр. 174—175; Gligor Todorovski, Okupacija Zapadne Makedonije, VIG, 1964, br. 2, стр. 36, 37 и 38.

[66]) Зборник, том VII, кн. 3, стр. 217, 218, 231.

[67]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 3103.

[68]) Зборник, том VII, кн. 3, стр. 217, 218,

окупатор врз македонското население, поради постојаните загуби што му ги нанесуваа ослободителните сили, не ги одминаа ни албанските села. При една таква акција Германците го запалија селото Радолиште — Струшка околија и во него убија 100 Албанци, меѓу кои имаше доста жени и деца.[69])

Раководството на НОВ на Македонија, кое дејствуваше на тој терен, за да укаже на смислата на политиката на германскиот окупатор и на балистичките водачи, за да ја спречи братоубиствената војна, упати повеќе прогласи до албанскиот народ на територијата на Западна Македонија. Штабот на Првата македонско-косовска бригада, во својот проглас од јуни 1944 година,[70]) откривајќи ги пред албанскиот народ вистинските намери на германскиот окупатор, во врска со тоа пишуваше:

„Овие слуги го искористија доаѓањето на нашата бригада за да се обидат уште еднаш да ве измамат и нашето доаѓање да го претстават како да дошла таква војска која сака да го врати старото, па на тој начин повторно да ве мобилизираат за вооружена борба против нас. Повеќе од кога и да е вие можете да се уверите дека нашите пушки пукаат на Германците, на оние што ве поробуваат вас и вашите браќа во Албанија, Македонците и другите народи на Југославија, дека пукаат на германските платеници — балистите, кои ја срамотат честа на албанскиот народ, на оние што ги убиваат вашите браќа во Албанија, што ги палат и пљачкаат нивните куќи, на истите оние што го прават тоа и со мирното македонско население. Против вас, против албанскиот народ, нашата бригада, целата наша војска, нема ништо. Таа се бори за слобода на сите народи, што значи и за ваша слобода. Во слободна Македонија, во слободна и федеративна Југославија — која во сè се разликува од стара Југославија и вие ќе добиете слобода, подобар и посреќен живот".

А, веднаш потоа ги повикуваше во борба против окупаторот и неговите слуги заедно со народноослободителните сили да се борат против заедничкиот непријател — германскиот фашизам, против В. Михаиловите, Цемовите и други банди, „против оние кои досега ви нанесоа толку срам, кои се непријатели на вашите браќа во Албанија".

И во прогласот на Првата македонска ударна бригада, упатен до албанскиот народ од истата територија се укажува на намерите на окупаторот, „дека тие сакаат несвесните Албанци да ги употребат како пушчено и топовско месо против своите албански и македонски браќа" и дека „немилосрдно го ликвидираат секој Албанец кој не сака да ги извршува нивните наредби", истовремено повикувајќи ги „дека не е

[69]) Зборник, том VII, кн. 4, стр. 240—241. — Извештај на Штабот на II-от корпус на НОВ на Македонија.

[70]) Зборник, том VII, кн. 3, стр. 203.

доцна да си подадеме рака и братски да удриме на оние што сакаат да нè скараат. Да удриме по германските окупатори и нивните слуги — предавниците на албанскиот и македонскиот народ".[71])

Со цел да се постигне поголем политички ефект меѓу албанските маси, во летото 1944 година Главниот штаб на НОВ и ПО во Македонија стапи во контакт со Главниот штаб на НОВ на Албанија, со кој се договори Главниот штаб на Албанија да испрати две бригади во Западна Македонија, кои заедно со македонските единици би дејствувале за разбивање на албанската реакција во Западна Македонија и нивната изолација од Германците, за да се создадат сите услови за формирање на слободна зона во Западна Македонија.[72]) Макар што во текот на вооружената борба против заедничкиот непријател повремено доаѓало до контакт помеѓу единиците на НОВ на Македонија и единиците на НОВ на Албанија, случај на секторот кај Струга,[73]) а раководството на НОВ на Македонија постојано беше во исчекување на единиците на НОВ од Албанија, тие, поради зафатеноста со вооружени борби против реакцијата и окупаторот на својата територија не успеаја да се префрлат на територијата на Западна Македонија сè до нејзиното конечно ослободување.[74]) До заедничка акција на единиците на НОВ на Македонија и единиците на НОВ на Албанија единствено дојде при еден од нападите на Дебар во почетокот на септември 1944 година.[75])

Во меѓувреме многу албански села, под влијание на успесите на ослободителните сили постигнати во борбата против Германците и балистите, самите на своја иницијатива почнаа да ја помагаат Народноослободителната војска.[76]) Сепак балистичките банди пред крајот на 1944 година на некои сектори во Кумановска и Скопска околија и во дел од Западна Македонија, помогнати од Германците и реакционерните албански сили, од членовите на II-та призренска лига, чиј центар

---

[71]) Исто, стр. 217—219. — Проглас на Македонската ударна бригада од јуни 1944 година „Свим поштеним Албанцима и Албанкама".

[72]) Исто, стр. 164—165. — Извештај на Мита Миљковиќ; Исто, стр. 190. — Извештај на Цветко Узуновски од 24 мај 1944 година.

[73]) Зборник, том VII, кн. 4, стр. 205; Саве Костоски, Една заедничка акција со албанските партизани, Млад војник, весник на I-та македонска народноослободителна ударна бригада, 1944 година, год. I, бр. 5.

[74]) Од извештајот на Штабот на XV корпус од 10 ноември 1944 година и извештајот на Штабот на 48 дивизија од 13 ноември 1944 година се гледа дека на единиците на НОВ во Западна Македонија им била ставена на располагање една дивизија на НОВ од Албанија, која заедно со нив требало да учествува во заедничките операции на тој терен во чистењето од албански банди. Но, и покрај тоа што при изведувањето на операциите на НОВ на Македонија во тој правец се сметало на нејзиното учество, посебно при нападот на Кичево и Гостивар, таа не успеала да премине на територијата на Западна Македонија. — Исто, стр. 299, 314.

[75]) Од телеграмата на Видоја Смилевски од 4 септември 1944 година се гледа дека албанските партизани влегле во Дебар во почетокот на септември 1944 година заедно со албанскиот партизански одред од територијата на Западна Македонија, кој бил формиран при крајот на август 1944 година на планината Стогово — Дебарско. — Исто, стр. 63.

[76]) АИНИ, Скопје, арх. бр. 3103.

за Западна Македонија се наоѓаше во Тетово и во Гостивар, претставуваа најголема реакција[77]). Тие не само што се сновеа и пљачкаа по македонските села, туку постојано ги напаѓаа единиците на НОВ, ги ангажираа во тие борби, овозможувајќи му на тој начин на германскиот окупатор поуспешно повлекување.[78]) Поради таквата ситуација Главниот штаб на НОВ и ПО на Македонија на 6 октомври 1944 година издаде наредба до Штабот на Првата оперативна зона за „чистење на албанските банди на просторот Скопје—Тетово—Качаник—Скопска Црна Гора, со цел да се дојде до комуникациите со кои се користат Германците и да им се олесни дејствувањето на единиците од IV-та оперативна зона на просторот Кичево и Полог".[79]) Донесувајќи ја оваа наредба, Главниот штаб даде објаснување дека бил приморан тоа да го стори затоа што сите дотогашни напори на народноослободителните сили да ги убедат наметнатите платени водачи на Албанците во Македонија да прекинат со вооружената борба и да престанат да ја пролеваат крвта на својот народ за интересите на германските фашисти, се покажале бесплодни.[80]) И покрај тоа, единиците на НОВ во времето на спроведувањето на наредбата настојувале да се изврши диференцијација во редовите на албанските маси, одделувајќи ги компромитираните балистички водачи од другите Албанци. Така Штабот на Кумановската дивизија им издаде наредба на своите единици да настојуваат да воспостават контакт со чесните Албанци, да постигнат со нив соработка, да ги вклучат во НОВ или да се договорат за меѓусебно ненапаѓање[81]). Постигнатите договори на таа основа дадоа резултати во Скопска околија, иако имаше случаи на прекршување на тие договори.[82]) Бидејќи тоа не можеше да се постигне на сите сектори, а во интерес на конечното ослободување на Македонија, Главниот штаб на 10 ноември 1944 година му издаде наредба на XV корпус, во чиј состав се бореше и IV-та албанска бригада што се формира 1944 година, да го исчисти од балистичките банди реонот на Кичево, Гостивар и Тетово, со тоа да воспостави во нив народноослободителна воено-заднинска власт.[83]) Извршувајќи го планот на Главниот штаб, единиците на НОВ на Македонија успеаја да ги совладаат и тие последни упоришта на албанската реакција. Албанските маси, за време на ослободувањето на Македонија, вклучувајќи се во редовите на НОВ, учествуваа во конечното ослободување на земјата од окупаторот. Формираната народна власт на ослободената територија на Македонија ѝ даде можност на албанската народност да дојде до полн израз, преку претставници во сите органи на народната власт, од локалните до највисоките претставнички тела.

---

[77]) Зборник, том VII, кн. 4, стр. 156, 158—159, 273.
[78]) Исто, стр. 132—134, 135, 155.
[79]) Исто, стр. 133.
[80]) Исто.
[81]) Исто, стр. 258.
[82]) Исто, стр. 188.
[83]) Исто, стр. 301 и 302.

Славка ФИДАНОВА

АЛБАНСКАЯ НАРОДНОСТЬ В МАКЕДОНИИ ВО ВРЕМЯ НАРОДНО-ОСВОБОДИТЕЛЬНОЙ ВОЙНЫ И НАРОДНОЙ РЕВОЛЮЦИИ

Резюме

Албанская народность в Македонии в период между двумя Мировыми войнами, как и македонский народ, была подвержена национальному угнетению и лишена всяких прав, что вызывало в её среде большое недовольство. Это обстоятельство использовали албанские националистические силы, проникнутые духом сепаратизма, которые вступая в связь с империалистическими странами, развивали деятельност, направленную против единства Югославии.

После оккупации Македонии и её раздела между итальянским и болгарским захватчиками, албанская народность оказалась под двумя оккупантами. Албанское население на территории Македонии, оказавшееся под болгарской оккупацией, преследовалось как „неблагонадёжное" в отличие от населения той части Македонии, которая оказалась под итальянской оккупацией и почувствовала себя после провозглашения „Великой Албании' привилегированной, что в свою очередь оказывало влияние на значительную его часть, создавая в этом населении иллюзии национального освобождения. Поэтому и отношение населения двух частей Македонии к НОД различно. В то время как присоединие к НОД албанских народных масс в Македонии под болгарской оккупацией шло быстрее и непрерывно, албанские народные массы в Западной Македонии включались в него медленнее, вследствие чего руководство освободительного движения направило свою политическую деятельность на албанские шарокие массы, с тем чтобы познакомить их с платформой Народно-освободительной борьбы. Для достижения большего политического успеха в привлечении албанского населения к НОД и НОВ предвиделось формирование особых албанских отрядов и особых албанских НОК как и сотрудничество с албанскими партизанскими отрядами из Албании на территории Западной Македонии, велись даже переговоры и с албанскими националистическими силами — байрактарами (знаменосцами) о совместной борьбе против оккупанта.

Благодаря предпринятым мерам, в 1942 году чувствуются первые более крупные результаты, а в 1943 году формируется и албанский партизанский отряд, бойцы которого позднее вошли в состав Кичевского и Мавровского партизанских отрядов, а албанцы-бойцы были и в Западной Македонии и в п. отрядах: „Дримкол" и „Славей". Более массовое вступление в ряды партизанских отрядов и подразделений НОВ почувствовалось после капитуляции Италии, когда формируется и специальный албанский батальон и другие меньшие албанские партизанские отряды.

С вторичной оккупацией западной части Македонии немецким оккупантом и с установлением им связи с националистическими баллистскими силами, оккупантам удалось найти приверженцев и сформировать баллистское вооружённые части для борьбы против НОВ.

Запугивания оккупантов и отступление основных партизанских сил привело к сокращению рядов албанских партизанских отрядов и частей НОД. С появлением больших партизанских сил на этой территории в 1944 году они снова войдут в эти ряды и тогда происходит большая поляризация в рядах албанских масс. В 1944 году формируется четвёртая албанская бригада, которая вместе с македонскими частями вела борьбу за освобождение Западной части Македонии, а затем албанское население включилось в борьбу за окончательное освобождение Югославии.

Иван МИКУЛЧИЌ

ЕДНА НОВА ОСТАВА НА ТЕТРАДРАХМИ И ПРЕГЛЕД НА МОНЕТНИТЕ НАОДИ ОД V — II ВЕК НА СТ. Е. ВО МАКЕДОНИЈА

Јужниот дел на Пелагонија, античката Линкестида, е еден од ретките наши краишта чијашто културна и политичка историја можат да се следат уште од мугрите на антиката кај нас. Најзначајно линкестиско наоѓалиште од предримскиот период лежи во средиштето на Линк, кај селото Букри, 15 km југоисточно од Битола[1]).

Кон наодите од Букри, што се познати од порано, се приклучува и една мала остава на македонски сребрени пари, која е откриена уште во 1962 година, на околу 2 km северно од споменатата античка населба, а јужно од селото Д. Егри. Парите беа скриени во мало глинено сатче, слободно вкопано в земја. Во ораницата од каде наодот беше исфрлен со плуг, не можев да констатирам никакви други археолошки траги.

Садот има форма на топчесто лонче со една рачка, грубо моделиран и сиво печен (висок 64 mm). Во него можеле да се сместат дваесетина тетрадрахми. Според искажувањата на селаните кои го нашле ова депо, толку пари и имало.

За збирката на Битолскиот музеј успеав тогаш да соберам само 10 тетрадрахми и 2 драхми[2]). Парите од овој наод им припаѓале на следните владетели и градови:

---

[1]) И. Микулчиќ, Пелагонија у светлости археолошких налаза, I — од Егејских миграција до времена Августа, (ed. Dissertationes iugosl., III), Београд 1966, 27 и н.. Во последните двеипол децении изменет е изгледот на овој крај: Блатото е исушено, Букри раселено; големиот лак на Црна што ги подриваше падините на античкиот локалитет, со прокопувањето на новото корито е претворен во езерце — рибарник.

[2]) Нар. музеј Битола, в. к. 5738—5750. Од музејската витрина подоцна беа украдени три парчиња тука прикажани под ред. бр. 5, 8 и 9, за кои не располагам со сите податоци.

Александар III (336—323)

1. AR ↓ 16,8 gr., 27 mm. Av: глава на Херакле со наметната лавовска кожа. Rs: Зевс аетофорос на престол, држи скиптар во левата и орел во испруженатa десна рака. Лево во полето Атина Промахос. Околу во круг: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ

   Ковница Амфиполис, околу 326 г. ст. е. Sylloge[3]), Pl. 16,680; — Прилепец, Т. I, 4.

2. AR ↙ 16,5 gr., 27 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето фригиска капа. Околу во круг: ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Амфиполис, околу 324—323 г. Sylloge, Pl. 16,683; — Прилепец, Т. I, 6.

3. AR← 16,5 gr., 26 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето алпустра. Под престолот монограм. Д. исправен: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Амфи полис, околу 318—308 г. Sylloge, Pl, 16,689; — Прилепец, Т., I, 10—12.

4. AR ↖ 17 gr., 26 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето усправен факел зад легнатиот штит, над нив буквата λ. Под престолот осумкрака ѕвезда; д. исправено: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Уранополис, околу 300 г. и подоцна. Sylloge, Pl. 17,698; — Прилепец, Т. 2, 17, 18.

5. AR ↖ 29 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето монограм во венецот; под престолот буквите ΜΙ. Долу и д.: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ ΒΑΣΙΛΕΩΣ. Вавилон, околу 317 и подоцна. Sylloge, Pl. 22,833; — Прилепец, Т. 4 и 5, 46—50.

6. AR ↗ 3,8 gr., 18 x 16 mm. Av: ист; — Rs: ист; во полето лево монограм. Д. исправено: ΑΛΕΞΑΝΔΡΟΥ. Драхма. Непозната ковница. Н. Мушмов. Ант. монети на Балкан. Полуостров, Софија 1912, бр. 7140.

Филип III Аридѐј (323—316)

7. AR ↖ 4 gr., 18 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето исправена гламја зад положениот штит. Д. исправено: ΦΙΛΙΠΠΟΥ. Драхма. Мушмов, бр. 7259, Т. LVIII, 4.

Лизимах (323—281)

8. AR ↓ 16,9 gr., 29 mm. Av: глава на Александар на д., со Амонов рог. Rs: Атина Никефорос седи, со л. лакт потпрена на штит, во испруженатa д. рака ја држи Ника. Л. во полето монограм. Исправено л. и д.: ΒΑΣΙΛΕΩΣ ΛΥΣΙΜΑΧΟΥ.

[3]) За аналогии го наведувам познатиот каталог Sylloge numorum graecorum, Macedonia, The royal coll. of coins and medals, D. N. M., Copenhagen 1943 (скратено: Sylloge), како и каталог на големиот наод од Прилепец — в. Д. Вучковиќ—Тодоровиќ, Остава грчког новца из с. Прилепец код Прилепа, Гласник МКД на НРМ, бр. 12, Скопје 1958 (скратено: Прилепец).

9. AR ↖ 29 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето исправен факел. Ист натпис. Тетрадрахма (украдена).

10. AR ↑ 28 mm. Av: ист. — Rs: ист; л. во полето монограм во венецот. Ист натпис. Тетрадрахма (украдена).

Селеук I Никатор (312—280)

11. AR ↑ 17 gr., 27 mm. Av: глава на Херакле на д., со наметната лавовска кожа. — Rs: Зевс аетофорос на престол. Л. во полето монограм, под престолот монограм во кругот. Д. исправено: ΣΕΛΕΥΚΟΥ. P. Gardner, BMC, The Seleucid Kings of Syria, London 1936, 5.

Атина (времето на Александар III и неговите наследници).

12. AR ↙ 16,8 gr., 24 x 21 mm. Av: глава на Атина на д. — Rs: ΑΘΕ. Кукумјавка (сова) на гранка, зад неа сегмент од месечината и маслинова гранка. Svoronos, Trésor des monnaies d'Athènes, München 1926, Pl. 20; — Прилепец, Т. 16—17, 189—201.

Во големата остава на тетрадрахми, откриена кај Прилепец во 1950 година, беа застапени истите владетели (137 пари од Александар III, 10 на Филип III, 15 на Деметри I, 19 на Лизимах, 6 на Селеук I, 1 на Аудолеонт и 20 атички). Горната временска граница е 280 г. ст. е. Тоа е случајот и со нашата, а и третата остава од територијата на СР Македонија — од Богданци кај Гевгелија[4]). Сите тие биле закопани во исто време, најверојатно за големата галска провала во 280/279 г. ст. е. Тешките години по оваа катастрофа — постојани дардански провали во Пелагонија и Пеонија, речиси целосно замирање на стопанството во овие краишта и општата несигурност, се карактеристики на следните децении од III век[5]). Тогаш не е тешко да се најдат причините за загубување на овие скриени богатства.

*
* *

На овие наоди се надоврзува уште едно прашање: бројноста на наодите на пари од предримско време на нашето тло и распоредот на тие наоди на теренот. Значи, картирање на наодите.

Нема потреба посебно да ги истакнувам можностите што произлегуваат од едно вакво картирање — согледување на почетоците на паричниот систем во економиката на едно подрачје, степенот на развиток (културен, економски, политички) на односниот регион и него-

[4]) Оваа остава од 24 парчиња (тетрадрахми и драхми: Александар III, Филип III, Лизимах, Деметриј I, Атина) собрана за Н. музеј во Т. Велес од страна на досегашниот директор Т. Груев, на кого му благодарам за сите овие податоци.

[5]) И. Микулчиќ, op. cit., 74, 85.

виот стопански потенцијал, трговските патишта и економските врски, политичките настани и сл. Македонија во класичниот и ранохеленистичкиот период имала посебно место во снабдувањето со пари на нејзините северни соседи и пресудна улога во изградувањето на сопствените парични економики кај северните соседи; овој нов потенцијал се ширел на север преку среднобалканските пространства до Средното Подунавје и се одржал таму до времето на нивното вклопување во римскиот паричен систем.

Тоа се одамна изнесени констатации, често повторувани во светот на нумизматиката. Поради тоа ќе биде значајно да се споредат очекуваните фиктивни претстави за нумизматичкото богатство на ова подрачје со една конкретна нумизматичка карта што денес може да се состави.

Досега имало неколку обиди да се почне со евидентирањето на наодите на антички монети од ова подрачје. Во Археолошката карта на Југославија започната пред II светска војна, во листовите Прилеп—Битола и Кавадарци,[6]) Н. Вулиќ регистрирал и повеќе десетици наоди на пари; всушност сè она што успеал да дознае. Од предримскиот период наведува 11 наоѓалишта со идентификувани монети и уште толку со неопределена сигнатура „грчки пари". П. Лисичар, кој се обидел во еден збиен приказ да ја опфати раната антика во СР Македонија[7]), не пропуштил да ги потенцира и сите позначајни повоени археолошки наоди и сите нови наоди на грчки и македонски пари (до 1954 г.); регистрирани се 8 наоѓалишта.

Во поново време В. Соколовска опфатила група монети од македонски-грчки ковници од V век на ст. е. до I век на н. е., што се собрани во скопскиот Археолошки музеј[8]). Оваа институција, макар што е централна по карактерот на збирките и со аспирации да го покрива и контролира теренот на целата Република, според содржината на монети од овој период не е на завидно ниво. Главнината во него се парите од оставата во Прилепец, а остатокот — единечни наоди (собрани претежно пред војната) кои се изложени во приказот на Соколовска, ја претставуваат во најголем дел состојбата на наодите до 1966 година. За жал, од 106 монети што се опфатени во тој приказ, авторот навел наоѓалишта само за 14 парчиња. Остатокот е неупотреблив за картата и може да послужи само како увид во општиот состав на кововите од тој период во рамките на СР Македонија.

Во историјата на античка Пелагонија, одразена во светлина на археолошките наоди, се обидов да го прикажам и движењето на моне-

---

[6]) N. Vulić, Archäol. Karte Jugoslawiens, Blatt Prilep—Bitolj, Beograd 1937; Blatt Kavadarci, Bgd. 1938.

[7]) П. Лисичар, Нашата македонска антика, Разгледи, год. IV, бр. 7—8, Скопје, 1954, 583—612.

[8]) В. Соколовска, Од нумизм. збирка на Археол. музеј во Скопје, Зборник на А. м. кн. IV—V, Скопје 1966, 23—32, Т. I—VI.

тите во тој регион до доцноархајскиот до римскиот период[9]). Фондот на пари во Битолскиот музеј е најобемен по збирката во скопскиот Археол. музеј, а според комплетноста на податоците за овие наоди е дури и пред скопскиот. Преку овие наоди и богатиот фонд во Прилепскиот музеј[10]), Пелагонија е најцелосно претставена, далеку пред другите области во Републиката. Од друга страна, широките пространства источно од Вардар (Источна Пеонија и соседните тракиски области) дале досега сосем мал број наоди; ова го потврдуваат и збирките на регионалните музеи во Штип, Струмица, Куманово. Истото важи и за речиси цела Илирида, со исклучок на потесниот регион околу Охрид, античкиот Лихнид.

Временскиот распон од појавата на првите монети во нашите краеви, па до навлегувањето на римските републикански денари, значи времето од околу 500 до 148 г. ст. е., може да се подели на три изразити етапи. Тоа би биле:

1. — Малубројни единечни наоди, речиси исклучиво од сребро, до масовната употреба на македонските пари од времето на Филип И.

2. — Монети на македонски династи кои, почнувајќи од Филип II, стануваат редовно платежно средство во Пелагонија, Амфакситис и деловите од Пеонија и Дасаретија. Ова се однесува особено на бронзените пари, значи ситни вредности што циркулирале во секојдневниот живот. За разлика од овие, среброто се појавува сè уште во групни наоди и во тогашните најбогати населби и претставува мртви резерви, гаранција на богатството на врвните аристократски семејства.

3. — Парите од времето на Филип V до претворањето на Македонија во римска провинција претставуваат веќе една нова етапа која по својата содржина и новите моменти треба да се разгледува издвоено.

Ф. Папазоглу, зборувајќи неодамна за појавата и движењето на сребрените пари во Дарданија (а тука е опфатен и Скопско-кумановскиот басен), разликува, исто така, три етапи, само временски поместени наназад во однос на нашето подрачје. Според неа, во текот на IV век таму се во употреба парите од групата Дамастион; среброто на македонските и пеонските династи (од IV век) се користи во III век; како трета етапа, во II век, ја истакнува хегемонијата на тасоското сребро, проследено со кововите на I македонска мерида и пробивот па парите од Аполонија и Дирахион[11]).

Во врска со ова треба да го истакнам следното: првите две етапи на Ф. Папазоглу би можеле временски да се стопат во една. За нивното рашчленување мислам дека немаме оправдување. Да потсетам

[9]) И. Микулчиќ, op. cit., 44, 64—65, 81—83.

[10]) За податоците на наоди, собрани во Н. музеј во Прилеп, му благодарам на Б. Бабиќ, директор на оваа институција.

[11]) Ф. Папазоглу, Средњебалканска племена у предримско доба, Сарајево 1969, 356.

дека бронзите на Касандар, откриени кај Кршевица во долината на Ј. Морава, пристигнале толку далеку на север набргу по нивното емитување; оваа остава била скриена под земја не по пробивот на Галите[12]). Верувам дека е неоправдано тогаш среброто, кое пробивало на север секако порано од бронзата, да се датира со задоцнување од повеќе децении или со еден цел век. Покрај тоа, македонското и пеонското сребро е во Дарданија речиси непознато; за кои наоди всушност би се работело? Дали не се мисли дека групата Дамастион-Пелагити токму него го заменувала на територијата на Дарданците? Да се потсетиме на уште нешто: временски најрана би била секако познатата остава од Кутина кај Лесковац. Во неа е најзастапена дамастинската група VI според Мај (365—340 г.), макар што содржи и подоцнежни групи[13]). Меѓутоа, ова сребро како и оние неколку примероци на Александар III и Филип III во музејот во Лесковац — дали не им припаѓале на Трибалите? Освојувањето на долината на Ј. Морава од страна на Дарданците сепак не би паѓало пред почетокот на III век[14]). А горното би се однесувало и за монетните наоди во Скопско-кумановскиот басен до крајот на IV век или макар до смртта на Александар.

Освен ова, во дарданските наоди покрај Дамастион речиси редовно се појавуваат и пелагитските ковови. I и II класа на овие се ковани во периодот од околу 325/320 до 300 г. ст. е.; III пелагитска класа, која е и најчеста, емитувана е приближно од 300 до 280 г. ст. е.[15]). Ова доволно зборува за датирањето на спомнатите наоди.

*

* *

Хронолошкиот преглед на наодите на подрачјето на СР Македонија го разделив во рамките на трите спомнати етапи.

I етапа. Доцноархајски бран на трако-македонската група, емитуван од голем број градови во халкидичкиот регион и соседните трако-пеонски племиња, регистриран е на неколку наши наоѓалишта. Раните златници на Лајаи[16]) и една помала остава на фамозни

---

[12]) И. Микулчиќ—М. Јовановиќ, Хеленистички oppidum у Кршевици код Врања, Гласник књ. IV, Врање 1968, 356, Т. I, сл. 4. Истакнувам уште еднаш за целосното отсуствување на хеленистичкиот материјал во населбата и гробовите; животот тука изгаснал уште во раниот III век.

[13]) J. May, The coinage of Damastion and the lesser coinages of the illyro-paeonian region, Oxford—London 1939, praeface IX.

[14]) уп. нап. 13; континуитетот на животот на овој богат опидум со тракиско-трибалски обележја и хегемонијата негова во потегот на Ј. Морава до во раниот III век се многу маркантни, за разлика од подоцнежните дардански упоришта што избиваат во прв план истовремено кога првиот опидум бил уништен; уп. и н. д., 371.

[15]) J. May, op. cit., 179.

[16]) G. Svoronos, L'Hellénisme primitif de la Macédoine, — според P. Lisičar, op. cit., 590.

октодрахми на Дероните (500—480)[17]), ископани се во почетокот на овој век во околината на Штип. Во Караорман кај Штип, во еден доцно-архајски гроб е најден (во 1959 г.) триобол на градот Акант (510—480)[18]). Еден таков примерок е откриен дури на Косово[19]). Архајска тетрадрахма од Тасос (550—480) најдена е во околината на Берово[20]).

Во Пелагонија, во регионот на Прилепец—Прилеп, регистрирана е една драхма на Неапол[21]), тетрадрахми на Атина-архајскиот стил и Келендерис од далечната Киликија (Микулчиќ, Пелагонија, 64; збирка на Ѓ. Мирчевски и во А.М. — Скопје).

Во текот на V и IV век Пелагонија добива изразит примат. Од југоисток наставува истиот бран: тетрадрахма на Менде (450—424) е најдена во околината на Прилеп (Прилепец? А.м. Скопје, в. к. 1153). Бројни бронзени примероци на Амфиполис (424—358) во Бучин (античка Алкомена), Чепигово (ант. Стибера), Мојно[22]), околината на Охрид[23]); на некрополата во Просек—Демир Капија (повеќе наоди)[24]) и во светилиштето, 3 km северно од оваа (20-ина парчиња)[25]); уште 8 примероци од непознати локалитети (Соколовска, Т. III—IV, бр. 57—64). Еден тетраобол на Родос најден е неодамна во Куманово[26]). Една бронза на Филипи (с. 375 г.) во Чепигово (Вучковиќ, Стибера, 89); еден Скирос во Граиште—античкиот Брианион (Пелагонија, 64).

Од вториот правец, од грчкото копно, парите доаѓаат поретко. Статерите на Коринт (414—382) се евидентирани во Граиште и Драгарино (Музеј Битола, 3951, 4777) и на еден непознат локалитет околу Битола. Тесалската Лариса (395—344) е потврдена во Граиште, Беранци, Бистрица, Чепигово (Пелагонија, 64) и околината на Охрид (Лисичар, 591 и нап. 19; Музеј Охрид).

Сè уште е загонетно присуството на далечната Сиракуза: по една тетрадрахма потекнува од Чепигово (Вулиќ, Blatt, 10) и околината

---

[17]) H. Gäbler, Fälschungen makedonischer Münzen, III. Sitzung der Preuss. Akademie der Wissenschaften, Berlin 1936, 426 ff; — S. Noe, A Bibliography of Greek Coins Hoards, N. N. M. № 78, New York 1937, № 495; — C. M. Kraay, Hoards, small change and the origin of coinage, JHS vol. LXXXIV, Athens 1964, 82.

[18]) И. Микулчиќ, Илирско-архајски гробови из ок. Штипа, Старинар XIII—XIV, Београд 1963, 201, сл. 14.

[19]) И. Микулчиќ, Пелагонија, 44.

[20]) Н. Мушмов, бр. 5643; Во поч. на 1969 г. понуден на скопскиот Археол. музеј (заедно со тетрадрахма на Архелај).

[21]) Н. Мушмов, бр. 6398; Музеј Прилеп.

[22]) За сите наоди: Микулчиќ, Пелагонија, 64, и Д. Вучковиќ, Styberra, Archeologia iugoslavica IV, Београд 1963, 89 (Чепигово).

[23]) П. Лисичар, op. cit., 591, нап. 91; стара аквизиција на Охридскиот музеј.

[24]) Ископувања 1950—52 и 1954 г.; наодите во А. м. Скопје, необјавени.

[25]) Група од 181 бронза од IV—I век ст. е., собрана во светилиштето на Артемис—Хеката 3 km северно од Просек. Случајно откриено и уништено во 1961 г., наодите во А. м. Скопје; уп. Микулчиќ, Непознат ант. град кај Мојно, Год. зборник на Фил. фак. кн. 22, Скопје 1970, 331.

[26]) Ископан во бавчите на источната периферија на Куманово, понуден на А. м. Скопје во 1967 г.; прив. збирка.

на Струга (Лисичар, 588; стара аквизиција на Охрид. музеј). Во Битолскиот музеј постои еден фалсификат (вк. 3442), покрај сличните квалитетни современи имитации — тетрадрахми на Олинт (420—348) и Амфиполис (424—358; в. к. 3975, 3974).

Сега се појавуваат и првите примероци на македонски владетели: од околината на Берово доаѓа тетрадрахма на Архелај (413—399; в. нап. 20); тетрадрахми на Амintас III (389—383 г., првиот период) се откриени во Бонче (Вулиќ, 21), околината на Битола (М. Битола, 3972, 3976 — купени во чаршијата, можеби фалсификати) и едно непознато наоѓалиште (А.м. Скопје, 3506). Пердикас III (365/4—359 г.) е застапен со две ситни вредности — во Српци—Беранци и Бистрица (Пелагонија, 64, 65; М. Битола, 5766).

II етапа. Прво ќе дадам преглед на сребрените (и неколку златни) наоди, според владетелите.

— *Филиј* II (359—336). Дасаретија: тетрадрахма од ок. на Струга (Лисичар, 588). Пелагонија: тетрадрахми од Волково (Вулиќ, 50), Прилепец (А.м. Скопје, 2176 и во М. Прилеп), две од М. Варош—Прилеп (А.м. Скопје 1277), две парчиња од непознато место во А.м. Скопје (Соколовска, Т. II, 39, 40; 1213 е можеби спомнатиот предвоен наод од Волково?), една од Мојно (М. Битола, 5695). Златни статери потекнуваат од Селце (Вулиќ, 41) и Загорани (М. Прилеп).

— *Александар* III. Дасаретија: ок. на Охрид (Лисичар, 591, нап, 19). Пелагонија: златен статер од Суводол (Вулиќ, 43; гробен наод?) и од непознат лок. (Соколовска, Т. III, 46; 1393 е можеби идентичен со овој?). Тетрадрахми се најдени во Бонче, Марул, Селце (Вулиќ, 21, 30, 41) и повеќе парчиња во Прилепец (стара збирка на Ѓ. Мирчевски и во М. Прилеп); драхма од Прилепец (Соколовска, Т. III, 56), и 2 од Чепигово (Вучковиќ, Стибера, 89). Трите тетрадрахми и трите драхми од непознато потекло во А.м. Скопје (Соколовска, Т. III, 46, 48, 50, 52, 53, 55) се можеби идентични со спомнатите наоди од Бонче, Марул, Чепигово, Волково или од Дреново. Од ок. на Битола откупени се за Битолскиот музеј 5 тетрадрахми (1067, 1248, 1250, 3973, 3995) и неодамна една од Мегитлија. Една драхма од Г. Илино во Демир Хисар (понудена на А.м. Скопје во 1967 г.). Пеонија: златен статер од ок. на Гевгелија (Соколовска, Т. III, 45); сребрени наоди од Демир Капија, Дреново (Вулиќ, 8, 10), Кавадарци (Соколовска, Т. III, 47). Наоди во северните краеви: златен статер од Скупи кај Скопје[27]), 1 драхма од Таор кај Скопје (А.м. Скопје 1297) и по 2 од и ок. на Куманово (приватни збирки, Куманово, 1968—70 г.) Кратово (Соколовска, Т. III, 51, 54).

— *Филиј* III *Аридеј*. Златен статер од Д. Нерези—Скопје (А.м. Скопје 4197; гробен наод?) и еден таков од непознат лок. (Сококоловска, Т. IV, 68).

---

[27]) За податоците ѝ благодарам на Б. Јосифовска од Филоз. фак., Скопје, наод од пред две децении; приватен посед.

— *Лизимах*. По една тетрадрахма од ок. на Струга (Лисичар, 588), Прилеп (А.м. Скопје, 1155; кај Соколовска бр. 91, без наоѓалиштето) и ок. на Куманово. Во Прилепскиот музеј се наоѓа примерок, покрај повеќе парчиња на Александар III, како дел од големата остава во Прилепец.

— *Селеук* I. Две тетрадрахми од ок. на Струга (Музеј Струга и една во приватен посед во Струга, 1968/9 г.); ок. на Охрид (Лисичар, 591, нап. 19 — Музеј Охрид).

Од останатите сребрени наоди, регистрирани се следните:

— Хефестија на Лемнос (околу 300 г.) од непознат лок. (Соколовска, Т. V, 87).

— Пеонски династи: тетрадрахма на Ликпеј (359—340) од непознат лок. (Соколовска, Т. IV, 83); исти вредности на Патрај (340—315) од Голозинци и Г. Чичево кај Т. Велес[28]), и една драхма од Демир Капија (во А.м. Скопје). Аудолеонт (315—286) е подобро застапен: по една тетрадрахма од ок. на Штип (Музеј Штип, 1952—55) и Куманово[29]), од Овчеполе (Скопска чаршија, 1969—70), Кратово (Соколовска, Т. V, 84), Бонче во Пелагонија (Вулиќ, 21), Голозинци кај Т. Велес (Музеј Т. Велес); по една драхма од Скупи—Скопје (Соколовска, Т. V, 85) и ок. на Охрид (стара аквизиција, Музеј Охрид).

Од дамастионската група регистрирани се само 3 наоди: тетрадрахма на Дамастион (с. 360—340) од ок. на Прилеп (Музеј Прилеп), драхма на Сарноати (325—320) од ок. на Скопје[30]), драхма на Пелагити (I класа, с. 320—300) од ок. на Скопје[31]).

Бронзените пари од ова време се многу почести. Следува преглед по области.

— Дасаретија: Дабовјани (Александар III — 20 парчиња); Делагожде (Александар III); Требенишко Кале (Александар III и Касандар; гробни наоди; за сè — Лисичар, 587, 588); Охрид („Горна Порта—Кале" — Деметриј I); ок. на Охрид (Александар III, Антигон Гонат; Лисичар, 590, 591).

— Пелагонија: потврдени се на 34 локалитети. Ќе се движиме од југ кон север: Живојно (лок. „Градиште": Филип II, Александар II, Касандар, Ант. Гонат; лок. „Река": Филип II; лок. „Трапо": Александар III); Ѓермиан (Филип II, Касандар); Граешница (Филип II, Касандар); Чебрен (Ант. Гонат); Рапеш (Александар IV); Полог (Деметри I, Кипсела); Градешница (Филип II); Мојно (Касандар); Дра-

[28]) Н. музеј, Т. Велес, стара аквизиција. За сите наоди, собрани во овој музеј, му благодарам на Т. Груев, раководител на музејот и теренски истражувач.

[29]) За податоците му благодарам на В. Санев, директор на Н. музеј во Штип каде се чува овој наод.

[30]) J. May, op. cit., 178, 180, Pl. X, 9.

[31]) Ibid., 169, Pl. IX, E.

гарино (Деметри II); Лопатица (Филип II); Беранци („Градиште": Филип II, Александар III, Филип III, Касандар, Ант. Гонат, Деметри II; во гробовите на „Црквиште": Филип II, Ал. III, Ант. Гонат); Г. Српци (Александар III, Касандар, Ант. Гонат, Деметри II); Граиште (Филип II, Ал. III, Филип III, Касандар, Александар IV, Деметри I, Ант. Гонат, Гиртонија, Лариса); Г. Илино (Касандар); Бучин (Филип II, Ал. III, Деметри II); Чепигово (Филип II, Ал. III, Касандар, Ант. Гонат, Деметри II; за сите овие наоди уп.: Пелагонија, 64, 65; околу 150 парчиња од IV—III век се собрани во збирките на А.м. Скопје и Музејот Битола). — Бонче (Александар III, Касандар); Прилепец (Филип II, Ал. III, Касандар и др.); Волково (Филип II, Александар IV, Ант. Гонат; во збирката на Г. Мирчевски, А. м. Скопје и М. Прилеп); Маркова Варош—Прилеп (Филип И; А. м. Ск. 1226); гробови на „Заград" (Александар III; Б. Китаноски, Арх. преглед 11/1969, 72); неидентификувани монети од IV—II век од повеќе локалитети околу Прилеп (Бела Црква, Бело Поле, Фариш, Чумово, Марул, Никодим, Ореовец, Подмол, Попадија, Штавица; предвоените наоди евидентирани од Вулиќ, поновите во М. Прилеп). Наспомнувам дека од подрачјето на Пелагонија потекнуваат околу 350 бронзи од IV—II век ст. е., собрани во музеите во Битола, Прилеп и Скопје. Сите тие не успеав целосно да ги категоризирам. Покрај тоа, меѓу горните наоди, што ги приведов, често зад еден владетел стојат повеќе примероци. На ова место ќе го изоставам бројниот преглед на бронзите; истакнати се само кововите заради согледувањето на внатрешниот репертоар во дадената епоха и почетоците на нивното користење.

Во Пеонија бронзите од ова време се неспоредливо поретки: Марвинци (Александар III, Касандар; делумно во А. м. Скопје); Демир Капија (Филип II, Ал. III, Касандар, Деметриј II, Ант. Гонат; А.м. Ск. — уп. нап. 24); Стоби (Филип II); Банско кај Струмица (над 20 бронзи на Филип II, Ал. III, Касандар, Ант. Гонат)[32]); Мрзен—Ореовец (Филип II, Касандар; А.м. Скопје); ок. на Т. Велес (Касандар; Музеј Т. Велес, 1439, 2044). И во Градскиот музеј во Скопје од порано се прибрани 2 парчиња на Филип II, од околината на Скопје. Во А.м. Скопје се чуваат повеќе стари аквизиции без местата на наодот (Соколовска, бр. 43, 44, 57—64, 69—77).

III етапа. По галската провала не е евидентиран ниту еден сребрен наод во временскиот интервал од цел еден век. Дури во текот на првата половина од II век среброто повторно кружи во овие краеви. Овој нов бран е маркантен поради својот интензитет, но сепак заостанува далеку зад претходниот. II составот е сега поинаков: македонските владетели се речиси непознати, а доминира Атина, Дирахион.

[32]) Во 1966/67 година кога е каптиран големиот термален извор, беа исфрлени со калта и различни дарови, фрлани во антика во изворот: накит, една вотивна плоча на Артемис и над 500 парчиња бронзени пари (со исклучок од 2 сребрени); тие опфаќаат временски распон од времето на Филип II непрекинато до Константин I. 120 парчиња се откупени за А. м. Скопје, остатокот во Н. музеј, Струмица и прив. збирка.

Тасоските тетрадрахми со кои буквално е преплавена соседната Тракија, на северномакедонското подрачје одвај се пробиле. Истото важи и за убавите ковови на I македонска мерида.

Од македонските владетели Филип V е застапен само со една тетрадрахма од непознат локалитет (Соколовска, Т. IV, 78) и Персеј со една таква пара од околината на Куманово. Персеј во Битолскиот музеј (3971) е груб фалсификат.

Маркантните атички тетрадрахми од новиот стил (186—86) се почести. Во Пелагонија се евидентирани во Прилепец повеќе парчиња (збирка на Г. Мирчевски), по една од Бучин и Чепигово, 4 од Дебреште (Пелагонија, 79; Б. Бабиќ, Археол. преглед 7/1965, 63); една од Прилеп (лок. „Дабнички завој", Музеј Прилеп); две од Витолиште (А.м. Скопје, 1519, 3840).

Пеонски наоди: по една во Стоби[33]), Кавадарци (Соколовска, Т. V, 106) и Амзабегово во Овчеполе[34]). Илирида: по еден примерок од околината на Охрид (А.м. Скопје, 3490) и Гостивар[35]).

Доцните драхми на Дирахион (229—100) незабележително, но сепак зачестено, кружат во овие краеви. Евидентирани се во околината на Охрид (Музеј Охрид, стара аквизиција); 6 примероци заедно со Аполонија, според Р. Пашиќ, тогашен кустос во тој музеј), во Охрид (лок. „Горна Порта" — Лисичар, 590); во ок. на Битола (Музеј Битола, 1295, 1296; повеќе парчиња се појавувале и во битолската чаршија во последната деценија); по еден примерок од Чепигово (Вучковиќ, 89), Кичево и Скупи-Скопје (А.м. Скопје, 1525, 2050); ок. на Штип (стара аквизиција, Музеј Штип); Т. Велес и околината (Чашка? — 2 примероци. Музеј Т. Велес, 149). Во А.м. Скопје се чуваат и пет парчиња од непознати локалитети (Соколовска, Т. V, 93—97) покрај една Аполонија (200—80 г. ст. е.; Т. V, 92).

Тетрадрахмите на I македонска мерида (158—149) се сосем ретки во нашите наоѓалишта. Најдени се (по еден примерок) во Палчиште кај Тетово (А.м. Скопје, 1523), ок. на Гостивар (в. нап. 35), ок. на Охрид (приватна збирка, Скопје, 1969), Галиште во Мариово (Музеј Т. Велес) и уште три парчиња од непознати места (А.м. Скопје, 1151, 1364, 3513).

---

[33]) Депо од 500 републикански денари и една тетрадрахма (Атина), ископан во 1971 г. под објектот Синагога—Базилика, во доцнохеленистичкиот пласт. — За истото: J. Wiseman—Dj. Mano—Zisi, Excavations at Stobi, 1971, A. J. A. vol. 76, 1972, 410, Pl. 86, 8,9.

[34]) Ископувањата на В. Санев од Штипскиот музеј, на кого му благодарам за податокот.

[35]) Евидентиран во гостиварската чаршија во 1966 и 1967 г., заедно со тетрадрахма на I мак. мерида.

Тетрадрахми од Тасос се исто ретки. По еден примерок доаѓа од Струга (А.м. Скопје, 2202), ок. на Битола (прив. збирка, Битола); Голозинци (Музеј Т. Велес); две парчиња од непознати места (Соколовска, Т. V, 88, 89). Пред I светска војна, во подрачјето на Скопје е ископана една мала остава (Тасос и варварски имитации, најмалку 7 парчиња)[36]).

Од еубејската Хистиеја (169—146), околу 200 тетраоболи беа собрани во една остава, закопана во Град кај Делчево (во А.м. Скопје се откупени само 4 примероци, в. к. 4105). Два други примероци, од непознати локалитети, се чуваат во истиот музеј (Соколовска, Т. V, 98, 99; Преспа?).

На ова сребро, во текот на втората половина од II век се надоврзуваат во значителен број римски денари што сега сосем ги заменуваат грчките ковови. Тогаш се закопани и големите остави во Стоби (в. нап. 33) и Витолиште[37]).

Единечните наоди не се точно евидентирани, меѓутоа се чини дека не се толку ретки (Охрид, Струга, Кичево, Битола, Рапеш, Подмол, Мојно, Мрзен—Ореовец, Дубјани, Водоврати, Банско, Скопје и др.). Уште еднаш, во еден обид, кој останал сосем ограничен и временски и по обемот на емитувањето, се појавиле сребрените тетрадрахми во стилот на старите македонски ковови. Две убави парчиња на квесторот Ае. Силас потекнуваат од Струмица (Музеј Струмица). Инаку до крајот на антиката римското сребро ќе остане како единствениот тип во овие области.

Ситните вредности, бронзите, течат наизглед во континуитетот со претходните векови. Сепак тие се среќаваат на значително поограничен број локалитети и во помало количество. Владетелите Филип V и Персеј се доста ретки, а најчести се автономните емисии — на македонскиот коинон, областите и градовите. Со неколку парчиња застапени се и соседните области Тесалија и Илирида, остатокот се македонски ковови. По бројноста доминира Тесалоника со своите бројни емисии, по неа доаѓаат Амфиполис, Пела, Ботиеја. Меѓутоа овие бронзи се емитуваат претежно низ целиот II и поголем дел од I век ст. е., а едно прецизно распределување на емисиите до средината на II век и во периодот по ова засега е тешко да се изведе.

Следува преглед по областите:

— Дасаретија: Охрид (Персеј, Лихнидос); ок. на Охрид (макед. автон., Лихнидос; — уп. Лисичар, 590, 591).

---

[36]) S. Noe, op. cit., N. N. M. Nr 78, New York 1937, 302, Nr 1151.

[37]) Околу 100 денари беа исколани кај Витолиште уште пред четврт век, од кои во почеток на 1972 г. за А. м. Скопје се откупени 82 парчиња. За економиката на овој рудоносен базен во антиката в. И. Микулчиќ, Старо рударство кај Витолиште, Стремеж бр. 7, г. XIII, Прилеп 1967, 46—54.

— Пелагонија: Живојно (2 лок.: Филип V, Персеј, макед. автон., Ботиеја, Пела, Тесалоника, Амфиполис; макед. автон., Ботиеја); Гермиан (Филип V, Амфиполис); Сливица (Пела); Совик (3 лок.: Персеј, Тесалоника; Персеј, макед. автон., Тес.); Градешница (Персеј, макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Рапеш (2 лок.: Ботиеја, Пела, Тес.; Филип V, макед. автон.); Зовик (3 лок.: Филип V; Тес.; макед. авт.); Чебрен (Филип V, Персеј, Амфиполис, Тес.); Чаништа (Ботиеја, Пела); Крушејца (макед. автон., Тес., Пела); Граешница (Филип V, Персеј, Тес.); Црнобуки (Персеј, Ботиеја, макед. автон., Пела, Тес.); Лисолај (Тес.); Драгарино (Пароreја, Тес.); Беранци (3 лок.: Персеј, Амфакситис, Пела, Тес., Ботиеја, Гиртонија, Лариса; Филип V, макед. автон.); Г. Српци (Персеј, Амфакситис, макед. автон., Тес.); Лопатица (Тес.); Граиште (Филип V, Персеј, Ботиеја, Пароreја, макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Чепигово (Филип V, Персеј, макед. автон., Пела, Тес., Филипи); Мојно (Филип V, Персеј, Пела, Тес., Амфиполис); Прилепец (2 лок.: Амфиполис, Пела, Тес. и др.); Волково (макед. IV мерис, Пела, Тес.); М. Варош (макед. автон.; за сè ова в. Пелагонија, 64, 65, 81, 83). Кон ова се приклучуваат и наоѓалиштата со неидентификувани монети од предримско време околу Прилеп (Бело Поле, Марул, Никодим, Ореовец, Подмол, Попадија, Фариш, Чумово, Штавица).

— Пеонија: Баратли (макед. автон.); Валандово (Тес., повеќе неидентификувани); Н. Дојран (Тес. и др.); Кованец (макед. автон.); Банско (Персеј, Филип V, макед. автон., Пароreја, Пела, Тес., Филипи, тракиски); Демир Капија (3 лок.: макед. автон., Пела, Тес., Амфиполис); Тремник (макед. автон.); Д. Дисан (макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Кавадарци (Филип V, Тес., Пела); Ресава (2 лок.: макед. автон., Тес.); Мрзен—Ореовец (макед. автон., Амфиполис, Пела, Тес.); Дреново (Тес., Лариса и др.); Стоби (Тес., Пела, Амфиполис); Галиште (Филип V, макед. автон., Амфиполис); Манастирец (макед. автон.); Скачинци (Тес.); Двориште (Птоломеј IV); Стари Град (Амфиполис, Пела); Чашка (Амфиполис, Тес.); Т. Велес (Персеј, макед. автон., Пела, Амфиполис); неидентификувани бронзи од Д. Чичево, Виничани, Водоврати, Згрополци (за сè: А.м. Скопје — в. к. 1243, 2206, 3683—3692, 3706—3716, 3752, 3759, 3783, 3788, 3778, 3942, 4156 и незаведени; Музеј Т. Велес — в. к. 218, 1724, 1362, 1363, 1810, 1830, 2019, 2031, 2135 и незаведени; помал број наоди во прив. збирки).

И, да го завршиме овој предглед со најсеверните наоди: Кратово (макед. автон., Тес.; А.м. Ск., 1542, 1543); Скопје (повеќе лок.: макед. автон., Пела, Амфиполис; Лариса, Тес.; А. м. Ск., 1649, 3504 и Градски музеј, незаведени).

*
* *

Можностите за извлекување на одделни податоци, забележувања или заклучоци се бројни. Тоа го истакнавме во уводниот дел на овој преглед. Меѓутоа, поради ограниченият обем на овој текст тука нема да навлегувам ни во најосновните проблеми. И уште нешто: на ова место не се опфатени некои најнови наоди. Надополнувањата со новите и испуштени стари наоди, логично, ќе бидат пожелни.

Dr Ivan Mikulčić

EIN NEUER DEPOTFUND VON TETRADRACHMEN UND EINE ÜBERSICHT DER MÜNZFUNDE VON V BIS II JH IN MAKEDONIEN

Im Bereich der Sozialistischen Republik Makedonien war bisher nur ein Hortfund von Tetradrachmen aus der Zeit Alexanders des Großen und seiner Nachfolger, bekannt und zwar von Prilepec bei Prilep[3]). Im vorstehenden Beitrag wird auf einen kleinen Hortfund hingewiesen, der bereits 1962 bei Bukri in der Nähe von Bitola entdeckt wurde. Der dritte Depotfund von Münzen der gleichen Herrscher stammt aus Bogdanci bei Gevgelija, dieser ist noch unveröffentlicht.[4])

Alle diese Münzen waren eingegraben worden vor dem großen Zug der Kelten im Jahre 280 vor u. Z.

Im folgenden wird eine zusammenfassende Übersicht über die Münzfunde aus der vorrömischen Zeit in Makedonien gegeben. Man unterscheidet drei Prägeperioden:

I — Von ca. 550 — 359: Seltene Funde von Silber von verschiedenem Wert. (Derrones, Akanthos, Thassos, Neapolis, Athen, Kelenderis, Mendae, Amphipolis, Philippi, Skyros, Korinthos, Larissa, Syracusa; Archelaos, Amyntas III, Perdikas III).

II — 359 — 220: Reiches Vorkommen von Münzen, hauptsächlich von makedonischen Herrschern. Registriert sind 8 einzelne Funde von Goldmünzen und 50 Funde von Silbermünzen. (Philippos II und Alexander III, Lysimachos, Seleukos I).

Selten sind die Münzen päonischer Herrscher sowie der damastinischen Gruppe (Damastion, Pelagia, Sarnoatai).

Bronzemünzen zirkulierten jetzt im täglichen Gebrauch in Pelagonien und Teilen von Päonien und Dassaretien. Nach der Anzahl der Fundorte (über 40) wie auch nach der Menge der Münzen (Bronze und Silber) steht Pelagonien weit vor den anderen Gebieten.

III — 220 — 148: Nach dem großen Zug der Gallier trat eine Stagnation ein. Noch einmal zirkulierte das Silber im 2. Jahrhundert: Die Tetradrachmen aus Athen — Neuer Stil (17 Funde), Stateri aus Dyrrachion (ca. 15 Orte), Tetradrachmen aus Thassos (5 Funde und ein kleiner Hortfund bei Skopje) und die erste makedonische Meris (7 Funde), ein Hortfund von Tetraoboli aus Histieia. Je eine Münze von Philipp V und von Perseius.

Die Bronzenmünzen sind weiter sehr zahlreich, obwohl nicht so sehr wie in der vorhergehenden Periode. Am häufigsten sind die autonomen makedonischen Prägungen der Gebieten und Städten Thessalonica, Amphipolis und Pella.

1.
3.
6.
2.
4.
7.

5.



8



11.



12.


ТЕТОВО
СКОПЈЕ
ВАРДАРА
ВЕЛЕС
ΑΞΙΟΣ
ΓΕΥΓΕΛΗ
ΔΟΪΡΑΝΗ
ΒΡΥΛΗΣΟΣ
ΔΟΞΑΤΟΝΕΟΙ
ΒΙΤΟΛΑ
ΠΡΑΚΛΕΙΑ
ΛΥΓΚΟΣ
ΟΧΥΜΙΤΑΣ
ΠΡΕΣΠΕΣ
ΠΤΕΛΕΟΝ
ΔΑΤΙΤΩΝΕΙΑ
ΙΔΟΜΕΝΑΙ
ΓΟΡΤΥΝΙΑ
ΑΙΓΑΙΟΝ
ΠΕΛΑΓΟΝΙΑ
ΜΑΚΕΔΟΝΙΑ
ΘΕΣΣΑΛΙΑ
ΗΠΕΙΡΟΣ
ΜΟΛΟΣΣΙΑ
ΑΙΤΩΛΙΑ
ΑΚΑΡΝΑΝΙΑ
ΑΧΑΙΑ
ΑΡΚΑΔΙΑ
ΛΑΚΩΝΙΑ
ΜΕΣΣΗΝΙΑ
ΚΡΗΤΗ
ПОЗНАЧАЈНИ СТАРИ ГРАДОВИ

Д. ДИМЕСКИ

ЈОСИФОВАТА ПРОВАЛА ВО 1902 ГОДИНА

Метаморфозата на Битолскиот револуционерен округ во крепост на Тајната македоно-одринска револуционерна организација (натаму скратено ТМОРО) не е случајна.

Во деновите кога врховистите засилено атакувале на ТМОРО на надворешен и внатрешен план, во деновите на инфилтрацијата на врховистичките елементи во ЦК на ТМОРО по познатата Солунска провала 1901 година, Битолскиот револуционерен округ останал релативно чист.[1])

Приматот што го добил Вториот револуционерен округ над другите окрузи на ТМОРО во почетокот на 1902 година, покрај низа фактори, според Силјанова, најмногу се должел на Делчевиот престој и „воспитната улога" на Марковата чета.[2])

Несомнено дека Делчевиот престој придонесол за стабилизацијата на организационите редови и дал импулс за натамошен растеж на револуционерното движење во Битолскиот округ.[3]) Воедно Делчев ги разбил дилемите на раководниот кадар истакнувајќи ја на прво место максимата дека „востанието е средство, а не цел".[4])

Без сомнение, четата на Марко Леринѕки била своевиден расадник на раководни кадри кои придонесле за подемот на четничкиот институт на Организацијата во Округот.

---

[1]) „Ние, најоддалечените од Софија, знаевме дека се води борба меѓу централисти и врховисти, но до пристигањето на Делчев не бевме добро запознати со таа борба . . .

. . . Ние во Битола ја следевме борбата со голем интерес, но не се вовлековме во неа, а продолживме да се готвиме против вековниот непријател, (Революционната борба в Битолския окръг. — Спомени от Георги п. Христов, София, 1953, 37).

[2]) Христо Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, София, 1933, т. I, 131.

[3]) Сп. Спомени на Анастас Лозанчев, ракопис, ИНИ, Скопје, сл. IV/84, 11.

[4]) Революционната борба в Битолския окръг, . . ., 38.

Меѓутоа, не треба да се изгуби од предвид улогата на Даме Груев, кој како затвореник неполни две години во свои раце ги држел нишките на Организацијата во Округот.[5])

Меѓутоа, при ова не смее да се запостави улогата и дејноста на Окружниот комитет во Битола.

Поволната клима во Битолскиот револуционерен округ, создадена по Делчевиот престој, наскоро била нарушена.

Во м. февруари 1902 година пламнала т.н. Јосифова провала[6]), прва од серијата провали што во 1902 година ја затресле мрежата на ТМОРО во Битолскиот вилает.

Иако Јосифовата провала настанала сосем случајно, нејзе ѝ кумувала Битолската организациона чета предводена од Стојан Донски.[7])

Спомнатата чета не се ни обидувала својата организационо-агитаторска дејност по полските села да ја завие под превезот на конспирацијата. Оттаму не е чудно што за неа наскоро дознала официјалната турска власт. Веднаш била испратена потера во потрага по четата. Меѓутоа, Стојан Донски навреме ја засолнал четата на Пелистер без да го извести пред тоа Окружниот комитет на ТМОРО во Битола за таа своја намера.[8])

[5]) Хр. Силяновъ, op. cit., 111; Историја на македонскиот народ, ИНИ, Скопје, 1969, т. II, 196. Меѓутоа, при ова не смее да се запостави улогата и дејноста на Окружниот комитет во Битола.

[6]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония (Кичевско, битолско, леринско, преспанско, дебърско). По спомени на Лука Джеровъ, *Георги йойъ Христовъ*, Ангелъ Андреевъ, Георги Папанчевъ и Лазаръ Димитровъ. — Съобщава Л. Милетичъ, МНИ, София, 1926, кн. IV, стр. 36—37; Революционната борба в Битолския окръг . . ., 40—43; Хр. Силяновъ, op. cit., 141; Спомени на А. Лозанчев, ракопис . . ., 11.

Во Мемоарот на Внатрешната организација е именувана како „Битолска афера" (Македония и Одринско, Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 63); Сл. Арсов ја спомнува како „афера во Егрите". (Въстаническото движение въ Югозападна Македония (до 1904 г.), По спомени на Сл. Арсовъ. — Съобщава Л. Милетичъ, МНИ, София, 1925, кн. I, 28).

[7]) Во летото 1901 година, Стојан Донски од с. Битуша (Битолско), којшто неодамна се вратил од Србија, на инсистирање од Д. Груев бил придобиен за делото од страна на Ѓ. П. Христов.

При немање на попогодна личност за војвода, есента 1901 година Стојан Донски бил назначен за привремен војвода на новоформираната Битолска чета на Организацијата.

По разгорувањето на Јосифовата провала, Стојан Донски со четата, преку Пелистер, се префрлил во Ресенско. Меѓутоа, кратко време потоа ја напуштил четата и со двајца другари се префрлил во Кичевско. Но и таму не останал долго. Откако убил 2—3 Турци, пребегал во Србија.

Сп. Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 36; Революционната борба в Битолския окръг . . ., 35—36, 41; Въстаническото движение . . ., 28, 37—38, 41.

[8]) Революционната борба в Битолския окръг . . ., 40—41.

Тие денови, конкретно на 3/16 февруари 1902 година[9]) изгорела плевна во с. Долно Егри.[10]) Наоѓајќи се во конфликтни односи со брата сѝ, сопственикот на плевната Петар посомневал дека плевната ја потпалил брат му.[11]) За одмазда Петар, кој не бил член на Организацијата, го наклеветил на турскиот ќаја во селото сопствениот брат дека одржува врски со комити.[12])

Случајно во селото се затекнала турска потера од 13—14 души, која тргнала во потрага на четата на Донски.[13]) Според меѓу браќата му послужил на турскиот чауш како одличен повод да започне истрага и по пат на пресија да дознае нешто повеќе за „комитите". Меѓутоа, брат му на Петар се покажал достоен на заклетвата на Организацијата. Бил цврст и ништо не признал. Тогаш ќајата и чаушот го обвиниле Петрета дека лажно го наклеветил брата сѝ. Заплашен, Петар[14]) го посочил најдобриот пријател на брат му Насте дека сѐ знаел. Насте[15]) се покажал слаб. Признал дека во селото доаѓале комити. По сѐ изгледа, како нивни водичи ги посочил Тодора Лозанов и Петко Велков од соседното село Букри. Истиот ден потерата, откако со себе го повела Атанаса Милев, отишла во с. Букри и ги подложила на тортура спомнатите двајца селани од Букри. Се чини дека едниот од нив признал дека со четата доаѓал во нивното село Јосиф Петков од с. Жабјани, Битолско.[16])

---

[9]) Овој датум го утврдивме по индиректен пат. Имено, тој ден бил уапсен Атанас Милев од с. Д. Егри. Сп. Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[10]) Cf. фусн. 9.

Г. П. Христов го спомнува само името на селото Егри, без да нагласи конкретно за кое се работи: Горно или Долно Егри. Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 36; Революционната борба . . ., 41; Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

[11]) Во Мемоарот на Внатрешната организација погрешно се истакнува дека избил спор меѓу двајца браќа во с. Букри. Сп. Македония и Одринско (1893—1903), Мемоаръ на Вѫтрѣшната организация, 1904, 63. Не успеавме да го откриеме презимето на браќата.

[12]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 36; Революционната борба в Битолския окръг . . ., 41.

[13]) Къмъ борбитѣ . . ., 36.

Меѓутоа, подоцна Ѓ. П. Христов говори дека потерата броела околу 15 луѓе. (Революционната борба . . ., 41).

[14]) Къмъ борбитѣ . . . ., 37.

Подоцна, Ѓ. П. Христов се коригира и тврди дека и Петар добил „ќотек". Сп. Революционната борба . . ., 41.

[15]) Ѓ. П. Христов го спомнува само неговото име Насте. Сп. Революционната борба в Битолския окръг . . ., 41. Тоа секако бил Атанас Милев. Cf. фусн. 9.

[16]) Ѓ. П. Христов категорично тврди дека Насте го предал Јосифа Петков. (Къмъ борбитѣ . . ., 37). Ова гледиште го прифатил и Силјанов. Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

Меѓутоа, многу е пореална претпоставката дека Милев ги предал само двајцата селани од Букри, а оние пак го предале Јосифа Петков. Само така може да се протолкува фактот што Ј. Петков бил одведен на соочување во с. Букри, а не во с. Д. Егри.

Веројатно оттаму резултира погрешниот податок во Мемоарот на Внатрешната организација за местожителството на двајцата браќа. Cf. фусн. 11.

Нивните искази биле достатни за нивното апсење и спроведување во битолскиот затвор. Така, на 3/16 февруари 1902 година биле уапсени:

1. Атанас Милев од с. Д. Егри, 28-годишен;

2. Тодор Лозанов од с. Букри, 25-годишен; и

3. Петко Велков од с. Букри, 55-годишен.[17])

Помеѓу 3/16 и 6/19 февруари бил фатен и уапсен (4.) Јосиф Петков од с. Жабјани, којшто бил преселен во Битола.[18])

Јосиф Петков бил сметан за еден од најдобрите и најверните работници на Организацијата. Своевремено делувал во терористичката група на Нечо Егренец. Меѓутоа, станал познат како курир на Организацијата. Меѓу другото, кон крајот на 1901 година му бил курир на Делчев на релацијата Битола—Леринско.[19])

Поаѓајќи од неговите дотогашни заслуги за Организацијата, ретко кој можел да се посомнева во неговата истрајност и преданост на делото. Меѓутоа, Јосиф не ги поседувал квалитетите на Доне Штипјанчето.

Во с. Букри, каде што бил одведен на соочување, бил подложен на жестока тортура. Меѓу другото, бил поливан со врело масло, под мишките му биле ставани врели јајца и сл. Притоа бил „советуван да посочи извесни лица—учители и граѓани за комити". Воедно биле затворени син му и брат му.[20])

Не можејќи повеќе да издржи, Јосиф започнал да предава.[21]) Многу тајни на Организацијата ѝ станале достапни на турската полиција, која и самата била изненадена од таквиот пресврт на настаните.

Меѓутоа, турската полиција применила луцидна тактика. Извесно време молчела за дознаените тајни. Се добивал впечаток дека Јосиф ништо не предал.[22])

---

[17]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници в Битолския затворъ, в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[18]) Во Мемоарот погрешно е даден датумот на апсењето и предавството на Јосифа (12/25.II.). Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63.

Точниот датум на апсењето на Јосифа не е познат. Јосиф е уапсен и почнал да предава во времето помеѓу првото апсење на 16 февруари и следното апсење на селаните од Барешани.

[19]) Революционната борба в Битолския окръг . . ., 31, 41.

[20]) Чашата на търпѣнето се прѣпълва, — в. Дело, I/бр. 8, София, 28 февруарий 1902, 3.

Г. П. Христов го застапува мислењето дека Јосиф бил одведен в. с. Егри на соочување со Настета. (Революционната борба . . ., 41) Cf. фусн. 16.

[21]) Не е точно изнесеното гледиште во Мемоарот дека Јосиф не бил мачен. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63.

Тврдењето на Ангел Динев дека Јосиф бил поткупен од власта е далеку од вистината. Сп. Ангел Динев, Илинденска епопея, София, 1946, т. I, 191.

[22]) Революционната борба в Битолския окръг . . ., 41.

Започнале апсења, но дискретно, по селата.

Така, на 6/19 февруари 1902 година во с. Барешани биле уапсени:

5. Никола Котев од с. Барешани, 22-годишен;

6. Петре Георгиев од с. Барешани, 37-годишен;

7. Ристе Каранфилов од с. Барешани, 71-годишен.[23])

Неколку дена подоцна, на 9/22 февруари 1902 година била извршена рација во с. Жабјани и притоа биле фатени и одведени во битолскиот затвор следниве лица:

8. Цветан Јованчев од с. Жабјани, 45-годишен;

9. Стефо Бошев од с. Жабјани, 30-годишен;

10. Дине Котев од с. Жабјани, 55-годишен;

11. Јован Наумчев од с. Жабјани, 45-годишен;

12. Петре Талев од с. Жабјани, 45-годишен;

13. Петре Димев од с. Жабјани, 30-годишен;

14. Гроздан Наумчев од с. Жабјани, 35-годишен. [24])

Дошло и до предавање на пушките.[25])

Нешто подоцна, селото Барешани одново било подложено на терор. Познатите разбојници Адем и Љуман, коишто биле осудени на заточение поради нивните злодела, „денеска не само што не се заточени туку уште го тиранизираат населението. Пред неколку дена отишле во реченото село, ти тепале селаните, а особено учителот Васил П. Стефанов со уште двајца други. Селаните се поплакале во Битола кај валијата, но и тоа не помогнало. Не стигнува само тепањето, но уште учителот и други двајца се затворени.“[26])

Ова речито говори дека турската полиција не била единствената што го тероризирала населението во врска со Јосифовата провала. Дури и нешто повеќе: таа ги финализирала злоделата на разбојничките банди.

Веројатно, разните разбојнички банди сестрано го искористиле даденият повод за отворена уцена и пљачка на населението. Меѓутоа, за тоа не располагаме со конкретни податоци.

---

[23]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[24]) Ibidem.

[25]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 37; Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

[26]) Двама ненаказани разбойници, — в. Дело, I/9, София, 8 мартъ 1902, 4.

Јосиф Петков бил запознат со каналот за пренесување на оружје од Грција. Тој контактирал со куририте и пренесувачите на оружје, како и со некои раководители на Организацијата во Округот. Затоа, со своето предавство ѝ задал тежок удар на Организацијата.[27])

Меѓу другото, тој ги предал леринските курири Тане, Соле и Димитар од с. Пополжани, Леринско[28]), како и крушевскиот курир и доставувач на оружје Никола (Кола) Михајлов.[29])

Секако, последните двајца курири од Леринско биле уапсени пред 18 февруари ст. ст. /3 март н. ст. 1902 година — кога била извршена рација во с. Пополжани.[30])

Изгледа дека со истрагата раководел препредениот турски полицаец Саид-ефенди.[31])

Вешто маневрирајќи, по првите апсења во битолските села, турската полиција ја свртила острицата на мечот спрема леринските села.

Така, на 13/26. II. 1902 год. бил затворен:

15. Панде Јованов од с. Лесковец, Леринско, 35-годишен.[32])

Неколку дена подоцна, на 17. II. ст. ст. /2 март н. ст. 1902 год. бил затворен:

16. Петко Трпчев од с. Асаново, Леринско, 25-годишен.[33])

---

[27]) Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63; Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 41.

[28]) Революционната борба . . ., 42.

Во првите публикувани спомени Ѓ. П. Христов говори само за еден леринско курир — Косе Соле. Сп. Къмъ борбитѣ . . ., 37; Силяновъ, op. cit., 141.

За затворање на некојси Тане, како и на двајца Турци говори и Н. К. Мајски, Според него, тројцата ништо не признале. Сп. Никола Кировъ — Майски, Крушово и борбитѣ му за свобода, София, 1935, 25.

[29]) Н. Кировъ — Майски, op. cit., 25.

Ѓ. П. Христов го споменува само името и народноста: Кола Влашето од Крушево. (Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония, 37).

Според Силјанова, Кола бил предаден од Косе Соле, а не од Јосифа. Сп. Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

[30]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затвореници въ Битолския затворъ, — в. Право, II/30 (38), София, 13.IX.1902, 2.

Ѓ. П. Христов смета дека сите тројца курири од Пополжани биле затворени на 19.II. ст. ст. /4 март н. ст. 1902 г. (Революционната борба въ Битолския окръг..., 42)

[31]) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 42.

Саид-ефенди подоцна влегол во составот на крушевската Анкетна комисија. Сп. Д. Димески, Ракитничката провала, 1902 г., — сп. Историја, VI/2, Скопје, 1970, 142.

[32]) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

Во Мемоарот погрешно е дадено името на селото. Фигурира како Лесново (Македония и Одринско, Момоаръ . . ., 63). Треба да стои Лесковец. Сп. Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2; Хр. Андонов — Полјански, Еден непознат статистички преглед за населението во Битолскиот вилает од 1897, Год. зборник на Филозофскиот фак. на Универз. во Скопје, кн. 21 (1969), стр. 101.

[33]) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

По затворањето и предавството на спомнатите двајца курири од Пополжани, (17,18) било извршено масовно апсење во с. Пополжани, Леринско.

Притоа, на 18 февруари ст. ст. /3 март н. ст. 1902 год. биле уапсени:

19. Поп Стефан Илиев од с. Пополжани, 38-годишен;
20. Петре Илиев од с. Пополжани, 26-годишен;
21. Ристе Стојанов од с. Пополжани, 50-годишен;
22. Ване Мицев од с. Пополжани, 52-годишен;
23. Стефо Танасов од с. Пополжани, 30-годишен;
24. Коце Ванев од с. Пополжани, 28-годишен;
25. Ване Георгиев од с. Пополжани, 48-годишен.[34])

Со други зборови речено, во прелудиумот на главниот удар на турската полиција биле уапсени, според познатите податоци, 25 работници на Организацијата од селата, имајќи го притоа предвид и Јосиф Петков Жабјанецот.

Со тоа ја губи својата основа презентираната констатација во Мемоарот дека апсењата биле извршени едновремено.[35])

Веднаш по затворањето на Јосиф Петков, Организацијата презела мерки за неутрализација на турската акција при евентуална провала.

За тоа била наполно свесна турската полиција и поради тоа применила мудра тактика. Турската полиција во следните две недели, освен апсењата по селата, не презела ништо што би навело на помислата дека нешто дознала од Јосифа. Се добил впечаток дека Јосиф штом дотогаш ништо не провалил, нема ни натаму да провали. Понесени од илузијата за цврстината на Јосифа, раководителите на Организацијата во Битола, како и познаниците на Јосифа, почнале да излегуваат од своите засолништа. Токму тој момент на непретпазливост на главните актери на Организацијата и припадниците на терористичките групи, долго време го очекувала турската полиција за да им нанесе целосен удар.

---

[34]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници . . ., в. Право, II/30 (38), 2.
[35]) Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63.

Во тоа делумно успеала.

Главната акција на турската полиција почнала на 19 февруари ст. ст. /4 март н. ст. 1902 година со блокада на школите и кафеаните во Битола.[36])

Потоа биле затворени:

26. Ѓорѓи Поп Христов.[37])

27. Никола Стојков од Битола, 24-годишен;

28. Кочо Најдов од Битола, 20-годишен;

29. Михаил Наумов од Битола, 22-годишен;[38])

30. Кочо Песнациев;[39])

31. Николаки Робев;

32. Петар Робев, Николов син.[40])

Само благодарение на фактот што турската полиција лично не ги познавала, некои провалени лица успеале да ги избегнат нејзините канџи и преминале во илегалност. Меѓу нив бил Ѓорѓи Сугарев[41]),

---

[36]) Револуционната борба въ Битолския окръг . . ., 42; Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2..

Според Мемоарот, акцијата била спроведена нешто порано, т.е. на 12/25 февруари 1902 г. (Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63). Сп. ф. 35.

Дотогаш, во еден напис на в. Дело (Арести въ Битоля . . ., 3), настанот е датиран подоцна, т.е. на 24.II/9 март 1902 год. Сп. Арести въ Битоля, — в. Дело, I/10—11, София, 18 мартъ 1902, 3.

[37]) „Бев успеал да се извлечам од Централното училиште кое беше блокирано Тргнав во Ени-маало. По патот бев посочен од еден шпион, кој бил скриен во аптеката на д-р Налев од Ени-маало. Полицијата не ме знаела кој сум и каков сум, само по име не знаела. Ме фатија и веднаш ме однесоа в участокот на испитување" — си спомнува Ѓ. П. Христов. (Революционната борба . . ., 42).

[38]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, — в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[39]) Потребно е да се наспомне дека на 31 стр. од Спомените, Ѓ. П. Христов говори за Песнациев, додека на 43 стр. го спомнува под презимето Пенациев. (Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 31, 43).

Ѓ. Димовски — Цолев го прифаќа презимето Песнација. (Г. Димовски — Цолев, Ѓорѓи Сугарев, Битола, 1968, 21).

Меѓутоа, вистинското презиме, при недостиг на документација, тешко може да се утврди.

[40]) Арести въ Битоля, (гр. Битоля, 6 мартъ), — в. Дело, I/10—11, София, 18 мартъ 1902, 4.

[41]) Революционната борба . . ., 42; Спомени на А. Лозанчев, ракопис . . ., 11.

Ѓ. Димовски — Цолев поаѓајќи од исказот на сестрата на Сугарев — Василка, ја изнесува верзијата дека Сугарев за да не падне во турски раце убил неколкумина полицајци (Ѓ. Димовски — Цолев, op. cit., 25—26). (Прашање е колку има вистина во сето ова.)

како и терористите: Јованче Кафецијата[42]), Нечо Егренец, Боше од с. Трап, Аце Коларчето, Ристе од Будаково и Тодор Фурнацијата од с. Лажец.[43])

Освен во Битола, рација била спроведена и во некои села од Битолската и Леринската каза, како и во градовите Крушево и Лерин.

Тогаш во Лерин биле затворени:

33. М. Николов;

34. Андреја Кожуваров, раководител на Леринската организација.[44])

Тогаш бил уапсен и крушевскиот пренесувач на оружје:

35. Кола Михаилов.[45])

Во битолскиот затвор на жестока тортура биле подложени Кочо Песнациев и Михаил Наумов „за да кажат каде е оружјето што го купувале од трговците-Албанци".[46])

Нивната цврстина не била својствена за Кола Михаилов, којшто од своја страна придонесол за продлабочување на провалата. „Откако го изведоа пред мене на соочување кажуваше сè што знаеше, па дури и кој му ја дал клетвата. Расправаше како сум му дал пари да купува и да носи пушки од Грција заедно со Тего Туџаров од Крушево и дека парите сум му ги броел во анот на Скаеви на Ат-пазар; дека сме му купиле специјален коњ за пренесување на оружје и сл."[47])

Меѓу другото, по заслуга на Кола Михаилов биле затворени браќата:

36. Јане Скаев;

37. Никола Скаев; и

---

[42]) Арести въ Битоля. (Битоля, 26 февруарий), — в. Дело, I/10—11, София, 18 мартъ 1902, 3.

Според овој извор, во кафеаната на Јованче биле потпратени сомнителни личности со прозокативна цел.

Тогаш Јованче бил фатен од полицијата и подложен на тепање. Меѓутоа, успеал да се извлече. Неговото бегство било проследено со истрели. Штом се оддалечил и самиот почнал да стрела врз турската полиција. Со тоа неговата легалност била запечатена. (Cf. фусн. 36).

[43]) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 43; Ѓ. Димовски — Цолев, op. cit., 26.

[44]) Арести въ Битоля . . ., 4.

Революционната борба . . ., 42.

[45]) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 42.

Мајски погрешно го датира затворањето на Михаилова. Сп. Н. Кировъ — Майски, op. cit., 25.

[46]) Революционната борба . . ., 43.

[47]) Ibidem. (Ѓ. П. Христов).

Подоцна, Кола Михаилов ја открил скривницата за оружје во Крушево. Сп. Д. Димески, Ibidem, 153.

38. Јоше Скаев.[48])

На 25. II ст. ст. (10 март н. ст. 1902. бил затворен:

39. Тане Димев од с. Пополжани.[49])

Барем засега останува непознат датумот на затворањето на:

40. Ване Христов од с. Ајтос, Леринско, 35-годишен[50]);

41. Филип Терзиев од с. Градешница[51]), како и на браќата Настеви од с. Арменор, Леринско.[52])

Јосифовата провала засегнала 3 града и 14 села во Битолската и Леринската каза. Биле зафатени градовите: Битола, Лерин и Крушево, како и селата: Долно Егри, Букри, Барешани, Жабјани, Градешница, Журче, Бела Црква, Пополжани, Асаново, Лесковец, Росен, Арменор, Секулово и Борешница.[53])

Притоа биле затворени околу 70 лица.[54])

---

[48]) Револуционната борба . . ., 43.

[49]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници въ Битолския затворъ, — в. Право, II/31 (39), София, 22.IX.1902, 3.
Иако Ѓ. П. Христов смета дека и Тане бил предавник, фактот што Тане толку долго бил задржан в затвор, а не како останатите предавници ослободен, говори за спротивното. За цврстината на Тане говори и Н. Киров — Мајски. Cf. фусн. 28 и 30.

[50]) Точенъ списъкъ . . ., — в. Право, II/29 (37), София, 6.IX.1902, 2.

[51]) Револуционната борба . . ., 43.

[52]) Арести въ Битоля, — в. Дело, I/10—11, 4.
Всушност, во написот фигурира с. Арменохор. Правилното име на селото е Арменор. Сп. Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63; Христо Андонов — Полјански, Ibidem, 85.

[53]) Во Мемоарот на Внатрешната организација погрешно се констатира дека провалата засегнала 9 села во Битолската и 8 во Леринската каза, зашто во селата се вброени и градовите. Сликата сосем би се изменила доколку наместо села фигурира називот населени места. (Македония и Одринско . . ., 63).
Истата погрешка ја прави и Силјанов. Сп. Христо Силяновъ, op. cit., 141.

[54]) Според Мемоарот, биле затворени 68 лица. (Македония и Одринско..., 63).

Притоа е приложена следнава табела:

I. *Битолска каза*

населби	затворени	мачени	
1. с. Егри	5	5	
2. с. Букри	2	2	
3. с. Жабјани	9	9	
4. с. Барешани	5	5	
5. с. Градешница	1	—	
6. гр. Битола	9	4	Осудени: 23
7. гр. Крушево	6	—	
8. с. Журче	1	1	
9. с. Бела Црква	3	3	
ВКУПНО:	41	29	

Од нив, 46 биле осудени на казни од 3 г., 5 г., 101 година и смрт.[55])

На смрт биле осудени:

1. Ѓорѓи Поп Христов
2. Ристе Каранфилов[56])
3. Филип Терзиев
4. Јане Скаев
5. Никола Скаев
6. Ѓорѓи Пешков.[57])

II. *Леринска каза*

1. с. Пополжани	12	12	
2. с. Асаново	6	6	Осудени: 23
3. с. Лесковец	1	1	
4. гр. Лерин	2	—	Вкупниот број на настраданите во 2 кази е:
5. с. Росен	1	—	
6. с. Арменор	3	3	а) затворени 68
7. с. Секулево	1	—	б) мачени 52
8. с. Борешница	1	1	в) осудени 46
ВКУПНО:	27	23	

Сепак, овој список на затворените не е целосен. Така, на пр., ние само во Битола спомнавме 10 души, а во табелата на Мемоарот фигурираат 9.

Според написот — Арести въ Битоля, — в. Дело, I/10—11, 3, во с. Кожани биле затворени 10—15 души, во с. Борешница 10—15. Затворени имало и во Асаново. Настрадало и с. Шестеово. Интересно е што овде фигурираат селата Кожани и Шестеово, што не се спомнати во Мемоарот. Но за тоа не располагаме со конкретни податоци.

Според Хр. Силјанов биле затворени над 70 лица. (Хр. Силяновъ, op. cit., 141); Ан. Динев, op. cit., 191.

Ги спомнавме иминьата на четириесетина затвореници. За иминьата на останатите не располагаме со податоци.

[55]) Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63; А. Динев, op. cit., 191.

Според Силјанова, биле осудени околу 40 лица (Хр. Силяновъ, op. cit., 141).

Според Ѓ. П. Христов, покрај него биле осудени 35 лица. Сп. Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония . . ., 37.

[56]) Точенъ списъкъ на политическитѣ затворници . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

Што се однесува до бројноста на осудените на смрт, според Ѓ. П. Христов биле — 5. Сп. Къмъ борбитѣ . . ., 37; Хр. Силяновъ, op. cit., 141.

Меѓутоа, според Мемоарот на смрт биле осудени 8 души. (Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63).

[57]) Погрешна е констатацијата на Ѓ. Димовски — Цолев дека Ѓ. Пешков и Ѓ. П. Христов биле затворени едновремено во врска со Јосифовата провала. (Сп. Ѓ. Димовски — Цолев, op. cit., 25).

Ѓ. Пешков бил затворен пред Јосифовата провала поради придружувањето на Делчева. (Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 38).

Меѓутоа, дури Јосифовата провала го открила вистинскиот негов лик пред очите на турската власт. Оттаму резултира смртната казна. (Ibid., 43).

На казна: 101 година робија биле осудени:

1. Никола Стојков од Битола[58])
2. Петко Трпчев од Асаново, Леринско
3. Кочо Најдов од Битола
4. Михаил Наумов од Битола
5. Цветан Јованчев од с. Жабјани[59])
6. Коста Песнациев[60]).

Останатите биле осудени на помали казни. Меѓу другите, на казна од 3 години затвор биле осудени:

1. Никола Котев од с. Варешани
2. Петре Георгиев од с. Барешани
3. Стефо Бошев од с. Жабјани
4. Дине Котев од с. Жабјани
5. Јован Наумчев од с. Жабјани
6. Петре Талев од с. Жабјани
7. Петре Димев од с. Жабјани
8. Гроздан Наумчев од с. Жабјани
9. Атанас Милев од с. Д. Егри
10. Тодор Лозанов од с. Букри
11. Петко Велков од с. Букри.[61])

Последиците од Јосифовата провала биле доста тешки.

Самата провала, гледана низ призмата на територијата што ја опфатила, бројот на затворените и осудените лица, тежината на казните, зголемениот број нелегални, запленувањето на извесно количество оружје, разоткриениот канал за пренесување на оружје, стагнацијата во прекупувањето и пренесувањето на оружје, стагнацијата во наоружувањето на населението, како и привременото опаѓање на неговиот морал, ѝ задала сериозен удар на Организацијата на овој терен.

---

[58]) Ѓ. П. Христов спомнува за Никола Кусото. (Революционната борба . . ., 43). Изгледа, се работи за иста личност.

[59]) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2.

[60]) Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 43.

[61]) Точенъ списъкъ . . ., в. Право, II/29 (37), 2.
Ги спомнавме имињата на 23 осуденици. Енигмата на точниот број на осудените можат да ја разрешат единствено судските протоколи.
Што се однесува до Јосифа Петков, нему му пресудила Организацијата. Според Мемоарот (Македония и Одринско, Мемоаръ . . ., 63), Јосиф Петков наскоро бил ликвидиран.

Навистина, дел од последиците на оваа провала, барем што се однесува до осудените лица, бил ублажен со општата амнестија на политичките затвореници што настапила во почетокот на 1903 година по донесувањето на т.н. „Падарски реформи", една година по самата провала.[62])

Меѓутоа, најтешкиот удар, на прв поглед тешко видлив, со ништо не можел да биде надоместен.

Станува збор за затворањето на членовите на Окружниот комитет на ТМОРО Ѓ. П. Христов и Ѓ. Пешков[63]), како и преминувањето во илегалност на секретарот на Окружниот к-т Ѓ. Сугарев.

Слегувањето од сцената на Организацијата на половината гарнитура од неодамна реорганизираниот Окружен к-т[64]), како и доаѓањето на Лозанчев на кормилото на Организацијата во Вториот револуционерен округ, го свртило курсот на Организацијата во Округот кон драматичен расплет.

Токму тоа ја потенцира историската тежина на Јосифовата провала.

Токму тоа, во извесна смисла, асоцира на познатата промена што настанала во ЦК на ТМОРО по Солунската провала 1901 година.

Конечно, по спроведувањето на Д. Груев за Подрум Кале на 22 мај ст. ст. /4 јуни н. ст. 1902 година[65]), патот за самоволни амбициозни постапки на Лозанчева бил наполно чист.

Потсвесната Лозанчева лозинка — „Округот — тоа сум јас" дошла до полн израз на Солунскиот конгрес на ТМОРО во јануари 1903 година при донесувањето судбоносно решение за иднината на револуционерната борба.[66])

---

[62]) Г. П. Христов и неговите другари биле ослободени на 22.II. ст. ст. /7 март н. ст. 1903 година, по едногодишен затворенички живот. Сп. Къмъ борбитѣ . . ., 39; Революционната борба . . ., 44.

[63]) Навистина, Ѓ. Пешков бил затворен порано, но имало изгледи да биде ослободен. Меѓутоа, Јосифовата провала ја запечатила неговата судбина. (Cf. фусн. 57).

[64]) Според Ѓ. П. Христов, за време на Делчевата посета на Битола есента 1901 година бил реорганизиран Окружниот к-т.

Во неговиот состав влегле: Ѓ. П. Христов (претседател), Ѓ. Сугарев (секретар), А. Дорев (касиер), (советници): — Ат. Лозанчев, Ѓ. Пешков и Н. Дамчев. Сп. Революционната борба въ Битолския окръг . . ., 37; Ѓ. Димовски — Цолев, op cit., 23—24.

Меѓутоа, според Лозанчева, Делчев нему му доверил да го определи составот на Окружниот к-т. Сп. Спомени на Ат. Лозанчев, ракопис . . ., 10.

[65]) Дамянъ Груевъ заточенъ, — в. Право, органъ на македоно-одринскитѣ интереси, бр. 15 (33), София, 31 май 1902, 2.

[66]) „Есента Гарванов внимателно зема решение за востание, внимателно советувајќи се со луѓе, за коишто бил сигурен дека ќе клонат така што после да го изнесе како решение на округот. Ги сондирал Лозанчева во Битола и Дамета, изгледа." (Спомени на Ѓ. Петров, Скопје, 1950, 123).

Колку вистина има во оваа претпоставка за Дамета тешко може да се каже при недостиг на основна документација.

Битолскиот револуционерен округ го понесол главниот товар на македонската илинденска голгота. Фактот што за тоа, од своја страна парцијално придонесла Јосифовата провала — ја детерминира нејзината важност.

D. DIMESKI

THE TREASON OF JOSIF, 1902

(S u m m a r y)

The treason of Josif is first in a series of treasons which in 1902 shattered the Secret Macedonian — Odrinian Revolutionary Organization (TMORO) in the district of Bitola.

It included three cities and fourteen villages in the environments of Bitola and Lerin. The treason of Josif viewed from the point of the territory it comprised, the number of imprisoned and sentenced persons, the severity of the sentences, the amount of confiscated weapons, and the finding out of the channel through weapons were provided, the stagnation in the trade with arms, and the falling off in the revolutionary morale — was a serious blow to the Organization in the district of Bitola.

The heaviest blow of all was the moving off of half the revolutionary staff of the District Committee of the TMORO.

The importance of the treason of Josif can be further emphasised with the fact that it was one of the main events that brought about the Ilinden Uprising.

М-р Лидија АРСОВА—НИКОЛИЌ

СЕГАШЕН ПЕРФЕКТ ВО АНГЛИСКИОТ ЈАЗИК И НЕГОВИТЕ ПРЕВОДНИ ЕКВИВАЛЕНТИ ВО МАКЕДОНСКИОТ

1.1. Во овој прилог ги соопштуваме резултатите од нашата анализа на начините на кои англискиот сегашен перфект може да се преведе на македонски, кои се неговите преводни еквиваленти и што го условува изборот на секој од нив, односно кои критериуми одлучуваат при употребата на соодветна глаголска форма.

Проучувањата се правени врз основа на два вида критериуми: семантички и формални. Иако на семантичките критериуми им е дадено потребното значење, голем дел од вниманието им е посветен на формалните критериуми, особено во оние случаи во кои со семантичките критериуми не може да се објасни употребата на извесни глаголски форми во македонскиот јазик.

1. 1. 2. Начините на кои англискиот сег. перфект се преведува на македонски ги проучуваме на јазичен корпус што се состои од романите: F. S. Fitzgerald, The Great Gatsby, Charles Scribner's Sons, New York, 1953, Charles Dickens, The Great Expectations, Oxford University Press, London, 1959 и од преводите на овие романи на македонски јазик: Ф. С. Фицџералд, Големиот Гетзби, Кочо Рацин, Скопје 1965, Чарлс Дикенс, *Големи исчекувања*, Кочо Рацин, Скопје, 1963.

По анализата на корпус од 237.654 зборови најдовме 516 форми на сегашен перфект, од кои 445 во „The Great Expectations" (корпус од 189.060 зборови) и 72 во „The Great Gatsby" (корпус од 48.594 зборови).

Анализирајќи го посебно секој од овие случаи на употреба на сегашниот перфект во англискиот јазик и неговите преводни еквиваленти во македонскиот дојдовме до следните резултати:

Сегашниот перфект може да се преведе на македонски на повеќе начини. Следните глаголски форми се јавуваат како преводни еквива-

---

[1]) Оваа статија е дел од магистарската дисертација „Преведување на англискиот сегашен перфект и плусквамперфект на македонски јазик" одбранета на 1.VII.1970 год. на Филолошкиот факултет во Белград.

ленти на сегашниот перфект: сум+л—партицип, аорист, имперфект, презент, има +н/т-партицип.

Освен овие глаголскк форми, најдовме и случаи во кои сегашниот перфект е даден во слободен превод, т. е. кога ни една од споменатите форми не се јавува како еквивалент на сегашниот перфект. Најдовме и случаи во кои сегашниот перфект воопшто не е преведен, како и на неадекватен превод.

1.1.3. За да ја утврдиме застапеноста во македонскиот превод на секој преведен еквивалент на сегашниот перфект направивме статистичка анализа. Следниот табеларен преглед ги илустрира резултатите на оваа анализа:

	Големиот Гетзби	Големи исчекувања	Вкупно
корпус	48.594	189.060	237.654
сег. перфект	72	445	517
сум + л — партицип	26	171	197
аорист	15	136	151
имперфект	14	70	84
презент	9	45	54
има + н/т — партицип	—	14	14
слободен превод	3	—	3
непреведен сег. перфект	—	8	8
неадекватен превод	6	—	6

1.2. **Критериуми при преведувањето на сегашниот перфект**

Како што веќе истакнавме, повеќе форми се јавуваат како преводни екиваленти на англискиот сег. перфект. Која од овие форми ќе се употреби зависи од два вида критериуми: општи и посебни.

1.2.1. *Општите критериуми* одлучуваат во голем број случаи на употреба на сег. перфект и затоа ќе ги разгледаме прво нив.

Првиот општ критериум е глаголскиот вид. Англискиот сегашен перфект не е морфолошки обележен за вид, т.е. тој е неутрален во однос на оваа глаголска категорија. Една иста форма на сегашен перфект може да изрази имперфективен или перфективен вид во зависност од контекстот. Оттука при преведувањето на македонски можат да се употребат форми што го изразуваат едниот или другиот вид, според карактерот на дејството што го изразува сегашниот перфект.

Во контекст во кој дејството што го изразува сегашниот перфект е предадено во неговото одвивање, како процес, сегашниот перфект се преведува со несвршени глаголски форми (имперфект, презент, сум + л — партицип од несвршен глагол, има+н/т—партицип од несвршен глагол). Сегашниот перфект се преведува со имперфективни глаголски форми ако изразува дејство што е извршувано во цела низа моменти, т.е. во периодично повторување.

Во оние случаи кога сегашниот перфект означува дејство што се разбира како целосно извршено, т.е. дејство кое не е претставено како процес, како дејство во одвивање, сегашниот перфект се преведува со свршени глаголски форми (аорист, сум+л—партицип на свршен глагол, има+н/т—партицип од свршен глагол).

Тесно поврзана со овој критериум, односно со карактерот на дејството, е употребата на прилози. Прилозите имаат големо значење при преведувањето на англискиот сегашен перфект особено поради тоа што во некои случаи тешко може да се определи карактерот на дејството што го изразува сегашниот перфект. Меѓутоа, кога покрај сегашниот перфект, или во иста клауза, се наоѓаат одделни прилози, се отфрла секое сомнение во тоа дали дејството е завршено или не. Па пример, прилогот just секогаш се колоцира со сегашниот перфект, кој изразува дејство завршено во блиско минато. За видовите прилози што одлучуваат при преведувањето ќе се зборува повеќе при разгледувањето на секој преводен еквивалент посебно.

Втор општ критериум, кој е исто така важен како и првиот, е осведоченоста на дејството. Под овој критериум се подразбира дали оној што го соопштува дејството сам го видел тоа дејство или учествувал во него, или за дејството дознал од некој друг. Ако оној што го соопштува дејството не учествувал во него, или не го видел, туку некое друго лице му кажало за тоа дејство, тогаш сегашниот перфект кој изразува такво дејство се преведува со формата сум+л—партицип. Во случаите кога дејството е посведочено, т.е. кога го предава очевидец, сегашниот перфект се преведува со една од другите глаголски форми.

Првиот и вториот критериум заемно се преплетуваат, т.е. обата се земаат во обзир во сите случаи на преведување, бидејќи непосведочено дејство може да биде свршено или несвршено, како што и осведочено дејство може да биде свршено или несвршено.

На овие критериуми ќе се задржиме подетално во понатамошното изложување.

1.2.2. **Посебни критериуми**. — За разлика од општите критериуми, кои се важни кај сите преводни еквиваленти на сегашниот перфект, посебните критериуми се однесуваат на ограничен број упо-

треби на сегашниот перфект. Нив ќе ги разгледаме подетално кога ќе ги анализираме оние случаи на преведување кај кои критериумите се релевантни. Посебните критериуми се следниве:

а). Поврзаност на дејството со сегашноста.

б). Временска неопределеност на дејството (колокација со прилози што означуваат неопределено време).

в). Траење на дејството во сегашноста.

г). Претпоставувани дејства.

д). Изразување на восхитување и чудење.

1.3. Сегашен перфект во англиски: сум + л — партицип во македонски

Како што може да се види од табеларниот преглед што е даден на стр. 190, најголем број форми на сегашниот перфект се преведуваат на македонски со формата сум+л—партицип. Еве неколку од многубројните примери што ги сретнавме во текот на анализата на корпусот:

„We are so harmonious, and you *have been* a blacksmithwould you mind it?“ D. 168

„Ние сме толку усогласени, а вие *сте биле* ковач, па ќе се противите ли?“ D. 204

„I have never forgotten your wrongs and their causes, I *have* never *been* unfaithful to you or your schooling. I *have* never *shown* any weakness that I can charge myself with.“ D. 291

„Никогаш *не сум* ги *заборавила* злата што ви се нанесени и нивните причини. Никогаш *не сум била* неверна било вам било на вашето учење. Никогаш *не сум покажала* некоја слабост за која можам нешто да си префрлам.“ D. 352

„I *have been drunk* just twice in my life, and the second was that afternoon.“ F. 29

„Само двапати во животот *сум бил* пијан, а вториот пат тоа беше тоа попладне.“ F. 29

„I *haven't made* use of it all summer.“ F. 82

„Цело лето *не сум* го *употребил*.“ F. 56

„We *haven't met* for many years“ — said Daisy.. F. 88

„Веќе со години *не сме се виделе*“ — рече Дејзи.. F. 60

„Do you mean *you've been* to a medium?“, inquired Jordan humorously. F. 122

„Сакате да кажете дека *сте биле* некој пророк"?", праша Џордан со смеа. F. 83

Големата застапеност на формата сум+1—партицип како еквивалент на сегашниот перфект сметаме дека е резултат на сличноста што постои помеѓу овие две форми во англискиот и македонскиот јазик. Оваа сличност има семантички и формален карактер.

Прво, двете форми се сложени, се состојат од помошниот глагол во сегашно време и партицип. На пример, I *have worked* има компоненти: сегашно време од „have" и партицип „worked"; во македонскиот *сум работел* се состои од сегашно време на глаголот „сум" и партиципот „работел".

Но, сличноста во употребата се разбира е многу поважна. Според Ф. Палмер[2]) и В. Туодел[3]) основното значење на сегашниот перфект е да изрази „current relevance", т.е. „in some way or other..the action is relevant to something observable at the present." Токму во оваа своја особина да изрази дејство релевантно за сегашноста, англискиот сегашен перфект се приближува до значењето на сум—1—партицип во македонскиот. Оваа форма во македонскиот јазик, исто така, поврзува дејство што се случило во минатото со сегашниот момент. Според Конески „..ние го предаваме својот сегашен впечаток за нешто што станало порано, но резултатот од кое е виден и во сегашноста, па затоа можеме директно да го констатираме."[4])

Следниот пример убаво ја илустрира употребата на сегашниот перфект, којашто тукушто ја објаснивме:

„You're morbid, George," said his friend. „This has been a strain to you and you don't know what you're saying." F, 159. Во овој пример се гледа дека дејството што го изразува сегашниот перфект has been е важно за сегашниот момент, што се потврдува и со самото продолжение на реченицата, во кое се употребени презентските форми „. . . and you don't know what you're saying." Ситуацијата изразена со презентските форми тесно е поврзана со сегашниот перфект has been, таа ситуација всушност е резултат на ова дејство. Во македонскиот текст оваа поврзаност со сегашноста е предадена со формата сум + 1 — партицип:

„Ти си болен од тоа Џорџ", рече неговиот пријател. „Тоа толку силно те *поїодило* да не знаеш што зборуваш." F, 107.

Еве уште еден пример во кој јасно се гледа дека дејството што го изразува сегашниот перфект е поврзано со сегашниот момент:

---

[2]) F. R. Palmer, 1965. A Linguistic Study of the English Verb. London: Longmans. str. 74.

[3]) W. F. Twaddell, 1965. The English Verb Auxiliaries. Providence: Brown University Press. str. 8.

[3]) Б. Конески, 1966. Граматика на македонскиот литературен јазик. Скопје: Просветно дело. стр. 297.

„Everybody thinks so-the most advanced people. And I know. *I've been* everywhere and *seen* everything and *done* everything.“ F, 18.

Дејствата што се изразени со формите I've been . . . seen . . . done се случиле во минатото, но сите имаат влијание на сегашноста, што се потврдува и со зборовите I know. Во македонскиот превод ова значење е пренесено пак со формата сум + l — партицип:

„Секој така мисли — и најнапредните луѓе. Додека јас тоа го знам.

Сегде *сум била*, сѐ *сум видела* и сѐ *сум правела*.“ F, 16.

Во следните примери го среќаваме сегашниот перфект со истото значење — поврзаност на дејството со сегашниот момент, односно релевантност на дејството за сегашноста. Во клаузите пред или по онаа во која е употребен сегашниот перфект наоѓаме презент, што е и потврда за ова значење на сегашниот перфект. На македонски овие форми на сегашниот перфект се преведени со сум + l — партицип:

„Which you *have* that *growed*“, said Joe, and that swelled and *gentle-folked*; . . . as to be sure you are a honour to your king and country.“ D, 208.

„Толку *си пораснал*,“ рече Џоу, „*и си се изградил* и *си се пократосподинил*; што несомнено си чест за својот крал и земја.“ D, 252.

„Now I ask you“ . . . said my guardian.. „once more and for the last time, what the man you *have brought* here *is prepared* to swear?“ D, 159

„Сега те прашам.. „рече мојот старател..“ уште еднаш и за последен пат, во што *е* готов да се заколне човекот што *сте* го *довеле* овде?“ D, 193.

„We *are* so harmonious, and you *have been* a blacksmith-would you mind it?“ D, 168

„Ние *сме* толку усогласени, а вие *сте биле* ковач, па ќе се противете ли?“ D, 204.

„I *am* glad you've growed up a game one! But don't catch hold of me.“ D, 300

„Мило ми *е* што *сте пораснале* и што сте претпазливи! Но немојте да ме чепнете.“ D, 364

„I *am* glad to believe you *have repented* and *recovered* yourself. I *am* glad to tell you so. „D, 301

„Со радост *верувам* дека *сте се покајале* и *сте се вратиле* на правиот пат. Мило ми е да ви го речам тоа.“ D, 365

„I *seem* to have gone a twelvemonth! Why, so I must have been, for you *have grown* quite thin and pale!" D, 320

„*Изгледа* како да ме немало дванаесет месеци! Па и мора толку да ме немало, зашто ти *си станал* сосема слаб и блед." D, 390

1.3.1. Сегашниот перфект во англискиот и формата сум + 1 — партицип во македонскиот ја имаат и таа заедничка особина што можат да означуваат дејства што се случиле во минатото, но кои не се поврзани со определен момент во минатото. Според Керм „The present perfect is much used of past time provided the time is indefinite and general, but cannot be used at all if a definite date is mentioned which is now wholly past."[5])

Формата сум + 1 — партицип во македонскиот исто така може да се употреби за дејства што се случуваат во неопределено време во минатото. Конески, анализирајќи ја употребата на оваа форма, констатира: „Значењето му се карактеризира со тоа што со него се соопштува за дејство извршено воопшто во минатото, без да се побудува при тоа претстава за одреден момент кога се одвивало, како што е случајот при минатите определени времиња."[6])

Заради ова свое значење сегашниот перфект, а обично и сум+ 1 — партицип, не се употребуваат со прилози за определено време.

Анализирајќи го корпусот сретнавме многу случаи на употреба на сегашниот перфект во ова значење. Во тие примери сегашниот перфект е употребен без прилози за време, а се преведува со формата сум+ 1 — партицип. Ќе наведеме неколку примери:

„This fellow *has worked up* the whole thing." F, 13

„Овој човек наполно ја *разработил* оваа мисла." F, 13

„I *have been drunk* just twice in my life." F, 29

„Само двапати во животот *сум бил* пијан." F, 23

„..but I *have heard* father mention that he was a showy man.. D, 171

„... но *сум* го *слушнал* татко ми да спомене дека тој бил гиздав човек.." D, 207

[5]) Curme, 1947, English Grammar. New York: Barnes and Noble. str. 254.
[6]) Конески, 1966, 291.

„I *have had* occasions to notice many hands.“ D, 203

„*Сум имал* случај да забележам многу раце.“ D, 246

„..and years *have rolled away*, and whos to gain by it?“ D, 314

„..*поминале* многу години и кому би му користело тоа? D, 382

„Nothing *has been* in my thoughts so distinctly as his putting himself in the way of being taken.“ D, 324

„Ништо во мислите не ми *било* појасно од неговото поставување на пат да биде фатен.“ D, 394

„*Have* you quite *forgotten* her?“ D, 457

„*Си* ја *заборавил ли* сосема? D, 556

„Dear Joe, *have* you *heard* what becomes of her property?“ D, 441

„Драги Џоу, *си слушнал* ли што станува со нејзиниот имот?“ D, 537

„*Have you thought* of your future?—“ No, for I *have been* afraid to think of any future.“ D, 519

„*Си размислувал* ли за својата иднина?“ — „Не зашто *сум се плашел* да мислам за каква и да е иднина.“ D, 426

„I *have seen* your pleasant home, and your old father.“ D, 390

„*Сум* го *видел* вашиот пријатен дом и вашиот стар татко.“ D, 474

„I *have not heard* the particulars of my sister's death, Biddy.“ D, 268

„Не *сум слушнал* никакви поединости за смртта на сестра ми, Биди.“ D, 326

„*Have you read*“ The Rise of the Coloured Empires „by this man Goddard?“ F, 13

„*Дали си ја прочитал книгата* „Јакнење на обоените царства“ од Годард?“ F, 13

1.3.2. *Колокација со прилози за неопределено време.* Сегашниот перфект во англискиот често е колоциран со прилози за неопределено

време. Анализирајќи го корпусот, најчесто ги сретнуавме следните прилози што се употребени со сегашниот перфект: never, never since, never once, ever, for ever, yet, already.

Формата сум + 1 — партицип исто така често се употребува со соодветните прилози, па оттаде и се јавува како преводен еквивалент на сегашниот перфект кога е колоциран со споменатите прилози. Ќе наведеме неколку примери:

never

„I am afraid he is a sad old rascal," said Herbert, smiling, „but I *have never seen* him." D, 355

„За жал, тој е жалостен стар простак," рече Херберт, насмевнувајќи се, „но *никогаш не сум го видел*." D, 431

„He does not make it, "said I„, and *has never made* it, and has no knowledge or belief that his daughter is in existence." D, 389

„Тој не го тврди," реков, „и *никогаш не* го *тврдел* и не знае ниту пак верува дека ќерка му е жива." D, 473

„I *have never seen* two men look more oddly at one another than Mr. Jaggers and Wemick did.." D, 390

„*Никогаш не сум видел* двајца мажи да се загледуваат почудно еден во друг отколку што го направија тоа г. Џагерс и Вемик.. D, 474

never since

Прилогот never се јавува со прилогот since, веднаш по него или во истата клауза:

„... and she *has never since looked upon* the light of day." D, 172

„.. и *оттогаш* повеќе *не* ја *видела* светлината на денот." D, 208

„... and my father *has never seen* her *since*." D, 171

„... and I *have never seen* any one since." D, 167

„... и *оштоиаш не сум видел* никого." D, 203

„I *have never been* here *since*." D, 459

„*Оштоиаш никоиаш не сум дошла*." D, 558

never once

„... that there was such a thing as the daylight by which she *has never once seen* your face.." D, 291

„... дека постои таква работа како дневната светлина при која таа *никеднаш не* ви го *видела* лицето.." D, 353

ever (во прашални и негативно-прашални реченици)

„*Have* you *ever seen* a messenger you once sent to me?" D, 302

„*Сиште* го *виделе ли некоиаш* оној човек со пораката кого еднаш ми го испративте?" D, 367

„*Haven't you ever seen* her?" F, 10

„*Нели си ја видел некоиаш*?" F, 11

„*Have* you *ever heard* of any tutor whom you would prefer to another?" D, 132

„*Сиште слушнале ли некоиаш* за некој учител кого што би го сакале повеќе од друг?" D, 161

ever (во потврдни реченици)

„.. I am one of the few honest people that I *have ever known.*" F, 60

.. дека сум еден од оние ретки чесни луѓе кои воошто *некоіаш сум ги йознавал.* F, 42

„.. in every line I *have ever read,* since I first came here.." D, 345

„.. во секој ред што *сум* го *чишал коіа и да било,* откако првпат дојдов овде.." D, 419

„Miss Skiffins composure while she did this was one of the most remarkable sights I *have ever seen..* D, 283

„Прибраноста на г-цата Скифинс додека таа го правеше тоа беше една од највпечатливите глетки што *сум* ги *видел* кога и да било.." D, 343

.. sat the strangest lady I *have ever seen,* or shall ever see. D, 52

.. седеше најчудната дама што *коіа и да било сум ја видел,* или кога и да било ќе ја видам. D, 66

for ever

„.. then mention this boy.. — which I solemnly declare I was not doing — „that I *have for ever been* a willing slave to?" D, 47

„.. тогаш да го спомене ова момче.. — што свечено изјавувам дека не го правев — „чија доброволна робинка јас *сум била* секогаш." D, 60

yet

„I *haven't begun* insuring yet." he replied. D, 173

„*Уштё не сум йочнал* да осигурувам." одговори тој D, 211

„*Have you dined* with Mr. Jaggers *yet*? D, 190

„*Сте ручале ли веќе* кај g. Џагерс" D, 231

„*Have* you *seen* anything of London, *yet*?" D, 210

„*Сте виделе ли веќе* нешто од Лондон?" D, 255

„So you *haven't dined* with Mr. Jaggers *yet*?" D, 194

„Значи, вие *се уште не сте ручале* со г. Џагерс?" D, 235

already

„This *you've seen already*." D, 189

„Ова *веќе сте* го *виделе*." D, 229

„.. Little Alick in a frock *has already made* arrangements.." D, 237

„.. Малиот Алик во фустанчето *веќе* ги *најправил* своите планови.." D,289

„.. with some faint hope of one day repaying what you *have already had*." D, 324

„.. со извесна надеж еден ден да го вратиш тоа што *веќе си* го *примил*.?" D, 393

1.3.3. Со ова се исцрпуваат случаите во кои постои сличност во употребата и значењето помеѓу сегашниот перфект во англискиот јазик и формата сум + 1 — партицип во македонскиот. Но овие случаи не ги опфаќаат сите ситуации во кои сегашниот перфект се преведува со сум + 1 — партицип, а што ги сретнавме во текот на анализата на корпусот.

Анализирајќи го корпусот можевме да утврдиме дека еден голем број случаи на употреба на сегашниот перфект се преведени со сум + 1— партицип, без да постои семантичка сличност помеѓу овие две форми. Имено, тоа е во оние случаи во кои сегашниот перфект изразува дејство кое оној што зборува не го видел, туку за него дознал од некој друг. Овде не се работи повеќе за сличност во употребата и значењето

на двете форми, туку, напротив, за една категорија која постои само во македонскиот јазик и која во него е обележена со формата сум + 1 — партицип.

Формата сум + 1 — партицип, освен досега споменатите употреби, во кои се совпаѓа со англискиот сегашен перфект, има уште една употреба, многу важна и истовремено многу карактеристична за македонскиот јазик, а тоа е да изрази дејство кое оној што зборува не го видел, или не учествувал во него, туку за тоа дејство дознал од некој друг. Вакво дејство во македонската граматика е познато како „прекажано дејство",[7]) а овој термин на англиски е преведен со „non-witnessed action".[8])

Во сите случаи кога од контекстот се гледа дека сегашниот перфект изразува „прекажано дејство" се преведува со сум + 1 — партицип. Понекогаш во самата реченица постојат зборови кои укажуваат на тоа дека сегашниот перфект изразува вакво дејство. На пример:

„I have been informed by Wemmick, „pursued Mr. Jaggers, still looking hard at me, " that he *has received* a letter.." D, 318

„Ми беше соопштено од Вемик", продолжи Г. Џагерс, сè уште гледајќи во мене строго, „дека *добил* писмо." D, 386

Во оваа реченица сегашниот перфект has received изразува дејство кое оној што зборува (Џагерс) не го видел, туку за него бил информиран од друг (од Вемик), па заради тоа во македонскиот превод е употребен сум + 1 — партицип. Во следниот пример, исто така, се работи за „прекажано дејство":

„We don't know what you *have done*, but we wouldn't have you starved to death for it, poor miserable fellow-creature." D, 36

„Не знаеме што *сте сториле*, но не би сакале да умрете од глад без неа, кутриот беден човече." D, 47

Сегашниот перфект have done изразува дејство што не се случило во присуство на оној што зборува, што се потврдува и со зборовите „we don't know". Заради тоа и оваа форма е преведена со сум + 1 — партицип.

Но честопати во реченицата не постојат зборови кои укажуваат на тоа дека дејството е прекажано. Во такви случаи од речениците што претходат или следуваат може да се заклучи дека се работи за прекажано дејство. Ќе наведеме неколку примери:

---

[7]) Б. Конески, 1966, 292.

[8]) H. Lunt, 1952, Grammar of the Macedonian Literary Language. Скопје Државно книгоиздателство на Н. Р. Македонија, стр. 91.

„Do you mean *you've been* to a medium?", inquired Jordan humorously. F, 122

„Сакате да кажете дека *сте биле* кај некој пророк?", праша Џордан со смеа. F, 83

„Where *have you been*, you young monkey?

„Каде *си бил*, ти млад мајмуне?", праша г-ѓата Џоу.. D, 12

„Do you feel that you *have lost* her?" D, 109

„Чувствуваш ли дека *си* ја *изгубил*?" D, 134

„I am glad of one thing, „said Biddy, „and that is that you *have felt* you could give me your confidence, Pip." D, 122

„Ме радува една работа, „рече Биди", а тоа е дека *си почувствувал* оти можеш да ми се довериш." D, 149

„*Have you thought* about when you'll show yourself to Mr. Gargery, and your sister and me?" D, 157

„*Си мислел ли* за тоа кога ќе ни се покажеш на г. Гацери, сестра ми и мене?" D, 167

1.3.4. Формата сум + 1 — партицип во македонскиот може да се употреби и кога претпоставуваме дека некое дејство можело да се случи. Според тоа, кога и сегашниот перфект исто така изразува дејство за кое се претпоставува дека можело да се случи, се преведува со сум + 1 — партицип. Меѓутоа, во англискиот и други форми можат да изразуваат вакви дејства, додека во македонскиот изразувањето на претпоставувани дејства е едно од значењата на формата сум + 1 — партицип.

Формите на сегашниот перфект кои изразуваат претпоставувани дејства, а што ги сретнавме во корпусот, обично се во споредната клауза, а во главната се употребени глаголите seem suppose или прилогот probably. Како што истакнавме, изразувањето на дејства за кои се претпоставува дека можеле да се случат не претставува едно од значењата на сегашниот перфект, па употребата на споменатите глаголи и прилози придонесува таквото значење да се изрази. Еве неколку примери што ги сретнавме во текот на анализата на корпусот:

„Why, I *suppose* you *have not done* such a thing these twelve months.“ D, 429

„Па *претпоставувам* дека *не сте сториле* таква работа во последниве дванаесет месеци.“ D, 522

„*Seems* you *have been out* after such?“ asked the stranger.“

„*Изгледа* како да *сте трагале* по некого?„праша тугинецот.“ D, 71

„*Probably* it is through Paris that you have received the explanation.“ D, 318

„*Веројатно* преку Париз *сте* го *добиле* објаснението.“ D, 387

Во корпусот го сретнавме и партиципот assuming во партицип-иалната клауза што се наоѓа пред онаа во која е употребен сегашниот перфект:

„... you may have accounted for them, *assuming* for the sake of argument that you have not invented them.“ D, 373

„... сте можеле да ни ги објасните, *претпоставувајќи*, заради аргументот дека не сте ги измислиле.“ D, 454

1.3.5. Формата сум + 1 — партицип може да изразува изненадување или чудење и се појавува како преводен еквивалент на сегашниот перфект кога тој исто така изразува чудење или изненадување. На пример:

„And, dear boy, how good-looking you *have growed*!“ D, 305

„И драго момче, колку убаво си *пораснало*!“ D, 370

„Oh,!“ said he, „You have heard of the name! But the question is what do you say of it?“ D, 132

„Ох!“ рече тој „*Сте слушнале* за името! Но прашањето е е што велите за него?“ D, 161

1.3.6. На крајот, сумирајќи ги резултатите на оваа анализа можеме да заклучиме дека сегашниот перфект се преведува на македонски во најголем број случаи со формата сум + 1 — партицип. Во овој прилог детално е анализирана токму оваа појава. Притоа може да се констатира дека сите анализирани примери можат да се поделат во две групи:

Во првата група спаѓаат оние примери на употреба на сегашниот перфект во кои меѓу сегашниот перфект и неговиот преведен еквивалент постои семантичка сличност. Тоа е кога и двете форми се употребени да изразат: а) дејство кое е релевантно за сегашноста, односно дејство што се случило во минатото, а на некој начин е поврзано со сегашноста и б) дејство што се случило во неопределено време во минатото. Во вториот случај сегашниот перфект се јавува сам, без прилози, или е колоциран со прилози за неопределено време.

Во втората група примери во кои сегашниот перфект се преведува со формата сум + l — партицип меѓу овие две форми не постои семантичка сличност. Тоа е во следните случаи: а) кога сегашниот перфект изразува „прекажано" дејство, б) кога англискиот сегашен перфект изразува претпоставувано дејство и в) кога изразува восхитување или чудење.

Во анализираниот корпус од 237.654 зборови од 516 форми на сегашен перфект 197 се преведени со формата сум + l — партицип што најубаво ја илустрира зачестеноста на овој преведен еквивалент.

M-r Lidija ARSOVA—NIKOLIĆ

THE PRESENT PERFECT IN ENGLISH AND ITS TRANSLATION EQUIVALENTS IN MACEDONIAN

Summary

After the analysis of a corpus of 237.654 words in which we found 516 forms of the present perfect we came to the conclusion that this verbal form has the following translation equivalents in Macedonian: sum+l—participle, aorist, imperfect, present, ima+n/t—participle.

The choice of an adequate equivalent depends on general and specific criteria. Among the general criteria are the verbal aspect and the distancing of the action, whereas specific criteria are the relevance of the action to the present time, the duration of the action in the present, supposed actions, expressing of admiration and wonder etc.

In the determining of the character of the action expressed by the present perfect the adverbs play an important part, because it is not always possible to conclude from the form itself whether it expresses the perfective or imperfective aspect.

We found out that in all cases when it can be seen from the context that the present perfect denotes a non-witnessed action it is translated by sum+l—participle, and in the cases when the action is witnessed by another verbal form. This category of „distancing" is found only in Macedonian.

The major part of this study deals in details with those situations when the present perfect is translated by the form sum+l—participle.

Д-р Петар ХР. ИЛИЕВСКИ

КОН ИНТЕРПРЕТАЦИЈАТА НА МОДЕЛОТ НА УДВОЕНИОТ ОБЈЕКТ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

1. Една од битните одлики на македонскиот, како и на другите балкански јазици, е синтактичката особеност на удвоен објект. Конструкцијата се состои во тоа што покрај именката или заменката, употребени како директен (O_1) или индиректен (O_2) објект, при глаголот се додава во иста функција, како проклитика или енклитика, и кратката заменска форма од соодветната лична заменка, на пр. *Мене ме викна, Ти вели тебе, Го срета детето, Му го покажа патот на старецот* и др., алб. *Ai më njeh mua, S'e ka ditur këtë, Njeriu e bën këtë, E pyeti motren*; аром. *Mine me alàș, Z dedu kaplu a tsie, Kôrts a ția sô ș pitrets*; грч. Ὡσὰν μὲ βλέπετε ἐμένα, Καὶ ἐμένα ἔτσι μὲ εἶπεν, Ὅλα ταῦτα τὰ γνωρίζω, Αὐτοὺς θέλω νὰ (τοὺς) ἰδῶ, буг. *Тебе те поздравиха, Познавам го него, Получих (го) писмото, Кажи му на Иван* (не на Стоян) и др.; ром. *Pe tine te lașasem, Eu ți-e spun ție, Ca lui Nina nu-i e draga*, etc. Во ограничена мера, само со заменки, оваа конструкција се среќава и во некои периферни српски и хрватски говори, сп. *Мене ме боли глава, Теби ти е казао* и сл.

Оваа особеност претставува составен дел од морфо-синтактичката структура на балканските јазици, кои образуваат еден јазиков сојуз и со право се смета за балканизам. Затоа таа не може да се иследува изолирано само во еден од овие јазици без да се води сметка за неа и во другите балкански јазици. Но при тоа секогаш треба да се има предвид и фактот дека покрај заедничките црти, оваа конструкција во одделните балкански јазици има и некои специфични особености, како во начинот на употребата, така и по однос на нејзината задолжителност.

Така, во западното македонско наречје и во литературниот македонски јазик удвојувањето на објектот е задолжително. Во сите случаи, кога како објект се употребува полна заменска форма, лично и роднинско име, или определен предмет, неопходно е да се додаде и соодветната кратка заменска форма. При евентуалното отсуство на заменската клитика, не само што се чувствува празнина во изразот, ами понекогаш се јавува и семантичка декомпозиција и звуково

реченицата може да добие противна смисла: *Нeĭо ĭо видов*, **Нeĭо видов*, *Не ĭо видов*; *Нему му вeйив*, **Нему вeйив*, *Не му вeйив*. Во албанскиот (говорен јазик) и ароманскиот удвојувањето е исто така задолжително, а во новогрчкиот, бугарскиот и романскиот се употребува во народниот говор (но не секогаш редовно), додека во литературниот јазик се избегнува како плеоназам. Се водат опширни дискусии кога и зошто не е задолжително удвојувањето на објектот во овие јазици.

Оваа интересна појава го привлекувала и продолжува да го привлекува вниманието на мнозина балканолози и слависти. Во последно време се објавени бројни студии, посветени исцело или делумно на оваа конструкција.[1]) Со нив, а особено со типолошките анализи и историски иследувања на Голомб, Будагов, Цихун, Минчева, Бухолц и др., се фрла нова светлина врз проблемите што искрснуваат во врска со суштината, функцијата, потеклото, хронологијата и историскиот развој на оваа комплицирана јазична појава. Но остануваат уште нерешени прашања, особено во врска со нејзината генеза и историскиот развој, кои не можат лесно да се следат поради недостиг на примери од постари писмени споменици во сите балкански јазици. Посебни тешкотии задава проблемот за моделот врз кој е изграден механизмот

---

[1]) Z. Goląb, *Funkcja syntaktyczna proklityki zaimkowej w gwarach macedońskich*, Lingua Posnaniensis IV, 1953, str. 275—291. Св. Иванчев, *Наблюдения върху члена в българския език*, списание Български език VII, 1957, 6, стр. 508—514; Р. А. Будагов, *Этюды по синтаксису румынского языка*, Москва 1958, стр. 64—104; P. Novák, *K zdvojování předmětu v albánštině*, Sborník slavistických prací věnovaných IV mezinárodnímu sjezdu slavstů v Moskvě, Univ. Karlova, Praha 1958, str. 27—32; З. Голомб, *Два македонски говора (на Сухо и Висока во Солунско)*, Македонски јазик XI—XII, 1960—61, стр. 115—133; П. Хр. Илиевски, *Прилог кон хронологијата на еден балканизам во македонскиот јазик*, Македонски јазик XIII—XIV, 1962—63, стр. 67—85; К. Попов, *Стилно-граматична употреба на удвоеното допълнение в българския книжовен език*, ИИБЕ (Известия на Института за български език) кн. VIII, 1962, стр. 459—470; Г. А. Цыхун, *Синтаксис местоименных клитик в болгарском и македонском литературных языках*, Ленинград 1966; Oda Buchholz, *Zur Frage der Verdoppelung der Objekte im Albanischen*, Actes du Premier Congrès international des Études balkaniques et Sud-Est Européennes, VI, Sofia 1968, str. 711—724; H. Walter, *Zum Problem der sog. verdoppelten Objekte in den Balkansprachen*, Résumés des communications. Linguistique, I Congrès international des Études balkaniques . . ., str. 225—229; K. Popov, *Wortfolge- und Intonationsbesonderheiten des doppelten Objekts im Bulgarischen*, Die Welt der Slaven XII, 1967, str. 199—205; Ангелина Минчева, *За някои аспекти на рейризата на личните местоимения в българския език*, *ИИБЕ* кн. XVI, 1968, стр. 371—379; — *Още за интерпретация на модела на удвоените допълнения в българския език*, ИИБЕ кн. XVII, 1969, стр. 3—50; Г. А. Цыхун, *Синтаксис местоименных клитик в южнославянских языках*, (Балканославянская модель), Минск 1969; Ив. Кънчев, *Някои наблюдения върху употребата на удвоеното допълнение в испанския и българския език*, Език и литература XXVII, 1972, 1, стр. 52—58.

Од постарата литература треба да се одбележи особено: A. Thumb, *Handbuch der neugrieschihen Volkssprache*, Strassburg, 1910, 81—82; А. М. Селищев, *Очерки по македонской диалектологии*, т. I, Казань 1918, стр. 246—259; A. Mazon — A. Vaillant, L'Évangéliaire de Kulakia, un parler slave du Bas—Vardar, Paris 1938, 177—179; I. Seidel—Slotty, „*Hypertrophie*" *der Pronomnia im Rumänischen*, Bulletin Linguistique, VIII, 1940, 142—153. и др.

на оваа синтактичка конструкција во балканските јазици. Треба да се забележи дека при неговата интерпретација се искажани различни, а на места и противположни мислења. Едни автори, понесени од своите концепции, превидоа извесни факти во одделни балкански јазици, други се обидоа да го расветлат проблемот врз основа само на еден од овие јазици, а трети ја претставуваат оваа јазична појава во многу упростен вид, без да водат сметка дека е таа резултат на повеќе различни внатрешни и надворешни фактори што дејствувале со векови на Балканот.

Со овој напис имаме за цел да изнесеме неколку забелешки кон последната интерпретација на проблемот и да укажеме на некои факти од современата употреба и историскиот развој на оваа конструкција, главно, во македонскиот јазик. Бидејќи македонскиот, како централен балкански јазик, е со најразвиена балканска структура, а неговата историја може да се следи врз писмени споменици од постаро време отколку на некои други балкански јазици, сметаме дека тие податоци ќе бидат од интерес за целата балканистика и ќе фрлат извесна светлина и на поставениот проблем за моделот на удвоениот објект.

2. Како битен услов за удвојувањето на објектот во сите балкански (дури и небалкански) јазици се истакнува определеноста на објектот и се исклучува можноста за ваква појава при случаите кога е објектот неопределен.[2]) Но треба да се забележи дека во некои балкански јазици тој услов не може наполно да биде применет. На пр. во македонскиот, навистина, задолжително е удвојувањето на директниот објект кога е определен (сп. *Видов човек, Го видов човекот, — оној човек* и др.). Меѓутоа, индиректниот објект се удвојува независно од тоа дали е определен или не[3]: *Му дадов нему, Му реков на Трајана, Му помоѓна на (еден) сиромав.* Овде нема ограничувања како во случаите со директниот објект. Удвојување се јавува не само кога индиректниот објект е изразен со предлогот *на*, ами и со предлозите *до, кај, пред* и др. кои се семантички блиски до *на*, сп. *До Дирекцијата на поштите ѝ беше упатено барање да постави телефон.* Во извесни случаи се среќава удвојување и на директниот објект кога е само делумно определен (со *еден, некој*), на пр. *Еден бран го истрѓна еден морнар* (В. Назор, прев. од хрватски).[4]) Овој факт неоспорно покажува, како што установи Цихун,[5]) дека во македонскиот јазик конструкцијата со удвоен објект станува универзално формално средство за сигнализација на O_1 и O_2 во реченицата. Голомб (*о. с.*) правилно

---

[2]) Ангелина Минчева, *Опит за интерпретация на модела на удвоените допълнения в българския език*, ИИБЕ XVII, стр. 3: „Удвояват се само (потцртаното наше, П. Хр. И.) членувани съществителни или съществителни, определени по някакъв начин, най-често с показателно местоимение". Пак таму, стр. 5: „нечленувани съществителни не се удвояват — членуваните съществителни получават реприза" е съществено за всички (подвлеченото наше, П. Хр. И.) балкански езици.

[3]) Сп. Бл. Конески, *Историја на македонскиот јазик*, Скопје 1965, стр. 99.

[4]) Сп. Г. А. Цыхун, *Синтаксис местоименных клитик* (в. бел. 1), стр. 114 s.

забележува дека репризата на индиректниот објект во македонскиот е второстепено, дополнително средство на сигнализација, зашто предлогот *на*, што задолжително стои крај именката, доста јасно ја означува оваа функција. Но тоа сепак зборува дека конструкцијата со удвоен објект во македонскиот станала задолжителен систем и механизам за искажување на објектните синтактички односи.

3. Местото на кратките форми од личните заменки во современиот македонски јазик, како и во албанскиот, ароманскиот, и грчкиот е точно определено. Тие стојат непосредно пред глаголот како проклитики, освен при императив, глаголски прилог и извичник, сп.: *Викни го Трајана, Намигнувајќи им на другите, му одговори на човекот*: *Еве го јунакот*. Сп. алб. Mue më pëlqen, Një shoku i lindi djalë. Во извесни случаи дури и при императив во албанскиот кратката заменска форма стои како проклитика, сп.: Ja deftoni tregun nuses (Покажете ѝ го пазарот на невестата). Во албанскиот понекогаш клитиките можат да се вметнат помеѓу глаголската основа и личната наставка, сп. Trego-ja-ni pazarin mikut (Покажете му го пазарот на пријателот), каде што *ja* < *i* (pazarin) и *a* (mikut) всушност е еден инфикс. Во ароманскиот, исто така, кога е императивот негиран, кратките заменски форми се употребуваат проклитично.[6]) Додека во северните грчки говори има проклитичка употреба на кратките заменски форми, освен при императив, сп. δῶσε μου καὶ ἐμένα (енклитично), на островите: Крит, Кипар, Род, Хиј и др., потоа во Мала Азија, Понт и Кападокија, тие се употребуваат енклитично.[7]) Во бугарскиот кратките заменски форми заземаат поинакво место отколку во другите балкански јазици. Обично тие стојат како енклитики кон глаголот, но можат да се употребат и проклитично, дури и при императив. Така, покрај: *Иван го видях*, може да се каже и *Видях го Иван*, наспроти *Ивана го видов*, *Го видов Ивана*, во македонскиот. Или: *На Иван му кажи*, покрај *Кажи му на Иван*, во бугарскиот, наспроти само *Кажи му на Иван(а)*, во македонскиот. Вакви и други слични примери му дадоа повод на Цихун да заклучи дека во бугарскиот заменските клитики не се до таква степен граматикализирани и делексикализирани,[8]) ами тие, во поголем број случаи, сè уште го пазат второто место во реченицата, според законот на Вакернагел[9]).

---

[5]) Idem, *o. c.* стр. 112—114. За задолжителноста на удвојувањето во алб. в. кај Oda Buchholz, *o. c.* p. 717 s.

[6]) Селищев, *o. c.* стр. 257.

[7]) A. Thumb, *l. c.*

[8]) Цыхун, *o. c.*, стр. 115 s.

[9]) I. Wackernagel, *Über ein Gesetz der indogermanischen Wortstellung*, Indogermanische Forschungen I, 1892, cf. Iv. Gâlâbov, *Zur Frage der bulgarischen Enklitika*, Zeitschrift für slawische Philologie XX, 1950, стр. 417—438. Посебно прашање претставува обусловеноста на изборот на проклиза или енклиза во балканските словенски јазици. Поради ограничениот простор овде немаме можност да се запираме и на него.

4. Различни мислења се искажани во врска со прашањето: Што всушност претставува конструкцијата со удвоен објек и каква функција исполнуваат кратките заменски форми.

Фактот што заменските клитики во оваа конструкција се тесно поврзани со глаголот, на некои балканолози им даде повод да мислат дека тие придобиле белези на „морфеми". Тргнувајќи од тезата на некои автори, кои наоѓаат граматикализирање на кратките заменски форми во оваа конструкција, Х. Валтер[10]) отиде чекор понатаму. Тој е склон да види овде објектно конјугирање на глаголот како во унгарскиот јазик. Тешко може човек да се согласи со мислењето на Валтер дека заменските клитики во вакви случаи претставуваат афикси кон глаголот, зашто во некои балкански јазици (на пр. бугарскиот) конструкцијата на удвоен објект е факултативна појава и не може да се каже дека таму има субјектно-објектно конјугирање на глаголот. Поскоро овде има тенденција кон граматикализирање на заменските клитики, но треба да се забележи дека во ниеден од балканските јазици тие не се наполно граматикализирани.[11])

Будагов (*о. с.*), испитувајќи ја оваа конструкција врз база на романскиот, наоѓа дека удвојувањето е посебна детерминирана форма на името, еден вид член од втора рака, сп. Portofelul il vitase, Banii ii luase cu sine. Тргнувајќи од фактот дека во романскиот се удвојуваат само членувани именки, Будагов смета дека при удвојувањето на објектот има посебна, двојна детерминација, која е карактеристична за романскиот и во други случаи.[12]) Според него избледнувањето на показното значење на членот налага тоа да биде потсилено одново со лична заменка која се граматикализира во второстепен член.[13]) Констатацијата на Будагов, како што ќе видиме долу, не е неоснована.

Пред десет години ние (в. б. 1) изнесовме мислење дека заменските клитики во оваа конструкција ги појаснуваат синтактичките односи меѓу глаголот и објектот на дејството. Во неколку свои написи и З. Голомб, исто така, стои на становиште дека заменските клитики како грамеми се показатели на синтактичките односи меѓу глаголот и објектот, во што тој открива концентрична структура, при која субјектот е апозиција кон личната наставка на глаголот, а објектот кон заменските проклитики.[14]) Многу е показателен неговиот пример: *Јáкуф ја закóйа жéнайа*. Ако се замени проклитиката *ја* со *їо*, при слободниот ред на зборови во реченицата, се променува наполно

[10]) H. Walter. *о. с.*, cf. и Wissenschaftliche Zeitschrift der Karl-Marx-Universität, Leipzig XV, 1966, Geselschafts- und Sprachwissenschaftliche Reiche, H. 3, p. 553.

[11]) Критички осврт на идеите од Валтер даде Цихун во Actes du I Congr. intern. des Études Balkaniques et Sud-Est Europ. VI, str. 725—726; сп. и Й. Пенчев, Бълг. език XV, 1965, кн. 3, стр. 249; Ангелина Минчева, ИИБЕ XVII, стр. 9 s.

[12]) Будагов, *о.с.* (бел. 1), стр. 75.

[13]) Пак таму, стр. 82 s.

[14]) Z. Gołąb, Funkcja syntaktycna . . . 285 s.

нејзината смисла: *Јáкуф їо закóйа жéнаїа*. Одовде јасно се гледа колку важна функција исполнуваат проклитиките. Додека сите други зборови (освен глаголот) остануваат непроменети, клитиката единствено покажува извесна флексија (*їо, му, ме, ми*) и со тоа го определува објектот.

Г. А. Цихун исто така смета[15]) дека во македонскиот литературен јазик заменската клитика е основен формален показател којшто ја означува функцијата на директен и индиректен објект, што зборува за нејзината напредната граматикализација. Во бугарскиот литературен јазик, според него, приглаголната заменска клитика обично се јавува како дополнителен, во поголема или помала мера, факултативен, формален показател на спомнатите синтактички функции.

Ова гледиште беше неодамна подложено на критика од Ангелина Минчева во двете спомнати (бел. 1), инаку, сериозни студии. Таа го критикува становиштето дека со удвојувањето на објектот се отстранувала опасноста од смешување на субјектно-објектните односи на дејството, што би можело да настапи во јазик лишен од падежни форми и заклучува дека удвојувањето на објектот не е никаква неопходност, туку плеоназам.[16]) Во почетокот, кога се зародувала оваа конструкција, а знаеме синтетичката деклинација тогаш уште не била разрушена, навистина удвојувањето можело да се чувствува за плеоназам, но по исчезнувањето на именската флексија, по неопходност се бара ново средство за искажување на синтактичките односи. И јазикот го нашол токму во конструкцијата со удвоен објект. Тоа не значи дека губењето на деклинацијата е единствена причина за појавата на оваа конструкција. Ние укажавме[17]) дека примери со удвоен објект се среќаваат уште пред да се изгуби флексијата. Но отпосле, аналитичката система на јазикот бара друго средство за појаснување на објектот (утврден ред на зборови, или удвојување на објектот при слободниот ред). И Иванчев доаѓа до истиот заклучок по однос на бугарскиот јазик. Реченицата: *Крушаїа рисува (едно) деїе(їо)* е неприемлива во овој вид. За да се избегне двосмислицата во говорниот јазик се вели: *Крушаїа ја рисува (едно) деїе(їо)* и во тој случај сè е јасно и ненасилено.[18])

Минчева смета дека заменската клитика не ја појаснува именката-објектот, ами — глаголот. Контактната позиција на именката со повторената заменка, според неа, е вторична.[19]) Но се прашуваме: ако клитиката не се однесуваше на именката или полната заменска форма, тогаш за какво удвојување може овде да станува збор? Држејќи се до формалната положба на енклитиката, не би требало да се запоставува еден основен факт. Додека полните форми на лич-

[15]) Цыхун, *о.с.*, стр. 117.
[16]) Ангелина Минчева, ИИБЕ XVI, стр. 375, ИИБЕ XVII, стр. 6.
[17]) Сп. Македонски јазик XIII—XIV, 1962—3, стр. 80.
[18]) Св. Иванчев, *о.с.* (бел. 1), стр. 509.
[19]) Ангелина Минчева, ИИБЕ XVII, стр. 11.

ните заменки во балканските јазици можат да заземат кое било место во реченицата, кратките заменски форми, како проклитики или енклитики, се прикрепуваат кон одделни групи зборови (во македонскиот: како енклитики при именки, а како проклитики при глаголот со исклучок на гореспомнатите случаи). Поради тоа што немаат свој акцент, кратките заменски форми се прикрепуваат кон други нагласени зборови, а не како да имаат помала изразна вредност. Бидејќи во случајов глаголот е тој што го означува објектот, нормално е клитиката да стои до него, а не до именката. Сврзувањето на клитиката со именката означува сосема друга работа.

Минчева се обиде да ја критикува и тезата за граматикализацијата на клитиките во балканските јазици.[20]) Но по извршената анализа не можеше да ја одрече таа теза, а само го замени терминот „граматикализација" со „формализација на енклитичниот заменски елемент".[21])

Сосема оправдано Минчева забележува дека појавата на оваа конструкција треба да се бара во „актуалното делење на реченицата", онака како што е објаснето од Прашкиот лингвистички кружок, и во усната реч, која дава богати возможности за обособување на разни синтагматично-интонациони единства. И таа тргнува од поставката дека само членувани именки се удвојуваат. Придружувањето на именката со показна заменка, член, или некое друго појаснување што детерминира, прави постојана позиција во процесот на говорот. Глаголот, пак, кој треба да ја развие понатаму мислата, го повторува објектот преку анафорична, лична заменка во својата непосредна близина заради полнотата на изразот. Истото се постига и кога именката-обејкт со показна заменка се повторува зад глаголот. Така, таа наоѓа дека реченицата со удвоен објект има два центра: именски со член и глаголски со заменска клитика. Тие можат слободно да се одделат.[22]) При тоа цитира примери, приведени од Цв. Младенов[23]): *Иван, видях го*. Конструкцијата со удвоен објек се развила, понатаму излага, „при стегање на глаголната група и при зближувањето на нејзините најглавни елементи — глаголот и неговите објекти. Сегментацијата на усниот говор давала поволни услови за тоа, зашто сама по себеси предрасположагала кон поголема конструктивна самостојност на именката и глаголот. Бидејќи објектите на глаголот се оформени како именски групи и се совпаѓаат со основата на исказот, а имаат друго место во реченицата, различно од установениот словоред, тие добиваат задолжителен заменски заменик при глаголот".[24]) На крајот заклучува дека е удвојувањето на објектот во бугарскиот јазик балканизам, но во тоа не гледа неопходно позајмен модел од некој бал-

[20]) Пак таму, стр. 8 s.
[21]) Пак таму, стр. 12.
[22]) Пак таму, стр. 23.
[23]) Цв. Младенов, *Балканизам ли е удвояването на обекта в български?*, ИИБЕ XVI, 1968, стр. 151—157.
[24]) Ангелина Минчева, *о.с.* стр. 48.

кански јазик или супстрат. Причините за создавање на таков модел се општобалкански, потекнуваат од заедничката структура на балканските јазици. Таа не го исклучува и факторот „влијание", зашто во системот на заменките признава дека има извесни услови за пренесување на схеми. Но во претходната студија (ИИБЕ XVI, стр. 371 — 379), каде што го третира прашањето за удвоениот објект со заменки, не најде никаква схема. Обратно, ја подложи на критика претпоставката дека плеонастичните форми од повратната заменка: *себе си, себѣ си* послужиле за база да се развијат слични форми и од другите лични заменки: *мене ме, тебе ти* и др.

5. Не одрекувајќи го внатрешниот развој на оваа конструкција по таков начин во усниот говор, сепак има основа да се смета дека врската меѓу заменската клитика и објектот, особено кога е искажан со полна заменска форма, била потесна и во самиот почеток кога се зародувала оваа конструкција. Освен тоа, треба да се забележи дека пред да се испитаат добро балканските јазици кои можеле да укажат влијание врз балканскиот словенски со некој свој веќе изграден модел, не може така лесно да се отфрла оваа возможност.

Пред да го разгледаме прашањето каков модел од несловенските балкански јазици можел да послужи за база, сметаме за потребно прво да фрлиме еден, макар и бегол поглед на примерите со оваа конструкција од нашите најстари писмени споменици. Испитувањата на оваа конструкција во последните неколку години постигнаа значаен напредок по прашањето за нејзината хронологија. Јужнословенските писмени споменици во тој поглед се од најголемо значење, зашто се со неколку века постари од оние на албански и романски. Средновековните грчки и латински споменици, пак, малу можат да помогнат, зашто се пишувани на архаичен грчки и латински јазик.

Доскоро беше општопримено дека удвојувањето на објектот во балканските јазици е појава од понов датум. Најстари примери со удвоен објект се цитираа од влашките грамоти (XV век): *Тебе ти се слоучи та ходиш отъ рооуке до рооуке, Сираком господства ми криво да им не боудетъ* и др. На V интернационален славистички конгрес во Софија (1963) Ј. Русек укажа на вакви примери и од Хлудовиот триод[25]), македонски споменик од XIII век и приведе 4 примера (два со удвоена заменка и два со именка). Особено е интересен примерот со удвоена заменка: ѥлико ти глаголахъ тебѣ, кој формално не се разликува од современите обрасци.

На истиот конгрес ние изнесовме мислење[26]) дека уште во старословенскиот имало база врз која да се појави оваа конструкција и, покрај примерите од XVI век наваму, приведов и еден пример од

---

[25]) Ј. Русек, *По въпроса за хронологията на удвояване на допълненията в българския език*, Български език XIII, 1963, стр. 2, 141—143.

[26]) *Славянска филология* VII, Материяли от V международен конгрес на славистите, София 1965, стр. 296.

Мариинското евангелие, Мат. 21, 41: злы злѣ погѵбит ѩ. Фразата е, вистина, буквален превод на грчкото: κακοὺς κακῶς ἀπολέσει αὐτούς, каде што интензивот αὐτούς во извесна смисла го заменува членот којшто е изоставен пред κακούς, сепак овој пример покажува дека дуплирањето на објектот не му противречело на словенското јазично чувство.

Подоцна Ј. Русек изнесе и други примери од средновековни споменици (од XIII и XII век)[27]: и сказа ен аг(ге)л в(огородиц)и, (Шафариков триод, XII век, л. 91). Од истиот ракопис можат да се спомнат и следниве примери: Да и азь wславение приимѫ неаиже тѧ поглътихъ въ мьнѣ во пищи ежже сѧ .ты мьнѣ противиши ми сѧ (л. 113); — Во Орбелскиот триод на тоа место нема удвојување:... въ мнѣ пища ежже сьпротивиши ми сѧ (л. 160); Погодинов: Вь мнѣ пища еже ми сѧ сьпротивиши (л. 156); Шафариков: Ꙗко прѣмилостивы да ѿпоущение сьгрѣшеин подаси въсегда выпиѭщимь ти кь тебѣ (л. 130); и мене кажща сѧ прими мѧ ꙗко блѫднаго сн҃а ги (л. 66); и мнѣ ѿвръзи ми дв҃ри прѣславнаго ти цр҃ьствиа (л. 85), за бл҃гаꙗ ꙗже имъ створи х҃е родоу евреискомоу пропѧти тѧ осѫдишѧ (л. 128), Орб.: за благаа ꙗже створи х҃е родоу евреискомоу (л. 187), Хлудов: за бл҃гѫѧ же створихь х҃е родоу евреискомоу (На колегата Русек му изразувам искрена благодарност што ми обрна внимание на овие многу интересни примери).

Потоа К. Мирчев[28] приведе повеќе примери од стари споменици, меѓу кои еден и од Зографското евангелие: wбаче врагы моꙗ ты нехотѣвъшѧѩ мьнѣ да цр҃ь бимъ выиъ над ними приведѣте ѩ сѣмо Лк 19,27, без соодветно удвојување во грчкиот текст: — πλὴν τοὺς ἐχθρούς μου τούτους τοὺς μὴ θελήσαντας με βασιλεῦσαι ἐπ'αὐτοὺς ἀγάγετε ὧδε. Од другите примери заслужува да се споменат уште: сиѧ ова на ӏ посла ѧ ис҃ь, Мат. 10,5 (од Рилското еванг. XIII век) — τούτους τοὺς δώδεκα ἀπέστειλεν ὁ 'Ιησοῦς, никтоже свѣтилника въжегъ покрываеть его подъ спѫдомь, Лк. 11, 33 (Рилско ев.) — οὐδεὶς λύχνον ἅψας εἰς κρύπτην τίθησιν, блажении раби ти иxже г҃ь пришедыи wрѧщеть их' бдѧщѧ, Лк. 12, 37 (Ќустендилско еванг.), — εὑρήσει γρηγοροῦντας, да аще которы ѫ обрѧще (sic!) на пѫти: мѫжѫ и жены: съвѧзаны приведеть ѫ въ ер҃лмъ, Дела ап. 11, 2 (Слепченски ап.) — δεδεσμένους ἀγάγῃ εἰς 'Ιερουσαλήμ, приѧть же ѫ страхь всѧ, Лк. 7, 16 (Макед. ев. на пот Јована), и др.

---

[27]) J. Rusek, *Przyczynki do historii języków bulgarskiego i macedońskiego*, Odbitka ze Sprawozdań z posiedzeń komisji oddziału PAN w Krakowie, styczeń-czerwiec 1965, p. 133. Меѓу особеностите на Орбелскиот триод, сп. *Triod Orbelski*, Posiedzenie 19 maja 1970, PAN, Krakow, стр. 114, Ј. Русек открил и контаминирани форми од анафоричната заменка во акуз. плурал, на пр.: и роби ѫ ихь створи (л. 191), не оуповаѫще бѫдѫть на обидѣвше ѫ ихь (л. 73). Всушност и овие форми би можеле да се објаснат како случаи на удвоен објект со заменка.

[28]) К. Мирчев, *За хронологията на основните балканизми в български език*, Български език XVI, 1966, кн. 4, стр. 284—286.

Кои овие примери, Ангелина Минчева во спомнатите студии[29]) додаде и други: и еже выхъ азъ слоужитель: по смотренноу бжиоу: даноу ми мнѣ къ васъ, Кол. 1,25 (Слепченски ап., л. 59) ἧς ἐγενόμην ἐγὼ... τὴν οἰκονομίαν τοῦ Θεοῦ τὴν δοθεῖσάν μοι, wтпоущамть ти сѧ тебѣ грѣси твои, Марк. 2,5 (Рилско Б. еванг. од XIII век л. 31) — ἀφίενταί σου αἱ ἁμαρτίαι (var, ἀφίενταί σοι αἱ ἁμαρτίαι σου), сѫщааго несъдрава трѫдомь водъныимь цѣли и, (Син. тр. л. 31б, 2), и мѫжѧ тыѧ еже насочиншѧ... иждеже ѧ пламень, (Григ. пар. Втз. 3,22), всѧ кости ѧ въ темницѫ (Супрс. 104,25) и др.

Повеќе типични примери со удвоен објект се документирани во преводот на Дамаскиновиот зборник Θησαυρός од еп. Григориј.[30]) Иако се тие од поново време (XVI век), значајни се поради фактот што претставуваат превод од новогрчки текст и преку нив може да се види до колкава степен била развиена оваа конструкција во двата јазика. Во македонскиот превод на Дамаскинот конструкцијата се употребува сосема слободно, како со заменки, така и со именки, на пр. якоже ме видите менѣ, мене ме нищше вѣрненша, тако им глаголаше оученикwм, помозы ми и менѣ рабоу твоемоу, где его погребосте Лазара, гаи во се ои женѣ и др.

Од споредбите со грчкиот текст (*о. с.* стр. 154 — 155) се гледа дека само во една третина од овие примери има удвојување и во грчкиот оригинал. Значи, преводачот, кој инаку стриктно се придржувал за оригиналот, не ја копирал оваа конструкција од грчкиот јазик, ами ја употребувал таму каде што чувствувал дека таа треба да дојде.

Забележително е, исто така, што во едни преписи на овој превод се среќаваат повеќе вакви конструкции отколку во други од истото време (втора половина на XVI век). Така во ркп. 318 од бившата БНБ (според цитат од П. Лавров) во словото за Св. Никола имало: глагола им нафтем, — λέγει εἰς τοὺς ναύτας, а во Крнинскиот ркп. на тоа место читаме само: глагола нафтем (л. 268'). Овие варијанти во ракописи од истиот превод и од истото време, укажуваат дека кај писарите имало развиен усет за употребата на оваа конструкција. Многу е веројатно дека тој усет во Македонија бил развиен и порано.

Показателно е што на примерите со удвоен објект во македонскиот превод на Дамаскинот не им одговараат такви конструкции во ракописите од т.н. „Средногорски круг", кои се приближно од истото време.[31]) И Русек[25]) забележа дека на примерите со удвоен објект во Хлудовиот триод не им одговараат такви конструкции во триодите од Бугарија, што му даде повод да заклучи дека оваа конструкција

[29]) Ангелина Минчева, ИИБЕ XVI, стр. 371 s., ИИБЕ XVII, стр. 26 s.

[30]) П. Хр. Илиевски, *Крнински Дамаскин*, Стари текстови на Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков" III, Скопје 1972, стр. 153—160.

[31]) В. примери во *Крнински дамаскин*, стр. 156.

се зародила во Македонија порано отколку во Бугарија.[32]) Поради тоа не е чудно што заменските клитики во механизмот на оваа конструкција се повеќе граматикализирани во македонскиот, како што установи Цихун, отколку во бугарскиот. Но сепак, со една претпоставка на Цихун не би можеле наполно да се согласиме. Тој смета (*о. с.*, стр. 132) за возможно да се допушти дека максималната структурна близост на балканските јазици веќе се јавува како надмината етапа и последните во својот развој сè повеќе се раздалечуваат. Врз основа на компаративниот материјал не само од современата употреба, ами и од постарите примери на оваа конструкција изгледа поверојатно дека извесни црти во едни балкански јазици можеле да имаат побрз развој отколку во друг и додека во едни јазици тие се развиле до максимум, во други јазици, поради разни причини, останале недоразвиени.

6. Тргнувајќи од современата состојба на оваа конструкција, повеќето интерпретатори заклучуваат дека најбитен услов за појава на удвоен објект е определеноста, т.е. членот и аналитичката структура на јазикот. Во последно време се фрла голем акцент на самостојниот развој на оваа особеност и често се цитираат зборовите на Милетич дека „таму каде што има членска форма и аналитизам, се среќава и удвоен објект“[33]). Тезата на Милетич за самостојниот развој на удвојувањето на објектот сега се толкува со актуалното делење на реченицата и сегментирањето на објектот, при што се јавуваат разни „моделирани преобразувања“.[34])

Од горе приведените примери се гледа дека спорадични случаи со удвоен објект се јавуваат уште во старословенскиот кога немало ни член, ни аналитичка флексија. Следователно, удвојувањето на објектот можело да се појави уште додека синтетичката флексија била во сила. Може дури да се допушти, како што сметал и Скок[35]), дека оваа конструкција повлијаела поскоро да се загуби флексијата. Но сепак, таа не можела да добие олку широка распространетост додека не се создале објективни причини за неопходноста од нејзината употреба. А тие се кријат токму во расколебаноста на флексијата. Морфолошките причини не смеат да се потценуваат. Поради едначењето на повеќе падежи во една форма (акуз. ном.), додека редот на зборовите во реченицата останувал слободен, се дошло до положба, како што укажавме горе (т. 4) да не се разликува подметот од објектот. Ти-

---

[32]) Во Супрасалскиот зборник, кој потекнува од североисточна Бугарија, вистина се среќаваат примери на удвоен објект со *вьсь*, но тие не се многу типични, зашто и во грчкиот обично се удвојува πᾶς кога е објект или субјект во реченицата, сп. E. Blass — A. Debrunner, *A Greek Grammar of the New Testament and Other Early Christian Literature*, transl. by R. W. Funk, Cambridge 1961, §§ 278, 297. cf. Πάντα γὰρ ὃν πέμπει, I Ефес, 6, 1.

[33]) Л. Милетич, *Удвояването на обекта в българския език не е „балканизъм“*, Списание на БАН, кн. 56, София 1937, стр. 4.

[34]) Сп. Цв. Младенов, *о.с.* (бел. 24), Ив. Кънчев, *о.с.* (бел. 1).

[35]) P. Skok, *O bugarskom jeziku u svjetlosti balkanistike*, Južnoslovenski filolog XII, str. 132.

пичен пример за тоа приведовме од македонскиот превод на Дамаскинот: Ѳома ... Пречистаа от толе прочее не ю видѣ (л. 167).

Внатрешен развој на оваа конструкција, неоспорно, имало. Со структурната анализа што ја изврши Минчева, навистина може да се објасни појавата на удвоениот објект кога е изразен со именка. Но прашање е дали само сегментирањето на одделни делови од реченицата во комуникативниот говор можело да доведе до „систем" на удвојување на објектот. Вакви удвојувања се среќаваат и во други јазици.[36]) Ретки примери со удвоен објект има и во грчкиот уште од елинистичката епоха[37]), но удвојувањето таму не станало систем. Оваа особеност не се среќава ни во сите современи грчки дијалекти, туку само во северните, каде што контактите со романското, албанското и словенското население биле потесни.

Појавата на оваа конструкција е многу сложена и за нејзиното зараѓање не може да се бара објаснение во дејството само на еден фактор. Досега многу е сторено во раскривањето на заемните врски меѓу појавите во внатрешниот структурален развој на конструкцијата. Мнозина интерпретатори допуштаат и туѓо „влијание", но во што се состои конкретно тоа влијание, не се кажува. За едно полно објаснение на секоја јазична појава, меѓутоа, треба да се има предвид збирот на сите фактори.

Фактот што во сите романски јазици се среќава вакво удвојување, јасно покажува дека е тоа кај нив наследено од вулгарнолатинскиот. Забележително е дека употребата на оваа конструкција во шпанскиот е, речиси, идентична со употребата во македонскиот. Тоа не мора да значи дека тука едниот јазик влијаел на другиот, но можеле двата јазика да имаат иста подлога. Во што се состои таа? Нема ли случајно тука некој заеднички модел?

Досега се цитираа латински примери на удвоен објект со именки од споменици што датираат од првите векови на нашата ера, на пр. Omnem terram quam tu aspicis tibi dabo illam (Victorin Poetoviensis. 304 г.). Повеќе примери за тоа види кај Leumann — Hofmann — Szantyr, *Lateinische Grammatik* II B. *Syntax und Stilistik*, München 1965, стр. 413. Сите тие се објаснети како форми на усната, разговорната реч. Но многу покарактеристични се примерите со удвоена заменка како објект. Сметаме дека овие форми придонесле многу повеќе за создавање на системот за удвојување на објектот.

Се претполага дека и во балканските словенски јазици оваа конструкција се зародила прво кај заменките. Прво такво удвојување се јавило кај рефлексивната заменка: **себе си** (ак.) и **себѣ си** (дат.),

[36]) Литература в. кај Цыхун, *о.с.*, стр. 127.

[37]) Blass—Debrunner, в. б. 32; H. Ljungvik, *Beiträge zur Syntax der spätgr. Volkssprache*, Upsala 1932, str. 6—8; A. Debrunner, *Geschichte der griech. Sprache*, II, Sammlung Göschen, 114, Berlin 1954, str. 96.

примери од која наоѓаме во старословенски текстови (Супрасалски зборник, XI в.) ак.: сєвє си акы чловѣка положивъ старѣишина пастѣнѣ (328, 25 — 26), дат.-лок.: и страны къ сєбѣ си съвъкоупи (341, 27), носѧштє на сєбѣ си таина написана (344,5), сєбѣ сн одєждѫ сѫткоѳи (347, 30) и др. Искажано е мислење дека оваа форма послужила за основа и на удвојувањето на личните заменки: *мене ме, тебе те* и др. (сп. Вајан, *о. с.*). Мирчев во гореспомнатата студија (бел. 28), стр. 283 изјавува: „Неоправдано е старобългарските съчетания *себѣ си — себе си* да не се смятат еднакви по характер с удвояване на обективните лични местоимения *мене ме, мене ми* (подвлеченото наше, П. Хр. И.).[38]) Но пред извесно време Минчева[39]) одби ваква врска. Како аргумент за тоа ѝ служи фактот што аналогни форми на *себе си* во современиот бугарски јазик биле: *мене си, тебе си, него си* и што формата *себе си* е апсолутно неподвижна, додека *мене ме, тебе ти* и др. можат да се разделат и меѓу составните делови да се вметнуваат и други зборови. Всушност формите *мене си, тебе си* и др. се новообразувања и методски е неоправдано со нив да се објаснуваат постари форми. Треба да се види како се настанати овие удвоени, плеонастични форми.

Формата *себе си* се смета за балканизам, но досега никој не се зафатил да го објасни нејзиното потекло.[40]) К. Мирчев (*о. с.* стр. 282) само установи дека овие форми немаат паралели во грчкиот текст. Изгледа дека врската меѓу латинското *se sibi* и балк. слов. *себе си* не може да се одрече. И формално и семантички тие наполно одговараат една на друга. Во латинскиот, не само во простонародниот и фамилијарниот јазик, ами и во епската поезија и комедиите се среќаваат примери од плеонастичките форми на повратната заменка уште од архајската епоха, сп. Pomp. Mela I, 53: (Nilus) ubi *se sibi* reddidit, Terent. Heaut. 116: Putavit me et aetate et benevolentia plus scire et providere quam *se* ipsum *sibi*. Епитаф на Alia Potestas: nil illi placuit nisi quod per *se sibi* fecerat ipsa, Vitr. IX, praef. 10: in *se* sumeret *sibi*. Фразата *per se sibi* е честа кај Лукреций, а во епиграфскиот материјал: *de se sibi* meritus. Во христијанската епоха уште почеста е употребата на *se sibi*, cf. Vulg. Math. 16, 24: si quis vult post me venire, abneget *se sibi*.[41]) Забележително е дека првите примери со *себе си* се јавуваат во ракопис (како што е Супрасалскиот зборник) којшто потекнува од област (Североисточна Бугарија) која била во поголема мера романизирана уште од претсловенско време. Многу е веројатно дека овде уште во претписмениот период можеле да се образуваат калки од типот *себе си* и *свој си*, наспроти лат. se sibi i suus sibi.

[38]) Истото мислење го имаме искажано и ние, сп. МЈ XII—XIII, стр. 78.

[39]) ИИБЕ XVI, стр. 372—373.

[40]) Еден обид за објаснување на овој балканизам в. од потписаниот во Жива Антика XXI, 2, стр. 370, под наслов: *Balkan Slav svoj si, sebe si and Laints uus sibi, se sibi.*

[41]) Повеќе примери в. кај Eric Dahlén, *Études syntaxiques sur les pronoms réfléchis pléonastiques en latin*, Göteborg 1964, p. 178—201.

По образец на *se sibi* во лат. е образувано и *te tibi* cf. Paneg. 6, II, 4: per *te tibi* steterit, а ова дава основ да се допушти и **me mihi*, како што има удвоени форми и од присвојните заменки: *suus sibi*, *meus mihi*, *tuus tibi*. На ист начин можеле да се јават и во балканските словенски јазици удвоени форми и од личните заменки: *мене ми*, *тебе ти* и др. по аналогија од рефлексивната заменка *себе си*. Ваквите обрасци можеле лесно да се пренесуваат од латинскиот во словенските јазици, каде што има нагласени и ненагласени заменски форми. Тоа се гледа од фактот што во некои српскохрватски говори што граничат со романски јазици, како на пр. во Далмација, Истра, Банат, потоа Косово, Тимочкиот крај, се среќава конструкцијата на удвоен објект со заменка: *Мене ми е име Милена*, *Тебе ти није жао* и сл., а во призренскиот говор има и удвојување на објектот со именка, при сè што некои падежи уште се пазат: *Ја'на ја којна и отиде*, *Дај му којну траву* и др.

Интересно е што удвојување на објектот со заменки се среќава и во ракописи од старополскиот и старочешкиот. Така на пр. во Флоријанскиот псалтир, старополски ракопис од XIV век, се цитираат примери: Moc moja i chwala moja Pan; uczynił mi sie mnie w zbawienie — fortitudo mea et laus mea Dominus et factum est michi in salutatem, или Spowiadać ci sie będę tobie na wieki — Confitebor tibi in seculum. Исто така во Евангелијарот Оломуцки, старочешки ракопис од XV век, има вакви примери: čso pravis o ňem, jenž t'otevžel oči tobě.[42]) Овие примери, како и случаите на удвоен објект со заменки во српскохрватските говори можат да се објаснат како копирање на туѓи, романски, обрасци. Удвојувањето на објектот овде не станало систем, зашто во овие јазици не се развила аналитичка структура како во македонскиот и бугарскиот.

7. Подражавање на вакви обрасци можело да има уште во претписмениот период и кај Словените од Балканскиот Полуостров. Но конструкцијата, по секоја веројатност, започнала да се затврдува во XII и XIII век, паралелно со појавата на аналитизмот. Во Македонија најрано е адаптирана во западните и јужните говори, каде што нашето население имало потесен контакт со романизираните староседелци.

Има основа да се допушти дека удвојувањето прво се јавило кај заменките во индиректниот објект. За тоа спомогнала употребата на dativus commodi кој често се употребувал во народниот и фамилијарниот јазик со голем број глаголи.[43]) Формата *себе си*, која послужила како медиум за создавање средства за удвојување и од личните заменки, исто така првобитно била еден dativus commodi. Судејќи според првите документирани примери на удвоен објект со именка, изгледа дека директниот објект кај именките започнал да се

[42]) Примерите се земени од Ангелина Минчева, ИИБЕ XVI, стр. 377.

[43]) До сличен заклучок дојде и Ангелина Минчева, сп. ИИБЕ XVII, стр. 19.

удвојува пред индиректниот. Но фактот што во македонскиот индиректниот објект се удвојува и кога не е определен, може да укажува на неговата поголема старост.

8. Во заклучок може да се каже дека база за појава на удвоен објект неоспорно имало во структурата на балканските јазици, изградена преку „устно общение", како што се изразува Т. В. Цивьян.[44]) Но истовремено на овој терен, во балканскиот латински имало и готов модел за удвојување. Тој модел станал систем прво кај заменките, кои во латинскиот имаат својство да се удвојуваат во случаи кога треба повеќе да се нагласат. Покрај посебните партикули, сп. *ego-met*, *mihi-pte*, *se-pse*, *his-ce* и др. во латинскиот се искажува емфатичност и со удвојување на заменките. Така се удвојува рефлексивната заменка *sese*, а можеби и *te-te* е на ист начин удвоена. Спомнатите форми од посвојните и рефлексивната заменка *suus sibi* и *se sibi* исто така имаат интензивно значење.

Следователно, суштината на конструкцијата со удвоен објект не може да биде поинаква од суштината и функцијата на другите видови удвојувања (редупликации) било граматички или синтактичностилистички. Познато е дека удвојувањето е јазично средство, главно, со интензивна и итеративна функција. Во конструкцијата со удвоен објект е видлива интензивноста (емфатичноста) и сега, а многу повеќе во постарите примери. Првите документирани примери на удвоен објект со именка во старословенскиот се образувани со форми од *иже*. А првобитната употреба на *иже*, како што покажа Ј. Курц,[45]) била емфатична. Врз основа на богат материјал од старословенскиот речник (18.000 примери) Благова[46]) покажа дека во извесни случаи *иже* служи како „усилительная частица". К. Мирчев во една студија за повратната заменка во старословенскиот[47]) констатира дека она *си* од *себе си* првобитно имало емфатична функција. Со текот на времето удвоените форми на заменските клитики сè повеќе се механизирале и граматикализирале. Но емфатичноста сè уште се чувствува, особено во романскиот јазик. Не е случајно што Будагов откри вторичен член во заменските клитики во служба на објектна реприза.

---

[44]) Т. В. Цивьян, *Имя существительное в балканских языках*, Москва 1965, стр. 168; сп. и *К проблеме построения грамм. модели языка-посредника в системе балк. яз. союза*, Actes du Ier Congr. d. Ét. Bankaniques, стр. 805—822.

[45]) J. Kurz, *K otazce nominativu zajmena 3. os. v slovanštině*, Acta Univ. Carolinae, Slavica Pragensia II, 1960, p. 43—57.

[46]) Э. Благова, *К значению и употреблению местоимения* jь *въ старосл. языке*, Вопроси славянского языкознания 1963, 7, стр. 40—41.

[47]) К. Мирчев, *Употребата на възвратното притежателно местоимение свои* . . . Годишник на Соф. у-т, Истор.-филол. ф-т XI—XII, 1945—46, стр. 50.

P. Hr. ILIEVSKI

TOWARDS THE INTERPRETATION OF THE PATTERN OF DOUBLE OBJECT IN MACEDONIAN

Summary

During the last several years the construction of double object in the Balkan languages, e.g. Mac. *Me poznava mene*, Alb. *Më thirri mua*, Bulg. *Polučih* (*go*) *pismoto*, Gr. Αὐτοὺς θέλω νὰ (τοὺς) ἰδῶ, Rum. *Eu ţie spun îţi*, etc., has been a subject of profound studies. Reviewing the most important of them, the author makes remarks concerning its substance, function, origin, chronology and historical development on the basis of synchronic and diachronic material, mainly from the Macedonian language.

A special attention is paid to the recent interpretation of the pattern of this construction. He agrees with some interpreters that the doubling of the object is a common feature of the vernacular, oral speech, where a segmentation of different parts of sentence often appears. But he also finds a foreign influence. The fact that all the Roman languages possess a similar doubling of the object points out that this construction is inherited from the Vulgar Latin, which exerted a strong influence on the Balkan languages as well. He supports the idea, denied recently, that the double object of the personal pronouns, which consist of both full and short form (*mene me*, *tebe ti*), have developed after the pleonastic forms of *sebě/e si* which appear even in the Old Slav mss. According to him they were formed in the same way as Lat. *te tibi*, after *se sibi*.

The original function of this construction cannot be different from that of the other kinds of reduplications, especially those with a syntactic character, i.e. intensive, emphatic. The first documented examples of this construction with nouns in the Old Slav mss were formed with the pronoun *jь*, the original function of which was emphatic. In the course of centuries the double forms of pronoun clitics were mechanized and grammaticalized; thus, in contemporary Macedonian this construction has become an universal means for signalizing O_1 and O_2 in the sentence.

Блаже КОНЕСКИ

ЗА ЈОАКИМ КРЧОВСКИ И НЕГОВИТЕ КНИГИ

Приготвувајќи едно издание на текстовите на Јоаким Крчовски, можев да изделам повеќе моменти во врска со неговиот живот и неговите дела, на кои досега не се обрнало внимание. Ми се чинеше корисно да ги изнесам овде наедно своите забелешки, кои инаку ќе бидат интерпретирани и во предговорот кон споменатото издание.

I. За времето и луѓето

За животот на Јоаким Крчовски располагаме со сосем скудни податоци што ги извлекуваме од насловните страници на неговите пет книги и што, од друга страна, ни ги предлага народната традиција во Кратовско и Кривопаланечко. Иако од неговата смрт нè делат не повеќе од стоипедесет години, ние за него знаеме толку малку колку што за некои личности од Средниот век. Поради тоа секој дополнителен факт во врска со неговиот живот и дејност побудува интерес.

1. Преданието тврди дека Крчовски потекнува од Кичевско. За прв и единствен пат ни се дава презимето на писателот на насловната страница од „Митарства“ (1817), каде што е забележано дека книшката била преведена „трудом благоговејнаго в монасех пречестнејшаго Г. Јоакима Даскала Крчóвскаго“. Тоа презиме дава извесна поткрепа за веста дека тој потекнувал од Кичево, односно Кичевско (с. Осломеи), бидејќи тоа може да се изведува од турската варијанта на името на Кичево (Крчова). Да забележиме во врска со ова дека таа варијанта е употребена во запис од 1846 година во псалтир што му припаѓал на Шишевскиот манастир кај Скопје: „писал Аврам от Крчово, село Доленце Аголско“[1]). Како што се гледа од овој запис, името на гратчето му претходи на попрецизното определување на потеклото на еден човек од кичевските села. Дека варијантата „Крчово“ била обична и меѓу Македонците во минатиот век, се гледа од тоа што Миладиновци ја употребиле во белешката при песната бр. 339 од својот зборник: „От Крчово, кун Дебарските места“. Можеби не треба да

[1]) Й. Иванов, Български старини из Македония, София 1931, стр. 128.

се испушти од предвид ни тоа како овој писател го акцентира своето презиме на насловната страница на „Митарства", каде што тој пишува „Крчóвскаго". Самото поставување на акцентот врз третиот слог од крајот како да го поткрепува преданието за неговото западномакедонско потекло. Познато е дека во полза на тоа предание говорат и западномакедонските елементи во јазикот на Крчовски. Нив ги забележа веќе А. М. Селишчев во својата студија за Хаџи Јоакима и за јазикот на неговите книги.[2]) Меѓутоа тој ги објаснуваше тргајќи од претпоставката дека тие особености им биле порано својствени и на североисточните говори и дека „во 19 век на североистокот од Македонија тие црти од говорите на Централна и Западна Македонија излегле од употреба". Во своите предавања јас одамна сум истакнувал дека не е веројатно тие особености, кои се среќаваат спорадично насекаде во текстовите на Крчовски, да се загубиле во североисточните говори за последниве стотина години. Тоа го кажувам и во својот предговор кон изборот на текстови од Крчовски и Пејчиновиќ,[3]) каде што како најприродно го сметам објаснението дека тие елементи се влезени кај Крчовски од неговиот роден западномакедонски говор, којшто во неговото детство можел да остави извесни трајни траги во неговиот личен исказ преку дејството на јазикот на неговата фамилија.

2. Според Ј. Иванов кај внуците на Крчовски во Крива Паланка се чувала сингелија за ракополагањето негово за свештеник, пишувана на црковнословенски, издадена во 1787 година од скопскиот митрополит Захариј (Ј. Иванов, меѓутоа, немал можност и лично да го види тој документ)[4]). Во врска со ова ќе укажам на следната подробност што може да ја поткрепи донекаде веста дека таква сингелија била издадена во споменатото време: Захариј бил навистина митрополит скопски во тие години. Тој се споменува во запис од 1792 година, во Торжественик што му припаѓал на Марковиот манастир: „Знано буди вам, о читателие: сија книга обретаетсја у Скопска нахиа во манастир Марков свјатаго Димитриа. Да не дерзнет некој злиј человек да ја украднет јакоже неции сотвориша во сеј манастир: кој книга узе, кој мошти узе, и оста манастир едино здание. Во време митрополита Захарија то бист".[5]) Податокот е интересен посебно со оглед на востановувањето на полниот список на скопските митрополити во овој период, како и во врска со нивната надлежност.

3. Се поставува прашањето за контактите на Крчовски со другите истакнати личности во македонската средина во почетокот на минатиот век. Списокот на претплатниците за „Различна поучителна наставленија" содржи во овој поглед убав податок, на кој не се обрнало внимание. Во него се забележани имињата на Петре Теледур и Марко Теледур од с. Гари. Се работи заправо за славните резбари

[2]) А. М. Селищев, Хаджи Йоаким и язык его книг. Македонски преглед IX, 3—4, стр. 133—155; X, 1—2, стр. 118—142.
[3]) Крчовски—Пејчиновиќ, Избрани текстови, Скопје 1963, стр. 9—10.
[4]) Ѝ. Иванов, op. cit., стр. 142.
[5]) А. М. Селищев, Полог и его болгарское население, София 1929, стр. 143.

што ги изработиле иконостасите во Св. Јован Бигорски, Св. Спас во Скопје и во Лесновскиот манастир. Можеме да бидеме сигурни дека Јоаким се запознал и лично со нив во времето кога го работеле иконостасот во Лесново (1811 — 1814 година).

Не сме во можност со таква сигурност да тврдиме дека имало личен контакт меѓу Крчовски и неговиот помлад современик Кирил Пејчиновиќ. Меѓу претплатниците на „Чудеса пресвјатија Богородици" и „Различна поучителна наставленија" среќаваме неколцина од Скопје и еден од Гостивар. Но Пејчиновиќ не се наоѓа меѓу нив. Сепак е забележано во списокот кон „Различна поучителна наставленија", меѓу „спомоштествователите" од Скопје, името на еден човек од средината на Пејчиновиќ — „Монах Михаил Пезовец", којшто приложил десет гроша. Михаил е споменат двапати од Пејчиновиќ. Тој го придружувал Кирила при неговата посета на Старо Нагоричино, како што се дознава од натписот на еден од десните пиластри на црквата Св. Георги: „Да се знае: дојдох аз недостојни игумен Маркоманастирски Кирил јеромонах и Михаил монах родом од Пезова, јун 1813".[6]) Вториот пат Пејчиновиќ го споменува Михаила во запис од 1814 година: „Да се знает когај киниса Михаил от Марков монастира у Тетово да просит. Ноќеа овде, зеде 2 книги харачински, една за него а друга за Ристота. Од рож. 1814".[7])

Ако не можеме да знаеме дали нашите први писатели во новата литература имале и некаков личен контакт, нема причина да не претпоставиме дека тие знаеле еден за друг барем преку книгите што ги објавиле. Пред сè, не е исклучено дека книшките на Крчовски, издадени две години пред „Огледало", му го посочиле и на Пејчиновиќ патот до Универзитетската печатница во Будим.

Интересно е прашањето до колку Крчовски и Пејчиновиќ можеле да се угледаат еден на друг. Тоа прашање го постави, се чини со право, проф. Х. Поленаковиќ во врска со влијанието на текстот на насловната страница од „Огледало" (1816) врз насловот на „Митарства" од Крчовски (1817)[8]. Потешко е да се каже дали текстовите на Крчовски оставиле трага врз содржината на „Огледало" и „Утешение грешним". Во „Слово заради страшен суд божиј и второе

[6]) А. М. Селищев, Полог . . ., стр. 145. На истото место (белешка 2) е споменато дека Михаил бил претплатник на „Различни поучителни наставленија" и се соопштува дека тогаш или подоцна бил монах (јеромонах) во манастирот Св. Архангел во Кучевишта и потоа даскал во Куманово (1823). Селото Пезово се наоѓа во југоисточниот дел на Кумановско. Не е исклучено, меѓутоа, дека кон 1813—1814 година Михаил бил монах во Марковиот манастир, откаде што — како што соопштува следниот запис на Пејчиновиќ — земал и „книги харачински" за собирање милостиња.

[7]) Х. Поленаковиќ, Прилози за запознавањето на Кирила Пејчиновиќа. Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот — Скопје, V, 1952, № 5, стр. 8.

[8]) Х. Поленаковиќ, Страници од македонската книжевност, Скопје 1969, стр. 99.

пришествие Христово“ (Повест, 1814) на Крчовски се говори, на пример, против крвната жртва (курбанот) и пеењето на „песни дјаволски“, а тоа е еден предмет на кој се задржува и Пејчиновиќ во главната беседа во „Огледало“. Меѓутоа, текстуални совпаѓања не можат да се установат. Кај Крчовски е споменатиот предмет засегнат кратко и со општи формулации, додека Пејчиновиќ го обработува поопширно и со конкретни податоци од секојдневниот живот. Во вакви случаи секогаш може да се работи за некој друг заеднички извор, зашто се тоа теми што ја интересирале постојано христијанската религиозно-поучна литература. Еден таков извор се проповедите на Јоан Златоуст (сп. во „Различна поучителна наставленија“, неговото слово „Зошто Христиани не држат чиста вера и истинаја“, во кое се осудуваат оние што празнуваат „како еретици сос игри и сос песни дјаволски“). Во „Различна поучителна наставленија“ наоѓаме одломка на словото за Богородица од Илија Минијат, кое е адаптирано во целост од страна на Пејчиновиќ во „Утешение грешним“. Меѓутоа, споредувањето покажува дека се работи за две верзии и дека Пејчиновиќ не ја користел во својот превод одломката од „Различна поучителна наставленија“. Расказот за воинот Таксиот во „Утешение грешним“ ги опишува ѓаволските баждарници, што е предмет на „Митарства“, но тој расказ е земен од Прологот, како што кажува и самиот Пејчиновиќ. Така, во сите овие случаи не може да станува збор за директни позајмици.

4. Еден од главните спомагачи на Крчовски, кратовскиот трговец Димитрија Филиповић, го има оставено следниот интересен запис: „Знати сја кога идох аз Димишко у Пешта от Кратово 1817 маја 23 ден сос Нешоте Марков и Димитрија от Сечишта. Тога беше кол-агаси Мортеза бег Алибегово син. Тогаја се штампоса Богородици слово грешником спасение, 1817 мај 23 ден“.[9]) Нашите хроничари од почетокот на минатиот век не го определувале времето со името на султанот и патријархот, ами со имињата на локалните владетели и на владиците. И Пејчиновиќ во своите записи го споменува Али-бега (покрај митрополитот скопски): „Писах сие во лето 1807 декемврија 27 ден при митрополита кир Антима во игоменство Али-бегово време“ (Запис во Иловичката кормчија). Во запис од 1809 Пејчиновиќ го наречува Али-бега „мељун“ (проклетник).[10])

II. За „Чудеса пресвјатија Богородици“ и „Различна поучителна наставленија“

Понатаму ќе изнесам извесен број забелешки во врска, пред сè, со структурата на двете најобемни книги на Крчовски: „Чудеса пресвјатија Богородици“ (Будим, 1817) и „Различна поучителна наставленија“ (Будим, 1819).

[9]) Й. Иванов, op. cit., стр. 652.

[10]) Сп. за овие записи: Х. Поленаковиќ, Прилози за запознавањето . . ., стр. 7; Й. Иванов, op. cit., стр. 125.

1. Првата од нив била особено популарна. Обично се посочува дека таа, како и „Митарства", доживеала повеќе изданија во XIX век. Нажалост, немав можност да ги видам тие различни изданија на двете книги, така што останува да се направи допрва споредување со првобитниот текст на Крчовски. Изданието на „Чудеса" во Русе (1867), што го погледав, покажува друг јазичен облик. Веројатно и во другите случаи се работи за адаптација, а не за препечатување.

За „Чудеса" е посочен и изворот: тоа е превод на третиот дел од книгата „Арматолон сотириа" од светогорскиот монах Агапиј Ландос Критски, излезена првпат во Венеција во 1641 година. Кај Крчовски е изоставен предговорот на Агапиј и не е споменато неговото име. Во тој предговор се соопштува дека Агапиј ништо не измислувал, „ами како што најдов печатено во разни книги грчки и италијански така и препишував". Дека некои од овие сказни се заправо многу стари, можев да установам на примерот на Чудо 12. Мотивот за тоа како девојка сама си го вади окото, зашто нејзините очи станале причина да се разгори спрема неа страста на заводникот, го среќаваме во песната на будистичката испосница, Субха (366 — 399) во зборникот Тхеригатха[11]). Како што покажа проф. Х. Поленаковиќ[12]) Крчовски се служел заправо со српскиот превод на Агапиевата книга, направен од Викентие Ракиќ (Венеција, 1808). Книгата содржи раскази за чудата на Богородица, со посебен наслов и реден број за секој расказ. Меѓутоа, иако последниот таков број на Крчовски е 66, бројот на расказите во неговата книга е само 61 (наспрема 69 во книгата на В. Ракиќ). Крчовски ги испуштил текстовите под бр. 22, 39, 40, 50, 55, 67, 68, 69. Расказите „О Јоанне Кукузеле" (Чудо 20 кај Ракиќ) и „Чудо пресвјатија Богородици бившее в горе Атонској в монастире нарицаемом Лавра" (бр. 21) тој ги пренесол на крајот на својата книга, без да ги нумерира. Иако ги извршил овие испуштања и поместувања, Крчовски не спровел доследно своја нумерација, ами кај него по 19 следува веднаш 23 чудо, по 48 следува 52, а исто така е изоставен и бројот 65. Изоставањето на текстовите не станало без посебна причина, ами е резултат на една цензорска интервенција на Крчовски. Тој не ги допуштил во својот превод оние текстови за кои сметал дека може да му се приговори од страна на турската власт, како и оние што не му биле по вкус поради нивната премногу скокотлива фабула. Меѓу првите посебно изразит пример е расказот бр. 22 (О свјатеј обители Ивиров и о свјатеј иконе дверници) којшто, во верзијата на Ракиќ, завршува со овие зборови: „Премда плаќају (монасите од Атос) многе и тешке дани Турком, но сасвим никога празна не пропуштају, и манастири и скитови равнеже. Вседблагиј Бог да смилује се молитвами Богоматере, да опровергне агарјанское насилие и преда Христољубивом царју, да престану гонениј и тиранства, амин". Во расказот бр. 21, во кој се расправа за создавањето на Великата Лавра атонска,

[11]) Сп. Vesna Krmpotić, Hiljadu lotosa, Beograd 1971, стр. 237—239.

[12]) Х. Поленаковиќ, За првиот превод од српската книжевност на македонски јазик. Македонски јазик XVIII 1967, стр. 47—68.

се евоцирани настани од византиската историја од X век и меѓу другото како Никифор војувал против варварите „и божиею помоштију завладао Критом", така што „освободи се свјата Гора страха варварског". Крчовски го скратил многу текстот, елиминирајќи ги ваквите места. Очевидно тој не се осмелувал да ги вклучи во својата книга, како што ги избегнал и расказите во кои се кажува за случки од Крит од времето кога островот бил под венецијанска власт (бр. 67 и 68). Чувството на срам и мерка кај Крчовски го повредувале овие текстови: О кровосмешивој и чадоубијце, јуже Богомати осуждениja освободи (39), О преданом бесу еште во утроби матернеј (40), О мужу и жени, сохраншим девство в супружестве (50), О соблудившем клирике и утопившемсја в реце и от мертвих воскресшем (55). Најпосле расказот бр. 69 (Видение дивное јако Бог умолим бивает, молитвами Богоматере преклоњаем) можеби не му одговарал поради тоа што во него и не се кажува за некое чудо станато на овој свет, ами само за тоа што му се призрело „во изступлении" на еден побожен духовник. Секако дека овој цензорски зафат претставува интересен момент во оцртувањето на профилот на овој наш книжевник, за животот и работата на кого располагаме со толку малку податоци. Останува отворено прашањето дали во случајов се работи за строга самоцензура или Крчовски можел да добие и отстрана сугестија за испуштањето на споменатите текстови, особено од епископот Кустендилски Авксентиј, покровител на изданието, којшто природно би требало да биде заинтересиран за тоа на каква книга му се става името. Освен споменатите текстови, Крчовски го испуштил и предговорот на Агапиј Критски. За тоа не постоеле причини од онаков карактер како за испуштањето на расказите. Но штом еднаш се решил да не го споменува авторот, Крчовски морал да биде доследен. Во чудо 53 тој ја испушта затоа последната реченица (кај Ракиќ: Ово сам нашао рукописно у Светој гори и тако преписао како сам нашао). Во чудо 9, меѓутоа, тој го испушта вториот, поголем, дел на текстот, во кој Агапиј Критски се повикува и на својот предговор. Скратувањето во овој случај не излегло многу срекно, бидејќи е направено на местото каде што се ветува да се раскаже едно чудо на св. Григориј, а самиот тој расказ е испуштен заедно со останатиот текст.

2. „Различна поучителна наставленија" е последната и најобемна книга на Крчовски. Основата на нејзината содржина ја сочинуваат толкувања на места од Евангелието, Апостолот, Псалтирот, како и на некои молитви и симболот на верата. Еден доста долг текст, пишуван во форма на прашања и одговори, му е посветен на храмот, на свештените посуди и одежди. Покрај тоа имаме, вклучени на различни места во книгата, повеќе проповеди од црковните отци, особено од Јован Златоуст, како и одделни поуки, изреки, па дури и објаснувања на нејасни зборови и имиња. Книгата е составена непрегледно, понекогаш не е сосем лесно да се издели еден текст од друг. На Јоаким Крчовски, веројатно веќе човек во напредната возраст, понекаде му попуштило вниманието, така што има случаи на повторувања.

Повторени се на различни места не само некои изреки и глоси, ами и поголеми текстови. Така, словото на Јоан Златоуст за ползата од читањето и слушањето на светото писание се среќава во две парафрази (сп. стр. 59 — 61 и 170 — 173). Две верзии на еден текст претставуваат: Слово ради кој терпи беди и неволи . . . (стр. 7 — 10) и Слово свјатого Јоанна Златоустаго (стр. 308 — 309). Ист е случајот и со текстот што следува по нив (пак од Златоуст) за тоа што значи да претстои ѓаволот пред Бога (от книги Маргарит, стр. 10 — 11 и Зри што е дар и служба чиста Богу, стр. 310). Едно од изразитите повторувања е направено и со толкувањето на евангелискиот стих „Аз же глаголу вам љубите враги ваша" (Матеј, глава 5; сп. стр. 175 — 176 и 283). На две места (стр. 76 и 161) се зборува и за прстенот како симбол на брачната верност. Во сите овие и други случаи не се работи за буквално повторување, ами за варијанти на дадениот текст.

Blaže KONESKI

AU SUJET DE JOAKIM KRČOVSKI ET DE SES LIVRES

Résumé

Dans la première partie de cette étude, l'auteur attire l'attention sur quelques données non utilisées jusqu'à présent concernant la biographie de Joakim Krčovski, écrivain macédonien du début du siècle dernier.

Dans la deuxième partie de l'étude, l'auteur examine la structure des livres de Krčovski „Miracle de la Très Sainte Vierge" (1817) et „Divers indications instructives" (1819).

L'auteur attire surtout l'attention sur le fait de l'autocensure, vu les conditions crées par le gouvernement turc, et aussi sur les variantes des mêmes motifs (dans le deuxième livre).

Митко МИОВСКИ

МОРФОЛОШКАТА АДАПТАЦИЈА НА ЛИЧНИТЕ И ГЕОГРАФСКИТЕ ИМИЊА ВО РАДОМИРОВОТО ЕВАНГЕЛИЕ

Јазичната адаптација, свесно или несвесно, ја следи јазичната активност било да се работи за литературна, односно писмена, или за дијалектна форма. Во сегашно време сме сведоци на сè поголемото учество на интернационалната лексика во лексичкиот фонд на соодветните национални јазици. Потребата од вклопувањето на оваа лексика во системите на односните јазици го зголемува интересот за проблематиката на јазичната адаптација.

За присутноста на проблематиката на јазичната адаптација во нашата практична и теоретска јазична сегашност во поширока смисла зборува и фактот дека една од рамковните теми на VII лингвистички конгрес на југословенските слависти е и темата „Проблеми на фонолошката и формолошката адаптација на странските зборови во словенските јазици.“ Оваа рамковна тема, секако, не се исцрпува само со истражувањето на проблематиката во современите јазици, ами дава можност и за истражувања од дијахронски карактер. Од оваа гледна точка прашањето го поставува и И. Грицкат, подвлекувајќи го притоа значењето на антропонимите и топонимите[1]).

Директната адаптација, на којашто ѝ претходи транскрипцијата, предвидува добро познавање на обата јазика: на изворниот од кој се примаат соодветните јазични елементи и на оној во кој овие елементи треба да се транскрибираат и адаптираат. Но познато е дека јазичната практика знае и за индиректни контакти, кога јазичната дејност се врши со посредување, т. е. кога доаѓа до преземање на еднаш веќе транскрибирани јазични единици во друга, иако сродна, јазична средина, чијашто адаптација не мора да е во духот на јазикот во кој таа треба да се „импортира“. Во такви случаи, кога не се обрнува внимание на нејзиното потекло, може да се изврши,

[1]) Д-р Ирена Грицкат, Актуелни језички и текстолошки проблеми у старим српским ћирилским споменицима, Београд, 1972, стр. 44.

односно да се прими погрешна фонетска транскриција, погрешен препис или толкување, а во определени културни околности оваа транскрипција сепак да биде општо примена и адаптирана (шема, шизофренија, Дон Жуан...).

За илустрација ќе укажеме и на еден случај во евангелски текст каде можноста за да дојде до грешка, поради религиозноста на содржината, е минимална. Се работи за „камилата" и „корабното јаже": κάμιλος значи корабно јаже, а κάμηλος камила. По грешка во препишувањето и по изедначувањето на изговорот на ι и η наполно се изедначила и фонетската слика на обата збора — и од корабното јаже станала камила.[2]) Оваа ситуација е фиксирана и во Радомировото евангеліе: оудобѣз во чьсть не\вжадоу;[*]) л 18,25.

Нашата сегашна културна средина и околностите не можат да се споредуваат со ситуацијата во 12, 13 или 14 век. А сепак, оваа секако поповолна ситуација, не нѐ поштедила од тешкотиите со кои сѐ судрува нашата јазична практика со слични случаи како што е адаптацијата на зборови од типот *интервју*, *ниво*, *клише* и нивното вклопување во системот на нашиот јазик.

Во оваа работа, поради однапред ограничениот простор, ќе се обидиме да дадеме преглед само на морфолошката адаптација на личните и географските имиња во споменатово евангелие.

Радомировото евангелие се датира во XIII—XIV век. Воскресенски го датира во XIV век, Цонев во XIII век. Владимир Мошин, врз основа на определени палеографски податоци и тератолошкиот стил на орнаментиката, го датира во средината на XIII век.[3]) Се претпоставува овој ракопис да ѝ припаѓа на македонската варијанта на северномакедонската група текстови.

Ракописов е зачуван во 182 пергаментни листа во големина 18,5 × 26 см, пишуван најмалку од две лица со убав, правилен и читлив устав во две колони по 25 реда (со ретки отклонувања), без почеток и без крај. Почнува во среда по воскрснувањето, од втора недела: же во ѡнь творить сн и сн҃ь такожде да творить Ј 5,19 и завршува на страницата 284 со следниот текст: сльнцоу ѡмрькьше и катапетазма цр҃ь Л 23,45. Во средината отсуствува барем по еден лист зад фолиите 52, 98, 142.[4]) Но и зад фолијата 136, бидејќи текстот од фолијата 136c-d: и поѭть пе Мр 14,33 не продолжува и не се надоврзува на фолијата 137a-b: ...телстна да оубиѭть и не ѡбрѣтахѫ Мр 14,55, а исто така и зад 152c-d: етери же ѿ нихь рѣшѧ не можеаше ли ѿврьзи ѡчи и слѣпомоу стко... Ј 11, 37, а на 153a-b продолжува со

---

[2]) А. Милев, Гръцките съществителни имена в български език, Български език, V, кн. 2, София, 1955, стр. 130—131.

[*]) Мт — Матеј, Мр — Марко, Л — Лука, Ј — Јован.

[3]) Vladimir Mosin, Ćirilski rukopisi Jugoslavenske akademije, I. dio, Jugoslavenska akademija znanosti i umjetnosti, 1955, стр. 121.

[4]) Vladimir Mošin, ibid.

следниов текст: и ѡставль ѫ и изиде вьнь из гра̂ вь видаѫ и вьдвори сѧ тоү... (?) — очигледно е дека меѓу обата текста не постои логичка поврзаност.

Ракописов го носи името на едниот од препишувачите што го препишал, изгледа, поголемиот дел и за кого ни сведочи приписката на фолијата 169а-b, десно: помени мѧ х҃е. аꙁь грѣшни радомирь писахь велика ми бѣ тѧга на ср҃ци...

Се смета дека Радомировото евангелие не е директен превод од грчки јазик, туку претставува препис на постар кирилски споменик кој хронолошки не е многу оддалечен од периодот на Радомир. Дали препишувачот го познавал или не го познавал грчкиот јазик — за тоа тешко би можело да се даде еднозначен одговор; предвид доаѓа само претпоставка.

Разгледувањето на ономастичкиот материјал од Радомировото евангелие од гледна точка на неговата морфолошка адаптација дава можност да се споредат соодветните грчки паралели фиксирани во споменатово евангелие со оглед на нивните граматички категории во изворниот текст и нивната соодветна словенска адаптирана форма. Во врска со морфолошката адаптација ќе бидат разгледани нивните граматички категории — род, падеж, број, морфемите за образување множина и за образување облици за изразување посесивност или припадност. Исто така ќе биде засегнато и прашањето на продуктивноста на адаптираните единици. На тој начин ќе биде опфатена адаптацијата на грчките именски основи во системот на старословенските основи, а исто така и во падежниот систем. Илустративниот адаптиран материјал, во извесна мера, ќе дава и претстава за фонетската, односно фонолошката адаптација — од приведениот материјал ќе може да се види целосната слика на соодветната паралела.

Издадениот Новиот завет[5]) на современ македонски јазик ни дава можност за споредување. Паралелите од Новиот завет нема да бидат опфатени во обработката; тие ќе служат само за илустрација, т. е. еден вид контрастивна слика на адаптација во Радомировото евангелие и во Новиот завет.

Од наведениве граматички категори најмалку се засегнати со поместувања, како што би и очекувале со оглед на карактерот на разгледуваниот материјал, категоријата на родот и бројот. Грчките географски имиња Ἱεριχώ, Ἱερουσαλήμ, Καφαρναούμ, Σιδών и Τύρος се од женски род, а во старословенскиот јазик,[6]) односно во текстот на Радомировото евангелие, истапуваат во машки род: ѿ ерихона, од

[5]) Новиот завет, Британско и иностранo библиско друштво, Скопје, 1967.

[6]) L. Sadnik und R. Aitzetmüller, Handwörterbuch zu den altkirchen-slavischen Texten, Heidelberg, 1955.

Ерихон Мр 10, 46; придѣ ... въ іероусалимь, во Ерусалим Мр 11, 17; и ти капєрнаоумѣ, и ти Капернауме Л 10, 15; тѵроу и сидоноу ѹ̈радьнѣѥ
А
вѧть, на Тир и на Сидон ќе им биде полесно Л 10, 14.

Географските имиња Гомо́ррα, Ἱεροσόλυμα и Σόδομα, кои во грчкиот јазик имаат множинска форма во среден род, во нормативната старословенска форма го задржаа овој облик,[7]) освен Ἱεροσόλυμα, а во разгледуваниот текст се расколебани: ѹ̈радньѥ вѫдеть содомоу и гомороу, полесно ќе им биде на Содом и Гомор Мр 6, 11; изидѣ ... ѿ содома, Л 17, 29; въ содомѣхъ вышѧ Мт 11, 23.

Старословенскиот и старогрчкиот јазик се јазици со развиен систем на конјугација и деклинација, па така, односот на́ зборот (именката) во реченицата, односно во синтагмантата, спрема другите зборови обата јазика го изразуваат со подежна форма. Во споредба со грчкиот јазик, кој има пет падежи,[8]) старословенскиот имал потенцијално повеќе можности за комбинирање во оваа граматичка категорија. Би можело да се претпостави дека и оваа околност на старословенскиот јазик му овозможила органски во својот падежен систем да вклопи не само доволен број именки (имиња) од типот Ἀβραάμ, Δαυίδ, Ἰσραήλ и други, кои по правило се од еврејско потекло и кои во грчкиот јазик се неменливи, ами тие да бидат — во рамките на нивниот карактер — и продуктивни и од нив да се изведуваат други видови зборови. Приведениве примери ќе ја илустрираат наведенава констатација: Ἀβραὰμ ἀπέθανεν, авраѧмь оумрѣ, Аврам умре Ј 8,52; ὁρᾶ Ἀβραάμ, ѡ҃зрѣ авраама Л 16, 23; τοῦ Ἀβραάμ, авраамовь, Аврамов Л 3,34; ὁ θεὸς Ἀβραάμ, бг҃ь авраамль, Мт 22,32; ἐποίησεν Δαυίδ, створи давыдь, направи Давид Мт 12,3; πατρὸς ἡμῶν Δαυίδ, ѡ҃ца нашего давѣда Мр 11,10; υἱὸς Δαυίδ, сн҃ъ давыдовь, сине Давидов Мт 9,27; ἐφάνη ... ἐν τῷ Ἰσκαριὼθ, ѩви сѧ ... въ издрандли, станало во Израилот Мт 9,33; ἀκούε Ἰσραήλ, слыши, изл҃ю Мр 12,29; θεὸν Ἰσραήλ, вѣ҃ Издрандлева, Бога Израилев Мт. 15,31.

Како што е познато, именките во грчкиот и во старословенскиот јазик се менуваат според нивните основи, а не според родот. Системот на именските основи во грчкиот јазик е, по сѐ, покомплициран во споредба со системот во старословенскиот јазик. Мусиќ-Мајнариќ именските основи ги делат на две поголеми групи.[9]) Не навлегувајќи во грчкиот систем на именските основи, ќе се обидеме да дадеме преглед на адаптацијата на личните и географските имиња на грчките паралели во текстот на Радомировото евангелие.

Грчките форми од машки род на -ας од типот Βαραββᾶς, Ἰούδας, Καϊαφᾶς се адаптирани според старословенската -а основа и се менуваат како именките од машки род од типот слоуга: Ἰούδας ... ἦλδεν,

[7]) L. Sadnik und R. Aitzetmüller, ibid.
[8]) Musić—Majnarić, Gramatika grčkog jezika, Zagreb, 1961, str. 18—43.
[9]) Musić—Majnarić, ibid.

июда... придѣ, Јуда дојде Мт 26, 47; εἰσῆλθεν... εἰς Ἰούδαν, внидѣ... вь июдж Л 22,3; λέγει αὐτῷ δωμᾶς, гла емоу дома, Тома му рече Ј 14,5; καὶ δωμᾶν, и домѫ Мр 3,18; Καϊαφᾶς... εἶπεν, каиѩфа... рѣче Кајафа... рече Ј 11,49; ἄγουσιν... ἀπὸ τὸν Καϊαφᾶ, ведошѧ... ѿ каиѩфи Ј 18,28; а соодветните грчки паралели од машки род на -ας од типот Ἡλίας имаат облици според -ја основата, бидејќи на α му претходи ι, па се добива вокална група ια: ἔρχεται Ἡλίας, придѣть илиѧ, ќе дојде Илија Мт 27,49; Ἡλίαν δεῖ ἐλθεῖν, или подобаѣть прити Мр 9,11; Ἡλίαν φωνεῖ, илиѫ зоветь Мр 15,35.

Кај грчките паралели од машки род на -ας од типот Ἀνδρέας се јавува колебање. Во нивната адаптирана падежна парадигма се јавуваат облици според -ја основата и според -јо основата, а во дативот и според -ѝ основата: λέγει αὐτω... Ἀνδέας, гла юмоу андреи, Андреја... му рече Ј 6,8; и паки аньдрѣа Ј 12,22; андрѣ″ѣ Мр 3,18; аньдрѣѡви Ј 12,22.

Личните и географските имиња од машки род на -ης од типот Ἰωάννης, Ἰορδάνης и од типот Σαμαρίτης, Ἰσραηλίτης што означуваат жител или припадник на определени групации или движења, и единствениот пример од машки род на -ους, Ἰησοῦς, се адаптирани според -о основата, со колебање во датив каде се јавуваат и облици според -ѝ основата: ἦλθεν γὰρ Ἰωάννης, придѣ во ѝѡа́нь, дојде Јован Мт 11,18; ἀπεγγείλατε Ἰωάννῃ, вьзвѣстите иѡа́ноу Мт 11,4; πέραν τοῦ Ἰορδάνου, ѡного полоу ѝѡрдана, оттаде Јордан Мр 3,8; εἰς τὸν Ἰορδάνην, вь ѡрданѣ Мр, 1,9; Σαμαρίτης εἶ, самарѣнинь еси, си ти самарјанин Ј 8,48; ἦλθον... οἱ Σαμαρῖται, придошѧ самарѣне, дојдоа пак Самарјаните Ј 4,40; ἀληθῶς Ἰσραηλίτης, вь истинѫ изр҃аильтѣнинь, прав Израилец Ј 1,47; οὗτος ἐστιν Ἰησοῦς, сь есть їс, овој е Исус Мт 27,37; προσέρχονται τῷ Ἰησοῦ, кѣ иѣсоуви Мт 15,1.

Во падежната парадигма на грчката форма Μωϋσῆς се јавуваат облици според -јо и -ѝ основите: ἐπέτρεψεν Μωϋσῆς, повелѣ Моиси, Мојсеј позволи Мр 10,4; вѣровали моисѡви Ј 5,46.

Адаптацијата на грчките паралели од машки род на -ος од типот Πέτρος во Радомировото евангелие се адаптирани според -о основата со отклонувања во дативот каде се јавуваат и облици според -ѝ основата: εἶπεν ὁ Πέτρος, рѣ҃е Петрь, рече Петар 18,45; сѫщоу Петроу Мр 14,66; запѣти Петрови Мр 8,33. Топонимот Τύρος, кој во грчкиот јазик е од женски род, а во старословенскиот, односно во Радомировото евангелие, е адаптиран во машки род (в. погоре), се менува според -о основата: тѵ҃роу... ѿр҃ѣдневѭ воудеть Мт 11,22; иже вѣ́хѫ ѡ тоурѣ Мр 3,8.

Личните имиња од машки род на -ος од типот Βαρθολομαῖος се адаптирани според -јо основата: και Βαρθολομαιος и тр҃толмѣи, и Вартоломеј Мт 10,3; Ματθαῖος ὁ τελώνης, матѳеи мытарь, Матеја митар Мт 10,3.

Грчките облици од машки род на -ος, што означуваат припадници на определени групации, движења или жители од типот Ἰου δαῖος, се адаптирани според -јо основата. Во адаптираната парадигна на обликот Γαλιλαῖος, покрај формите според -јо основата, се јавуваат и облици според -о основа, најверојатно по аналогија на формите од типот Σαμαρίτης кои се адаптирани според -о основата (в. погоре): ἔλεγον οὖ οἱ Ἰουδαῖοι, глаша же июдеи, Евреите рекоа Ј 11,36; περὶ τῶν Γαλιλαίων, ѡ галилѣи, за Галилејците Л 13,1; οἱ Γαλιλαῖοι, Галілеане Л 13,2.

Како што погоре спомнавме, старословенскиот јазик во својот морфолошки систем ги вклопил и ги адаптирал и оние лични и географски имиња кои останувааат надвор од грчкиот падежен систем. Личните и географските имиња од типот Δαυίδ, Ἰωσήφ, Ἰεριχώ се адаптирани според -о основата: ἐποίησεν Δαυὶδ створи Давыдь, направи Давид Мт 12,3; нашего Давда Мр 11,10; ἐλθὼν Ἰωσὴφα, придѣ Иωсифь, дојде Јосиф Мр 15,43; дасть Иωсифоу Ј 4,5; εἰσελθὼν τὴν Ἰεριχὼ, вьнидѣ... въ ерихонь, влезе во Ерихон 119,1; исходѧщоу... ѿ ерихона Мр 10,46.

Паралелите од типот Ἰσραήλ, кај кои во резултат на претходно извршена фонетска транскрипција се добил палатален краен консонант, се адаптирани според -јо основата: ἐφάνη οὕτω ἐν τῷ Ἰσραήλ, ꙗви сѧ сицѣ въ издрании, станало во Израилот Мт 9,33; ни въ изли Л 7,9; сышн нзйю Мр 12,29.

Грчките лични и географски имиња од женски род на -α од типот Βηθσαϊδά, Μάρθα се адаптирани според -а основата: πόλιν καλουμένην Βηθσαϊδά, гра нарицаемаго Витьсаида, се викаше Витсаида Л 9,10; придѣ... въ виѳсаидж, Мр 8,22; εἶπεν οὖ ἡ Μάρθα, рече же Марѳ"а, Марта му рече Ј 11,21; любѣше... Марѳж Ј 11,5.

Паралелите од женски род на -α од типот Ἀριμαθεία, Βηθανία Γαλιλαία, Μαρία се адаптирани според -ја основата: ἀπὸ Ἀριμαθαίας, ѿ арχимафеѧ, од Ариматеја Л 23,51; ἦν δὲ Βηθανία ἐρμὺς, вѣ же Виѳанига близь, Витанија беше близу Ј 11,18; ἀπὸ τῆς Γαλιλαίας, ѿ Галилеѧ, од Галилеја Мт 19,1; придѣ... въ галилѣѣж Ј 4,47; Μαρία... ἔπεσεν, Марига... падѣ, Марија... падна Ј 11,32; пришли къ... Марии Ј 11,19.

Грчките лични и географски имиња од женски род на -η, -ι од типот Σαλώμη, Γεθσημανί во текстот на Радомировото евангелие се адаптирани според -ја основата: Σαλώμη, Соломии, Саломија Мр 16,1; ἦν Μαρία ἡ Μαλδαληνή, вѣ марига Магдалинѣ, Марија Магдалина Мт 27,56; χωρίον οὗ τὸ ὄνομα Γεθσημανί, вьс... вижѳ имѧ гетьсиманиѣ, село по име Гетсиманија Мр 14,32.

Адаптацијата на соодветните грчки форми за изразување посесивност и припадност е извршена во духот на старословенскиот јазик. Генитивните конструкции од грчкиот текст во еднина или во

множина, изразени со именска конструкција, во нашиов текст се адаптирани во придавска форма. За вакви случаи се користат суфиксите -ov, -ev, -j, -п и -sk. При адаптацијата на соодветните грчки паралели доаѓа до израз продуктивноста на словенските суфикси. Така, во Радомировото евангелие една иста грчка конструкција може да биде адаптирана во повеќе варијанти: τοῦ 'Αβραάμ, авраамовь, Аврамов Л 3,34; ἔργα τοῦ 'Αβραάμ, дѣла авраамлѣ Ј 8,39; ἐδόξασαν τὸν θεὸν 'Ισραήλ, прославлѣхѫ бѫ издрайлева, го прославуваше Бога Израилев Мт 15,31; τοῦ 'Ιούδα, июдовь, Јудов 13,30; τοῦ 'Ιούδα, июдинь Л 3,26; ὁ βασιλεὺς τῶν 'Ιουδαίων, цр҃ъ июдѣнскь, царе Јудески Ј 19,3; ὁ υἱὸς τῆς Μαρίας, сн҃ь марінинь, синот на Марија Мр 6,3; πέραν... τοῦ Κεδρών, на онѣ поль потока кедрьска, преку потокот Кедрон Ј 18,1; χώραν τῶν Γαδαρηνῶν, въ старинѫ гадариньскѫ, во страната Гадаринска Мр 5,1.

Грчките форми од типот 'Ιουδαῖοι, Σαμαρῖται, кои во грчкиот текст имаат множински форми, во Радомировото евангелие се адаптирани со наставките за образување множина во старословенскиот јазик -и, -е (-ие, -не, -ове), според соодветната именска основа во која е адаптирана односната грчка форма: ἔλεγον οὖν οἱ 'Ιουδαῖοι, глашѧ же июдеи, Евреите рекоа Ј 11,36; июдеие же искахѫ его Ј 7,11; рекошѧ же емоу июдеие Ј 8,52; ἦλθον πρὸς αὐτὸν οἱ Σαμαρῖται, придошѧ самарѣне, дојдоа пак Самарјаните Ј 4,40; οἱ Γαλιλαῖοι οὗτοι ἁμαρτωλοί Галилеане си грѣшневішѧ, Галилејците беа најгрешни Л 13,2; εἶπαν οὖν 'Ιουδαῖοι, рекошѧ жидове, Евреите му рекоа Ј 8,57.

Придавската форма на адаптацијата на посесивниот генитив на грчките облици овозможува образување нови видови зборови. За ова ние спомнавме погоре, но би сакале во врска со ова уште да укажеме и на случаи кога се работи не само за морфолошки варијанти на адаптираните грчки предлошки, ами и за лексички варијанти, за адаптација извршена со преведување на грчката форма: κώμης τῆς Γαλιλαίας, вси галилевскь село на Галилеја Л 5,17; ἀπὸ Βηθσαϊδά ἐκ τῆς πόλεως, ѿ висандьска гр҃да, од Ватсаида Ј 1,44; — ὁ βασιλεὺς τῶν 'Ιουδαίων, цр҃ъ июдѣнскь, царе Јудејски Ј 19,3; ὁ βασιλεὺς τῶν 'Ιουδαίων цр҃ь жидовьскы Мр 15,2; — εἶπον τοῖς 'Ιουδαίοις, рекохъ игюдеѡмь, им реков на Евреите Ј 13,3; εἶπεν τοῖς 'Ιουδαίοις, покѣда жидовомь Ј 5,15; — θωμᾶς ὁ λεγόμενος Δίδυμον, ѳома нарицаемыи вьлизнец, Тома наречен Близнак Ј 11,16.

Радомировото евангелие содржи и извесен број лични и географски имиња составени од два дела. Во претходнава обработка се опфатени нивните составни делови; затоа по азбучен ред ќе ги приведиме овие ономастички состави, почнувајќи со личните имиња од машки род, потоа женски, а на крајот ќе дојдат географските имиња: 'Ιάκωβος ὁ τοῦ 'Αλφαίου, їаковь алфеѡвь, Јаков Алфеев Мт 10,3; 'Ιάκωβ ὁ τοῦ Ζεβεδαῖου, иѧковь зеведеѡвь, Јаков Зеведеев Мт 10,2; μετὰ 'Ιησοῦ τοῦ Γαλιλαῖου, съ іс҃ъмъ галилеискымь, со Исуса Галилеецот Мт 26,69; 'Ιησοῦν τὸν Ναζαραῖον, їс҃а Назарѣа, Исуса од

Назарет Ј 18,5; ісѣ назарѣнска Ј 18,7; Ἰησοῦς ὁ Ναζαρηνός. іс҃ъ назарѣнинъ, Исус Назареец Мр 10,47; Ἰούδαν Ἰσκαριώθ, нюдоу искариотъскаго, Јуда Искариот Л 6,16; Ἰούδας ὁ Ἰσκαριώτης, нюда искариотъскын Мт 10,4; Ἰούδαν Ἰακώβου, нюдоу иꙗковлѣ, Јуда Јаковов Л 6,16; Ἰούδας Σίμων ὁ Ἰσκαριώτις, нюда скариотъскы (!), Јуда Симонов Искариот Ј 12,4; Ἰωάννην ὁ βαπτιστής, іѡанъ крс҃титель, Јован Крстител Л 7,33; Λευὶν τὸν τοῦ Ἀλφαίου, левѵгиѫ алфѣова, Левија Алфеев Мр 2,14; Ματθαῖς ὁ τελώνης, матѳи мытарь, Матеја Митар Мт 10,3 Ναιμὰν ὁ Σύρος, нѣѵманъ... сѵ҃рієвскын, сириецот Нееман Л 4,27; Ποντιῶ Πιλάτῳ, Понъскомоу Пилатоу, Понтие Пилат Мт 27,2; Σίμων Ἰωνα, Симонѣ иѡнинъ, Симоне Јонин Ј 21,17; Σίμων ὁ Κανανάιος, Симонъ Кананѣи, Симон Кананит Мт 10,4; Σιμονα Кананита Мр 3,18; Σίμωνα... Κυρηναῖον, Симона кѵринѣиска, Симон Киринеец Л 23,26; симоноу кѵ҃[?]нѣю Мр 15,21; Σίμων Πέτρου, Симонъ Петръ, Симон Петар Ј 6,68; Σίμωνας τοῦ λεπροῦ, Симона прокажѣнаго, Симона Прокаженият Мт 26,6; — Μαρία ἡ [τοῦ] Ἰακώβου, Мариа иꙗковлѣ, Марија Јаковова Мр 16,1; Μαριά ἡ Ἰωσῆτος [Ἰωσῆ], Мариа иѡсифова, Марија Јосиева Мр 15,47; Μαριά ἡ Μαρδαληνή, Мариа Магдалини, Марија Магдалина Мт 27,56; Βηθσαϊδά τῆς Γασιλαίας, ѿ вифѣ саиди Галилеѣскыѧ, од Витсаида Галилејска Ј 12,21; Καισαρείας τῆς Φιλίππου, Кесарии Филипови, Кесарија Филипова Мр 8,27; Ναζαρέτ τῆς Γαλιλαίας, Назарѳ҃а Галилеѣскаа҃го, Назарет Галилејски Мр 1,9; Σάρεπτα τῆς Σιδωνίας сарѳфоу Сидоньскѫ, Сарепта Сидонска Л 4,26.

Зачуваниот дел на Радомировото евангелие содржи повеќе од 200 лични и географски имиња. Обемноста на материјалот не дозволи да биде илустрирана секоја единица. Оваа работа, која има фактолошки карактер, е само обид во изучувањето на морфолошката адаптација во нашите постари споменици. Општо може да се констатира дека адаптацијата на грчките лични и географски имиња во Радомировото евангелие е извршена во духот на старословенскиот морфолошки систем.

Mito MIOVSKI

DIE MORPHOLOGISCHE ADAPTATION VON PERSONEN — UND GEOGRAPHISCHEN NAMEN IM RADOMIR-EVANGELIUM

Zusammenfassung

Das Radomir—Evangelium ist ein umfassendes kiryllisches Denkmal der makedonischen Variante der nordmakedonischen Textgruppe. Es wird angenommen, daß diese Handschrift aus der mitte des 13. Jhs. stammt. Der erhaltene Teil dieses Denkmals enthält mehr als 200 Personen —

und geographische Namen bzw. Zusammensetzungen, die aus ihnen gebildet sind. Das vorgeschlagene Studium müßte von faktologischem Charakter sein und sollte ein Versuch zur Erforschung der Problematik der morphologischen Adaptation des onomatischen Materials in unseren älteren Texten darstellen.

In dieser Arbeit werden die grammatischen Kategorien der griechischen Parallelen und ihrer Adaptation ins morphologische System des Radomir — Evangeliums betrachtet. Zur Illustration werden auch entsprechende Parallelen der zeitgenossischen makedonischen Sprache des Neuen Testaments gegeben.

Als allgemeine Festestellung könnte man anführen, daß die Adaptation der Personen — und geográphischen Namen im Radomir — Evangelium in Übereinstimmung mit dem morphologischen System der altslawischen Sprache durchgeführt wurde.

Olga MIŠESKA TOMIĆ

POSSESSIVE MODIFIERS AND DEFINITENESS

— A Constrastive Study of English, Macedonian and Serbocroatian —

1. The analyses that follow are to be looked at as particular segments of complete grammars of English, Macedonian and Serbo-Croatian; such as have been provided by generative grammars of English[1]).

1.1 While traditional grammars consist of descriptive statements that merely present the inventory of elements that appear in structural descriptions and their contextual variants, generative grammars specify the indefinite set of well-formed sentences and assign to each of them one or more structural descriptions. All generative grammars are based on the distinction between underlying and surface structure.

1.11 According to Chomsky[2]), the underlying structure is devided into two parts: the categorial component and the lexicon. The categorial component consists solely of branching rules and defines implicitly the basic grammatical relations that function in the underlying structure of language. The lexicon consists of inherent subcategorization features and contextual selectional features. It is a complex symbol, a matrix of features which togather with the phonological features yields the final lexical items in the surface structure.

1.12 Fillmore[3]) proposes a different underlying structure: he defines as primitives from which surface structures are derived a number of categorial relationships which he calls cases. By interpreting the subject and object of a sentence as aspects of the surface structure and by viewing the specific phonetic chapes of nouns in actual utterances as determinable by

---

[1]) The term has been defined by Chomsky in „Current Issues in Linguistic Theory", *The Structure of Language*, J. A. Fodor and J. J. Katz eds., Prentice Hall Inc., Englewood Cliffs, N. J., 1964.

[2]) N. Chomsky, *Aspects of the Theory of Syntax*, M. I. T. Press, Cambridge, Mass., 1965.

[3]) Ch. J. Fillmore, „The Case for Case", *Proceedings of the Texas Symposium on Language Universals*, Rineheart and Winston, 1969.

many factors, vastly variable in space and time, he makes provisions for the non-compatibility of the surface structure and the underlying structure 'case' systems.

1.13 McCawley[4]) identifies underlying structure with semantic representation and suggests that a grammar should consist of a 'formation rule' component which specifies the membership of a class of well-formed semantic representations, and a 'transformational component' which consists of rules correlating semantic representations with surface syntactic representations in much the same fashion in which Chomsky's transformational component correlates underlying structure with surface structure representations.

1.2 In the present paper, the surface structure of the sentence is conceived as developing from a set of universal notions that relate to each other much like Fillmore's primitives[5]). There is only one action-like notion, which we shall call the verb phrase (VP), but there are more actor or object-like notions to which we shall refer as noun phrases (NP)[6]). The latter dominate a *noun* and three markers: the *number marker* (NuM), the *case marker* (CaM) and the *reference marker* (RM).

1.21. The reference marker brings information from outside the boundary of the sentence. This information might be contained in a single

---

[4]) J. D. Mc Cawley „The Role of Semantics in a Grammar", a mimeographed paper; also alsewhere in his papers.

[5]) Fillmore, *op. cit.* It should be pointed out that Fillmore's rules projecting underlying 'cases' into surface structures are based on English, and one encounters difficulties when trying to apply them to other languages. For example, his rules for choosing the subject select the agent of the underlying structure, provided there is one. If the latter is missing, another 'case' is selected. So, Fillmore claims, the subject of

a. The car broke, the window with its fender.

is the 'possessor' of the 'possessed noun' of the instrument of the underlying structure (the car's fender). The choice of the 'possessor' is conditioned by leaving a 'trace' of the latter in the instrument phrase, in the form of the appropriate possessive pronoun ('its fender'). But it is precisely this 'trace' which makes the Serbo-Croatian sentence

b. *Kola su probila izlog svojim branikom.

ungrammatical since inanimate nouns in Serbo-Croatian do not permit reflexive possesive modifiers. The general rule, does not appear to be so general, after all.

[6]) Our categories sometimes, but not always, correspond to the traditional ones. „It is continuous and exclusive reference to the total system that prevents the analysis of segments isolated on a more or less notional basis from being merely the more or less rigorous description of categories from traditional grammar. On the other hand, if the grammar itself contains distinctions analogous to those categories, then the existence of such analogs is at least one measure of how interesting and revealing the analysis is . . . . We shall be interested in what is said, even quite impressionistically, about language and especially in bits of insights into structural relationships between linguistic elements. In the scholarly work on English grammars of the past century, there is no lack of sophisticated expression of this sort of insight into the structure of the language. Certainly, one way of evaluating the rules and conventions of a formal generative grammar is to compare the resultant analysis with carefully formulated observations made on the basis of just such sharpened linguistic insight. E. S". Klima, „Negation in English", *The Structure of Language*, J. A. Fodor and J. J. Katz eds., Prentice Hall Inc., Englewood Cliffs, N. J., 1964, p. 249.

lexical item or in a single noun phrase but it may be a number of sentences away. Very often it comes from some idea which has taken several sentences to describe thus defying any precise structural description. Whether we are concerned with discourses or single lexical items, there is no way of giving an account of the antecedent of the reference marker that is both comprehensive and general, with transformations that instruct the reader to find it. Therefore, in order to make context part of the formal structure of the noun phrase we shall try to fit all information carried by the reference marker into a couple of oppositions.

The first opposition is the opposition [+m definite]/[—m definite], where m = marked. The charge of the RM is [—m definite] when the speaker has no knowledge of the scope of the situation in which he is speaking. In this case the RM refers to an unspecified set of objects and generates [—m definite] determiners. When the speaker has some ideas, views, knowledge about the scope of the situation under consideration, the RM no longer refers to an unspecified set. The speker's knowledge delimits a certain area of the set and makes a subset which we call *domain of reference*. An RM which refers to a domain of reference has a [+m definite] charge and generates [+m definite] determiners. The [+m definite] determiners can be [+m definite] or [— definite] depending on the nature of the domain of reference. The domain of reference is sometimes inherent in the noun itself.

1.22 The entries for the nouns are complex symbols containing a number of semantic and syntactic features that specify whether they do or do not have a specific property. In addition to features like animateness and humanness, which are inherently positive or negative, the semantic feature vector of the noun includes features like definiteness and gender, which are not inherently binary. In terms of gender the noun can be: (a) $\begin{bmatrix} + \text{masculine} \\ - \text{feminine} \end{bmatrix}$, (b) $\begin{bmatrix} - \text{masculine} \\ + \text{feminine} \end{bmatrix}$, (c) $\begin{bmatrix} - \text{masculine} \\ - \text{fenimine} \end{bmatrix}$. In terms of definiteness the noun can be [+m definite] and [—m definite]. When it is [+m definite] the determiner preceding it is deleted. A [— definite] noun becomes (+ definite] or [— definite] after it is introduced into the sentence.

2. The possessive modifiers, the concern of this paper, are not constituents of underlying structures. They are subsequently introduced into the noun phrase by relative clause embedding.

2.1 A possessive modifier is embedded into a noun phrase by the following transformation:

(1) (E, M, SC)



where:

Nsh = shared noun phrase
# = sentence boundary
⟨ ⟩x ⟨ ⟩x denotes correlation

Note: N can be equal to Nsh.

This transformation specifies that a two-noun sentence can be embedded into a noun phrase in case the formed and the latter share a noun. If the verb of the embedded sentence is [+ possessive] the output is a possessive modifier that precedes the shared noun of the matrix sentence when the non-shared noun of the embedded sentence is (+ human] and follows it when the latter is [— human].

2.2 By the application of transformation (1), agreement transformations and some morphophonemic rules peculiar to the lexical items involved, the embedding of the sentence:

(2) (E) Peter has a boy.
(M) Петре има момче.
(SC) Петар има дечка.

into the noun phrase of:

(3) (E) A boy is coming in.
(M) Влегува момче.
(SC) Улази дечко.

would yield:

(4) (E) Peter's boy is coming in.
(M) Влегува Петровото момче.
(SC) Улази Петров дечко.

The same transformations would yield:

(5) (E) The child broke the tip of the pencil.
(M) Детето го[7]) скрши врвот од моливот.
(SC) Дечко је сломио врх оловке.

when:

(6) (E) The pencil has a tip.
(M) Моливот има врв.
(SC) Оловка има врх.

is embedded into the noun phrase of:

(7) (E) The child broke a tip.
(M) Детето скрши врх.
(SC) Дечко је сломи врх.

We see that the indefinite noun phrasses in (2) and (6) were definitized by the embedding of possesive modifiers.

2.3 In the English and Macedonian noun phrases in (5) the definiteness of the modified noun is formally expressed by prepositive and postpositive articles, respectively. In Serbo-Croatian, there are no articles. Since the [— definite] Serbo-Croatian noun phrase in (7) becomes [+ definite] after the genitive *olovke* is introduced, the question may arise: Is the genitive *per se* [+ definite]? If it were, the genitivus temporis noun phrase in:

(8) *Отпутовао је недеље. (SC)

might have been definite. But it is not and the sentence is ungrammatical unless a determiner — a non-omissible determiner[8]) is embedded to yield:

(9) Отпутовао је ове недеље.[9]) (SC)

Moreover, with material nouns (which are inherently [+ definite]) the partitive genitive in:

(10) Дај ми хлеба. (SC)

denotes indefiniteness as opposed to the nominative in:

(11) Дај ми хлеб. (SC)

[7]) The contracted form of the possessive noun always accompanies a definitized object in Macedonian. This will be formalized later in this chapter.

[8]) M. Ivić, „Non-Omissible Determiners in Slavic Languages", *Proceedings of the Ninth International Congress of Linguists*, Cambridge, Mass., 1962, pp. 457—479.

[9]) The genitivus temporalis does not behave differently from the accusative denoting time. Compare:

а. Спавао је вече. (SC)

and

б. Спавао је оно вече. (SC)

Exhaustive study of the feature contents (if any) of the cases has to be done before a statement of whether any case is [+ def.] od [— definite] is made. The research we have done does not offer grounds for assuming that the feature [± definite] is inherent in any case. The partitive genitive denotes indefiniteness because the indefinite quantifier preceeding it has been deleted The locative in:

(12) Он скаче на ливади. (SC)

is intuitively felt as [+ definite], and the accusative in:

(13) Он скаче на ливаду (from the air). (CS)

is intepreted as either definite or indefinite, only because the locative case is always associated with prepositions that connect definitizers whereas the accusative is only occasionally used with such prepositions. Performance or occurrence leaves some trace which might in future lead to selecting one or another case depending on whether the noun is definite or indefinite. At present, however, we cannot claim the possibility of such selection. The possessive genitive in (5) *per se* does not represent definiteness. The feature [+ definite] is introduced by the reference marker which refers to a domain of reference specifically delimited by the embedded possessive modifier.

3. This definitization through embedded possessive modifiers is differently reflected on the surface structures of the three languages considered, as shown by examples (2) and (5). To provide for the occurrence of the prepositive article in (5) E and its non-occurrence in (2) E, for the introduction of the prepositive article in both (5) M and (2) M and the genitive in (5) SC, we propose a set of rules which apply after the application of rule (1).

3.1 The occurrence of the English definite article in (5) E[10]) might be represented by the following rule:

$$(14)\ N_1 + \left\{\begin{matrix}N\\ [+\ \text{possess}]\end{matrix}\right\} \Rightarrow \left\{\begin{matrix}\text{Det}\\ \left[\begin{matrix}+\ \text{definite}\\ -\ \text{demnostr}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} + \qquad (E)$$

$$+\ N_1 \quad + \left\{\begin{matrix}\text{Prep}\\ [+\ \text{possess}]\end{matrix}\right\} + \left\{\begin{matrix}\text{Det}\\ \left[\begin{matrix}+\ \text{definite}\\ -\ \text{demonstr}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} + \ N_2$$

3.2 The changes that take place in the generation of the Macedonian modified noun phrase in (5) M might be given by:

[10]) (4) E is generated by (1) directly.

$$\begin{matrix} & & (15) & & & & & & (M) \\ \left\{\begin{matrix}\text{N}\\ [+\text{ agent}]\end{matrix}\right\}^{\frown} & + & \left\{\begin{matrix}\text{Det}\\ \left[\begin{matrix}+\text{ def}\\ -\text{ pres}\\ -\text{ prox}\\ -\text{ dem}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} & + & \text{V} & + & \left\{\begin{matrix}\text{N}\\ [+\text{ object}]\end{matrix}\right\} & + & \left\{\begin{matrix}\text{N}\\ [+\text{ poss}]\end{matrix}\right\} \\ 1 & & 2 & & 3 & & 4 & & 5 \Rightarrow \\ \Rightarrow 1 & & 2\left\{\begin{matrix}\text{Pro}\\ \left[\begin{matrix}+\text{ short}\\ +=\text{N}_2\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} & + & 3 & & 4^{\frown}\left\{\begin{matrix}\text{Det}\\ \left[\begin{matrix}+\text{ def}\\ -\text{ pres}\\ -\text{ prox}\\ -\text{ dem}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} \left\{\begin{matrix}\text{Prep}\\ [+\text{ poss}]\end{matrix}\right\} & + & 5^{\frown}\left\{\begin{matrix}\text{Det}\\ \left[\begin{matrix}+\text{ def}\\ -\text{ pres}\\ -\text{ prox}\\ -\text{ dem}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} \end{matrix}$$

where:

$=$ denotes 'agrees'[11])

$^{\frown}$ denotes cancatenation

The changes that participate in the generation of (4) M, on the other hand, are represented by:

$$(16)\quad \left\{\begin{matrix}\text{N}_2\\ [+\text{ possess}]\end{matrix}\right\} + \text{N}_1 \Rightarrow \qquad (\text{M})$$

$$\Rightarrow \left\{\begin{matrix}\text{N}_2\\ [+\text{ possess}]\end{matrix}\right\}^{\frown}\left\{\begin{matrix}\text{Det}\\ \left[\begin{matrix}+\text{ definite}\\ -\text{demonstr}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} + \text{N}_1$$

This last transformation has to be followed by gender, number and case transformations.

3.3 The generation of the Serbo-Croatian sentence in (5)[12]) can be represented by rule:

$$(17)\quad \text{N}_1 + \left\{\begin{matrix}\text{N}_2\\ [+\text{ possess}]\end{matrix}\right\} \Rightarrow \text{N}_1 \left\{\begin{matrix}\text{N}_2\\ [+\text{ Gen}]\end{matrix}\right\} \qquad (\text{SC})$$

4. Rulle (1) says that a [+ human] modifier noun precedes the noun it modifies. However, our examples in 2.2 refer to $\left[\begin{matrix}+\text{ human}\\ +\text{ unique}\end{matrix}\right]$

[11]) It agrees in case, number and gender.

[12]) See footnote 10.

modifier nouns and we shall have to test the power of the rule (rule 1) with $\begin{bmatrix} +\text{human} \\ -\text{unique} \end{bmatrix}$ nouns:

4.1 If we embed the set of sentences:

(18) (E) Uncle has a boy.
(M) Вујко има момче.
(SC) Ујак има дечка.

into the matrix noun phrase (3), the output would be:

(19) (E) *Uncle's boy is coming in.
(M) Влегува вујковото момче.
(SC) Улази ујаков дечко.

The subject nouns in (19) are nouns denoting relation. They are not [+ unique] but have a strong tendency to be positively determined. The Macedonian sentences:

(20) а. Вујко ми има момче. (M)
б. Влегува момчето на вујко ми. (M)

are much more common than the respective sentences in (18) and (19). The English sentence in (19), in its turn, is ungrammatical without the determiner *my* yielding:

(21) My uncle's boy is coming in. (E)

Consequently, rule (1) has to be supplemented with a restriction that specifies that $\begin{bmatrix} +\text{human} \\ -\text{unique} \end{bmatrix}$ English possessive modifier nouns can be embedded only as noun phrases containing second level embedded possessive pronominal determiners.[13])

Serbo-Croatian, however, requires a restriction directly opposite to that required by English. In this language, rule (1) does not hold when the $\begin{bmatrix} +\text{human} \\ -\text{unique} \end{bmatrix}$ possesive modifier nouns contain second level embeddings.

4.2 In Serbo-Croatian, and in all Slavic languages other than Macedonian and Bulgarian, the possessive adjective is complemented by the possessive genitive.

In Old Slavic, the former was used in one level embeddings and the latter in more than one level embeddings. So, when the noun *боїѣ* was embedded by a possessive clause into the noun phrase of the noun *сиⷩ* one got:

(22) сиⷩ божии.

[13]) Non-omissible determiners. Compare with the Serbo-Croatian examples in 2.3.

But when the noun *боїъ* had been previously modified (through an embedded possesive qualitative or quantitative clause) to yield say *живъјь боїъ*, the output of the transformation which embeds *живъјь боїъ* into *синъ* was:

(23) синъ бога живаго.[14])

The same principle is observed in Serbo-Croatian for [+ human] nouns. So we have (19) SC and:

(24) Улази дечко мога ујака. (SC)

but not:

(25) *Улази дечко ујака. (SC)

The pronominal possessive modifiers are also embedded by transformation (1). However, the outputs of the specific rules, referring to each of the three languages considered are somewhat different from the outputs of the respective embeddings of nominal possessive modifiers.

5.1 If instead of (2), the pronominalized possessive clauses:

(26) (E) I have a boy.
(M) Јас имам момче.
(SC) Ја имам дечка.

were embedded into (3), the output wuold be:

(27) (E) My boy is coming in.
(M) Влегува моето момче.
(SC) Улази мој дечко.

Both the English and the Serbo-Croatian sentences in (27) are generated by rule (1) directly in this case. There is no determiner and the feature [+ definite] is included into the possessive modifiers themselves. In Macedonian, however, the feature [+ definite], introduced by the possessive determiner, is transferred to the article by transformation (17) with pronominalized N_2.

5.2 There are two issues connected with pronomial possessive modifiers which we would like to tackle.

5.21 The first issue concerns the Serbo-Croatian and Macedonian reflexive possessive pronominal modifier *свој*, common in all Slavic languages.

---

[14]) Н.С. Трубецкой, „О притяжательных прилагательных старославянского языка", *Зборник у часть А. Белића*, Београд, 1937, п. 16.

Whereas the modifiers (M, SC) *мој*, (M, SC) *ѿвој*, (M) *неѓов*, (SC) *њеѓов*, can occur with any noun phrase, the embedding of the modifier *свој* is restricted to non-agentive (non-subject) noun phrases, and has to have same identification index[15]) with the agent of the sentence in which it occurs. Namely, if sentence (26) were embedded into:

(28) (M) Таа сака едно момче.
(SC) Она воли дечка.

one would get:

(29) (M) Таа го сака моето момче.
(SC) Она воли мога дечка.

However, if the same sentence is embedded into:

(30) (M) Јас сакам едно момче.
(SC) Ја волим дечка.

the output is:

(31) (M) Јас го сакам своето момче.
(SC) Ја волим свога дечка.

A rule specifying the realization of the possessive pronominal modifier in cases like (31) should be added accordingly:

(32) $\left\{\begin{matrix}\text{Mod} \\ \left[\begin{matrix}+\text{Pro} \\ +\text{possess}\end{matrix}\right]\end{matrix}\right\} \Rightarrow [+\text{reflexive}] / -\text{N}_{\text{agent}}$ (M, SC)

Condition: $I_{agent} = I_{mod}$,

where I = Identification Index.

5.2 The other issue refers to the lexical realization of the pronominal possessive modifiers.

We are rather inclined to argue that the lexemes (E) *my*, (E) *your*, (E) *his* (M, SC) *мој*, (M, SC) *ѿвој*, (M) *неѓов*, (SC) *њеѓов*, (M, SC) *свој*, are not always possessive modifiers. Our argument follows from the ambiguity of the sentences:

(33) (E) I have his picture.
(M) Ја имам неговата слика.
(SC) Имам његову слику.

[15]) To refer to the same person.

which can be derived by embedding into:

(34) (E) I have a picture.
(M) Јас имам слика.
(SC) Ја имам слику.

any sentence of the respective language of the following three sets of sentences:

(35) a. (E) He has a picture.
(M) Тој има слика.
(SC) Он има слику.

b. (E) He is on the picture.
(M) Тој е на сликата.
(SC) Он је на слици.

c. (E) He painted the picture.
(M) Тој ја нацрта сликата.
(SC) Он је насликао слику.

The sentences in (35) a. are embedded into those of (34) by the transformations we have been discussing (transformation (1) plus the transformations for the respective language). The sentences in (35) b. and (35) c. are embedded by different transformations. In the surface structure, we end up, in each case, with (33). We call (E) *his*, (M) *негов*, (SC) (*његов*), possessive modifiers just because they are most frequently the surface structure realizations of embedded possessive clauses.

On the other hand, if the Macedonian and Serbo-Croatian possessive clauses:

(36) (M) Јас имам глава.
(SC) Ја имам главу.

are embedded in:

(37) (M) Боли глава.
(SC) Боли глава.

the product is:

(38) (M) Ме боли глава.
(SC) Боли ме глава.

The underlying phrase structure marker[16]) of (38) is:

(39) (M, SC)



By application of rule (1) we get:

(40) (M) *Боли мојата глава.
(SC) *Боли моја глава.

since the sentence has no agent the noun *глава* from the objective noun phrase is made the subject of the sentence. The pronominalized possessive modifier, left alone in the objective noun phrase, becomes the object of the sentence in the surface structure[20]).

---

[16]) The phrase marker is similar to the phrase markers proposed by Fillmore, *op. cit.*

[17]) Object and Agent are elements of noun phrase.

[18]) This is a syntactic feature denoting that the agent of the verb is not expressed.

[19]) (M) јас, (SC) ја is $\begin{bmatrix} + \text{ I} \\ - \text{ II} \end{bmatrix}$; (M, SC) ти is $\begin{bmatrix} - \text{I} \\ + \text{II} \end{bmatrix}$; (M) тој, он, (SC) is $\begin{bmatrix} - \text{I} \\ - \text{II} \end{bmatrix}$.

[20]) Here we accept Fillmore's treatment. Fillmore's theory has not been sufficiently tested and we are not able to speak about its generality. But it explains the phenomenon discussed here.

(41) $\left\{\begin{matrix}\text{V} \\ [-\text{Agent}]\end{matrix}\right\}\ \left\{\begin{matrix}\text{Mod} \\ [+\text{possess} \\ +\text{Pro}]\end{matrix}\right\}\ \text{N}$ (M, SC)

1 2 3 ⇒

⇒ 1 + 3 ∅ 2

where: [— Agent] specifies that the verb has no Agent (subject)

The output of (41):

(42) *Боли глава мене. (M, SC)

is subsequently changed into:

(43) (M) Ме боли глава.
(SC) Боли ме глава.

by application of rules specifying the place of the short forms of pronouns. The pronoun *me* is in fact the surface structure realization of the possessive pronominal modifier.

5.3 In our embeddings the indefinite determiner has often been *replaced by the definite.*[21]) *This replacement is quite natural:* The indefinite determiner is generated by a reference marker referring to non-specifically delimited domain of reference. When the latter becomes specifically delimited the originally generated determiner desappears and a new, definite determiner takes its place.

6. The sentence:

(44) *Таа го сака едно моето момче. (M)

is ungrammatical[22]) and to exclude it from the grammar of Macedonian we might draw the following rule:

(44) $\left\{\begin{matrix}\text{Det} \\ [-\text{definite}]\end{matrix}\right\} \Rightarrow \varnothing / - \left\{\begin{matrix}\text{Det} \\ [+\text{definite}]\end{matrix}\right\}$ (M)

We notice, however, that

(46) Таа сака едно наше момче. (M)

is quite acceptable.

But (46) is not the output of the embedding of

(47) Ние имаме момче.

[21]) See examples: (28), (29), (30), (31), (35) and other.
[22]) Compare it with (29) M.

into (28). Its generation is as follows: Through transformations (1) and (16) the sentence:

(48) Ние имаме момчиња.

is embedded into (28) to yield:

(49) Таа ги сака нашите момчиња.

The subsequent introduction of the quantifying modifier *еден* produces:

(50) Таа сака едно од нашите момчиња.

of which (36) is a paraphrasee.

Example (46) and similar examples are only surface structure phenomena specific for Macedonian and Serbo-Croatian[23]) without English counterparts. Translated into English, (46) would read:

(51) She loves a boy of ours.

which, in fact, is the counterpart of (50).

7. Let us now examine other combinations of determiners and possessive modifiers:

(52) a. (M) *Таа го сака едно нашево момче.
(E) *She loves a the our boy.

b. (M) Таа го сака ова нашево момче.
(E) *She loves this the our boy.

c. (M) *Таа го сака ова нашено момче.

d. (M) Таа го сака ова наше момче.
(CS) Она воли овог нашег дечака.[24])
(E) *She loves this our boy.

e. (E) She loves this boy of ours.

Sentences a. are ungrammatical — the existence of the definite article exculdes the occurrence of the indefinite one in both English and Macedonian.[25]) With sentences b., however, there is incompatibility between the English and Macedonian examples: whereas in English the cooccurrence of [+ demonstrative] and [— demonstrative] determiners in one noun

[23]) Compare: a. Она воли једног од наших дечака.
b. Она воли једног нашег дечака.

[24]) Since Serbo-Croatian does not have $\begin{bmatrix} - \text{ demonstrative} \\ + \text{ definite} \end{bmatrix}$ determiners we could not give (SC) examples for a., b., and c.

[25]) Rule (45).

phrase is excluded, in Macedonian it is quite possible, though empha tic. The ungrammaticality of c., in its turn, points to a restriction to the cooccurrence of [+ demonstrative] and [— demonstrative] determiners in Macedonian: the latter can coexist only when $\begin{bmatrix}\alpha \text{ present} \\ \beta \text{ proximate}\end{bmatrix}$.

d. (E) is ungrammatical, but its paraphrase e. is not. The latter is actually the counterpart of the paraphrase of d. (M) and (SC):

(53) (M) Таа го сака ова од нашите момчиња.
(SC) Она воли овог од наших дечака.

which are grammatical but rather unfrequent. They are generated when the $\begin{bmatrix}+\text{demonstrative} \\ +\text{definite}\end{bmatrix}$ determiners (M) *ова* (SC) *овај*, are introduced into (50) and its Serbo-Croatian counterpart.

Олга МИШЕСКА ТОМИЌ

ПРИСВОЈНИТЕ МОДИФИКАТОРИ И ОПРЕДЕЛЕНОСТА

Контрастивна анализа на англискиот, македонскиот и српскохрватскиот јазик

Р е з и м е

1. На анализите во овој труд треба да се гледа како на сегменти од генеративните граматики на англискиот, македонскиот и српскохрватскиот јазик.

Основната одлика на генеративните граматики е дистинкцијата меѓу длабинската и површинската структура. Во нашиов случај, длабинската структура ја претставува едно множество на универзални поимни релации. Центарот на овие релации е акциониот поим што го означуваме со VP (вербален израз). Неговите аргументи ги означуваме со NP (номинални изрази). Секоја NP доминира над една именка (N) и три ознаки — ознака за број (NuM), ознака за падеж (CaM) и ознака за обем (RM). Содржината на ознаката за обем ја изразуваме со помошта на спротивностите [+ m определен] и [— определен], каде m означува обележеност.

2. Присвојните модификатори не се конституенти на длабинската структура. Тие се внесуваат во реченицата дополнително, преку релативни трансформации. Процесот на релативизацијата различно се манифестира во различните јазици: во англискиот јазик имаме препозитивен член, во македонскиот постпозитивен член, а во српско-

хрватскиот само (а) именка придружена со друга именка во генитивен падежен облик (ако именката на внесената реченица е [— људска]) или (b) именка на која ѝ претходи присвојна именска придевка (ако внесената именка е [+ људска]).

3. Во процесот на релативизацијата, неопределените детерминатори се честопати заменети со определени детерминатори или модификатори. Ова заменување е сосем природно. Неопределените детерминатори се генерираат преку ознаки за обем, кои упатуваат на неспецифично делимитиран домен на упатување. Кога овој домен се делимитира специфично, првобитно генерираниот детерминатор се заменува со определен.

4. Неопределениот детерминатор, по правило, не коегзистира со модификатори. Обидот за комбинации на детерминатори и присвојни модификатори води до следниве заклучоци:

а. Во англискиот и македонскиот јазик појавата на определениот член го исклучува постоењето на неопределениот член.

б. Во англискиот јазик [+ демонстративните] и [— демонстративните] детерминатори не можат да коегзистираат; во македонскиот јазик нивната коегзистенција е можна (иако емфатична), но ограничена на $\begin{bmatrix} \alpha \text{ присутни} \\ \beta \text{ блиски} \end{bmatrix}$ детерминатори.

в. Во англискиот јазик секаква коегзистенција на детерминатори и модификатори е исклучена: во македонскиот и српскохрватскиот оваа е можна само како површинска реализација на длабинската структура, која изразува партитивна присвојност. Таа површинска реализација се сфаќа како парафраза на површинската реализација, која го запазува односот на партитивноста.

Владимир ЦВЕТКОВСКИ

ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА АНГЛИСКИТЕ ЗАЕМКИ ВО МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК

За англиските заемки во македонскиот јазик веќе е пишувано, но проблемот на изделувањето на нивната семантичка вредност со која тие влегуваат во македонската јазичка средина не бил доволно расветлен.[1])

Познато е дека лексемите на еден јазик имаат повеќе значења и може да се рече дека полисемијата на зборовите во јазиците е универзална појава. Англискиот јазик посебно се истакнува со многузначност на својата лексика.

Во статијата се обидовме да укажеме на начинот по кој доаѓа до рестрикција на полисемијата на англиските лексеми што влегле во македонската јазичка средина во светлината на новите поставки во *семантичката теорија* изложени во делата на Кац/Фодор (Katz/Fodor) и Вајнрајх (Weinreich).

Англиските лексеми во својот изворен *речнички регистар* се маркирани *граматички*, со што тие се одредуваат кон морфолошките категории зависно од нивната функција во *реченицето*; и *семантички* со што се интерпретираат значењата што една лексичка единица ги има.

Во процесот на лингвистичкото позајмување, кога еден англиски збор за првпат се воведува во македонскиот јазик, тој не се внесува со комплетниот регистар на значењата што го има во изворниот речнички регистар, ами, најчесто, е носител само на едно значење. Таков

---

[1]) О. Јашар—Настева, „Интернационалната лексика во современиот македонски јазик", *Литературен збор* XIII, бр. 3, стр. 10—17, Скопје, 1966.

В. Цветковски, „Англиски заемки во македонскиот јазик", *Македонски јазик* XVII, стр. 149—157, Скопје 1966.

В. Силјаноски, „За фонолошката адаптација на англиските зборови во македонскиот јазик", *Македонски јазик* XVIII, стр. 149—160, Скопје 1967.

е случајот со англиската заемка *ринг* која во речничкиот регистар на македонскиот јазик е маркирана само со еден *граматички маркер* и само со еден *семантички маркер*:

РИНГ → Именка → а) четвртеста ограда за бокс-меч

Слична е содржината на повеќето англиски заемки, особено на оние од поново време кои сè уште не се внесени во *Речникот на македонскиот јазик*, како на пример; *ајлајнер, ѓус лонг џилеј, џермит, самит* и др.

Со текот на времето, честопати, контактот со странската култура се проширува и на други области од животот. Еден англиски збор кој еднаш бил веќе позајмен може да е носител на значење и во друг контекст на англиската култура и во такви случаи се презема и тоа негово значење и на тој начин се проширува бројот на семантичките маркери на позајмениот збор во речничкиот регистар на јазикот позајмувач, во нашиот случај македонскиот јазик. По таков пат еден туѓ збор станува многузначен. За илустрација на полисемијата на една заемка во македонскиот јазик ќе ја земеме лексемата *сервис* која, иако е од француско потекло, некои од семантичките маркери ги добила во англиската култура.

СЕРВИС — Именка
1. Служба за различни услуги (сервис за перење облека, автосервис и сл).
2. Гарнитура, прибор за јадење, чај, кафе и сл.
3. Во спортот (тенис, пинг-понг, одбојка и др. — почетен удар)[2])

Многу често во англискиот речнички регистар лексемите се маркирани со повеќе граматички и семантички маркери. Кога една англиска лексема станува заемка во македонскиот јазик, во почетната фаза на адаптацијата таа е носител само на еден граматички и еден семантички маркер.

Англиската лексема show во својот изворен речнички вход е маркирана со следните граматички и семантички маркери:

SHOW[3])
Noun
1. Showing.
2. Spectacle, entertainment, exhibition, pageant, display.
3. Outward appearance, parade.
4. Concern, undertaking organization.
5. Opportunity of acting, defending oneself.

V(erb)
1. Let be visible, disclose, reveal.
2. Be visible or noticeable.

[2]) Речник на македонскиот јазик, Скопје 1966.

[3]) The Shorter Oxford English Dictionary, Third Edition, Oxford, reprented 1952.

Оваа заемка во македонската јазичка средина се среќава од поново време, па според тоа не е ни внесена во *Речникот на македонскиот јазик*.

Од нејзината функција во македонскиот јазик може да се констатира дека таа засега оперира само со граматичкиот маркер N(oun) — именка. Во англискиот јазик таа ги има следните граматички маркери:

$$\begin{bmatrix} \text{SHOW} \\ + \text{ Noun} \\ + \text{ Count} \\ + \text{ Animate} \end{bmatrix} \qquad \begin{bmatrix} \text{SHOW} \\ + \text{ Verb} \\ + \text{ Intr} \\ + \text{ Trans} \end{bmatrix}$$

Од ова се гледа дека англиската лексема show е именка која разликува број и претставува поим за нешто неживо. Ова е битно во англискиот јазик за определување родот на именките, зашто по правило родот е природен, па според тоа само имињата што прават разлика во полот, т.е. имињата на живите суштества се маркираат со категоријата род од машки, односно од женски род, додека сите имиња на предмети и сл. се вбројуваат како (минус) — Animate, т.е. (минус) — Живо и се маркираат со категоријата род, среден род.

Од досегашната употреба на заемката *шоу* во македонскиот јазик се гледа дека таа е внесена кај нас само со еден семантички маркер и тоа со семантичкиот маркер бр. 2 од англискиот речнички вход, а нејзини граматички маркери во македонскиот речнички регистар би биле:

$$\begin{bmatrix} \text{ШОУ} \\ + \text{ Именка} \\ - \text{ Број} \\ + \text{ Род (машки)} \end{bmatrix}$$

Спомнавме дека може да дојде до зголемување на бројот на семантичките маркери на една заемка и тоа станува, главно, во границите на еден граматички маркер со кој заемката е обележана во својот изворен речнички регистар. Меѓутоа, можат да се јават и такви случаи кога со проширувањето на значењето на еден туѓ збор се зголемува и бројот на граматичките маркери, како што се случило со англиската заемка *шут* во македонскиот јазик.

Англиската лексема shoot во англискиот речнички регистар е маркирана со следните граматички и семантички маркери:



Во македонскиот јазик таа влегла со следните граматички и семантички маркери:

ШУТ
И(менка) → 1. спорт. (удар со нога на топка).
Г(лагол) → 1. шутира, спорт. (удри, удира со нога топка).

При преземањето на граматичкиот маркер V(erb) т.е. Г(лагол) потребно беше да се изврши морфолошка адаптација и да ѝ се додаде глаголскиот суфикс {-ира.}.

За да може значењето на една заемка да се интерпретира колку е можно поблизу до нејзиното изворно значење, потребно е да се појде од нејзините семантички маркери со кои е извршено интралингвално толкување во изворниот речнички регистар на лексемата.[4])

Потоа се врши интерлингвално толкување на заемката, при што англиските вербални симболи се предаваат со македонски и се предава со оној семантички маркер кој е носител на значењето во определен контекст на културата во чија средина се формирало односното значење на дадената англиска лексема.

Приличен број англиски заемки по својот морфолошки состав во англискиот изворен речнички регистар се сложенки, чие значење може да биде или збир на коренските морфеми од кои се состои сложенката или пак за носител на значењето на сложенката се јавува вториот елемент — *детерминатумот*, додека првиот елемент врши функција на

[4]) Терминот е земен од Р. Јакобсон и подразбира преведување на вербалните симболи на еден јазик со други вербални симболи од истиот јазик: (Види библиографија).

квалификатор, кој на извесен начин го специфицира значењето на основниот дел на сложенката и затоа се наречува *детерминант*.

Кога станува збор за толкувањето на семантичката вредност на англиски заемки — сложенки, треба да се поаѓа од семантичкиот маркер со кој е интерпретирано новото породено значење на англиската сложенка.

Англиската заемка *викенд* во англискиот јазик е сложенка и се состои од две коренски морфеми: week + end. Секоја од нив е маркирана со одделни семантички маркери. Уште во англискиот јазик извршено е сожимање на полисемијата на обете лексеми така што тие се сведени на моносемеми и дури тогаш е образувана англиската сложенка weekend. Според семантичкиот маркер со кој се интерпретира значењето на оваа сложенка во англискиот јазик таа означува *крај на седмицата, односно дел од саботата и неделата како и дел од понеделникот ако станува збор за „долг викенд"*. Оваа интерпретација ја дава *Оксфордскиот речник*.

Треба да се има наум дека конвенциите во културата се менуваат. Денес во многу европски земји, па и кај нас, по воведувањето на петдневна работна недела викендот почнува од петокот и трае саботата и неделата, но тој период определен за одмор и рекреација и натаму се наречува *викенд*.

Овде немавме намера да дадеме исцрпен преглед на значењата на сите англиски заемки што станале составен дел на лексичкиот фонд на македонскиот јазик, туку, пред сè, да укажеме на семантичкиот аспект при лингвистичките позајмувања што ќе послужи како насока при определување на семантичката вредност на англиските лексички заемки во македонскиот јазик, чиј број од ден на ден сè повеќе се зголемува.

Vladimir CVETKOVSKI

ON THE SEMANTICS OF ENGLISH LOAN-WORDS IN MACEDONIAN

Summary

The problem of linguistic borrowing in Macedonian has been discussed lately in some linguistic journals edited in Skopje, but the semantic aspect of loan-words has not been dealt with.

In this paper on the examples of English loan-words, an attempt has been made to elicit the semantic paths of the loans in Macedonian. Illu-

strations have been given of the various grammatical and semantic markers in the English dictionary entry, as well as, the grammatical and semantic markers an English loan receives in the Macedonian dictionary entry.

The phenomenon of how the polisemie of an English lexical item is redused to monosememe has also been discussed.

ЛИТЕРАТУРА:

1. Katz, J. J. i J. A. Fodor. 1963. „The Structure of a Semantic Theory", Language, 39. 170—210.

2. Weinreich, U. 1966. „Exploration in Semantic Theory" vo Th. Sebeok, Current Trends in Linguistics, 3. 395—477, Mouton, The Hague.

3. Jakobson, R. 1971. „On Linguistic Aspect of Translation" vo Selected Writings, 2, 260—266, Mouton, The Hague.

Вера АНТИЌ

НЕОБЈАВЕН АПОКРИФЕН ТЕКСТ ОД XIV ВЕК

Во Архивот на Македонија зачуван е еден мошне интересен и стар необјавен ракопис[1]) — апокрифен зборник, во кој е застапен апокрифниот состав за Афродитијан Персијанец. Всушност текстот ја дава апокрифнати историја за настанатото чудо во Персија и за раѓањето на Исус Христос, во чија основа влегува библискиот расказ за раѓањето на Спасителот.[2])

Ракописниот зборник претставува интересен материјал за лингвистички и книжевни проучувања.

Со разгледувањето на ракописот се забележува дека во него се јавуваат водени знаци што укажуваат на доста старо потекло, што го потврдува и проф. Владимир Мошин во новоиздадениот опис на ракописите во Македонија.[3]) На прво место забележителен е водениот знак „круша", сличен на знакот бр. 4252 во албумот на Мошин-Тралић,[4]) од 1369 година. Повеќе варијанти се јавуваат од 1372 до 1375 година.

Од другите знаци се јавува „лак и стрела", како и знакот под број 418 во истиот албум, датиран кон последната трета четвртина од XIV-от век.[5])

Ракописот е пишуван на хартија со размер 21 × 14 см., на 64 листови, кои се доста оштетени и измастени. Зборникот нема почеток и крај. Најмногу се оштетени 4-от и 44-от лист. Спомеником се јавува без орнаментика и посебна подврска.

Апокрифот за Афродитијан Персијанец започнува на 11-от лист, а завршува во почетокот на 16-от. Насловот е напишан со

---

[1]) Архив на Македонија — М. II, 2.

[2]) Види: Новиот завет, Евангелие од Лука, глава 2.

[3]) „Словенски ракописи во Македонија", Скопје 1971, опис бр. 124, стр. 333—334.

[4]) V. Mosin i S. Traljić, Vodeni znakovi XIII i XIV vijeka, I, II, Zagreb 1957.

[5]) Таблица XXII од истиот албум.

црвено мастило, но е доста избледен и нечитлив: „Повѣсть отъ Ѧфродитїана Пврсанина wт филипа прѣзвитера списа(вшаго), протосиггела вывша великаго Іwанна Златоустаго, wт Рождьства Христова".

Страниците имаат по 23 реда, испишани со уставно писмо, кое покажува особености карактеристични за XIV-от век. Во прилог на ова зборуваат и палеографските показатели на буквите:

Буквата а во ракописот се наоѓа напишана целата во редот. Петелката ѝ започнува од горната коса линија, се спушта до долната линија, ја допира во вид на лак и завршува нешто под средината на косата линија. Вакво а се јавува и во други споменици со српска редакција, датирани во XIV-от век, во кои петелката се јавува со карактеристична долго извиена форма. Такво а покажуваат повеќе споменици меѓу кои и:

1. Типик од 1357 до 1367 година, забележан под бр. 9 од збирката на Шафарик во Чешкиот музеј;

2. Четвороевангелие, бр. 31 од Софиската народна библиотека, пишувано на пергамент и хартија во Рилскиот манастир;

3. Апостол бр. 88 од Софиската народна библиотека, пишуван од јеромонахот Варлаам, од 1362 година на бел и убав пергамент;

4. Октоих од 1371 година од Белградската народна библиотека, под бр. 221;

5. Амартол од 1386 година, пишуван во Хилендар, што се наоѓа во Синодалната библиотека под бр. 148.

Спомениците ги наведува Лавров како карактеристични со своите палеографски особености од XIV-от век.[6])

Буквата В се јавува со карактеристична помала горна петелка (како во Типикот од 1357 година). Нозете на буквата Д, како што е случај со другите графии на буквата Д од XIV-от век, излегуваат нешто под редот. Буквата Е се јавува со карактеристична форма на широко є; покрај тоа се јавува и ѥ (цртата се јавува нешто над средината), како и во Типикот од 1357 г. Такво є се јавува и во Апостолот од 1362 г.

Уочливо е напишана и буквата Ж — не е напишана во три потези и краците не се праволинијни. Крајните коси линии се вкрстуваат горе, под врвот на вертикалната средишна црта, така што горниот дел е доста помал од долниот.

---

[6]) „Енциклопедія славянской филологіи" под редакција на И. В. Ягич, выпуск 4 — П. А. Лавров: Палеографическое обозрѣніе кирилловскаго письма, Петроградъ 1914, 218—221.

Во јужнословенските ракописи од XIV-от век задолжително се јавува десетеричното і пред самогласките. Во нашиот ракопис пѣніѳ место старословенското ниѳ. Покрај десетеричното і се јавува и осмерично и — средната хорнзонтална црта е поставена нешто над средината. Јери е употребен во вид на мал ер до кој се наоѓа вертикална црта — ы. Буквата Н се јавува со коса црта, што поаѓа од врвот на левата вертикална линиија и завршува над долниот врв од десната вертикала. Притоа, левиот (незатворен) триаголник е поголем од десниот. (н)

Ш — графиски е слично како денешното. Буквата ШТ е составена од Ш (што се наоѓа во редот) и еден продолжеток од средишната вертикала под редот — како во Типикот и Октоихот (щ). Со долга опашка е напишана и буквата Ц, чиј продолжеток од десната вертикала се спушта доста под редот. Под редот се наоѓа и опашката на буквата Р, додека нејзината петелка е целата во редот. Повиената опашка на буквата З се јавува како најизразито продолжување под редот во целиот ракопис — з.

Косините на буквата М се доста оддалечени, надолу малку се заокружуваат. Буквата У се јавува во форма на ОУ, која е почеста од формата ѹ — со карактеристични извивки над редот. Паѓаат во очи извивките на буквата Х, што се спуштаат, исто така, под редот. Левата коса црта е повеќе извиена во вид на опашка.

Буквата О се јавува во форма на О и W. Омега е целата во редот и полукружните линии од средиштето стигнуваат до врвот на редот. Буквите Т и Г се наоѓаат во редот и од нивните горни хоризонтали се спуштаат куси вертикални продожетоци. Вертикалата на јат се јавува над редот (ѣ). Хоризонталната црта обично се наоѓа на врвот од редот, со мали вертикални спуштени опашки. Во редот е напишан и малиот ер (ь). Буквата Ч се јавува со мал и недлабок горен дел. Левиот горен дел е повеќе навален в лево (ҷ)

Правописот на ракописот покажува јасна рашка редакција и тоа со белези од третата четвртина на XIV-от век. (Се јавува широкото Е, повеќето букви ја напуштаат геометриската правилност, ште е изразено кај јат и З. Се јавува и широко О со малку заострен врв. Спојницата на М се спушта малку под редот. По угледот на грчкото писмо се јавуваат некои акценти и спиритуси, нередовно — а҃ще и҃ йсточникь, е́анци, ѡна.

Веќе кон третата четвртина од XIV-от век почнуваат да се назираат полууставни елементи, кои ќе го потиснат уставното писмо кон крајот на XIV-век.[7]) Запирката се среќава многу ретко:... и вь нєзалпоу пр҃ѣ стамн а҃гглькь, вл҃говѣщаю рожьство нѣкою.

[7]) Vladimir Mošin, Ćirilski rukopisi jugoslavenske akademije, I dio, 1955, Zagreb, 5—19. (za Raškata redakcija).

Содржински, интересниот апокриф за Христовото раѓање го заинтригирал љубопитството на луѓето кај сите Словени. Текстот на нашиот ракопис ја дава целосната апокрифна историја. Со определувањето на апокрифните текстови за Христовото раѓање нашиот текст покажува голема сличност со еден постар руски текст од XIII-от век; објавен од Тихонравов:[8]) „Сказанїе афродитьяниа о вышнимь в персьстѣи земли чюдеси". (Види стр. 268 и 269).

Сличноста со овој текст е особено важна во врска со дополнување на епизодите што во нашиот ракопис се на места оштетени, посебно целиот 14-ти лист.

Почетокот на апокрифната историја го предава тврдењето дека за Исус Христос првпат се слушнало и дознало во Персија, бидејќи од персиските книгочитачи не можело ништо да се крие.[9]) До дворецот на персискиот цар било подигнато „стыльнце во иры иже всакого бл҃гочт҃о ниа вѣжь вывь. и постави вь нюмь богы истоуканныe. злать и сребрьны. моужьска полоу и женьска. (последниве зборови ги нема рускиот апокриф) и оукраси и камениюмь многочт҃ныимь . . . оукрашени".

Еднаш царот влегол во светилиштето, барајќи толкување на сонот. Свештеникот єпропїє (во рускиот текст ПРУПЪ) го известува „ико ира вь чрѣвѣ зачеть". Царот го исмеал и рекол: „оумьрьшниа вь чрѣвѣ зачеть. ωнь же рече юи оумьршниа ωживе и жизнь ражают".

Свештеникот му раскажал на царот дека целата ноќ храмот бил исполнет со машки и женски лица, кои се веселеле, играле и разговарале. Го поканиле и зачудениот свештеник, кому му објасниле: „оживе ира и жизнь ражают. и (к т)омоу не нарет се ира. нь нбснаа. вели(к)о во слнце цѣловаюю".

Во апокрифот се загатнува мислата за врската на Марија со Јосиф:[10]) „дрѣводѣлаια ωброучи се ира". Потоа „иже мрїа глют се."

Пред царот наеднаш почнале да играат златни и сребрени птици и лица, засвирале многу инструменти. Царот „страхомь испльньсе, посакал да си оди, но свештеникот го задржал, за да ја види последната појава. Наеднаш „ωткри се покровь сь выше. и виде велиια звѣзда свѣтла и ста. врь(х) источника." Ѕвездата проговорила дека големото сонце ја пуштило да ѝ служи, наречувајќи ја „невѣста вышни триѥменнаго бжтва".

---

[8]) Памятники отреченной русской литературы, собраны и изданы Николаемъ Тихонравовимъ, т. II, Москва 1863, 1—5.

[9]) Содржината на текстот е дадена главно според нашиот ракопис.

[10]) Божицата Ира, според апокрифните текстови се претворува во Небесна Ураниа, Извор, — тоа е дева Марија, што ќе се омажи за дрводелецот. Види: Вера Антиќ — Од апокрифите на Афродитијан Персијанец и нивниот одглас во народното творештво, Развиток, Битола 1969, бр. 4, стр. 290.

Сите идоли (кумири) попаѓале, само Изворот останал исправен. Над него се обвиткал царскиот венец со „анѳракса исмарагда."

Царот наредил да се повикаат сите мудреци, за да го протолкуваат виденото. Тие ја видоа ѕвездата над Изворот и протолкуваа:

„Источникъ оуво кар(ин) виѳлеюмьскые ѥ дьщи. вѣнць же ѥ цркын шбразь,".

Паѓањето на кумирите било протолкувано како крај на паганството. Понатаму, целиот 14-ти лист е доста оштетен, но може да се дополни со текстот кај Тихонравов.

Ѕвездата останала до доаѓањето на трите ѕвездочитатели од Персија. По нивното пристигнување таа почнала да се движи. Мудреците ја следеле сè до Витлеем каде се родил Исус Христос од дева Марија. Таму ги оставиле понесените дарови.

Мудреците ја прашале мајката на Прославениот: „како наречеши се прѣславнаꙗ мти. шна же кь намь рече: мрїамь". На прашањето од каде ѝ е новороденчето Марија им објаснила: „соувотѣ шсвитающи, и слнцоу вьсиꙗвающоу и вь незаапоу прѣстами агглъ влговѣщаѥ рождьство нѣкоѥ. и смоутивши се вьзвахь, никако се воуди ми гн, моужа оуво не имамь. и оувѣры не сьвѣтомь вжиѥ каково рождьство имѣти".

Во апокрифот фигурира и надворешниот опис на Богородица: „тѣло же младо имоущи (зе)ло. прости власи и красныи..."

Мудреците го дарувале Исуса со „злато и ливань, и змирноу". Го пофалија Младенецот и се поклонија пред неговата мајка. Крајот ја дава Иродовата постапка, убивањето на сите новороденчиња, со цел да го уништи и Исуса. Самиот крај од апокрифот е доста оштетен.

Во Народната и универзитетска библиотека во Скопје зачуван е еден дел од друг апокриф во врска со Христовото раѓање, пак од крајот на XIV-иот век. И овој дел покажува белези на српска редакција. Листот започнува со појавувањето на ѕвездата над Изворот („вьрхоу стоудениа")[11] Во овој дел и свештеникот е наречен Пропије, а фигурираат имињата на тројцата мудреци: Елимелех, Елесур и Елиава. (Се претпоставува дека ракописот потекнува од Кратово).

Од првата половина на XV-от век ваков апокриф се наоѓа во Студеничкиот зборник — Отечник и законик, со српска редакција. На 175-от лист пишува: „Сказаніе Афродита Јероусалимскаго о вившемь вь Персцѣи земли чюдѣ."[12])

Насловот на нашиот апокриф се совпаѓа со друг апокриф со молдавска редакција, во Зборник Метафраст од 1538 година:[13])

[11]) Описот на В. Мошин, стр. 335.

[12]) Cit. delo — V. Mosin, I, str. 32—33.

[13]) Владимир Мошин: Ћирилски рукописи Повијесног музеја Хрватске и Копитареве збирке, Београд 1971 г., стр. 90.

„Повѣсть афродитіана пѣрсѣнина. съписана отъ филипа презвитера. сиѣгола бывшаго великаго Іоанна Златоустаго о рождьствѣ Х(ристо)вѣ. и о звѣздѣ и поклоненіе влъхвомь, иже отъ персиды . . ., Почетокот: Отъ Персиды оувѣдѣся Х(ристо)с отъ начала . . .“

Стојан Новаковиќ има објавено еден апокрифен текст од XV-от век од манастирот Шишатовец, многу сличен со нашиот текст и со рускиот од XIII-от век. Секако, прифатлива е неговата претпоставка дека овие ракописи имале еден прототип, постар ракопис од XIII-от век. Тој непронајден прототип треба да е истиот и за нашиот апокрифен текст.[14])

Во новозаветните апокрифни текстови од Порфирев се наоѓа: На Р҃ство Хр҃во, Сказаніе Афродитиана о бывшемъ чюдеси въ пещерѣ земьи. во зборник од Словенската библиотека, бр. 804, од X I—X III век.[15]) По него следува: „О пришествіи влъхвовъ.[16]) Во овој апокриф дадено е опширно патувањето на мудреците: Мелхиор, Каспар и Валтасар.[17])

Во литературата постојат толкувања за одделни моменти од апокрифот. За благовеста на дева Марија, што ѝ ја донесол ангелот, наоѓаме во еден стар новозаветен апокриф, протоевангелието на Јаков од II век. Веста ја слушнала крај изворот, каде налевала вода.[18]) Таму се појавила и ѕвездата, таа прошетала низ телото од дева Марија и потоа влегла во нејзината уста. Потоа Марија затруднела.[19])

Интересен апокриф за Христовото раѓање, кој се разликува од нашиот, се наоѓа во руската книжевност (порано наречена малоруска): „Казаня на Рождество Христово“, галицки ракопис, во ракописен зборник од Л'вов. Во него се вметнати некои епизоди, што го одделуваат од досега спомнатите споменици.[20])

Според апокрифот пророкот Варлаам им ги оставил своите пророчки книги на трите персиски цареви, кои учеле кај него и им рекол да ја чекаат ѕвездата што треба да се појави. Во галицкиот ракопис даден е моментот кога во светилиштето влегува ѕвездата; яко бы пришла звѣзда барзо великая, и чудная, и пресвѣтлая вельми и уишла у божницу ихъ окномъ полунощнымъ и освѣтила всю божни-

[14]) Stojan Novaković, Afroditijana Persijanca priča o rodjenju Hristovu, Starine, Zagreb, knj. X, 1878, 72—80.

[15]) Апокрифическія сказанія о новозавѣтныхъ лицахъ и событіяхъ по рукописямъ Соловецкой библіотеки, И. Я. Порфирьева, Санктпетербургъ, 1890. 149—155.

[16]) Цит. дело, стр. 155—164.

[17]) Ирод настојува да го открие Исуса. Испратил луѓе по мудреците, но тогаш ѕвездата им исчезнала. Слугите се вратиле кај Ирода и биле казнети.

[18]) Очерки исторіи южно-русскихъ апокрифическихъ сказаній и пѣсенъ, Н. О. Сумцова, Киевъ 1888, 62—73. За мотивот види и стр. 62.

[19]) Според текстот, на местото од благовеста била изградена голема црква, веднаш до кладенецот (изворот).

[20]) Сумцов, стр. 64. Богородица учествува директно во веселбата и радоста на луѓето.

цу, яко слонце, и походила довго по божници и по всѣхъ богиняхъ, и пришла до старшеи ихъ богини Уріи и сѣла на головѣ". Тогаш попаѓале сите идоли, останала само Урија.

Во овој текст не се среќаваат: Афродитијан Персијанец, ниту свештеникот Пруп, додека пак кај Тихонравов се јавува само еден цар. Во галицкиот ракопис дадено е опширно уништувањето на новороденчињата.

Објавениот апокриф „Приказни и толкувања за Хростовото раѓање" од Стојан Новаковиќ, покажува, исто така, интересни епизоди што ги нема во рускиот ракопис од XIII-от век, ниту во нашиот. Ракописот потекнува од времето на деспот Стефан Лазаревиќ.[21])

Апокрифите за Христовото раѓање со сите придружни моменти биле омилена литература на луѓето низ повеќе векови, сè до XIX-от век. За тоа зборуваат многубројните епизоди и мотиви што преминале од апокрифите во народното творештво на сите словенски народи.[22])

Vera ANTIĆ

EINE UNVERÖFFENTLICHE APOKRYPHE AUS DEM 14. JH

Zusammenfassung

In einer Zeitschriftensammlung, Eigentum des Archivs von Makedonien, befindet sich eine Apokryphe über Aphroditian Persianez und über Christi Geburt. Nach allen paläographischen Merkmalen weist die Handschrift Kennzeichen des dritten Viertels des 14. Jahrhunderts auf. Dieser unveröffentliche Text der Apokryphe hat Ahnlichkeit sowohl mit einem russischen Text aus dem 13. Jahrhundert (veröffentlicht von N. Tihonravov) als auch mit der veröffentlichten Handschrift von S. Novaković (in: Starine, Bd. 10). Die Handschriftensammlung zeigt Raschka-Redaktion und stellt ein interessantes Material für die linquistische und literargeschichtlche Forschung dar, die sich mit der mittelalterlichen Literatur beschäftigt.

[21]) Stojan Novaković, Srpsko-slovenski zbornik iz vremena despota Stefana Lazarevića, Starine, Zagreb 1877, IX, 1—47.

[22]) „Исторія русской словесности" И. Я. Порфирьева, ч. I, Казань 1886 — Сказаніе Афродитиана (268—269); цит. дело — В. Антиќ, стр. 292—296.





Д-р Вера ЈАНЕВА — СТОЈАНОВИЌ

ОПИСОТ ВО НАРАТИВНАТА СТРУКТУРА НА „Ш Е Г А“

Издиференцирана до непрегледност, современата чешка проза во последниве години ни се претставува со низа нови проблеми: *идејно-тематски* и *формални*. Забревтана во досегање на светот: апсурдност, егзистенцијализам, нов роман, таа нè импресионира во својата специфична очигледност: фиброзен напор да го реши интерсубјективниот однос — односот на човекот кон нештата, кон светот, — што се репродуцира во неговиот секојдневен живот.

Обеспокојувана од фактот на сè поинтензивното нарушување на меѓучовечката комуникација, таа бара нови конструкции, нови структури, преку кои ќе може најефикасно да го апсорбира овој егзистенцијален проблем и да го истакне во неговиот најостар облик.

Во импозантната низа од прозни творештва, кои на разни начини му пристапуваат на овој феномен, романот „Шега“ од Милан Кундера[1]) конституира знаменито дело фаворизирано од општата клима на модерниот роман. Со своевиден, извонредно сугестивен манир, Кундера преку раскажувачката структура, преку динамичните односи меѓу одделните нејзини компоненти го истакнува проблемот на отуѓувањето во неговиот посебен облик — самоизмамување.

Во системот на уметничкото соопштување во романот „Шега“ се забележуваат два суштински момента:

1. Сижеен анти-романескен систем;

2. Главниот јунак не е јунак во вистинската смисла на зборот, туку разединето човечко битие, деструирана индивидуа, за чиј психички тоталитет авторот создава специфична цикличка организација од сукцесивни или наизменични наративни конструкции.

---

[1]) Milan Kundera, Žert, Praha 1967; во превод на авторот на овој напис книгата е објавена во издание на „НИП“, Скопје 1969. Цитатите наведувани како примери се земени од преводот.

Оваа промена на наративната перспектива е стимулирана од потребата за цикличко враќање на иста тема, за да биде осветлена од неколкукратни аспекти. При ова, персоналната „Ich" — форма се појавува како најадекватно средство за субјективизирана, исповедничка нарација. Преку неа, неколку случајно сретнати лица со главниот лик Лудвик Јан, се самоискажуваат во кризен животен момент, во миг кога нивната интерпретација за светот, во конфронтација со него, ја нарушува својата магична сигурност, својот вообичаен ритам.

Иако на прв поглед изгледа како да е компониран во инкохеренција, бесмислена импровизација, романот всушност се развива по една јасно утврдена внатрешна логика, во функционално нижење на поглавја, низ кои, итна до болезливост и троглива во својата искреност, се провлекува исповедта на авторот за своето време, за смислата на неговото движење.

Основната сижејна градба е содржана во разбивањето на судбинската линија на Лудвик Јан поради неприфатената шега во приватната кореспонденција. Следува исклучување од партија, оддалечување од факултет, негова воена служба во „Црната чета" и судбинските негови средби со лица, кои се тука за да ја помогнат фиброзната негова борба за освојување на непризнаеното минато, за откривање логиката на неговата судбина, за откривање причините на неговата вина, што стана симбол на неговиот самоизмамен, прелаган живот — всушност борба за освојување на автентичноста.

Во полифонискиот структурален систем струјат четири акциони паралелни линии, во кои доминира субјективизирана, заинтересирана, недистанцирана интерпретација за светот. Овој начин на раскажување создава и специфични контекстуални услови што имаат досег во сите компоненти на романот: содржинската, композициската и јазично-стилската.

При вакво субјективизирано раскажување што претставува и посебен литературен жанр (дневници—записници) се врши истовремено пробив во надворешниот и внатрешниот свет. Со ваквото решавање на улогата на раскажувачот (во случајов раскажувачите) авторот создава можност за неограничено внесување на личноста во самоискажувањето, авторскиот говор е истиснат од текстот, што условува максимална објективизација на текстот од аспектот на авторот и максимална субјективизација од аспектот на ликовите, со што се потврдува релативистичкиот карактер на објективноста (односно субјективноста) на епскиот текст.

Доминантна тема во романот е самоизмамата. И сите ликови ѝ се потчинети. Таа ги држи Аријаднините нишки на романот и сите самоискажувања дејствуваат како различни варијации на еден основен човечки тип; тип на прелаган, самоизмамен човек. Во тие различни фигурални варијации доминира наизменично Лудвиковиот скептички, корозивен цинизам, неуротичниот револуционерен пуритизам на Хе-

лена, Костковата религиозна хипокризија и фолклористичкиот ентусијазам на Јарослав. Сите овие зближени судбини во својот надворешен облик се претставуваат во романот преку стратешки, од писателот избрани необични околности, необични ситуации, во кои го отвораат својот психички свет и го раздвижуваат општествениот систем.

Поставени во конфронтација со сопствената „грешка“, самоизмамените Кундерови ликови, и покрај потенцираната внатрешна разединетост, го потврдуваат основниот модел, кој во интимната опсесија на самиот автор се манифестира како епски објективизиран поетски себеизраз.

Самоизмамата лежи во основата на сите тие необични „настани“, што ја кријат својата симболика. Тие се просто тука за да го истакнат нејзиното означување.

Самоизмамата предизвикува прашање: каде е изворот на сите грешки и измамувања? Самиот основен настан (шега со разгледницата!) се размножува во низа настани, низа смешно-трагични шеги, што боцкаат со својот нескриен апсурд, со својата очигледна гротескност. Лудвик со задоволство би го повлекол тој свој животен настан, но во него тој не е сам и неговата грешка не е осамена: „Кој ли тоа грешеше кога глупавата грешка со разгледницата ја прими сериозно? Кој ли тоа грешеше кога татко му на Алексеј (денес веќе одамна рехабилитиран, но не помалку мртов) го фати и затвори? Тие грешки беа толку секојдневни и така сеопшти, што просто не беа исклучок или „грешка“ во системот на работите, туку напротив, тие го образуваа системот на работите.“ Лудвик ја осознава немоќта на отповикот: „И тогаш спознав колку е немоќно да ја повлечеш сопствената шега кога сум јас со целиот свој живот запретан во шега многу посеопшта (за мене недогледна) и напросто неповратна.“ (стр. 339).

Во конфронтација со самоизмамата, во патетично интониран монолог, Лудвик го осознава гротескниот епилог на својот „настан“. Се задушував од понижување и срам. Не сакав ништо друго освен да исчезнам, да се осамам и да го збришам целиот тој гнасен и лажлив настан, завчерашниот, вчерашниот и денешниот ден, да го збришам, збришам така, што да не остане ниту една трага.“ (334). Судбинскиот удел на самоизмамата го потврдува и Кострка: „О, како самиот себеси се лажам! Како упорно настојувам да се уверам во исправноста на мојот животен пат! Како само се фалам со моќта на својата вера пред неверните!“ (293).

Ова чувство на самоизмама, на несоодветност, неприпадност, што се јавува како одредувачка константа на разбиениот душевен свет на Лудвик Јан, е детерминирано и од нештата, тоа заправо се појавува и како супстанцијална димензија во светот на нештата, претставен преку категоријата на описот, преку сугестивната евокација на предметниот свет.

Уметничката вистинитост на Кундеровото претставување на предметната стварност се состои во претпоимното единство на едно предочување, што се расчленува и детерминира во епскиот текст. Начинот на кој е интегрирана категоријата на описот во раскажувачката структура во „Шега" е разнообразен. При внимателно читање на тие дескриптивни пасажи се откриваат бројни (суштински) елементи, што конструираат еден систем алузии на „нешто друго", изразуван врз игра на рефлекси, удвојување, алегории, метафори, укажувајќи на истовремено постоење на две мисловни сфери, од кои онаа, алузивната, е носител на суштинското значење. Поливалентните фрази, алегоричните коментари на Лудвик и другите искажувачи — опишуваните нешта со своите мултиплицирани аспекти, се здружуваат во една целина создавајќи објективен корелатив на тема — самоизмама, се претставуваат во романот како константа на автодеструкција, како облик на алиенација.

Овој тип на динамичен, субјективизиран, лиризиран и многузначенски опис, кој нè изненадува со својата ужасна оптичка конкретност, ја менува структурата на епскиот текст, ги брише острите граници меѓу раскажувањето и описот, создава струен премин помеѓу нив. Во зоната на раскажувачот, според Л. Долежел,[2])описот е многу важен надреченички конститутивен облик. Описите во „Шега" го потврдуваат овој заклучок и нè стимулираат кон проучување на функциите и карактерот што го имаат во контекстот на романот.

Описот во „Шега" нема функција на експозиција или заклучок, нема карактер на рамка, не е тука присутен за да ги затвори контурите на околностите, условите на дејството, не го успорува струјниот тек на дејството, не е дигресија со ретардациона функција. Описот во „Шега" е присутен за да го детерминира ликот, за да го рефлектира неговиот сензибилитет, за да ги соопшти неговите загрижувања и стравот од опредметувањето, за да го потврди неговиот внатрешен диспропорциониран психички свет. Преку појавата на наивни, обични имобилни нешта, со вешто одбрани детали, Кундера ја открива со минуциозна прецизност и чудесна суптилност внатрешната состојба на ликот, поставен во позиција на набљудување. Ова движење на психолошки пробив, импулсирано од набљудувањето, се одвива така ефикасно што внатрешните реакции се досегаат во нивната ембрионална положба.

Според модерната физика, меѓу материјата, просторот и времето постојат многу сложени соодноси (но секогаш надвор од човекот) — и предметите во целата своја феноменолошка егзистенција — тежина, површина, волумен, линии, можат да добијат аспекти двосмислени, евокабилни. Од овој аспект, согледано, и предметите можат да станат носители на човечките емоции и во тој миг тие се оптоваруваат со настани, гестови, зборови, тие се збогатуваат со многукратни значења.

---

[2]) L. Doležel, O stylu moderni české prozy, Praha 1960, стр. 29.

Мултивалентната „шега“ во разгледницата создава врска меѓу структурата на темата на самоизмама и материјалната текстура на својот свет, исполнет со отсутни, неутрални објекти, но секогаш меѓусебно поврзани со точни, строго определени односи. Непосредниот и силно сугестивниот кундеровски опис ја губи својата самостојност во наративната структура, се слева струјно во раскажувањето, проникнува во него. Нѐ импресионира егзактноста до која држи писателот при дескрипцијата; до прецизноста на соодветната локализација. Овој стил е во сообразност со афинитетот негов кон објективно точен јазик, од една страна, и, од друга, со напорот преку семантичкото доближување да се опфати психичкиот тоталитет на претставениот лик. Минуциозните описи конституираат повисока интелектуална рамнина, која доминира суверено над објективната литературна материјализација.

Ниту во еден дескриптивен пасаж нештата ја немаат онаа балзаковска сигурност.[3]) Осцилациите меѓу различните агли (собите, улиците, плоштадот, ресторанот) дејствуваат како една фигура од осцилација меѓу мислата и нештата. Никнува импресија на истовремено постоење на инертната материја и фиброзната поетска визија — паралелна монтажа во која екстериерните и интерните секвенци алтернираат во брзо, недосегливо темпо. Веќе при описот на првата соба, во која Лудвик требаше да ја отповика својата „грешка“, ја навестува засилената перцепција на авторот, заснована врз принципот на „досегање по еден тематски систем, идејна асоцијација, евокабилност, а не хронологија. Теснотијата, несоодветноста, непомирливото чувство на гнаса, извалканост и голотија се доминантните аспекти на таа соба, која го навестува и психолошкиот амбиент во кој е ситуиран целиот роман.

Таа страстна материјалност предизвикува дејството да се појави во целата конкретност и едно конкретно да предизвика претстава на друго конкретно и преку истакнат детаљ, кој е содржински набрекнат, да се опише не само пејзажот, туку и неговата атмосфера, настроение, израз и внатрешната негова смисла, заправо она што ја прави неговата вредност. Перцептивната сетилна визија на реалноста со нескриена субјективност и рефлексија го возвишува описот до поетски лирска и високоинтелектуална рамнина и истовремено условува описот да ја менува својата функција.[4])

[3]) Францускиот писател Rob Grije ја објаснува социолошки стабилноста на балзаковските предмети опфатени во прецизен, енумеративен опис: „Постоеше константен идентитет меѓу овие предмети и нивниот сопственик: обичен елек, тоа беше веќе карактер и социјална позиција истовремено. Човекот беше причина на сите нешта, клуч на универзумот и неговиот природен господар по божје право . . . Но денес, значењата на светот околу нас се само парцијални, провизорни, контрадикторни и секогаш оспорувани.“ (B. „Un nouveau romane“, Paris, 1964, p. 194).

[4]) Оваа ужасна оптичка конкретност ја внесува во литературата Гистав Флобер и создава опис, кој се слева струјно во раскажувањето. Францускиот литерарен историчар, Албер Тибоде го определи овој опис со термин, кој е денес усвоен од сите истражувачи во овој домен: „Description en mouvement.“ B. Albert Thibaudet, Gustave Flaubert, 1922. Во врска со ова в. исто кај M. Kundera, Umeni romanu, Praha, 1960, стр. 139.

Елементот на несоодветност, неприпадност, отуѓеност, се уфрлува во целата таа материјална прецизност и ја засилува тегобноста во атмосферата, создавајќи внатрешна врска меѓу создадената слика и организацијата на психичкиот хабитус на Лудвик Јан во чија основа е самоизмамата.

„Описот", според Волфганг Кајзер,[5]) „може често да изгради слика. Нејзините обележја се: затвореност, предметна изобилност, временско повлекување и конечно, посебна значенска содржина. Како во лириката сликата може лесно да стане симбол . . . До колку се појавува во полн силен блесок, може во епскиот текст да има посебно дејствување."

Велек и Ворен[6]) тврдат дека изразитата слика е заснована врз чувство или набљудување — може да биде истовремено претставување (Darstellung) и заменување (Stellvertretung). Сликата може да биде опис или метафора. Но на прашањето: можат ли сликите, кои не се никакви метафори, кога се гледаат со „духовни очи" да имаат симболично влијание: „Не е ли секоја перцепција изборна?, самите ѝ даваат недвосмислен одговор: „Модерната психологија нè научи дека овие две значења на поимот „слика" се вкрстуваат. Може да се каже дека секојдневната слика до извесен степен е симболичка."[7])

Дескрипцијата во „Шега" се пробива во самата стварност. Таа не ги кине настаните на апстрактни тези, туку ги досега самите нешта и појави, за да создаде преку нивното визуелно претставување еден сознаен и емоционален комплекс. Оттука и дигресиите, кои скокаат во раскажувачкиот тек, не можат да се сметаат како безусловно ретардационен момент, туку како концентрација или предочување на настан.[8]) Затоа, колку парадоксално да звучи, описите во „Шега" се важен момент за унапредување на дејството. И уште повеќе, описите се рефлекси на една филозофија, која тендира кон матафоричен, симболичен и митски израз, заснован врз сугестивна евокација, врз алузија.

Во минуциозната визуелна дескрипција на Кундера доминира надворешен неред, неусогласеност, обесмисленост, присутна за да ја потврди внатрешната раздвоеност на Лудвик Јан и алиенацијата негова во светот. Во согласност со неговото психичко битие, и описот на урбанистичкиот декор ќе биде претставен во иста димензија, како антропоцентричка метафора: „ . . . улица од пет еднокатни граѓански куќи, кои не се заедно споени и секоја стои посебно: чудно и широко, можеби требало да ја обликуваат основата на кејот, чијашто раскош никогаш не можела да се реализира; двете од нив имаат од керамика и гипс ангелчиња и ситни орнаменти, денес веќе излупени; ангелот е без крилја, а орнаментите се соблечени до тулите, така што ја губат смислата." (39).

[5]) Wolfgang Kayser, Das schprachliche Kunstwerk, Bern, 1967, стр. 184.
[6]) Wellek — Warren, Theorie der Literatur, Berlin 1960, стр. 165.
[7]) Ibid, стр. 268, n. 7.
[8]) Eberhard Lämmert, Bauformen des Erzählens, Stuttgart 1967, стр. 89, 90.

Тажен, мачнотесен, опустошен пејзаж, како што е и душевниот пејзаж на Лудвик Јан и на сите оние кои во „Шега“ се најдоа во сенката на својот прелаган живот, е специфика на следната метафоричка слика: „Во тој миг се запалија во бавчата ламбите што висеа на долги жици, прикачени од дрво на дрво; бидејќи уште не беше темно, туку само почетен самрак, тие не шираа околу себе светлина, туку само стоеја цврсто во сивкавиот простор како големи, неподвижни солзи, што не можат да се истријат, но не можат ни да капнат; имаше во тоа некаква ненадежна и неразбирлива тегоба и не можеше никако да ѝ се пркоси.“ (370). Надворешните предмети се тука носители на емоционалните импулси на ликовите, тие ја предочуваат нивната душевна состојба.

Неизбежната конфронтација со апсурдот секој уметник ја доживува на свој начин. Реакциите на него содејствуваат во обликувањето на творечкиот метод. За разлика од најисклучивиот екстремист на апсурдот, Франц Кафка, кој тргна по патот на апсолутното разложување на светот и досегање на апсолутно ослободување на сите реални човечки односи и сите врски со животот во вид на чиста апстракција, Кундера го наситува окото со оптичкото искуство на пејзажот, описите негови се изразно евокабилни, сугестивни, непосредни, во кои, компаративно-алузивно-дескриптивниот момент е очигледен.

Пример за дескрипција со посредничка, алузивна функција кон „други нешта“ со помош на вешто избрани детали, кои во контекстот имаат атмосферообразувачка функција, е во основата на следнава визуелно-кинетичка слика: „Го минав чуминиот столб; подлогата ја потпираше светецот. Светецот го потпираше облакот, облакот го потпираше другиот облак, а врз тој облак седеше друг ангел: беше утро; ја спознав оваа очигледност одново кога се загледав во мермерниот столб, во таа возбудлива пирамида од светци, облачиња и ангели, кои тука во тежок камен го скриваа небото и неговите висини, додека вистинското небо беше утрински сино и очајно оддалечено од ова прашливо парче земја.“ (208).

Индивидуите во „Шега“ не можат да се сметаат како индивидуи во вистинска смисла на зборот. Тие се толку опредметени, проголтнати од објективитетот, што го губат својот субјект во тој објективитет. Вистинскиот лик се менува зависно од овој процес во маска. Оваа мистификација на субјектот претставена е метафорички преку описот: „Кога ги гледав тие долгокоси глави, кои околу себе блескаво и театрално се пенеа од зборови, ми се враќаше мојата стара омраза кон векот на незрелоста, и ми се чинеше дека пред себе гледам сè артисти на чиишто лица се ставени маски што би требало да ја претставуваат ступидната мажественост, гордата несожаливост и грубост; и никакво оправдание не видов во тоа што под маската е можеби друго (почовечно) лице, зашто ужасно ми се чинеше токму тоа што лицата под маската беа толку свирепо предани на нечовечноста и грубоста на маските.“ (369).

Ликовите во „Шега" се претставени во конкретна историчност. Во неа и нештата се оптоварувааt со значења. И тие стануваат носители на значења, кои го досегаат егзистенцијалниот опсег, феноменот на самоизмамата, која впрочем проникнува низ целиот роман како негова супстанцијална димензија: „И пак ги пресретнував луѓето што носеа во рацете корнети со црвено шапче и одново си помислив дека тие корнети личат на факли и дека во тој облик можеби има и извесна, смисла, зашто тие факли не се факли, туку травестии на факли и тоа што во себе го носат свечено, таа трендафилова трага на наслада, тоа не е никаква наслада, туку травестија на наслада, што веројатно ја постигнува неизбежната травестираност на сите факли и наслади на ова прашливо гратче." (209).

Опредметениот човек ја доживува во „Шега" својата полна идентификација со нештата кои стрчат во кундеровските дескрипции од просторот како нивна екстензија: „Ја отворив вратата од соседната просторија; тоа беше пак канцеларија; работна маса, кош за хартии, три стола, орман и закачалка; (закачалката беше иста како во првата канцеларија: метална прачка, поставена на три ногалки, се шириле нагоре исто како надолу — во три метални гранки: стоеше тука бедно и човечки, зашто на неа не висеше никаков мантил; од нејзината железна голота и смешно подадените рачиња ме опфати некаква бојазливост; над работната маса имаше прозорец, но инаку тука беа сè голи ѕидишта; никаква врата оттука не водеше; двете канцеларии беа очигледно единствени две простории во куќарката." (350).

Конфронтацијата на описите од природата и урбанистичките декори ни ја открива носталгичната аспирација на Кундера кон пленерот. Двата амбиента, двата декора (градскиот и полскиот) образуваат антагонистички колерат. Градот е место на алиенација, подлости, прогонство. Задушлив со своите постојано слични соби (со голи ѕидишта и несоодветен ентериер, кои функционираат како метафорички симболи),[9]) ја опустошува душата на човекот, нудејќи му ја во замена својата единствена привилегија — осаменоста. Градот е преобразба на пустина. Овој отпор кон градот (колку и да е во „Шега" убедливо мотивиран) во однос на наркотичните описи на природните пејзажи не може а да не ја навести урбанистичката клаустрофобија, вкоренета во патетичната и до трогливост возвишена носталгија по народната традиција, по народната уметност, по сè она што е чисто, неизвалкано од индустрискиот чад.

Еден лиризиран опис, којшто прозвучува како вистинска лирска инкантација во која се разредува смислата до најнежен пој, како светол и ведар орфички патоказ ни ја сугерира врвицата по човековото осмислување, врвицата по совладување на апсурдот и откривање на загубената автентичност: „Ја гледам врвицата што се извива низ полињата. Ја гледам земјата на таа врвица ужлебена од тесни тркала

[9]) Wellek — Warren, наведената книга, стр. 167, стр. 268, н. 12.

на селски коли. И ги гледам меѓите по таа врвица, тревести меѓи толку зелени што не можам да се воздржам а да не го погалам со рака нејзиниот мек откос . . . Одам понатаму и пред мене на меѓата се појавува трендафиловата грмушка полна со ситни црвени трендафили и јас се запирам и сум среќен. Седнувам под грмушката во тревата и лежам еден миг. Чувствувам како грбот ми го допира тревестата земја. Ја држам на својот грб и ја молам да не се плаши дека е тешка и да ме притиска со сета своја тежина.“ (153).

Обидот да се освои автентичноста со враќање во светот на првобитното знамение, во длабините на столетијата се реализира како кулминација на самоизмама при дескрипцијата на ,,Кралскиот поход“. Врз принцип на функционален анахронизам ни се претставува во ,,Шега“ фолклорниот ритуал. Низ него провева внатрешна рефлексија на една субјективна свест. Во супстанцијалната јатка на едно дамнешно време се внесуваат елементи што си противречат еден на друг и создаваат анахронизам од повисок вид, со чија помош ни се открива супстанцијалната содржина на една ситуација во чија основа е самоизмамувањето: ,,Од далечина преку стреите на селото се одзиваше трогливото ,,бргу-бргу“, се одзиваше толку од далечина што тука во бавчата на крчмата, окружена со ѕидовите на куќите допираше полунестварно. И таа привидна нестварност ме наведуваше на мисла дека сето ова околу нас воопшто не е сегашност, туку само минато, петнаесет, дваесет години старо минато, дека ,,бргу-бргу“ е минато, Луција е минато, Земанек е минато и Хелена е камен што сакав да го фрлам врз тоа минато; сите тие три дена беа само театар на сенки.“ (343).

Обновувањето на сопствените нарушени човечки размери е посебно тегобно и нелесно. Претставен од писателот во позиција на агресивна самоизмама, Лудвик Јан доживува низа самоизмами, во кои ни се претставува секојдневието со неговото отуѓување. Во драматичната игра меѓу опредметувањето и автентичноста, преку бројните човечки контакти, обликувани според псевдовредности на деградирани цели, тој се ориентира тегобно и напорно, за сепак, во таа низина на опредметување, да согледа макар за миг, и макар во грч, како се исправа потопениот човечки свет, како испливува од светот на нелични функции и како ја освојува својата загубена автентичност. Овој магичен и во романот веќе неповторлив миг Кундера го доживува како визуализирана претстава, како оптичка конкретност: ,,Опредметувањето кое нè зафати, ми изгледаше во првите денови тотално; нелични, директивски функции, што ги извршуваме, ги затапија сите наши човечки појави; но таа тоталност беше само релативна, предизвикана не само од вистински околности, туку и од несвикнатост на очите (како кога стапува човек од светла во темна просторија), по некое време почна полека да се прозира и во тој самрак на опредметување почна да се гледа човечкото на

луѓето. Ќе треба секако да признаам дека јас бев еден од последните, кои на изменетата „светлина“ знаеја да го акомодираат своето око.“ (65, 66).

Определен и извонредно сложен психички процес предочен е преку описот, сфатен како сетилна сензација, во која определено се потврдува судбината на Кундеровата мисла: да не се одбива, туку да се рефлектира во визуелни слики, во кои, било да се тие темни или прозирно јасни, величествени или морни, се одразува како во скршено огледало самоизмамата во непрегледна низа од облици.

Без да ја менуваме перспективата на оваа мисла, можеме кон крајот на ова изложување да заклучиме дека најимпресивните свои искажувања за човековата положба во светот, Кундера настојува да ги материјализира преку категоријата на описот. Заснован врз принципот на алузија и евокација, овој силно прецизен, непосредно сугестивен и оптички конкретен опис, претпоставува хипертрофирана сензабилност кај ликовите во присуството на објективната реалност, во светот на нештата. И токму тој свет од рамнодушни, имобилни нешта, стана прекрасен медиум со кој писателот можеше да ги искористи најфините вибрации на духот, да проникне во најдлабоките слоеви на човековата психологија и да го истакне како приоритетен проблем она што лежи како тешко бреме во самата основа на неговото битие.

D-r Vera JANEVA — STOJANOVIĆ

LA DESCRIPTION DANS LA STRUCTURE NARRATIVE DE „LA PLAISANTERIE“

Resume

D'après les analyses de la fonction de la description dans la structure narrative du roman de Milan Kundera „La Plaisanterie“, l'auteur de cet article en vient à la conclusion que la description n'est pas ici une catégorie fermée, qui représente un élément retardatif dans le flux narratif, mais une concentration et une prévision de l'évènement. La description dans ce roman ne coupe pas les évènements aux thèses abstraites, mais atteint les choses elles — mêmes et les apparitions, pour créer avec une présentation visuelle un complexe émotionel et intellectuel, qui nous découvre des significations révélatrices.

Par conséquent on peut dire avec assurance, que les descriptions dans „La Plaisanterie“ sont des moments très importants pour l'avancement de l'action. Et encore plus, les descriptions sont des reflets d'une philosophie, qui tend vers une expression métaphorique, symbolique et mythique, basée sur une évocation suggestive, sur une allusion, qui change la strukture du roman et lui donne sens.

Д-р Петро ЈАНУРА

ЛИКОТ НА МАРКО КРАЛЕ ВО АЛБАНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО

Како што е познато, врските меѓу Албанците и Јужните Словени почнале да се воспоставуваат од VI и VII век преку некои симбиози во разни области на животот. Тие врски станале видливи и во областа на народното творештво, почнувајќи од времето на Византија во XIV век, а се проширале и зацврстиле уште повеќе за време на владеењето на Османлиите, односно во времето на Отоманската Империја. Евидентни примери на таква врска се ликовите на: Марко Крале, Мујо и Халил, Ѓерѓелез Алија, Мусо Кесецијa и други во албанското народно творештво и ликот на Марко Крале во српскохрватското и македонското народно творештво, со меѓусебни влијанија, а кои помалку или повеќе имаат аналогна тематика и се со иста цел. Ова уште подобро може да се види во народните легендарни и јуначки песни, создадени кон крајот на XIV и почетокот на XV век. Тие продолжуваат да се создаваат и натаму за време на Отоманската Империја, кога на Балканецот му беше одземена слободата и, како што е познато, беше создаден таков живот што беше вистинска трагедија, кој се појавува во убавите сугестивни народни творештва со заеднички ослободителни мотиви и субјекти преполни со драматичности.[1]) Централна личност во овие легенди кај Јужните Словени е Марко Крале, додека како еквиваленти на него се Мујо и Халил, Ѓерѓелез и Мусо Кесецијa и други во албанското народно творештво на Балканот и ликовите на Пал Големи, Ник Пета, Мило Шими кај Албанците иселени во Италија во првата половина на XV век. Сите овие ликови народот ги претставил со хиперболична сила, не толку заради нивните физички особини, кои се имагинарни, колку за да ги претстави како храбри и силни, како што

---

[1]) D-r Eqrem Çabej, Për gjenezën e letraturës shqipe, Shkodër, 1939, стр. 41, 44; Томе Саздов, Македонски народни песни, Скопје, 1966, 106; Historia e letërsisë shqipe, I, Tiranë, 1959, стр. 78, 81, 86. Овие песни и врски уште во 1902 година ги проучил Карл Дистериск во делото: Poezia popullore e viseve ballkanike në elementet e saja të përbashkët" (Народната поезија на балканските краишта во нејзините заеднички елементи).

и самиот ги сакал.[1a]) Само тие јунаци можеле да ѝ се спротивстават на империјалистичката сила на Истамбул. Таквите гиганти симболично го претставуваат самиот народ.

Ликот на Марко Крале во албанското народно творештво е убаво претставен како што го има во српското, хрватското и македонското народно творештво, со таа разлика што кај Албанците тој е застапен во ограничен обем, критички со добри особини, но и со лоши црти. Марко сака да пие и да се опива, да се фали[2]) и да предизвикува кавги. Народниот пејач не го одделува од погледите на неговата општествена припадност, но Марко слабо се споменува како принц или пак да му се придава некаква историска вредност; неговата глава не носи принцевски ореол. Значи, не се идеализира многу како во српското народно творештво, туку му се дава и реалистичен карактер, како и на многу места и во македонското народно творештво.[3]) Албанскиот народен пејач својата инспирација, како што сакал тој, ја насочил кон реакција, против феудалниот систем и во Марко Крале гледа човек кој во многу случаи се движел под влијание на неговото феудално воспитување. Албанскиот пејач ги активирал ликовите во албанското народно творештво, тој реагира секогаш со членовите на запоставената класа, како селани и сточари тие секогаш се готови за акција против отоманската феудална власт. Оттука се гледа социјалниот карактер на албанското народно творештво во кое се пее за Марко Крале. Сето тоа е резултат на народниот дух во XIV и XV век, така што социјалната вредност на овие творби е евидентна, но не и без осцилации и тоа спрема ставот на ликовите, кој понекогаш се појавува реално, понекогаш идеално, понекогаш студен и индиферентен, понекогаш строг, понекогаш елегичен, понекогаш еруптивен, динамичен и експлозивен, а понекогаш реторичен и претставен во долга развојна форма на субјектот, а некогаш краток и сугестивен. Така, овие легенди се навистина ремек дела во албанското народно творештво.[4]) Тие во овој поглед се слични на оние на другите народи во врска со ликот на Марко Крале. Значи, кај сите Балканци, за разлика од другите народи,[5]) „народната епска песна (во случајот

[1a]) D-r Eqrem Çabej, цитирано дело; Historia e letërsisë shqipe, стр. 75.

[2]) Folklori shqiptar, II; Epika legjendare (Cikli i kreshnikëve), Tiranë, 1966, стр. 471, каде го наоѓаме Марко кога вели: „Nuk ka bamun nana trim si unë" (Не родила мајка појунак од мене), или во македонската варијанта: „Марко и дете Дукатинче" се забележува: „Али има негде догледано да се најдит појунак од мене". (в. Миладиновци, Зборник, Скопје, 1962, 159).

[3]) Томе Саздов, цитираното дело, стр. 113.

[4]) Овие легенди имаат „извонредна артистичка вредност", тие се разликуваат по „пластичната сила и со оригиналноста на јазикот, течноста во водење на разговори . . . . . затоа овие песни останууваат како еден голем споменик, кој со својата уметност ќе остане во сите векови". (в. Folklori shqiptar, II, стр. 40, 41).

[5]) D-r Eqrem Çabej, цитираното дело, стр. 41.

легендите, П. Ј.) се јавува култивирана на посебен начин", со карактер некогаш унитарен, некогаш фрагментарен.[5а])

Албанската народна песна како и народната песна на словенските народи на Балканот, каде што доминира ликот на Марко Крале, се раѓа од спротивставувањето на Византијците, а подоцна на Османлиите, кои во многу нешта се наследници на Византијците. Ова спротивставување е особено силно кај христијанските народи, додека водачите на исламизираните народи, поради промената на социјалната положба, се помириле со наметнатата реалност од Истамбул. Така се објаснуваат нивните исламски имиња во разните легенди, во албанската народна литература. Како такви тие излегле од христијанскиот амбиент и влегле во исламскиот. Но широките народни маси, иако исламизирани, останале верни и чисти и со своите ослободителни идеали. Затоа легендарните ликови кога се сметаат како членови на масата, се конструктивни и напредни. Но се случува спротивното, кога се однесуваат како членови на феудалната класа, тие се назадни. Легендарните народни албански ликови, кои му се спротивставуваат на Марко Крале, или се во врска со него, се и остануваат селани и сточари, во селски и сточарски амбиент што симболизира сточарство, егзистенција на албанскиот народ.[6]) Затоа овие ликови се послободни и порешителни во нивните акции против султаните, кралевите и на Венеција. За овој став е евидентен ликот на Мусо Кесеција и оној на Ѓерѓелез Алија. Личностите во албанските легенди, како што реков, се во конфликт со Марко Крале. Токму поради тоа тие остануваат во селски и сточарски амбиент и како такви напаѓани од феудално-војничката власт на султанот, додека Марко Крале, во народната албанска поезија, честопати ги брани интересите на султанот. Тој ова го правел не како член на народот, кому му припаѓа, туку како човек со своите слабости, за своја сметка. Значи, антагонизмот меѓу албанските личности и Марко Крале е создаден како лична гордост, со тоа што тие сакале да ја покажат својата сила, но никогаш не реагирале и не предизвикувале каранициќ како претставници на своите народи, а по-

---

[5а]) Кога ќе се земе предвид времето кога живееле Крале Марко, Мујо и Халил, во некои варијанти наоѓаме анахронистички елементи, како, на пример, во легендата за Мујо: тој го чита писмото што му го испратил Кралевиќ Марко за да излезат на мегдан. (в. Folklori shqiptar, II, str. 34). И во македонската варијанта „Немската кралица и Марко", кралицата по гавранот му испраќа писмо на Марко. (в. Миладиновци, стр. 166—167).

[6]) За оваа албанска народна песна се вели:

„Kur ish kanë Muji djale i ri,
ma kish que baba n'rogë tu nji Zotni,
çoban lopësh Zotnia e kish ba . . . . . "
(кога Мујо бил младо момче,
татко му го испратил на работа кај еден господин,
господинот го направил говедар).

(в. Visarët e kombit, II, str. 63; Historia e letërsisë shqipe, I, str. 77; Folklori shqiptar, I, str. 14).

себно никогаш не реагирале еден против друг во името на тие народи. Поради овие погледи тие биле блиски и соединети, уште од кога почнале да живеат едни крај други во балкаската заедница. Присутноста на личноста на Марко Крале во албанското народно творештво и на Мусо Кесецији, Ѓерѓелез Алија и Мујо и Халил во народното творештво кај јужнословенските народи е стара, таа се врзува со средниот век. Но која од овие личности е постара, многу е тешко да се определи, дури е сосема невозможно, исто така како што е тешко со сигурност да се определат причините поради кои овие личности останале живи во народното творештво.[7]) Меѓутоа, сигурно се знае дека присутноста на овие личности во народните творби потекнува од една потесна духовна соработка и дека народните творби се развиле паралелно и во многу случаи како последица на еден заеднички живот, и тоа заеднички и во политичка и во економска и во социјална смисла. Оттука и историската вредност на овие народни песни, а споменатите личности имаат заеднички идеали — добивање на слободата што народите ја изгубиле. Поради тоа и ослободителниот карактер на легендарните песни за Марко Крале во албанскиот народен фолклор уште не може со прецизност да се знае зошто станал толку популарен, како што е и во српското и во македонското народно творештво. Фактот што тој влегол и во албанското народно творештво треба да се поврзе, евентуално, со фактот дека има особини како Мујо и Халил, Ѓерѓелез Алија и Мусо Кесецији и дека е современик на Лек Дукаѓини.[8])

На непознатиот албански народен пејач, то ест на самиот албански народ, му се допаднала легендарната личност на Марко Крале,

---

[7]) „Науката многу малку ја проучила" и не се знае која балканска варијанта е постара, но има можност да биде онаа што Славјаните ја создале во заедница со старите Албанци, од која ја зеле содржината на нивните песни, а потоа повторно им ја вратиле на овие (на Албанците, П. Ј.) во славизирана форма (в. Eqrem Çabej, цитираното дело стр. 47/1; Томе Саздов, цитираното дело, стр. 108):

„Повеќе научници се обидоа да ја решат оваа мистерија; М. Арнаудов, Крали Марко, въ народна поезия, София, 1918.

Албанците за староста на овие песни велат дека се „стари песни, престари и најстари". Албанците во Италија ги викаат „старински песни" и на италијански „santi della vessniaia".

[8]) Се верува дека семејството на Дукаѓини е најстаро албанско принцеско семејство. Неговата старост датира уште од VII век, но тоа станало попознато во XV век, а посебно за времето на Скендер-бег (1444—1468). Најпознат е Лек Дукаѓини. Овој бил пријател и соработник на Скендер-бег, но не бил секогаш искрен, затоа што имал спротивни аспирации. Но и покрај тоа тој повеќе го сакал Скендер-бег отколку султанот Мурат II, што го докажал по убиството на Балабан-паша. Тој се борел против Турција во 1477. Во 1481 година го наоѓаме во Дубровник (в. Ali Hasharova: Bashkëluftëtarët e Skënderbeut, Prishtine, 1967, стр. 67, 104); во Зборникот на Миладиновци, Скопје 1962, стр. 159—161 е објавена народната песна „Марко и дете Дукаѓинче", во која се пее за судирот меѓу овие двајца јунаци.

па поради тоа и пее за него[9]), но во исто време, како што видовме малку погоре, тој ги истакнува и позитивните и негативните негови особини, зашто има случаи кога Марко Крале како турски вазал, според народниот пејач, се става во служба на султанот за да добие материјални блага[10]) и како таков тој се бори против легендарните албански личности, како што се: Мујо и Халил, Мусо Кесеција и Ѓерѓелез Алија.[11]) Овој негативен став на Марко Крале им дава на легендите драматичен карактер, тие се интересни заради литературната вредност што се изразува во описот на јунаштвото на сите личности, било кога се тие во антагонизам или кога се смирени. Личностите, посебно Марко Крале, се опеваат не како историски личности, туку само како луѓе. Непознатиот народен албански пејач во овој случај акцентот го става на нивното човечко однесување, го изнесува на видело нивниот дух како таков. Во легендарните песни нив ги гледаме како слободно реагираат според нивните моментни духовни диспозиции. Пејачот не го интересира, ниту пак го импресионира историската важност на Марко Крале, ниту онаа на Мусо Кесеција, кој според Вук Караџиќ живеел во времето на Бајазит II.[12]) Поради тоа албанските народни песни, во кои се јавува Марко Крале, се разликуваат по хуманиот карактер, но секогаш се потенцира јунаштвото и смелоста на сите личности како главна карактеристика. Значи, машкото ју-

---

[9]) Албанската народна литература не создала само легендарни ликови како Мујо и Халил, Ѓерѓелез Алија, Мусо Кесеција и др., туку и народни песни во кои личностите што покажуваат јунаштва поради разни причини — економски, општествени, лични или семејни, се викаат Марко, тие се одраз на воодушевувањето како восхит на особините на Крале Марко (ова име е многу распространето во северниот дел на Албанија), како на пример:

„Mark Milani një topçi"
„Mark Krala i trim drangua"
„Mark Bogdani trim drangoi"
„Marka Ruci i trim i trimit"
„Mark Kuli izhenjanë"
„Mark Kuli i trim dai — po lufton për t'tanë Arbëri"

(в. Viçenc Prenushi, Këngë popullore gegnishte, Sarajevë, 1911, str. 35);

„Марк Милани, еден топчија"
„Марко Крале змеј јунак"
„Марк Богадани, змеј јунак"
„Марка Ручи јунак на јунаштвото"
„Марк Кули некомпромисен"
„Марк Кули јунак кападилук" — тој се бори за целата Арверија.

Mbledhës të herëshëm të folklorit shqiptar (1635—1912), III, str. 308, 309, 310, 311, Tiranë, 1962.

[10]) Затоа што го уби Мусо Кесеција, „тој му даде три товара благо" (в. Вук Стефан Караџиќ, Српске народне пјесме, II, Београд, 1953, стр. 398); Folklori shqiptar, II, str. 17, 28.

Како вазал Марко се борел на Роџин, близу до Крајова, (Романија), против романскиот принц Мирче стариот (Mircea cel Batran), каде што бил убиен.

[11]) Folklori shqiptar, II, str. 36.

[12]) Вук Караџиќ, цитираното дело; Historia e popullit shqiptar, II, str. 125, 231.

наштво наеднаш излегува на видело. Ова поради тоа што Албанецот за овие песни вели: „e burrërojnë, njerinë, e bajnë trim, i shtien zemër të durojnë plumbin, gjakun . . . “ (го прави вистински маж, го прави јунак, му овозможува неговото срце лесно да го поднесе куршумот, крвта). Поради тоа: „Се зголемува и физичкиот обем на хероите“.[13])

Легендарните песни не ги пееле само широките маси, туку поради нивната убавина ги пееле и феудалците по градовите во нивните дворови.[13]а) Тие иако се легендарни, сепак се создавани, никнувале од реалниот живот. Тие не излегуваат надвор од историскиот дух на времето, во нив многу убаво се почитува и излегува на видело етиката на тоа време. Затоа нивниот творец вели: „por meos me kanë, s'kishin dijtë me e thanë“ (да не беа, не ќе знаеја да го кажат). Тие и денеска се живи, поради тоа што на албанскиот народ му се допаѓа јунаштвото на Марко Крале и на другите личности, кои се борат за идеалите на народот и се во акција заедно со него. Овој народ ги почитува јунаците и има еден култ кон нив, без оглед на нивната националност. Од таа причина јуначките песни завршуваат со патетичните стихови: „Kado shkoftë e ka do voftë, — lufta e trimit mos u harroftë. Gjithmon Zoti e nimoftë, — sikush kënoftë e kush e nigoftë“.[14]) („Било кај да оди, насекаде каде ќе оди — јуначката песна да не се заборави — секогаш господ го помага, било кој ја пее, било кој ја слуша“). Овие се позитивни концепции на еден јуначки народ, во кои јуначкиот елемент во песните целосно ја отстранува монотонијата во содржината и ја зголемува динамиката на развојот и нивната епска сила. Сето тоа ја прави личноста на Марко Крале, во овие малку легендарни песни што ги има народното творештво, да се јавува со сета негова епска големина, како што се јавува и во српското, македонското и хрватското народно творештво. Таа е сугестивна и кога е позитивна и негативна, затоа што секогаш е јуначка и смела, и секогаш акционира во името на јунаштвото и на нејзината фама, како јуначка и легендарна. Марко Крале ја почитува својата личност како таква, но и покрај тоа има случаи кога тој се оддалечува од мегданот, како во албанската варијанта „Ѓерѓелез Алија“ и го убива Мусо Кесецијa со

[13]) Folklori shqiptar, II, str. 10.

[13]а) Ibidem, стр. 11.

[14]) Ibidem, стр. 10.

Легендите и кај Албанците се придружуваат со лаута, за која народот вели:

„Lahuta e bekuene, se mer kâjkë të dhimshme“
Kâjkë trimash. Kâjkët e lahutës kanë ogur,
bereqet. Asht mirë me i ra lahutës, mirë
asht edhe me i nigue“ (ibidem).

измама.[15]) Но во овие случаи тој дејствува поттикнат од мистички сили. Тој под нивното негативно влијание и со ослабени човечки иреални вредности влегува во светот на басните[15]а). Непознатиот албански пејач често ги изнесува на видело мистичките сили не само како „духовни паганси елементи“,[16]) туку и да ја спасат човечката личност на Марко Крале и покрај тоа што е тој со хиперболизирана сила.

Една друга карактеристика на албанските легендарни песни, во кои централна личност е Марко Крале, е и меѓусебното почитување, кое надвладува во антигонистичките акции на личностите, кога се караат меѓу себе како луѓе, и без најмала манифестација на чувствата на омраза или потценување на нациите на кои им припаѓаат. Тие предизвикуваат кавги, се намразуваат и се караат, но ниеден од нив не паѓа, ниту е совладан во праведната борба. Мујо за Марко Крале вели кога зборувал со Халил, кој како млад е и посмел и брз во одлуките: „Me m'ngue mue rrugën Markit ja lëshojmë“ — да ме послушаш мене, на Марко да му го пуштиме патот, но Халил му одговора: „Baca Muj, tha, zoti të vraftë. Burrë të fortë na gjithmon kena lupë. Sot erdhi dita n'ta me u përgjekë“[17]) („Брате Мујо, му вели, господ да те убие, ние јунак секогаш сме барале — денеска дојде денот да се пресметаме“). Во варијантата „Ѓерѓелез Алија“ Харамбаш Илија, кај кого отишол Марко Крале за да дознае нешто за Ѓерѓелез Алија, му вели на овој: „Gjarpën i hidhët krajlo aj asht kurt'ja ndijsh rraplinën e tij tre konak rrugë-o ti të shkojsh“ — („Моли бога Кралевиќу Марко што се нисам пробудила била док је Мусо у животу био, од тебе би триста јада било“)[17]а).

Кога Марко Крале и албанските споменати личности биле на спротивни позиции, нивната иницијатива не била директна, туку тие биле подбуцнувани од султанот и кралот. Султанот му вели на Марко Крале: „Можеш ли се, Марко, поуздати да ти идеш у приморје равно,

[15]) Вук Караџиќ, цитираното дело, стр. 391, 395; ова поради тоа што Мусо не им потклекнал на заканувањата:

„Дели Мусо, уклон ми се с пута — ил с уклони
ил ми се поклони!“, но Мусо му одговара со
гордост и јунаштво:
„ . . . . . ја ти се уклонити нећу —. . . . . .
љута Арнаутка . . . . . ме је често заклињала —
да се ником не уклањам с пута“.

[15]а) Eqrem Çabej, citiranoto delo.

[16]) И во албанската народна легенда од овој вид се појавуваат вили, кои го убедуваат Мујо да излезе на мегдан против Марко

1. „Shtat udhë kryqse po janë“
2. „Me e vra ose të djallë me e xanë“
(„Седум крстопати се“)

(„Да го убијат или жив да го фатат“), но да е внимателен дека како Марко, „burrë ma të fortë n'kralji nuk'le“, (посилен маж во кралството нема да се роди). в.) Këngë popullore legjendare, str. 171.

[17]) Këngë popullore shqiptare, str. 171.

[17]а) Folklori shqiptar, II, str. 474.

[18]) Вук Караџиќ, цитирано дело, стр. 398.

— да погубиш Мусу Кесецијa? Да ѣу блага колико ти драго“,[18]) или во албанската варијанта султанот му вели на Марко Крале, кого го ставил во затвор: „Unë prej burgut po du me t'hjekë, N'mujsh me ma pre Musë Qesexhinë“[19]) (Јас сакам да те пуштам од затвор, но ако можеш да ми го погубиш Мусо Кесецијa). Има случаи кога султанот ја има користено силата и смелоста на Мусо (иако воопшто Мусо бил против царот), а истовремено има и такви случаи кога Марко Крале и Мусо се побратими и давале заклетва: „Kurr prej shoqit nuk janë nda! Gjithmon zoti na nimoftë; shpata e jonë të keqin e pushtoftë“[20]) (Никогаш еден од друг да не се разделиме, секогаш господ да ни помага, нашата сабја лошиот да го совладува). Оваа слога и заклетва се симболични, поради тоа што и јужнословенските народи и Албанците во текот на својата историја имаат извршена една праведна работа — борба против нивниот заеднички непријател.

Petro JANURA

MARKO KRALE IN ALBANIAN FOLK LITERATURE

Summary

In Albanian folk literature the legendary figure of Marko Krale is presented and read by the Albanian folk poet, but not to the same extent as in the folk literature of the Yugoslavs, especially the popular literature of the Macedonians and Serbians.

The Albanian folk poet has reas about this figure to a limited extent, with the good qualities and the faults that he has.

The Albanian folk poet looks at this well-known Balkan personality in a critical manner, presenting him as a person who praises himself, gets drunk and is boastful; not as a prince or as the son the people, but only as a brave and plucky person. He comes into collision with popular Albanian figures such as Mujo and Halili, Gjergj Elez Aliu and Muso Qesexhine. He clashes with these personalities but none of them conquers him.

In his clasche with these popular Albanian figures Krale Marko is helped by faivies in the same way that the Albanians are helped by voices. In both these popular literatures the role of these mystical and mythological figures is rather negative.

---

[19]) Këngë popullore legjendare, str. 275.

[20]) Ибидем, стр. 175.

Vincenzo T. MANCUSO

POSTILLA AL CANTO VII DELLO INFERNO

Critici e dantisti, in ogni tempo, si sono cimentati nella interpretazione del primo verso di questo Canto, nel tentativo di chiarire il senso delle parole „PAPE SATAN, PAPE SATAN ALEPPE!". I risultati, fino ad oggi, sono stati quanto mai disparati e, talora, fantasiosi fino a pretendere che DANTE abbia voluto .... regalare un „Rebus" ai lettori.[1])

E'chiaro che non si puo'accettare la tesi per cui il Poeta si divertisse a celare sotto „parole oscure" il senso reale del suo messaggio, quando si tenga presente che egli scrisse la sua Opera Somma deliberatamente in „volgare" perché tutti fossero in grado di intenderne il significato, e a conferma di questa sua scelta la chiamó „Comedia"[2]).

Ma tra questa constatazione accettata da tutti, e l'affermazione di quei Dantisti i quali sostengono che il poeta qui abbia voluto celare il vero senso delle parole o che non abbia voluto dare loro un senso, a bella posta mi pare che ci sia una palese contradizione! Né si puó attribuire al „simbolismo" la difficoltá della interpretazione, perché la cultura del tempo indulgeva molto al linguaggio simbolico che era un mezzo di espressione comune a tutti i letterati, ma che i lettori provveduti di mediana cultura intendevano bene.[3])

Ci chiediamo: perché mai il Poeta avrebbe deciso di nascondere nello esordio del Canto VII dello Inferno, il senso delle parole al punto che nessun lettore riuscisse a interpretarle? E, questa decisione qualora ci sia stata, non sarebbe in netto contrasto con la convinzione, piú volte ripetuta da

---

1)CARLONA-PICI: Luoghi oscuri nella D. C. pag. 224, MILANO; OLIVIERI-PICI: I luoghi piu'oscuri e controversi pag. 222 ,MILANO FREDI PORENA: „ Pape'Satan ....." in NOUVA CULTURA, NAPOLI 1925

2) DE VULGARI ELOQUENTIA, II — 4 PIO RAINA, FIRENZE, 1896.

3) R. L. JOHN: DANTE, Wien — Springer-Verlog 1946 pagg. 205—224. G. PASCOLI: „MINERVA OSCURA" BOLOGNA, Zanichelli — 1892 M. CAETANI di SERMONETA: Proposta di una piú precisa dichiarazione intorno ad un passo della D. C. ROMA: 1852

Dante e seconda la quale no si può insegnare agli uomini con „argomento", di scarsa chiarezza o, per dirlo come il Poeta vuole, „per altro argomento che non paia?"

Dante invece sollecita più volte la intelligenza del lettore a penetrare nel riposto senso delle parole, come quanqo dice:

„Mirate la dottrina che s'asconde
sotto il velame degli versi strani!

E spesso i versi della Commedia potranno sembrare strani fino a dare agli interpreti più audaci la giustificazione per essersi allontanati della giusta rotta „dinanzi all'ácqua che ritorna iguale!" ma la apparente stranezza dei versi è foriera di profonda dottrina! Tuttavia si son fatti numerosi coloro che, pur muovendo da premesse intese a far luce su certi „versi strani", si sono impelagati nella accettazione di comodo che spiega come „taluni passi della Commedia abbiano un senso indecifrabile, per precisa volontà del Poeta!".[4]) Eppure sono molti gli argomenti nettamente contrarî a questa tesi, e non è male che vengano riproposti alla attenzione del lettore:

1) Dante definì il suo capolovoro con il titolo di „Commedia" perchè scritta in quel linguaggio „mediano" che era acessibile a tutti.

2) In omaggio a questa sua determinazione di chiarezza, non risparmiò occasione alcuna per muovere critiche acerbe contro coloro che indulgevano ad un linguaggio privo di chiarezza

„che l'animo di quel ch'ode non posa
nè ferma fede per esemplo ch'aia
la sua radice incognita e nascosa . . . ."

(Paradiso XVII, 139—142)

3) Ridicolizzò spietatamente persino i predicatori che ricorrevano a linguaggio artificioso per far colpo sull' uditorio:

„per apparere ciascun s'ingegna e face
sue invenzioni ....."

Paradiso, XXIV — 94—95

4) Insistette sulla necessità che chi ammaestra si faccia capire, si faccia intendere pianamente, come quando si fa dire da Beatrice

---

4) CARLONA-PICI: LUOGHI OSCURI NELLA D. C. pag. 224 O. C. MILANO

„cosi parlar conviensi al vostro ingegno
però che solo da sensato apprende
ciò che fa poscia d'intelletto degno".

Paradiso, IV, 40—42

5) Afferma che la „sete" di sapere è insita nella creatura umana, laonde è necessario sodisfarla:

„Io veggio ben che giammai non si sazia
nostro intelletto se il ver non lo illustra
. . . . . ."

Paradiso, IV, 124—125

6) Dichiara che quando l'uomo é ignorante in qualche cosa, ciò é dovuto . . . . . ." e per difetto di ragione e *per difetto di ammaestramento*"

Convivio II, 4

Ora non è lecito fermarsi nel sospetto che Dante mandi all' aria tutte queste categoriche affermazioni e, le moltissime altre che si potrebbero ancora citare, solo per il gusto peregrino di fabbricare dei „rebus" o, peggio ancora, per nascondere il VERO! Ma allora quale è il senso di quel „Papè Satan, Papè . . . . Aleppe" u.lato da Pluto in faccia a Dante, cosi da atterrirlo?

Tra gli interpreti della Commedia c' è chi lo ha inteso come una invocazione di aiuto da parte di Pluto (Pietro di Dante, Boccaccio, Benvenuto, Buti, Vellutello) e chi invece l'ha spiegato ricorrendo alla Lingua Ebraica[5]) che secondo la tradizione sarebbe quella parlata da Dio e perciò dagli angeli, e c' è chi ha voluto vederci un senso derivato dalla lingua greca[6]), per arrivare a qualcuno che in ogni parola ha saputo leggere . . . . . il nome di un demonio![7]) Nelle „Proposte ed aggiunte al Vocabolario della Crusca", V. Monti intese queste parole come „voci bestiali al tutto fuori dell'umano concetto!" ci si chiede come abbia fatto Dante a rimanere atterrito, e Virgilio a vederci un divieto a proseguire il viaggio, se queste parole erano „al tutto fuori dell'umano concetto!"

Lo Scartazzini, nel suo Commento alla Divina Commedia, con maggiore acume offre la seguente interpretazione[8]): „Virgilio intese lo strano

[5]) G. VENTURI — STUDI INEDITI SU DANTE FIRENZE 1846 pag. 35. MICHELANGELO LANCI: Dissertazione sui versi di Nembrotto e di PLUTO ROMA 1819.

[6]) OLIVIERI-PICCI: Luoghi Oscuri della D. C. pag. 224 — MILANO.

[7]) CARLONA-PICCI: Luoghi Oscuri nella D. C.

[8]) G. A. SCARTAZZINI: La D. C. di Dante Alighieri riveduta nel testo e commentata, LEIPZIG, 1882.

linguaggio di Pluto e *ciovuol dire che è, o vuole essere, un linguaggio intellegibile ad uomini.* Ma le interpretazioni di questo verso sono numerose e assai diverse".

Lo Steiner e il Pietrobono accettano perchè sostenuta „con rigore di metodo", la interpretazione del Guerri, per il quale il verso avrebbe questo significato „Oh Satana, Oh Satana Dio re!"[9])

Resta da appurare come abbia fatto Dante a rimanere atterrito, dinanzi ad una invocazione incomprensibile, sia pure pronunciata con voce alterata!

Dino Provenzal[10]), nel suo commento alla Commedia (preso atto che gli interpreti si sono adoperati in tutte guise per chiarire il senso di questo verso „ricorrendo non solo al latino, ma anche al greco e all'ebraico") conclude che „ le intepretazioni . . . sono contradittorie!

M. Porena[11]) dopo avere affermato che quello esordio è fatto per „colpire il lettore arriva a delle conclusioni che non giovano a chiarire il senso del verso: . . . . . „Pape è genitivo di Papa (secondo la comune grafia del tempo); Satan significa in ebraico „nemico" e nel linguaggio biblico e nello ecclesiastico medievale è usato spessissimo in questo senso. Aleppe è la lettera ebraica ALEPH . . . . . che, come l'Alfa greca da esso derivata, indica anche il numero I e nel senso di numero uno si usa nella liturgia . . . . . Sicchè PAPE SATAN ALEPPE in un linguaggio che sa di Chiesa e di Bolla Pontificia . . . . . significa „primo nemico del Papa" che per Pluto alleato di Bonifacio, è un insulto . . . . . ." Per F. Montanari[12]) questo verso „è una interiezione di meraviglia irosa . . . . . queste parole di suono tra latino ed ebraico che significano forse invocazione a Satana, come a supremo signore, suonano minaccia ai pellegrini . . . . *ma è possibile che non significhino nulla se non vano suono minaccioso* . . . . .

A questa interpretazione opponiamo le seguenti considerazioni:

1) la minaccia non è per „i pellegrini", bensì per „uno" dei pellegrini: cioè per Dante, in quanto Virgilio, in un certo senso, è immune;

2) la supposizione che „queste parole sia posibile che non significhino nulla se non un vano suono minaccioso" non si regge perchè in tal caso Dante sarebbe stato un tipo di uomo cui bastavano „suoni minaciosi" per ridurlo allo stato di „paura che noccia";

3) Virgilio, di cui si dice che fu „savio gentil che tutto seppe"[13]) (proprio perchè comprese il senso delia minacciosa espressione) verrebbe

[9]) CARLO STEINER — LA DIVINA COMMEDIA — PARAVIA — TORINO 1948; LUIGI PIETROBONO: LA DIVINA COMMEDIA, S. E. I., TORINO, 1956.

[10]) DINO PROVENZAL: La D. C. con il commento di . . . Mondadori — MILANO II, 1965.

[11]) MANFREDI PORENA: La D. C. commentata da . . . ZANICHELLI ED. BOLOGNA, 1957.
MANFREDI PORENA: „PAPE' SATAN . . ." Nouva Cultura" NAPOLI, 1925.

[12]) F. MONTANARI: La D. C. commento — LA SCUOLA, ED. BRESCIA, 1967.

[13]) INFERNO: Canto VII, 3.

a fare la magra figura di chi dá un significato anche „ad un vano suono minaccioso!" Mentre quella affermazione di lode al „sapere" di Virgilio conferma che le parole di Pluto ebbero ed hanno un significato chiaro.

*
* *

Nessuno può provare paura, anzi terrore come nel caso di Dante, quando non si capiscono le parole che devono provocarla!

Ma Dante mostrò di aver capito subito il significato di quel PAPÉ SATÁN, PAPÉ SATÁN ALEPPE! tanto che Virgilio si affrettò prima a confortare il poeta e poi a rintuzzare il „maledetto Lupo" poichè voglia o non voglia, Dante scenderà quella roccia per arrivare „al cupo"!

La verità è che Pluto ha tentato di farsi capire soltanto da Dante e gli si è rivolto con breve, laconico linguaggio, il cui tono sarebbe dovuto sfuggire a Virgilio!

Ricostruendo le vicende del suo viaggio, ritornando con la mente a questa drammatica situazione, Dante non può fare ameno di rivolgere ancora un omaggio alla saggezza del Maestro che definisce „quel savio gentil che tutto seppe!"

Ed in quel „tutto" c' è la insidiosa situazione dinanzi a Pluto, come quella di fronte a Caronte[14]) e l'altra, più grave ancora, perchè più subdola di fronte a Minosse[15]), e quell'altra perentoria, alla Porta di DITE, la porta di Satana, serrata in faccia a Virgilio montre nella mente di Dante mulinavano il „SI" e il „NO" della resistenza o della fuga![16]).

*
* *

Ora supponiamo che le parole in questione fossero state pronunciate in lingua araba, all'incirca in questo modo:

„BAB EL SATÁN, BAB EL SATÁN, ALEPPE"

e consideriamo il significato che in tal caso verrebbero ad avere: LA PORTA DI SATANA, LA PORTA DI SATANA, Prevale!

Ma quale porta di Satana, evidentemente quella della Città di Dite che i Demoni („più di Mille dà Ciel piovuti"), con proterva ostinazione, chiuderanno in faccia ai due Poeti!

Quella porta di Satana che Virgilio inutilmente tenterà di fare aprire e dove registerà la prima dura sconfitta, tanto da ritornare a capo chino

---

14) INFERNO: CANTO III, 88-91.
15) INFERNO: CANTO V, 19-20
16) INFERNO: CANTO X, 109 — III.

verso il discepolo, a cui tornano a mente di colpo le minacciose e veritiere parole di Pluto.

Quella BAB EL SATÁN, serrata in faccia al suo signore, adesso avrà restituito alla memoria di Dante tutto il significato pieno delle parole udite prima, confusamente, per lo stato di emozione.

Si potrebbe obiettare: ma perchè ricorrere alla lingua araba per far parlare Pluto? E conosceva Dante la lingua araba?

Intanto, a prescindere da ogni altra considerazione, bisogna prendere atto che l'Arabo, ai tempi di Dante, se per le persone di alta dottrina era veicolo di cultura, per il resto degli uomini era il linguaggio „di quella gente turpe", dei nemici della Fede, cioè del Demonio! E quale linguaggio poteva essere più adutto per le potenze infernali?

Si tenga presente che quell' Imperatore di sommo ingegno e di sovrana dottrina, che riposa nella Cattedrale di Palermo, e che fu scomunicato ripetutamente, ebbe fama di negromante, di demoniaco, di anti-Cristo, perchè si circondò di saggi, sapienti, e matematici arabi![17]) Mondo arabo te mondo demoniaco erano una cosa sola nella fantasia popolare: gli arabi non potevano essere che malvagi bestemmiatori, nemici di Dio e della Fede.

Quale altra lingua poteva parlare il demonio? Quale altra lingua poteva essere più congeniale allo spirito del male?

Da queste premesse si può intendere la efficacia artistica della invenzione Dantesca.

Ancora oggi, nel Sud d' Italia, per raffigurare il Demonio nelle narrazioni popolari e nell'Arte figurativa in genere, si ricorre alle sembianze arabo-saracene! e di secoli ne sono passati abbastanza. Dal punto di vista etimologico poi, il BAB EL SATÁN che nella lingua parlata di Pluto, diventa „Pap el Satán" e quindi „papè Satán" richiede meno funambulismi interpretaivi di tutte le interpretazioni fino ad oggi accreditate.

Винцензо Т. МАНКУСО

БЕЛЕШКА КОН VII ПЕСНА НА „ПЕКОЛОТ" ОД ДАНТЕ

Резиме

Авторот на статијава тргнува од фактот дека досега не е објаснето вистинското значење на I стих на VII песна од „Пеколот" на Данте, кој гласи: Papé Satan Pappé Satan aleppe. Авторот ги изнесува интер-

[17]) FEDERICO II di Svevia: A. DI STEFANO — Ed. CIUNI, PALERMO, 1935. Vedi: Le Ciento Novelle Antilke: Il Novellino, J. H. Ed. HEITZ, STRASBURG NOVELLE: XXI, XXIV.

претациите на стихот дадени до денес, според кои овие зборови доаѓаат од францускиот (Б. Челини, В. Гете, Џ. В. Макгаверн), еврејскиот (Џ. Вентури) или грчкиот јазик (Пичи-Оливиери). Потоа ги цитира авторите што на овој стих му даваат поинакви значења, т. е. „дека односните зборови кријат имиња на Демони" (Џ. Карлона), дека „немаат никакво значење" (В. Монти), дека „во ирониja алудираат на римскиот папа" (М. Порена, К. Росети), дека претставуваат еден вид „ребус" (Пичи-Оливиери), дека сè уште не можат да бидат објаснети и го очекуваат нивниот Едип" (Т. Казини, Л. Џ. Бланк), дека се израз на гнев „за чиешто вистинско значење коментаторите имаат различно мислење" (La Davine Comédie, Paris, Ftammarion), или „дека имаат значење што им го дал Пиетро ди Данте: О Сатано, главатару и владетелу на демони, што гледам тука!" (Д. Гвери, Н. Сапењо).

Потоа авторот предлага своја интерпретација на овој многу дискутиран стих, наоѓајќи ја етимологијата на спомнатите зборови во говорниот арапски јазик, односно во неговата искривена форма што се употребува во Јужна Италија (Кралството на Фридрих II од Свевија), во која била карактеристична лабијализацијата **б>п**, поради која арапското „BAB EL SATAN, BAB EL SATAN" (Вратата на Сатаната, вратата на Сатаната) станало PAPE ÉL SATÁN, PAPÉ ÉL SATÁN!

Како што се знае арапскиот јазик бил мошне добро познат во времето на Данте, особено на територијте на Јужна Италија, каде што бил носител на науката и културата од времето. Појдувајќи од оваа констатација, значењето на I стих на VII песна од „Пеколот" би било следното: Вратата на Сатаната, вратата на Сатаната надвладува, (Bab el Satan bab el Satan aleph = Pape Satan pape Satan aleppe). А дека оваа врата е неразрушива е покажано во градот Дите (Пеколот, VIII, 115 — 117) каде повеќе од илјада демони „од небо паднати" ќе ја затворат вратата на Сатаната (Bab el Satan) пред Данте и Виргилие, препречувајќи им го патот, што кај Данте предизвикува длабока криза поради која сака да го прекине натамошниот ôд.

BIBLIOGRAFIA

1) ANONIMO FIORENTINO: Commento alla D. C. (Secolo XIV) Bologna, 1866.

2) IACOPO di DANTE: Chiose alla Cantica dello Inferno di Dante attri-a Jacopo suo figlio. Firenze, 1848.

3) PIETRO DI DANTE: Pietri Allegherii super Dantis ipsius genitoris Comoediam Commentarium. Firenze, 1845.

4) Giovanni BOCCACCIO: Il Commento sopra la D. C. Firenze 1832.

5) IACOPO Della LANA: Comedia di Dante degli Alighieri — Bologna 1867.

6) A. VELLUTELLO: Commento alla Divina Comedia, Venezia 1544.

7) N. ZINGARELLI: Parole e forme della D. C. aliene dal dielletto fiorentino — ROMA 1884.

8) OTTIMO: L'ottimo commento della D. C. — Testo inedito di un contemporaneo di Dante, PISA 1829.

9) Benvenuto CELLINI: VITA, ... Parte II, 27, FIRENZE 1901.

10) G. VENTURA: L'incompreso verso „Pape'Satan . . MILANO 1868.

11) N. TOMMASEO: Commento alla D. C. ed. Pagnoni, MILANO 1865.

12) G. A. SCARTAZZINI: Ia D. C. riveduta nel testo . . . LEIPZIG 1882.

13) L. G. BLANC: Saggio di una interpretazione filologica di parechci passi oscuri e controversi della Divina Commedia: Parte I — INFERNO, TRIESTE 1865.

14) Benvenuti de Rambaldis de IMOLA—Comentum super Dantis Allegherii Comoediam, Firenze 1887.

15) V. MONTI: Proposta di alcune correzioni ed aggiunte al Vocabolario della Crusca' MILANO 1817.

16) E. MOORE: Contributions to the textual criticism of the „DIVINA COMMEDIA'' at the University Press, CAMBRIDGE 1889.

17) G. PAPINI: Dante Vivo-Libreria Ed. Fiorentina, Firenze 1933.

18) F. DOVIDIO: Studii sulla D. C. — Remo Sandrom, Ed. MiLANO 1901.

19) D. GUERRI: Di alcuni versi dotti nellla D. C. — CITA 'DI CASTELLO 1908.

20) A. MOMIGLIANO — La Divina Commedia, commento Sansoni Ed. Firenze 1952.

21) C. GRABHER: La Divina Commedia, Principato Ed. Milano 1959.

22) N. SAPEGNO: La Divina Commedia, a cura di . . La Nuova Italia Ed. Firenze 1968.

Божидар НАСТЕВ

ОРИЕНТАЦИЈАТА НА ФРАНЦУСКИОТ ПОЕТ КЛОВИС ИГ КОН МАКЕДОНИЈА

По Сан-стефанскиот договор и Берлинскиот конгрес, Македонија стапи на сцената на која се одвиваше големата светска дипломатска игра. Таа стана една од најчестите политички теми на европскиот печат, така што очите и на обичните луѓе почнаа постепено да се свртуваат кон неа. Секој настан сврзан со Македонија одекнуваше широм целиот свет и стануваше дел од неспокојството на луѓето за нивната утрешнина, загрозена од перспективата на нови воени судири. Наедно во Македонија доаѓаат луѓе заинтересирани од најразлични причини за нејзината борба за слобода, кои со своите пера ќе се обидат да го запознаат светското јавно мислење со судбината на Македонија и Македонците. И, како што некогаш грчкото востание разбуди интерес кај француските писатели за Грција воопшто, за нејзината поранешна култура и сегашна борба[1]), така и сега, во разгорот на борбата на македонскиот народ за самоодбрана, ќе се најдат во Франција писатели, иако не од оние што значат водечки стремежи во француската литература, кои настаните во Македонија ќе се обидат да ги пренесат во своите уметнички творби, што ќе ја одразат, иако скромни по својата вредност, онаа состојба на духот кај Французите, која значела секогаш давање пријателска рака на оној што е во тешка положба.

Македонија влезе во француската литература заедно со раѓањето на нашиов век, тогаш кога нејзината борба се издигна во вистинска епопеја. Меѓу оние што на Македонија ѝ ги посветуваат своите дела е и поетот Кловис Иг (Clovis Hugues), кој ја напишал песната Pour les Macédoniens (За Македонците), објавена на 20 март 1903 година во весникот „La Petite République Socialiste".

Песната на Кловис Иг посветена на Македонците не е непозната кај нас. За постоењето на оваа песна прв ни сигнализира проф. Ан-

[1]) Најеклатантен израз на симпатиите за борбата на грчкиот народ за слобода се песните на Виктор Иго поместени во стихозбирката Les Orientales, објавена во 1829 година.

дрија Лаиновиќ во едно свое предавање што на 29 март 1963 година го одржа пред Друштвото на универзитетските наставници при Филозофскиот факултет во Скопје, во кое ги изнесе своите впечатоци од престојот во Франција. Со тоа тој ѓо сврте вниманието на нашата наука и публицистика врз оваа интересна песна, без да навлегува во некаква критичко-историска анализа.

Подоцна, песната Pour les Macédoniens беше препеена на македонски јазик од поетот Драган Тодоровски и објавена под наслов *За Македонците* во списанието „Современост" во рамките на неговиот прилог *Литературни сведоштва за Илинден* (Поезија пишувана на други јазици, настаната во 1903 година, непосредно по илинденските настани).[2]) Кон препевот, Драган Тодоровски дава и кратка белешка за авторот, што ја проследува со кратка анализа на песната, во која дава и оценка за нејзиното значење. Во врска со ова, нека ни биде патем дозволено да кажеме дека песната Pour les Macédoniens на Кловис Иг не е поврзана со илинденските настани и дека не настанала по нив, како што може да се заклучи од поднасловот на неговиот прилог во кој го објавува македонскиот препев. Песната, всушност, им претходи на илинденските денови, зашто е објавена во март 1903 година и, според тоа, во неа нема, и не можело да има, никакви алузии на Илинден.

Препевот на Драган Тодоровски на песната Pour les Macédoniens беше поместен, покрај нејзиниот француски оригинал, и во зборникот од поетски одгласи за илинденската борба објавен под наслов *За Македонците*, чиј редактор е проф. Христо Андоновски—Полјански.[3])

Иако позната, песната на Кловис Иг Pour les Macédoniens не предизвика досега поопстоен историски и критички осврт. Страниците што следуваат имаат токму за цел да ја пополнат таа празнина и да покажат зошто и како настанала оваа песна, каков е нејзиниот уметнички дофат и како била примена од современиците. Сметаме, исто така, дека во еден напис од ваков карактер личноста на поетот, што во извесна смисла ја задолжил нашата земја, заслужува посебно внимание.

*
* *

Песната на Кловис Иг за Македонците не настанала случајно, а уште помалку е плод само на личниот интерес на поетот за Македонија и за настаните што во тоа време се одвивале во неа. Напротив, песната Pour les Macédoniens треба да се вклопи во она широко движење на симпатии за Македонија и на протестот против султанските зулуми

[2]) Драган Тодоровски, *За Македонците*, Современост, 9—10, 1968, стр. 743—745.

[3]) Христо Андоновски-Полјански, *За Македонците*, Скопје.

што во Франција го поведе тогашната Социјалистичка партија, а кое е поврзано и со несреќната судбина на Ерменците во Турската Империја.

Француската Социјалистичка партија, која на времето се наоѓаше на чело на напредните движења во Франција и чиј водач беше прочуениот Жан Жорес, се бореше, и покрај извесни недоследности во својата општа социјална политика, и го мобилизираше француското јавно мнение против реваншистичката политика на конзервативниот дел од француското општество и неговите империјалистички стремежи, како и против сите обиди да се потиснуваат народите. Во рамките на глобалниот став на француските социјалисти видно место заземаше и нивниот однос кон настаните во Турската Империја, посебно кон настаните во Ерменија и Македонија. Во таа смисла француската Социјалистичка партија имаше и своја определена политика кон Турција и кон народите што живееја во нејзиниот состав во крајно тешки услови. Треба да се наспомне дека француските социјалисти не заземаа став што би одел во прилог на една вооружена борба на нетурските народности за ослободување од отоманската доминација. Постоењето на Турската Империја тие ни во еден момент не го доведуваа во прашање. Она што тие го бараа беше еден похуман однос на турските власти спрема потиснатите народи, па во таа смисла и спрема Македонците. Овој став беше јасно дефиниран од самиот Жан Жорес на еден собир одржан во Париз на 15 февруари 1903 година, на кој тој категорички изјави:

> Nous ne voulons pas de croisade religieuse. Nous voulons défendre et les opprimés contre les bourreaux et les bourreaux que guette la haine de leurs victimes.[4])

Полемизирајќи во „La Petite République Socialiste" со весникот „Temps", кој му префрлуваше дека ги брани Ерменците и Македонците, а ја заборава судбината на Полјаците и на Алзас, анектиран кон германската круна, Жорес истакнуваше меѓу другото:

> Où donc le *Temps* a-t-il vu la moindre contradiction entre ce que nous disons de l'Arménie et de la Macédoine et notre politique de paix? Est-ce que nous voulons déclarer la guerre à la nation turque? Est-ce que nous voulons l'humilier? Est-ce que nous préparons je ne sais quel démembrement de l'empire turc? Nullement. Nous voulons au contraire maintenir l'intégrité territoriale de la

[4]) La Petite République Socialiste, бр. 9804, од 17 февруари 1903.

> Turquie et c'est pour prévenir des conflits sanglants, les dislocations et les crises que nous demandons à l'action concertée de l'Europe d'imposer à temps au sultan ces réformes humaines qui sont aussi des réformes pacificatrices.[5])

Друг еден виден француски политичар, социјалистичкиот пратеник во Францускиот парламент, Франсис де Пресансе, во една дебата водена во Парламентот многу поопределено зборува за положбата на Македонија во Отоманската Империја. Македонија е, според него, земја населена од седум народности (Грци, Власи, Срби, Бугари, Албанци, Турци и Евреи), кои меѓу себе се караат околу прашањето за поседување на нејзината територија. Овие каранници, според Де Пресансе ги користи вешто турската администрација, која успеала да се задржи во Македонија благодарејќи токму на нив и на деспотизмот што таа го спроведува. Доследно спроведуван, деспотизмот добивал во Македонија најневеројатни видови, кои го предизвикувале оправданиот револт на населението, задушуван во крв. Во ваква ситуација, како и Жорес, Де Пресансе го гледа решението во запазување на целоста на Турската Империја и спроведување на реформи:

> Nous voulons maintenir dans ses cadres actuels la Turquie, mais nous voulons une transformation radicale de son administration . . . Il faut se contenter de simples et faciles réformes.[6])

Сличен е и ставот на познатиот француски писател Анатол Франс, кој повеќепати се искажувал за Македонија, обидувајќи се со својот авторитет да го сврти вниманието на јавното мнение врз она што се случува во нејзините села и градови.[7]) Во еден свој говор одржан на 7 мај 1903 годину во Рим, тој бара полно извршување на Берлинскиот договор,[8]) а по еден друг повод тој изјавува:

> L'exécution de cet article (станува збор за член 61 од Берлинскиот договор кој се однесува на реформите што Турција требаше да ги изведе Б.Н.) peut seule, en assurant la tranquillité de l'Arménie et de la Macédoine, délivrer l'Europe de l'inquiétude incessante que lui cause ce qu'on nomme depuis si longtemps la question d'Orient.[9])

---

[5]) Ibid., бр. 9808 од 21 февруари 1903.

[6]) Ibid., бр. 9827 од 12 март 1903.

[7]) За ставот на Анатол Франс кон Македонија, види Христо Андоновски — Полјански, *Анатол Франс за Македонија*, Современост, 9, 1966.

[8]) Cf. Pro Armenia, бр. 61 од 15 мај 1903.

[9]) Ibid., бр. 62 од 1 јуни 1903.

Оттука јасно произлегува дека Анатол Франс, кој бил близок до француските социјалисти, положбата во Македонија ја гледа како потенцијална опасност за европскиот мир и дека решението на кризата го гледа во запазување на Турција и спроведување во живот на реформите што произлегуваат од Берлинскиот договор. Најексплицитен во таа смисла е ставот што Анатол Франс го изнесе во говорот одржан на 17 март 1903 година на собирот организиран од Републиканското друштво за пропаганда во полза на Ерменија и Македонија. Во првиот дел од својот говор, Анатол Франс дава потресна слика на положбата во овие две тогашни турски провинции:

> Sur l'ordre du Sultan Rouge — вели тој — trois cent mille Aréniens sont tombés. Des sommets de Taurus aux plateaux d'Ararat, un peuple d'orphelins vit sous le couteau. En Macédoine, à quelques heures de Buda-Pesth et de Vienne, les soldats et les fonctionnaires turcs massacrent les paysans dont ils ont violé les filles et les femmes.[10])

Истакнувајќи ја пред светската јавност нерешителноста и немањето волја за интервенција од страна на големите сили, но поттикнат истовремено од желбата да се спречи бунтот на македонското население[11]), Анатол Франс апелира да се спроведат во целост обврските земени во Берлинскиот договор:

> Citoyens,
>
> Nous intéressant au sort des Arméniens et des Macédoniens, non parce qu'ils sont chrétiens, mais parce qu'ils sont des hommes, nous réclamons comme garantie de leur salut et pour l'affermissement de la paix universelle, l'exécution pleine et entière du traité de Berlin en ce qui concerne l'Arménie et la Macédoine.[12])

Како што од изложеното може да се види, француските социјалисти, во приквечерината на Илинденското востание, по однос на Македонија беа зазеле став што може да се резимира во следниве неколку точки:

---

[10]) La Petite république socialiste, 9834 од 19 март 1903.

[11]) „. . . en prévoyant les massacres qui dans quelques jours ensanglanteront la Macédoine . . .“ Тоа е, всушност, алузија на најавеното востание, кое беше решено на импровизираниот конгрес на ВМРО во јануари 1903 година, под притисок на Гарванов и неговите сомисленици.

[12]) Pro Armenia, бр. 61 од 15 мај 1903.

— зачувување интегритетот на Турската Империја;

— барање да се спроведат реформите фиксирани со Берлинскиот договор;

— гарантирање на правата на сите народности во Македонија;

— спречување на востанието кое би го довело во прашање светскиот мир;

— денунцирање на sверствата на султанската солдатеска;

— одбрана на потиснатите од нивните џелати и на џелатите од одмаздата на потиснатите или, со други зборови, измирување на потиснатите и потисниците.

*
* *

Ако се вратиме сега на Кловис Иг и на неговата песна Pour les Macédoniens, ќе видиме дека тој се инспирирал токму од овие принципи на политиката на француските социјалисти кон Турската Имерија и Македонија и дека песната претставува всушност нивна поетска транспозиција. Кловис Иг можел да се инспирира од овие принципи поради простата причина што и самиот тој бил член на Социјалистичката партија на Франција, во која влегол како некогашен борец на Парискага комуна.

За Кловис Иг е речено дека бил истовремено и борец и поет и дека се борел и тогаш кога пишувал стихови.[13]) И навистина, животот на Кловис Иг бил исполнет со борби што тој ги водел во рамките на напредните движења на времето, додека пак неговата поезија значела страсен копнеж за социјална и човечка правда.

Кловис Иг е роден на 3 ноември 1851 година во Мулен де Субера, во областа Воклиз, во Прованса. Татко му бил скромен воденичар, а мајка му обична селанка. Родителите сакале да направат од него „господин" и го школувале со намера да се посвети на црковна кариера. Меѓутоа, Кловис Иг немал никаква вокација за свештенички позив и на осумнаесетгодишна возраст се нашол, со куфер полн со стихови, во Марсеј, каде набргу бил привлечен од републиканското движење против Наполеон III. Малку потоа станал редактор на антибонапартискиот весник „Le Peuple". Кога востанието, што доведе до создавање на Парискага комуна, се прошири и во внатрешноста на Франција, во Марсеј беше прогласена Марсејската комуна. Кловис Иг веднаш му пристапил на комунарското движење и на 2 мај 1871 година, кога опасноста се надвиснала над париското востание, тој ја објавил својата брошура Lettre de Marianne aux Républicains, во

[13]) Alexandre Zévaès, Le poète et le politicien Clovis Hugues, предговор кон Pages choisies de Clovis Hugues, Paris, Lemerre, 1935, стр. 1.

која не само што ја искажува својата солидарност со париските комунари, туку ги напаѓа сите оние што во тие трагични денови се откажале од натамошната борба.

Комуната, меѓутоа, беше скршена и Кловис Иг ја споделува судбината на нејзините борци. Него го осудуваат на три години строг затвор, но издржува всушност четири. По излегувањето од затвор, тој продолжува да се бори во редовите на републиканците против версајската реакција и во 1875 година ја објавува својата прва песна од 200 стихови, која носи карактеристичен наслов Les Intransigeants (Непоколебливи). Истата година излегуваат и неговите Poèmes de Prison (Песни од затворот) кои, како што вели неговиот биограф, се одликуваат со изразита зрелост на формата и содржината.[14])

Во 1876 година почнува да соработува во марсејскиот весник „Egalité" и истовремено објавува стихови под наслов La Petite Muse (Малата муза). Кловис Иг станува сега познат. Додека бонапартистите го кудат, еден Виктор Иго, на врвот од својата слава, му упатува пофалби. Во ноември истата година, тој станува главен и одговорен уредник на големиот провансалски социјалистички весник „Le Petit Provençal", а во август 1881 година станува социјалистички пратеник во Францускиот парламент. Всушност, тој е првиот пратеник на новата работничка партија. Како пратеник, Кловис Иг зема активно учество во работата на Парламентот. Во една дебата околу некои кредити што владата ги барала, Кловис Иг бил отстранет од Парламентот поради, како што било речено, „навреда" на претседателот на владата, Жил Фери.

Живата политичка дејност не била, меѓутоа, пречка за неговата литературна работа. Од овој период на животот на Кловис Иг се стихозбирките Les Soirs de Bataille (1882) и Les Jours de Combat (1883). Првата од овие две збирки е составена од весели и игриви стихови, обоени често со сентиментална нота, додека втората, како што кажува и самиот нејзин наслов, содржи песни исполнети со борбен патос. Втората стихозбирка е интересна и поради фактот што во нејзиниот предговор Кловис Иг го формулира своето литературно credo и ја дефинира улогата што во современото општество треба, според него, да ја одигра поезијата. Спротивно на сфаќањето на парнасовската школа која е веќе на заод и на симболитичките разбирања што се навестуваат веќе како основни двигатели на француската поезија од тоа време, но истовремено не негирајќи ги нивните сфаќања на поезијата, Кловис Иг се застапува за поезија чија функција е не само создавање на убавото како самоцел, туку и на убавото поврзано со определени општествени категории и критериуми. Во таа смисла тој ќе рече:

---

[14]) Ibid., стр. 6.

Le beau ayant pour fonction de servir le vrai, nous sommes de ceux qui pensent que la poésie a une mission sociale. Dans les temps héroïques, elle a créé la tradition à coups d'épopée; dans les temps modernes, elle a été tour à tour sceptique et religieuse; elle sera socialiste avec la fin du XIX[e] siècle.[15])

Треба, меѓутоа, веднаш да се истакне дека Кловис Иг е далеку од тоа ова свое разбирање на поезијата да го наложи како сфаќање што ја има силата на догмата. Напротив, тој смета дека секогаш ќе има поети што ќе пеат за.цвеќињата, за убавината на жената, за своите интимни чувства. Но наедно тој го бара за другата категорија поети правото да им се препуштаат на соништата откако претходно ќе ја исполнат својата задача во борбата. Тие поети се, според него, народни поети:

Le poète du peuple est à la fois un combattant et un travailleur — вели тој.

Comme combattant, nous n'avons que l'ambition de voir la République se réaliser partout avec toutes ses conséquences.

Comme travailleur, nous n'avons que l'ambition de voir le peuple suspendre lui-même notre lyre au trophée du travail, au faisceau des autils.[16])

Кловис Иг останал секогаш доследен на овие свои разбирања за поезијата и за нејзината улога во општеството. До својата смрт, во 1906 година, тој ќе биде борец и поет што „својата лира ја носи како меч", пишувајќи поезија политичка и социјална по својата содржина. Карактеристично за оваа поезија е тоа што е често сврзана со извесни настани од животот на Франција или на други земји. Тоа значи дека поезијата на Кловис Иг е во својата ангажираност, да употребиме еден израз на кој нè свикна модерната критика, во добар нејзин дел пригодна. Така, на пример, во стихозбирката Les Roses du Laurier, која е една од последните стихозбирки на Кловис Иг, среќаваме цела една низа песни групирани под општ наслов „Devant les Piédestaux", што се посветени на разни комеморации или на откривање споменици на великани на перото, како што се Ламартин, Виктор Иго, Балзак, Бодлер, Зола и други. Друга една група песни, поместени во оваа стихозбирка со поднаслов „Pour l'Idée", се инспирирани од разни настани. Во нив Кловис Иг се застапува за

[15]) Clovis Hugues, Les Jours de Combat, стр. 12.
[16]) Ibid., стр. 13.

социјална и национална правда, ги напаѓа силните и ги брани слабите. Такви се песните A la Jeunesse portugaise, Toast à Irland, A la Grèce, Pour les Boers. Така настанала и песната заради која Кловис Иг влезе во доменот на нашиот интерес, песната Pour les Macédoniens, препечатена во истата стихозбирка.

*
* *

Песната Pour les Macédoniens е инспирирана од тешката и немирна положба во Македонија и, како што погоре беше речено, го изразува во поетска форма ставот на француските социјалисти кон оваа напатена област која, сред цивилизираната Европа, уште не беше успеала да го најде својот пат кон слободата. Впрочем, и самата концепција на песната оди на линијата на становиштето на француските социјалисти.

Песната на Кловис Иг за Македонија е структуирана така што во неа можат да се изделат три посебни дела, поврзани во една целина, низ која може да се согледа целата трагичност на народот што живее во Македонија и која е очигледен доказ за настојувањата на поетот да ја издигне својата идеја до пределите на вистинската поезија.

Во првиот дел, контрастно поставен кон вториот, Кловис Иг ги посветува своите стихови на описот на Македонија, таа убава и сурова област, како што вели поетот, во која израснале толку големи луѓе опеани во делата на поетите. Во сликата што Кловис Иг ја дава за Македонија отсуствуваат густите бои, питорескните пејзажи, конкретните форми. Таа слика е до голема мерка условна и стилизирана, поврзана со идиличната претстава за античните предели во која се мешаат историските реминисценции со теми што се чинат дека се извлечени од стиховите на парнасовските поети. И тогаш, сликата на златните жита, на жолтите класови и зрелите плодови, низ која се предава богатството на почвата, се испреплетува со парнасовското сфаќање за ефемерноста на човекот и општествата:

La vague des blés mûrs baise le seuil des portes,
Les monts offrent l'asile auguste et souhaité
Aux peuples dispersés comme des feuilles mortes,
Débris de nations, lambeaux d'humanité.

Поврзаноста на Македонија со античниот свет е реализирана во стиховите во кои се евоцира Хомер, како и во онаа идилична атмосфера што поетот ја создава, чија убавина и спокојство како да се земени од страниците на буколичката поезија на еден Андре Шение:

Les bergers croient ouïr la voix d'Homère
Dans la brise du soir qui pleure sur les eaux.

La lèvre des enfants tromperait les abeilles;
Tout est grâce et parfum, tout est gloire et beauté;[17])
Les hommes sont hardis; les femmes sont pareilles
Aux roses de l'Eden, dans l'éternel été.

Свечениот ритам на стиховите и нивната дискретна музикалност, изразните средства на поетскиот јазик, богатството на римата, дури и архаичноста на некои елементи од вокабуларот (ouïr, grâce, Eden) се тука да му ја дочараат на читателот, уште повеќе на слушателот, претставата на краеви што со својата рустикална драж дејствуваат со привлечноста на ветувана земја.

Поетската магепсаност, меѓутоа, набргу исчезнува, свечениот тон на стиховите го снемува, ритамот станува забрзан. Мирот, спокојството, убавината на пејзажот се нарушени:

Le Turc est là . . . . . .

Турчинот е тука присутен и започнува вториот дел од песната во кој поетот зборува за теророт на кој е подложено населението во Македонија. Тонот сега станува подиректен, апострофот се меша со метафората:

Quoi, vieillard, tu songeais, dans le soleil qui tombe,
Aux jours où l'enfant de tes petits-enfants
Escorterait les pas que tu fais vers la tombe
Avec des cris d'amour et des mots triomphants?

Et bien, quand il aura de sa lame affilée
Traversé ton coeur comme un nid dans les bois,
Le Turc souffletera ta fille violée
Avec tes cheveux blancs restée entres ses doigts.

[17]) Во овој стих може да се види влијанието на Бодлер, кој во песната Invitation au voyage (Покана за патување) ја евоцира сонуваната земја со следниот рефрен:

Lá, tout n'est qu'ordre et beauté
Luxe, calme et volupté.

И, за да ја покаже целата трагика на Македонецот, Кловис Иг ѝ се обраќа на младата Македонка за да ѝ ја каже клетата нејзина судбина во која нема место за љубовни средби, за бакнежи, за зов на чучулигата:

Descends de ton balcon, ô soeur de Juliette!
Ton baiser ne vaut pas les roses de ton sang.
Les couteaux sont levés: ce n'est pas l'alouette,
C'est le cobreau qui vient dans le matin naissant.

Како што може да се види од цитираните стихови, овој дел од песната, посветен на страдањата на рајата, останува на висина на поетското. Ни во еден момент Кловис Иг не се спушта на нивото на натуралистичкиот опис за да предизвика преку него индигнација кај читателот. Дури и во оние стихови во кои го воведува „црвениот" султан (епитет што, со оглед на пролеаната крв, бил на времето мошне распространет за да се означи турскиот султан, а го среќаваме и кај Анатол Франс) и неговото стравично владеење, Кловис Иг не си дозволува никаква тривијалност:

Evanouissez-vous, disparessez victimes,
Tas de spectres épars dans le jour qui pâlit!
Le Sultan rouge règne, et c'est avec des crimes
Qu'il pave son sérail et redore son lit.

И токму ваквата постапка ѝ дава на песната на Кловис Иг за Македонците определена вредност и придонесува таа да се прифаќа како достоен пандан на стиховите од Les Orientales (Ориентални песни) што во дваесеттите години на минатиот век Виктор Иго им ги беше посветил на Грција и на нејзината борба за ослободување.

Тешката положба во која живеел Македонецот не раѓала кај поетот мисла за насилно уривање на „црвениот" султан или за нужноста на борбата за ослободување од тиранијата. И токму тука може да се види дека Кловис Иг ја следи во својата песна линијата што ја беа прифатиле француските социјалисти во однос на Македонија. Во третиот дел од неговата песна ги наоѓаме дури, парафразирани, зборовите на Жан Жорес кој, како што видовме погоре, изјавувал дека социјалистите сакаат да ги заштитат жртвите од нивните џелати, а џелатите од гневот на жртвите. Така, можеме да ги читаме следните стихови од песната Pour les Macédoniens, кои експлицитно ја изразуваат мислата на Жорес:

Certes je ne veux pas que l'on voue au carnage
Les fils d'Allah courbés sous la loi des corans:
Si je pleure les morts, quand ils furent des sages,
J'ai pitié des bourreaux, quand ils sont ignorants.

Всушност, целиот трет дел од песната, кој е впрочем знатно послаб од првите два, претставува транспозиција на ставовите на француската Социјалистичка партија што ги разгледавме погоре. Имено, се апострофира Европа и, посебно, Франција што стојат рамнодушни при глетката на толку ужаси и не преземаат ништо за да го натераат султанот да ги прекине зулумите.

Обрнувајќи се кон Европа, поетот ѝ вели, обидувајќи се да ја разбуди нејзината заспана совест:

Or, toi tu lasses faire, Europe, et tu regardes
Sans te ressouvenir de tes anciens réveils,
Comme si les turbans, éclipsant tes cocardes,
Avaient été cousus avec l'or des soleils.

Апострофирајќи ја Франција, поетот ја потсетува на својот голем претходник, Виктор Иго, чиј глас таа не го слуша повеќе:

Que te sert-il, ô France immortelle et féconde,
D'avoir couché Hugo dans le granit sacré,
Si tu ne l'entends plus quand il rappelle au monde
Canaris que la Grèce et les dieux ont pleuré?

На линијата на социјалистичкиот став за потребата од зачувување интегритетот на Отоманската Империја е и повикот што Клевис Иг ѝ го упатува на Европа да се ограничи во своите акции на заплашување на султанот, а не и да презема директен напад на него:

Mais tu pourras au moins, vieille Europe insensée,
Sans déployer un seul de tes drapeaux dans l'air,
Montrer à ce sultan qui te rend en risée
Tes dents, tes rudes dents de salpêtre et de fer.

Et tu verras fuir en bouffon d'épopée,
Le dos glissant, l'oeil cave et l'effroi dans la peau,
Si tu le menaçait, sans tirer ton épée,
Du bâton où les vents enroulent le drapeau.

Искреноста на поетскиот збор е, како што може лесно да се види, заменета во третиот дел од песната Pour les Macédoniens со програмски излагања што, до голема мерка, го спуштаат нивото на уметничкиот дострел, особено кога ќе се спореди со оној од првите два дела. И во една друга точка песната за Македонците на Кловис Иг го следи ставот на тогашните француски социјалисти кон Македонија. Да се потсетиме само дека Франсис де Пресансе, социјалистичкиот депутат на Француското парламент, сметал дека седум народности ја населуваат Македонија и тоа: Грци, Власи, Срби, Бугари, Албанци, Турци и Евреи. Кловис Иг го подзема овој став и во неговата песна ќе бидат спомнати пет од наведените народности:

Hellènes, fils des dieux, *Valaques* fils des Daces,
Qui faisaient Rome pâle et Trajan soucieux!
Bulgare au regard d'acier, paisible Serbe,
Juifs d'Espagne chassés d'antiques maisons . . .

Во цитираните стихови Кловис Иг не споменува две народности: Албанци и Турци. Тоа го прави без сомнение затоа што тргнувајќи од нивната религија, ги третира како владеачки народности кои, како такви, не биле подложни на национален терор.

*
* *

Таква е со своите уметнички достигања, но и со своите недостатоци, песната на Кловис Иг Pour les Macédoniens, чија генеза е сврзана со тешката положба на Македонија, а идеја поврзана со определен политички став. Песната била напишана за да биде прочитана во определена прилика и пред определен аудиториум. Таа прилика бил митингот организиран во Париз на 18 март 1903 година во полза на населението од Ерменија и Македонија од страна на Републиканското друштво за пропаганда и на Социјалистичкиот клуб. На истиот тој митинг и Анатол Франс го одржал говорот за кој стана погоре збор. Пишувајќи за овој митинг, известувачот на „La Petite République Socialiste" го истакнува успехот што меѓу присутните го постигнала песната на Кловис Иг, изјавувајќи дека набргу ќе биде печатена на страниците на весникот, како што и било сторено.

D'autre part, — вели тој — nous publierons prochainement les beaux vers que Clovis Hugues a composés pour la circonstance; à lui sussi une ovation a été faite.[18])

Од ова кратко известување задржуваме само два термини што го определуваат карактерот на песната и нејзиниот квалитет. Тоа е терминот со кој песната Pour les Macédoniens се определува како пригодна (composés pour la circonstance) и оној што го определува нејзиниот уметнички дострел (les beaux vers).

Рековме погоре дека Кловис Иг бил често пригоден поет. Меѓутоа, неговата поезија, во голем број случаи, не ја примаме со онаа одбојност што по самата своја природа ја предизвикува пригодната поезија. Еден критичар на Кловис Иг убаво ја објаснува вредноста на неговата пригодна поезија кога, констатирајќи ја неговата голема импровизаторска дарба, пишува:

Mais surtout ces poèmes pour lesquels les circonstance lui donnent une date, il y a longtemps que son amitié les lui dictait par phrases et par strophes, et il n'a eu, devant le piédestal et la statue, qu'à concrétiser en un ensemble harmonieux les fraîcheurs, les franchises, les délicatesses de l'enthousiasme qu'il portait en lui pour la grandeur et la beauté, et aussi des émouvantes sympathies pour les humbles.[19])

Од ова сведоштво на човек што добро го познавал Кловис Иг јасно произлегува дека нашиот поет го носел во себе долго време предметот што еден ден, во даден момент, ќе го преточи во стихови. На тој процес на долго созревање, имено, се должи фактот што пригодната поезија на Кловис Иг ги надминува рамките на една поезија што не потекнува од длабините на поетското чувство. И токму затоа поетскиот збор на Кловис Иг, иако во рамките на историјата на француската поезија не се наоѓа во предните редови, дејствува возбудливо и го примаме како глас на автентичен поет.

Што се однесува до нас, неговата песна, Pour les Macédoniens ја доживуваме и како благороден чин на поет кој, ангажиран во исплетканите токови на едно време, знаел да остави искрено сведоштво за своите нескриени симпатии кон нашата земја и, истовремено, како доказ дека секогаш ќе постои една човечка совест која ќе го дигне својот глас тогаш кога елементарните права на луѓето ќе бидат доведени во прашање.

[18]) La Petite République Socialiste, бр. 9834 од 19 март 1903.

[19]) Gustav Kahn, предговор кон Pages choisies de Clovis Hugues, стр. 33.

Božidar NASTEV

LES ORIENTATIONS MACEDONIENNES DE CLOVIS HUGUES

Résumé

L'auteur du présent article étudie le poème de Clovis Hugues, intitulé *Aux Macédoniens*. Ce poème a été publié d'abord dans la *Petite République Socialiste* du 23 mars 1903 et inséré, plus tard dans le recueil de poésies de Clovis Hugues portant le titre des *Roses du Laurier*.

L'auteur essaie d'établir les motifs qui ont poussé Clovis Hugues à composer son poème consacré aux Macédoniens. Selon lui, ce poème doit être intégré dans le large mouvement de sympathies déclenché en France en faveur de deux provinces turques de l'époque, l'Arménie et la Macédoine, qui souffraient sous le joug ottoman. En réalité, le poème de Clovis Hugues constitue l'expression poétique de la position des socialistes français à l'égard de la Macédoine, définie par Jean Jaurès: intégrité du territoire turc; réformes visant l'amélioration du sort de la population chrétienne; prévention d'une insurrection macédonienne à même de compromettre la paix européenne, défense des opprimés contre les bourreaux et des bourreaux contre la haine légitime des victimes.

Clovis Hugues, qui était un des anciens combattants de la Commune et député socialiste à l'Assemblée nationale, connaissait bien cette position des socialistes et en a transposé les points principaux dans son poème. Il est à ajouter que le poème a été, avant son impression, lu au meeting organisé à Paris le 19 mars 1903 en faveur des victimes d'Arménie et de Macédoine.

Plus loin, l'auteur analyse le poème *Aux Macédoniens*, où il distingue trois parties. Dans la première Clovis Hugues chante la beauté du pays macédonien; dans la deuxième il dit les crimes du sultan „rouge"; dans la troisième il s'indigne de l'indifférence de l'Europe et de la France face au sort maleureux des Macédoniens et les invite à mettre fin à cet état lamentable.

L'auteur conclut que le poème de Clovis Hugues, tout en étant un poème d'occasion, a des mérites poétiques indoubitables. Il constitue en plus un témoignage émouvant de sympathie pour les Macédoniens, victimes de la terreur qu'exerçait, au coeur de l'Europe, la soldatesque du sultan.

Д-р Цветанка ОРГАНЦИЕВА

ИНТЕРЕСОТ ЗА НАРОДНОТО ПОЕТСКО ТВОРЕШТВО ВО РУСИЈА — ВО ПРВАТА ЧЕТВРТИНА НА XIX ВЕК

Почетокот на XIX век за спахиска Русија е период на претчувствувања на неизбежни промени. При навидум неизменетите феудални општествени односи, во рамките на феудалната економика созрева капиталистичкиот поредок којшто неминовно ги менува производствените односи. Спахиската држава постепено еволуира во правец на буржоаска монархија.

Селските бунтови во втората половина на XVIII век, растот на опозиционите расположенија во средината на прогресивното дворјанство и на разночинците, навлегувањето на идеите на француското просветителство, на републиканските идеи и примерот на Француската револуција од 1789 г., како и трагичниот живот на авторот на „Патувањето од Петербург во Москва" А.Н. Радишчев, се големи настани коишто предизвикуваат темелни општествено-економски и политички измени и во Русија. Меѓутоа, самодржавната власт на царот Александар I успеа да ја избегне револуционерната ситуација со извесни либерални реформи и да ја задржи власта во рацете на господаречката класа.[1])

Под влијанието на споменатите надворешни и внатрешни фактори во руското општество расте интересот за народот, за селскиот живот, за обичаите, за народната духовна култура и творештво. Тие постепено стануваат главен предмет на руската наука и литература, коишто во овој преоден период ги носат белезите, главно, на просветителскиот и предромантичкиот, но делумно при крајот на периодот и на романтичкиот период. Се разбира, третманот на предметот е од различни аспекти во зависност пред сè од политичките становишта на одделните претставници на руските образовани благороднички кругови и на разночинската интелигенција.

---

[1]) В.: В. И. Ленин, *Сочинения*. Изд. IV. Том. 20, стр. 283.

Негаторскиот просветителски однос кон народното поетско творештво, наследен од XVIII век, го надвладуваат новите попрогресивни сфаќања во текот на првите две децении на XIX век. На народното поетско творештво започнува да се гледа не како на реликт од некултурната старина, што со себе го носи мракот на суеверијата, ами како на скапа традиција низ којашто се потврдува творечкиот дух на народот и во која се запазени народните преданија во вид на усна историја.

Новото време ги надминува и тесните рамки на изолираноста на одделни народи. Во борбата за широка меѓународна размена на економските блага во тоа време, младата прогресивна буржоазија ги отвора вратите за уште поинтензивна размена на културните, духовни и материјални блага меѓу народите. Имено затоа се цени и фолклорот. Се смета дека народното поетско творештво најубаво го презентира самобитното кај секој народ, и најдобро го потврдува идејниот универзум на сите народи основан врз стремежот за хуманизам и слобода.

Во Русија се појавуваат многубројни преводи и на наводно народни шкотски балади, познати во тоа време како творби на древниот поет Осијан, за коишто подоцна се докажа дека се мистификации на поетот Џ. Макферсон.[2]) Евидентен е и интересот за словенските народни песни, особено за српските епски песни.[3])

Во 1804 г. се појави и првиот зборник со староруски епски песни, наречени нешто подоцна во науката „билини", под наслов: *Древни руски стихотворенија*, т.е. првото издание на зборникот епски песни собрани од козакот *Кирша Данилов*, што го издаде *А. Ф. Јакубович*. Тоа издание нема научна цел и не е проследено со забелешки, ниту со уводна статија, но сепак е забележано во руските културни средини.[4])

Во истата година кога е публикуван зборникот билини од *К. Данилов* започнува да запишува песни и првиот еминентен руски славист *А. Х. Востоков*. Тој е член на петроградското „Вольное общество любителей словесности, наук и художеств" (основано 1801 г.) и има демократски убедувања. Во 1810 г. *Востоков* испраќа до Здру-

---

[2]) В.: В. Й. Маслов, *Оссиян в России* (*Библиография*). М., 1928.

[3]) В.: Ц. Органциева, *Почетоци на соработката меѓу јужнословенските и руските слависти. Лукијан Мушицки — Андреј Сергеевич Кајсаров и Александар Иванович Тургенев*. — Реферати на македонските слависти за VI меѓународен славистички конгрес во Прага. Скопје (Библ. „Литературен збор"), 1968, стр. 97—103.

[4]) В.: *Сочинения* А. А. Котляревского. Т. I, СПб, 1889, стр. 553. — Статија „Старина и народность за 1861 год.".

Новинарот и осреден книжевник М. Н. Макаров препечатува во неделниот подлисток на „Московскии вестник", под наслов „Русское национальное песнопение" (1809 г.) и некои билини од Зборникот на К. Данилов. Од значење е апелот на Макаров кон читателите да му испраќаат песни со сите податоци за нив и точно запишани. Според тоа Макаров уште во тоа време ја истакнува научната потреба за точно запишување „древней поэзии" макар што и самиот тој не се придржува кон тоа барање. В.: М. К. Азадовский, *История руской фольклористики*. М., Гос. уч. пед. изд. МП РСФСР, 1958, стр. 127.

жението претставка за публикување на руските народни песни собрани од него коишто тој ги наречува „народни стихотворенија", несомнено под влијанието на *Хердер*. Меѓу разните видови песни *Востоков* во претставката споменува и епски („былевые"). Запишаните песни Востоков подоцна им ги предава на *Н. А. Цертелев* и *П. Киреевски*.[5])

Песните во споменатиот Зборник *Востоков* ги проследува и со коментари и ги разделува според предметот и времето, за што пишува и во трудот *Опыт за руско стихотворење* (1817 г.), т.е. се обидува да даде научна систематизација на руските народни песни. Меѓутоа, тие негови забелешки останаа непознати на науката.

Востоков пишува и песни под влијанието на мотивите и стихот на народните поетски творби и ја истакнува потребата рускиот народен стих да стане основа и на руската уметничка поезија.

Нешто подоцна во времето на неговите јасно определени филолошки интереси *Востоков* ќе објави и низа преводи од српската јуначка поезија.[6]) Пренесувајќи ги преку преводи српските песни во руската литература *Востоков* им бара адекватна руска форма. Па и карактеристичниот српски епски стих десетерецот *Востоков* го заменува со слободниот епски стих на руските билини.[7]) Тоа, од една страна, ги оддалечува преводите од оригиналот и им ја одзема на српските песни нивната основна карактеристика, додека, од друга страна, таквиот начин на русифицирање на српските песни одговара на духот на руското народно поетско творештво.[8])

„Вольное общество . . ." е здружение во кое членуваат интелектуалци со разни политички убедувања, макар што најсилно се чувствувале демократските традиции утврдени во прогресивните кругови на Русија од времето на *А. Н. Радишчев*. Членови на Здружението се подоцна знаменитиот руски историчар *Н. М. Карамзин* и *Ал. Шишков*, подоцна долгогодишен претседател на Руската академија и министер за просвета. Меѓу нив во 1811 г. се развива долга полемика, во којашто се зафатени и многу прашања во врска со народното поетско творештво — неговиот јазик, стил, уметничките убавини, творците на народните песни и слични.[9])

А. Шишков се застапува за потенцирање на народниот елемент во руската литература, што би можело да служи како одбрана против „разрушительных новшеств", т.е. против политичкото и културното

---

[5]) М. К. Азадовский, спом. книга, стр. 155.

[6]) В.: Ц. Органџиева, *О преводима српских епских песама у руској литератури за Вукова живота*. — Анали Филолошког факултета, Б., 1964, св. 4, стр. 319—322.

[7]) Исто, стр. 320.

[8]) Библиографија на преводите од Востоков в. во „Сборник ОРЯС", 1901 г., т. 70. № 6, стр. 107—109, од И. В. Срезневски.

[9]) Повод за таа полемика дала книгата на А. Шишков, *Разговоры о словесности между двумя лицами Аз и Буки*. СПб, 1811.

влијание на Запад, „окужен“ од Француската револуција.[10]) Тој истакнува дека јазикот „простонародия“, со кој се напишани „изустные простых людей предания“ треба да го збогати веќе утврдениот книжевен јазик. Народното поетско творештво може да ја освежи руската уметничка литература и да ѝ даде национален карактер. *Шишков* притоа изнесува мислење дека има малу до нас дојдени народни песни во првобитната форма создадена од некогашните големи поети („которые писаны были настоящими баянами, т.е. великими древними стихотворцами“), и на тој начин го оспорува нивниот вистински народен карактер и усното настанување. *Шишков*, како претставник на конзервативниот национализам јасно се застапува за тезата за потеклото на руските народни песни во културните, повисоките слоеви на феудалното општество и за нивното распаѓање во средината на простиот народ.

Сличен став има и *Карамзин*. И тој во тоа време остро истапува против западното влијание во врска со реформите на царот Александар I. И *Шишков* и *Карамзин* се идеолози на конзервативниот национализам и на старата крепосничка Русија. Нивната полемика за јазикот и народните умотворби е само недоразбирање.

Карамзин како историчар, книжевник и фолклорист припаѓа повеќе на XVIII век. Неговите интереси за фолклорот ги предизвикуваат просветителите и западните предроматичари. Тој е еден од првите преведувачи на „Осијановите“ поеми, познавач е на делата на *Русо* и *Хердер*, но никогаш не ја разбрал суштината на народното поетско творештво и неговото вистинско место во преродбата на руската национална култура. И во литературното творештво на *Карамзин* многу слабо се чувствува влијанието на народните творби.[11])

Како историчар *Карамзин* несомнено има големи заслуги во запознавањето на широката руска јавност со фактичкиот материјал од руската историја макар што неговото осветлување е едностранo и нецелосно.

Во неговата знаменита: *Историја на руската држава*, чиј прв том излегол дури 1818 г. (иако првите осум тома се готови уште во 1812 г.) тој често споменува и за епски народни песни коишто ги вика „сказки“. Ним Карамзин не им придава значење на историски документи, како што тоа ќе го прават романтичарите и приврзаниците на „историската школа“ во фолклористиката, ами ги посочува како интересни народни поетски преданија. Тој пишува: „Сказки не История; но сие сходство в народных понятиях о времени Карла Великого и Князя Владимира достоино замечания: Тот и другой, за-

[10]) В. кн.: *Адмирал Шишков и канцлер гр. Румянцов. Начальные годы русского славяноведения*, А. А. Кочубинского, орд. проф. Имп. Новор. ун.-та. Одесса, 1887—1888.

[11]) В.: М. К. Азадовский, спом. кн., стр. 133—144.

служив бессмертие в летописях своими победами, усердием к христианству, любовлю к наукам, живут доныне в сказках богатырских.“[12])

Карамзин знае и за историските песни за царот Иван Грозни. Тој се обидува да најде и одговор на неговата популарност: народот „чтил в нем знаменитого виновника государственной силы, нашего гражданского образования; отвергнул или забыл название Мучителя, данное ему современниками, и по темным слухам о жестокости Йоанновой доныне именуют его только Грозным . . .“[13])

Карамзин претпоставува дека старите Словени имале песни „воинские“ уште пред да се приближат кон Римската Империја и пред да стапат во Дахија: „ . . . вероятно, что они воспламеняли сердца огнем мужества, представляли уму живые картины битв и кровопролития, сохраняли память дел великодушия, и были в некотором смысле древнейшею Историею славянскою. Так везде раждалось стихотворство, изображая главные склоности народные; так песни самых нынешних Кроатов более всего славят мужество и память великих предков.“[14])

И за најголемиот споменик од старата руска литература „Слово о полку Игореве“ *Карамзин* смета дека: „ . . . есть подражание древнейшим русским сказкам о делах богатырей.“[15])

Карамзин обрнува и внимание дека многу народни музички инструменти биле познати и на предците на Словените: „Волынка, гудок и дудка были также известны предкам нашим: ибо все народы славянские доныне любят их.“[16])

Своето мислење за големата старина на словенските епски песни („богатырские сказки“) уште во времето на нивното раселување во VI в. *Карамзин* го поткрепува и со други сведоштва од грчките историчари *Теофилакт* и *Прокопие*.[17])

На двојствениот и противречив однос на Карамзин како писател, историчар и политичар кон народот и неговата култура укажува уште А. Н. Пипин.[18]) Меѓутоа, фактичкиот материјал што тој прв го приведува во својата монументална историја на рускиот народ има големо значење. Тој во неа укажува и на големата старина на словенското народно поетско творештво уште пред утврдувањето на феудализмот

---

[12]) Приведувам според: *Исторія государства россійскаго*, сочиненіе Н. М. Карамзина. Изданіе пятое. В трех книгах заключающих в себе двенадцать томов. с полными примечаніями, украшенное портретом автора, грав. в стали в Лондоне, Кн. I (том I, II, III и IV). СПб, 1842, столб 142; т. I, гл. IX.

[13]) Исто, кн. III, столб 279—280 (т. IX, гл. VII).

[14]) Исто, кн. I, столб 41 (т. I, гл. III).

[15]) Исто, столб 131 (т. III, гл. VII).

[16]) Исто, кн. I, столб 41 (т. I, гл. III).

[17]) Исто.

[18]) А. Н. Пыпин, История русской этнографии, т. I. СПб, 1890, стр. 216.

и добивањето на писменост. На оваа заслуга на *Карамзин* не е обрнато доволно внимание во науката. *М. К. Азадовски* советски историчар на фолклористиката, врз основа на некои нејасни искажувања на Карамзин, пишува: „В памятниках народной поэзии он не видел и не хотел видеть народа как такового, как творца и создателя этих восхищавших его високих художественых ценностей, отразившего в них свой быт и настроения.“[19])

Во односот на Карамзин кон руските епски песни ние разликуваме две прашања. Едно е прашањето за потеклото на руските епски песни воопшто („песни воинские“ или „сказки богатырские“) уште пред формирањето на ранофеудалната држава, а друго е прашањето за настанувањето на епските песни („былины) во коишто е одразена феудалната епоха. За првата група песни Карамзин го исклучува професионалниот карактер; тие се создавале насекаде низ борбите („везде раждалось стихотворство“) и го изразувале народното мислење (изображая главные склонности народные“). За втората група песни Карамзин смета дека настанале во времето на монголското ропство, затоа што во тој период на руската историја се создала вистинска потреба „ободрятся воспоминанием прошедшей славы отечества.“ Карамзин за оваа втора група песни поаѓа всушност од становиштето на нивната функција. Такво становиште имаат и низа научници за настанувањето на јужнословенските епски песни во коишто е исто така одразена феудалната епоха: *В. Караџиќ*, *В. Јаѓиќ*, *Ѓ. Малешиќ*, *С. Марковиќ*, *Ј. Томиќ*, *А. Гавриловиќ* и др. Тие исто така сметаат дека до создавање на јужнословенска епика со јасна идејна устременост, тематска определеност и специфично поетско обликување доаѓа во вековите на робувањето под Турците.

Како историчар Карамзин несомнено смета дека во изменетите историски околности, со исчезнувањето на нивната историска функција, епските песни постепено се заборават и губат од поранешната естетска сила.

Меѓутоа, во ова мислење на Каромзин има контрадикција. Имено, невозможно е во времето на монголското ропство епските песни да се создавале во вишите феудални кругови од професионални пејачи. А и самиот тој зборува за народна оценка на настаните во епските песни којашто се разликува од мислењето на официјалните историчари во во врска со историските песни за Иван Грозни.

„Дружеское литературное общество“ во Москва постоело само осум месеци, но оставило значајни и плодотворни траги во руската литература и наука.[20]) Влијанието на француската литература, а со тоа и на класицистичкиот правец во литературата, во Здружението се заменува со влијанието на англиската предромантична литература и

[19]) М. К. Азадовский, спом. кн., стр. 142.

[20]) В.: В. М. Истрин, *Дружеское литер. общество* 1801 г. — ЖМНПр, Н. С. XXVII (1910), № 8, отд. 2, стр. 273—308; М. В. Азадовский, нав. раб., стр. 129.

на германската од епохата на „Sturm und Drang“ и воопшто на раните романтичари. Притоа и значењето на современата руска литература е оспорувано од членовите на Здружението, затоа што во неа не е одразен рускиот дух, ниту нешто може да се разбере за рускиот народ. Остатоци од руската литература имало само во народните поетски творби.[21])

На состаноците на Здружението се пејат и руски песни и мнозина составуваат творби во духот на руските народни или „народски“ песни.[22])

Здружението стоело блиску до научното Здружение на *Новиков*. Во него членувале браќата *Турѓеневи* (*Андреј* и *Александр*), *Жуковски*, *Мерзљаков*, *Воеков* и браќата *Кајсарови* (*Андреј* и *Александр*).

Ан. Кајсаров го привлекува народниот поетски материјал и во своите трудови за словенската митологија и укажува на неговото значење за реконструкција на старите митолошки претстави. Во неговото поетско творештво се чувствува влијанието на руската народна поезија, особено на епската.[23])

Ал. Турѓенев, кој не е литератор, се залагал за вистински руски дух во руската литература. Како и Ан. Кајсаров и тој го сакал рускиот фолклор како израз на традиционалната руска култура.[24])

Познато е дека *А. С. Кајсаров* и *А. И. Турѓенев* имале можност да пропатуваат низ Фрушка Гора (од 6 — 11 октомври 1804 г.). Освен за историски и јазички споменици тие се интересирале и за уметнички и народни поетски творби. По тој пат Кајсаров го насочува и *Л. Мушицки*, така што набргу по нивната посета во Карловци *Мушицки* настојчиво бара од своите ученици да запишуваат народни песни.[25])

Во работата на „Дружеское литературное общество“ учествувал и *А. Ф. Мерзљаков*, подоцна професор на Московскиот универзитет. Тој и самиот пишува песни во духот на народните, обрнува внимание на нивните поетски достоинства и инсистира за нивното запишување. *Мерзљаков* е по потекло од село и подобро од сите свои современици умее успешно да ги користи мотивите и поетските средства на народните песни. Меѓутоа, и во односот на *Мерзљаков* кон народното поетско творештво евидентно е дворјанско-феудално становиште.[25]) *Мерзљаков* како и *Карамзин* има идиличен однос кон народното поетско творештво и воопшто кон спахиското село. Тие, како и *Шишков* и нив-

---

[21]) А. Фомин, *А. И. Тургенев и А. С. Кайсаров*. — Русский библиофил, 1912, январь, № 1, стр. 26 и 34 (Говорот на Андреј Тургенев, одржан во Здружението на 22 март 1801 г.). В.: Ц. Органциева, спом. раб. „Почетоци на соработката . . .“, стр. 98.

[22]) И. Резанов, *Из разысканий о сочинениях Жуковского*. СПб, 1906, стр. 191.

[23]) Ц. Органциева, спом раб. „Почетоци на соработката . . .“, стр. 98.

[24]) Исто, стр. 100—101.

[25]) Исто, стр. 101.

[25]) М. К. Азадовский, спом. раб., стр. 135.

ните сомисленици со основа можат да бидат ставени во посебна група на привржаници, на т.н. *крепоснички фолклоризам*.[26])

Интересот за народната историја и старите споменици, а во врска со тоа и за народните поетски творби во Русија расте особено по завршувањето на Татковинската војна 1812 г. Иницијатор и организатор на широката работа околу прибирањето на разни споменици и нивното публикување е особено грофот *Н. П. Румјанцев*. Дел од тие негови интереси е областа на фолклорот. Кога *Вук Караџиќ* престојувал во Русија, во текот на 1819 г., *Румјанцев* го запознал и многу очекувал од неговиот талент. Дури му предложил на *Вук* и голема материјална поткрепа.[27])

Во врска со фолклористичките интереси на *Румјанцев* е и новото издание на Зборникот на *Кирша Данилов* коешто тој му го поверил на историчарот *Калајдович*, кој го напишал и предговорот кон Зборникот од 20 страници.[28]) Овој предговор ги стави основите на понатамошното научно изучување на руските епски песни. Но, во однос на прашањето за настанувањето на песните *Калајдович* има неопределено мислење. Под влијанието на предромантичарите *Калајдович* најпрвин изнесува мислење дека песните од Зборникот се дело на еден талентиран пејач, имено на козакот *Кирша Данилов*. Но во излагањето се приближува до романтичкото становиште за широко распространети народни песни, мислење коешто доаѓа до израз и во насловот на Зборникот. Тој ја истакнува старината на песните во Зборникот и наоѓа нивни варијанти во веќе објавени популарни изданија на руски песни од крајот на XVIII век. Тој и самиот приведува наслови на некои песни „которые изстари поются с большим меньшим различием“ што го убедувало во тоа дека *К. Данилов* не ги составил прв.

Калајдович го истакнува историското значење на старите епски песни („сказки), коишто го зачувале историското сеќавање на великолепните пирови на Владимира и на неговите моќни богатири: „ . . . которых он, подобно Карлу Великому, дарами и почестию привлекал ко двору своему.“[29])

Прв во руската фолклористика тој се обидува да ги пронајде историските прототипови на руските епски јунаци, богатири, врз основа на летописите. Со ваквиот начин на работа тој ги става основите на т.н. „историска школа“ во Русија.

---

[26]) Исто, стр. 149.

[27]) M. Prelog, Slavenska renesansa 1780—1848. Zagreb, 1924, стр. 30.

[28]) *Древние россиские стихотворения собранные Киршею Даниловым* и вторично изданные с прибавлением 35 песен и сказок, доселе неизвестных и нот для напева. — „Предисловие“, стр. I—X.

[29]) Наведувам според третото издание: *Древние россиские стихотворения, собранные Киршею Даниловым*. Издание третье. Москва, 1878 („Предисловие“ ко 2-му изданију 1818 года, стр. I—XX), стр. VI.

Како издавач Калајдович не ги објавува сите песни од Зборникот на К. Данилов. Објавил само 61, а другите ги изоставил поради цензурни и морални причини. Прво строго научно издание на овој Зборник, според ракописниот оригинал, ќе излезе во издание на Јавната библиотека во Петроград 1901 г.[30])

Калајдович е историчар и него го интересираат епските песни како историски преданија. Но тој укажува и на нивното јазичко и книжевно значење. Со внимание го анализира и нивниот стих.

Од историски аспект го интересираат народните песни и *М. Т. Каченовски*, редактор на првото руско научно и книжевно списание „Вестник Европы". Познат со својот крајно скептичен однос кон спомениците на минатото, *Каченовски* ги цени народните епски песни како најавтентични извори за запознавање на народниот карактер и бит. Тие се за него „архива на народниот живот". Ова свое мислење *Каченовски* најобразложено го изнел во својата рецензија на Вуковите песнарици.[31]) Но како и другите претставници на конзервативниот фолклоризам, Каченовски изнесува мислење дека бујното цветање на народното поетско творештво кај Србите се должи пред сè на идилично-патријархалниот живот: „Климат, простота нравов, тихая жизнь сельская поддерживают в них чувство семейственного счастия."[32]) Каченовски се однесува негативно спрема естетската страна на народните песни и е противник на творечкото влијание на народното поетско творештво врз уметничката литература. Меѓутоа, неоспорно тој има голема заслуга во запознавањето на руското општество со западноевропската историска и филозофска наука и со животот и литературата на словенските народи.

До сфаќањата на Каченовски за значењето на народните песни многу е близок и кнезот *Н. Ан. Цертелев*. Тој исто така песните ги смета за извор на податоци во однос на народниот живот корисни за историчарот, но не и како образец за книжевникот. Тие се за него старина која во многувековното усно предание во необразованите селски маси ги изгубила своите најубави уметнички одлики. Притоа Цертелев истакнува дека и издавачите на народните поетски творби си дозволуваат преработки на текстовите прилагодувајќи ги на барањата на современите читатели.

Цертелев припаѓал кон кругот на украинските националисти и прв издава зборник со украински думи.[33]) Објавува и руски песни.

---

[30]) *Сборник Кирши Данилова*, изд. Публичной библиотеки по рукописи, пожертвованной в библиотеку князом М. Р. Долгоруковым. Под ред. П. Н. Шеффера, СПб, 1901.

[31]) „Вестник Европы", 1820 г., ч. 112, № 14, стр. 112—119, № 15, стр. 208—216.

[32]) Исто, стр. 117.

[33]) Н. А. Цертелев, *Опыт собрания старинных малороссийских песней*. 1819.

Подготвил и зборник со руски народни песни што останал во ракопис.[34]) Применувајќи посовремени методи на собирање и издавање народни песни, тој ги прави и првите обиди за класификација на рускиот фолклорен материјал. Во тој поглед од значење е неговата книга: *За произведенијата на старата руска поезија*.[35]) Во неа тој конечно ги одделува термините „сказка" и „богатирская повесть" (т.е. билина), што ќе придонесе за натамошното правилно принципиелно становиште спрема билините.

Цертелев напишал и повеќе работи за украинските и руските народни песни.[36]) Своите разбирања за суштината на руската епика најопределено ги изнесува во статијата: *За народната поезија*,[37]) повикувајќи се, главно, на Зборникот на К. Данилов. Според Цертелев „богатырские повести" настанале од некогашните епски песни, коишто ги создале древни вистински поети. За време на татарското ропство и на меѓусебните кнежевски борби се снизила поетската култура, на што се должат грубите слики во епиката. Воопшто, според неговото мислење, старите епски песни: „представляют собой странную смесь истинного и ложного, благородного и низкого, смешного и вздорного." Са такви очи гледаат на епиката и многу други културни луѓе во дваесетите години на минатиот век.[38])

Руската епика, според Цертелев, претрпела влијание од „варварского татарского вкуса". Цертелев на тој начин искажува спротивно мислење на Карамзин. Дури *Пушкин* нешто подоцна ќе укаже на површноста на таквите толкувања на руската култура од татарскиот период.[39])

Односот на Цертелев кон народното поетско творештво повеќе е просветителски и карактеристичен за некои претставници на руската култура на преломот на двата века (XVIII — XIX). Слично негативно мислење има и писателот *Г. Р. Державин*. Тој епските песни ги цени од историска и делумно од естетска страна, но во исто време ги смета за груби.[40])

[34]) Литературный критик, 1938, IX—X, стр. 296. В. и: М. К. Азадовский, спом. раб., стр. 160, бел. 1.

[35]) Н. А. Цертелев, *О произведениях древней русской поэзии*. СПб, 1820.

[36]) В.: *Взгляд на старинные русские сказки и песни*. — Сын отечества, 1820, ч. 59—60; *О народной поэзии*. Из 1-ой части исторической картины россиискоя словесности. — Труды Вольного общества любителей россиискоя словесности, 1823, ч. 22; *Славянские песни различных наречий*. — Северный архив, 1824, ч. IX, № 2; *О народных стихотворениях* (Письмо к г-ну Максимовичу). — Вестник Европы, 1827, № 12 и др.

[37]) Спом. раб.: „О народной поэзии".

[38]) Б. Базанов. — *Очерки декабристической литературы. Публицистика. Проза. Критика*, Москва. Гос. изд. худ. лит.), 1953, стр. 206.

[39]) А. С. Пушкин, *О предисловии г-на Лермонте к переводу басен И. А. Крылова*. — Московский телеграф, 1825, № 17.

[40]) Билините се за Державин „без всякого вкуса, одноцветны и однотонны" и „в них только гигантеск или богатырское хвастовство". Ги цени во нив само повторувањата коишто го потсетуваат на поемите на Хомер. Меѓутоа, некои од руските лирски песни ги споредуваат со „творбите" на Осијан. В.: Г. Р. Державин, *Сочинения*, т. VII, стр. 606.

Церѣлев понекогаш обрнува внимание и на многустраното значење на народните песни и смета дека поетот може да најде во нив поетски слики, филозофот црти на народот — гениј, филологот — старински форми и изрази.

Церѣлев е сложена и противречна појава поради што за него постојат многу спротивни мислења. Некои го сметаат за близок на декабристите.[41]) Имено и тој ги цени епските песни што содржат „борьбу против рабства."

Воопшто руската литература и наука во периодот 1816 — 1825 г. ги одразува социјално-историските услови од развитокот на Русија во тој период.[42])

*
* *

Декабристите се неоспорно најблиски на онаа струја во романтичкото движење којашто во науката се означува со терминот — револуционерно романтичко движење. Народното поетско творештво е за нив основен извор не само на убав збор, ами и на мисли и борбен дух. Имено затоа декабристите обрнуваат големо внимание на епските, на козачките и на таканаречените разбојнички песни во коишто народот му дава израз на својот протест и на својата готовност за борба. Тие нивни интереси наоѓаат израз и во нивните уметнички творби. Таквиот третман на народното поетско творештво кај декабристите произлегува од прогресивното сфаќање на народноста на литературата, какво што се утврди во редовите на прогресивната и револуционерно настросната интелигенција во првата четвртина на XIX в.[43])

Народното поетско творештво за декабристите е „говорящаа картина его нравов, обычаев и образа жизни", и во неа тие наоѓаат „свежесть мыслей, живое и пламенное воображение" и „твердость духа, презирающую все опасности и самую смерть", како што истакнува *Ор. Сомов* во една статија за романтичката поезија.[44])

---

[41]) Тој соработувал во списанието „Сын отечества" и „Соревнователь просвещения и благотворения" (којшто се вика и „Труды Вольного общества любителей россиискоѝ словесности") и е избран за член кандидат на Централниот комитет на „Вольное общество . . .". В.: Базанов Б., *Очерки декабристической литературы. Публицистика. Проза. Критика.* Москва (Гос. изд. худ. лит.), 1953, стр. 204.

[42]) А. Н. Соколов, *Оѝ романтизма к реализму*. Изд. Московского университета, 1954, стр. 8.

[43]) Такво сфаќање има на пр. и знаменитиот преводач на „Илијадата" Н. И. Гнедич и кнезот С. А. Вјаземски, којшто во своите рани статии (1816—1817) дава висока оценка на руското народно поетско творештво, споредувајќи го со творештвото на други културни народи. Тој прв го употребува терминот „народност" (1818 г.) во врска со руската уметничка литература, истакнувајќи ја нејзината посебност од романтички аспект.

[44]) О. Сомов, *О романтической поэзии*. — Соревнователь просвещения, 1823, ч. 24.

Токму затоа декабристите најмногу ги ценат историските народни песни, како што се истакнува во една статија за народните руски песни од 1818 г., печатена во едно декабристичко списание.[45]) Авторот на статијата (потпишан: А. Г. . . .) го употребува терминот „народные песни", ја истакнува нивната голема старина и укажува на значењето на народните песни за запознавање на народниот карактер. Меѓутоа, интересно е дека овде се потенцира влијанието на одделните историски настани врз неговото формирање и на тој начин се изнесува мислење спротивно на романтичките идеалистички концепции за непроменливоста на народниот дух: „Песни изображают нам политические перевороты, произшедшие с каждым народом и обясняют то влияние, какое имели они на изменение его нравов и характера."[46]) Се искажува и мислење дека историските песни се современи на настаните. Меѓутоа, тие песни се важни не како споменици за одделните историски настани, ами затоа што е пријатно за секој Русин да знае, пишува авторот: „. . . какими глазами смотрели наши предки на (политические) великие перевороты страны своей.[47]) Во статијата е евидентно демократското разбирање на епското народно творештво.

Дека се песните современи на настаните смета и *А. Бестужев Марлински*, којшто во статијата *Поглед на старата литература во Русија* истакнува дека „красный век Владимиров" бил век на поезијата. Што се однесува до понатамошниот живот на тие песни, Бестужев ја повторува популарната поставка во ова време, според којашто рускиот народ под татарското ропство престанал да пее и поранешната епска поезија се распаѓа. Руската лирска поезија била тажна, причина за што биле „беды отечества". Таа не била постара од 300 г.

За сјајна епоха на поезијата го смета векот на Владимира и *А. Ф. Рихтер*, за што пишува во статијата: *За бардите, скалдите и стихотворците на Средниот век*.[49]) Тој век најмногу сакале да го опеваат народните пејачи „бајаны". Притоа авторот претпоставува: „. . . что баяны, так сказать, образовались в одной школе, ибо они всегда придерживались одних и тех же выражений, одних эпитетов и прославляли своевольство и буйство богатырей, выставляя их какими то гигантами."[50])

Авторот на овој труд за средновековните пејачи, па според тоа и на руските народни пејачи, им придава професионален карактер. Тие,

---

[45]) А. Г . . . ч, *Нечто о народных русских песнях*. — Соревнователь просвещения и благотворения. 1818, № 6, стр. 337—354.

[46]) Исто, стр. 342.

[47]) Исто, стр. 343.

[48]) А. Бестужев — Марлинский, *Взгляд на старую словесность в России*. Во кн.: „Избранные социально-политические и философские произведения декабристов." Т. I. Москва, (Гос. изд. пол. лит.), 1951, стр. 451.

[49]) А. Ф. Рихтер, *О бардах, скальдах и стихотворцах средних веков*. — Соревнователь просвещения и благотворения, 1821, ч. 16, кн. II, стр. 158—182.

[50]) Исто, стр. 170.

претпоставува *Рихтер*, го уживале покровителството на Владимира. Меѓутоа, секој народен пејач пеел за тоа што „было близко к его сердцу, приятно или горестно для воспоминания."

Фолклорот и декабристите ги интересира, главно, на историски план, во зависност од нивните политичко-општествени стремежи. За разлика од просветителите чии разбирања во извесна мерка понатаму ги развиваат, декабристите имаат диференциран однос спрема одделните видови на народната поезија. Решавачка улога имаат нивните патриотски и револуционерни погледи. Затоа за вистински народни песни ги сметаат песните во коишто е одразен слободољубивиот дух на рускиот народ — „историските песни," односно епските, разбојничките и козачките. Целосното значење на народното поетско творештво во животот на народот тие не можеле да го увидат затоа што не го познавале на изворот. Меѓутоа, за разлика од припадниците на крепосничкиот фолклоризам, тие обрнуваат внимание на идејната насоченост на драгоценото народно епско наследство и сфаќајќи ја наполно неговата функција во животот на народот се восхитуваат од моќните ликови на богатирите.

ВО ЗАКЛУЧОК

Чувството за народноста, загриженоста за идната субина на народот, за неговата политичко-општествена судбина и култура, и во овој период го определуваат интересот кон творбите на народот во коишто тој го опеал својот живот, своето јунаштво и верата во правда и победа над поробувачите — национални и социјални, или во коишто ја излеал својата безмерна тага што ја предизвикале „беды отечества".

Под влијанието на новото време превозмогнат е негаторскиот однос кон народното поетско творештво. Но и во овој период просветителскиот однос кон поетската традиција на народот се карактеризира со едностраност. Главно се истакнува историското значење на народните епски творби. За сјаен епски век се смета епохата на кнезот Владимир I. Исклучок претставува мислењето на *Карамзин*, којшто за развитокот на епското пеење особено го истакнува периодот на монголското ропство, кога било неопходно потребно споменот за минатата слава да се чува во вид на усна историја.

За творци на епските песни (термините се различни) се сметаат одделни талентирани пејачи „баяны" (предромантичко сфаќање) коишто го уживале гостопримството на Владимира, т.е. тие се професионални феудално-дружински пејачи. Претставниците на т.н. крепоснички фолклоризам истакнуваат дека песните потоа во народната средина многу изгубиле од нивните поетски квалитети и историските сеќавања, особено за време на татарското ропство. Затоа се однесуваат со извесно потценување кон нивните естетски вредности.

Народните лирски песни, од друга страна, се ценат како неодвоив дел од „идиличниот живот“ на спахиското село.

Многустраното значење на народните песни се истакнува главно од прогресивната руска интелигенција (браќата Кајсарови, Тургеневи, Востоков, делумно Калајдович, декабристите и др.). Тие го истакнуваат и историското и поетското значење на народните песни, епски и лирски. Идејното значење на епските песни („исторические песни“) посебно е подвлечено од декабристите. Токму во ликовите на богатирите тие ги наоѓаат олицетворени најубавите народни идеали, карактеристични за рускиот народ од најстари времиња. Со тоа декабристите и го објаснуваат животот на епските песни со јуначка тематика до најново време.

Доразвивајќи ги најдобрите концепции за народното поетско творештво на просветителите и предромантичарите, декабристите најмногу се приближуваат со своите погледи до револуционерните романтичари.

Во зависност пред сè од политичките становишта на одделните претставници на руските образовани благороднички кругови и на разночинската интелигенција, и од нивните просветителски или предромантички сфаќања, карактеристични за овој преоден период кон системно изучување на народното поетско творештво, се формираат и специфични приоди.

Д-р Цветанка ОРГАНЦИЕВА

ИНТЕРЕС К НАРОДНОМУ ПОЭТИЧЕСКОМУ ТВОРЧЕСТВУ В РОССИИ — В ПЕРВОЙ ЧЕТВЕРТИ XIX ВЕКА

Р е з ю м е

Первую четверть XIX века автор статьи считает переходным периодом к систематическому изучению народного поэтического творчества.

В это время под влиянием ряда экономических, общественно-политических и культурных факторов растет интерес к народу, к его жизни и творчеству. Фольклор все более привлекает внимание русской науки и литературы, которые в этот период имеют черты просветительского, предроматического и частично к концу периода романтического отношения к нему. Однако самый предмет трактуется с различных аспектов в зависимости прежде всего от политических концепций отдельных претставителей русских образованных слоев общества.

И в этот период просветительское отношение к народному поэтическому творчеству характеризуется главным образом односторонностью: в первую очередь подчеркивается историческое значение народных поэтических эпических произведений. „Золотым эпическим веком“ считается эпоха князя Владимира I. Исключение представляет мнение Карамзина который указывает на значение периода татарского ига повлиявшего на развитие героического эпоса, достигшего в этот период своего расцвета.

Творцами эпических песен (термины различные) считаются отдельные придворные талентованные певцы „баяны“ (предромантическое понимание), т.е. бывшими професиональными, дружинскими певцами. Претставители т.н. крепоснического фольклоризма подчеркивают, что затем в народной среде песни теряли многое во отношении поэтических достоннств и исторических воспоминаний, особенно во время татарского ига. Поэтому они и относятся с известным пренебрежением к эстетическим достоинствам дошедших до нас епических песен.

С другой стороны, народные лирические песни, считаются неотделимой частью „идилличной жизни“ крепосной деревни.

На многосторонное значение народных песен указывают прогресывные претставители русской интеллигенции (братья Кайсаровы, Тургеневы, Востоков, частично Калайдович, декабристы др.). Они подчеркивают и историческое и поэтическое значение народных песен как эпических так и лирических. Идейное значение эпических песен („йсторические песни“) особенно подчеркивается декабристами. Именно, в типах богатырей они видят олицетворение самых выших исконных народных русских идеалов. Этим декабристы и обьясняют долговечность эпических песен с героической тематикой.

Развивая хорошие стороны взглядов просветителей и предромантиков на народное поэтическое творчество, декабристы по своим взглядам очень приближаются к революционным романтикам.

В зависимости от политических убеждений отдельных претставителей русских образозанных слоев общества этого периода и от их просветительских или предромантических пониманий фольклора формируется и их специфическое отношение к нему.

Мирко ПАВЛОВСКИ

ПРИЧИНИ ЗА НЕДОВОЛНАТА КУЛТУРА НА ПИСМЕНИОТ ГОВОР КАЈ УЧЕНИЦИТЕ ОД ГИМНАЗИИТЕ

По детално извршената анализа на матурските писмени задачи од сите гимназии во Републиката (1967/68 и 1968/69) од повеќе аспекти (содржина, јазик, стил, реченична конструкција, композиција, граматика, правопис, интерпункција), се добива впечаток дека сепак може да се констатира извесен напредок во споредба со културата на писмениот говор на претходните генерации, но тој, општо земено, сè уште е минимален и одвај уочлив. Со една ваква констатација би биле, можеби, и повеќе задоволни, ако напредокот би бил очигледен во изразот, во реченичната конструкција и во јазично-граматичките правила. Подобрувањето, меѓутоа, се однесува првенствено на јазикот и лексиката, кои сè повеќе се ослободуваат од варваризми, потоа на сè поправилната употреба на постпозитивниот член, како и на осетно поголемиот квантум на ученичките знаења. Но тие знаења сè уште се прилично сурови, некултивирани, кои допрва бараат „шлиф", дотерување, оплеменување.

Причините на овој мошне сложен и длабок проблем се многубројни и разновидни. Со овој проблем, всушност, како перманентно акутен од ослободувањето до денес, и тоа не само кај нас, во југословенски размери, туку и во некои земји со понапредно школство, се занимавале многумина и ги испитувале причините на слабата писменост. Во своите испитувања тие повеќе се задржувале на апстрактно-теоретската страна на наставата, отколку на конкретно-практичната.

Причините на овој проблем треба да се бараат не само во гимназиите туку и во нижите и вишите одделенија на основното училиште, зашто корените на слабата писменост се наоѓаат во работата на учителите уште во самиот почеток на учењето. Меѓутоа, кога се зборува за културата на писмениот говор на учениците од гимназиите, се губи од предвид фактот дека основата за правилно, содржајно и јасно усно искажување и убаво писмено изразување на учениците се поставува уште во нижите одделенија на основното училиште кога голем број деца стапуваат во училиште со бујна фантазија, со веќе развиена спо-

собност за набљудување и раскажување што може да послужи и да се искористи како основа за развивање на јазичната култура во иднина.

Со умешно и доследно користење на усните вежби, еден методско-педагошки добро подготвен учител уште во овој стадиум на учењето започнува да ја негува културата на усното изразување и правилно да го канализира нејзиното развивање.

Во ваков случај усните говорни вежби, комбинирани подоцна и со писмените, го заземаат во наставата по мајчин јазик она место што им одговара и придонесуваат, навистина, многу за развивање и постапно неосетно усовршување на усното и писменото изразување, со што сè повеќе се зголемува јазичната култура воопшто.

Токму затоа со обидот за посредување во ублажувањето и решавањето на овој проблем треба да се отпочне едновремено на поширок фронт, ако сакаме да се надеваме на успешен исход во оваа непожелна ситуација.

Причините за слабота писменост на учениците, главно, би можеле да се поделат во четири групи: 1) односот на наставиикот по јазик и литература спрема наставата по својот предмет, 2) наставните програми, учебниците, учебните помагала и практикумите, 3) материјалната база на нашите школи, нивната неопременост и неподготвеноста да ги примат учениците и да им дадат сè што е потребно за правилен и сестран развиток, 4) недоволната ангажираност на учениците, 5) недостигот на современо изведување на наставата.

1) Односот на наставникот по мајчин јазик и литература спрема наставата

Иако причините за недоволната култура на писмениот говор се многубројни и разновидни, сепак мислам дека една од најголемите и најважните може и треба да се бара во односот на наставникот спрема предметот и во неговата недоволна подготвеност да одговори успешно на својот благороден и ретко одговорен позив.

Недоволната писменост што ја покажува завршниот испит на овие две генерации укажува на фактот дека работата врз развивањето на културата на усниот и писмениот говор не се одвивала плански и системно во текот на школувањето воопшто. Така, на пример, од извршената проверка на дневниците во некои гимназии се гледа дека усните и писмените вежби, како форма на работа предвидена со наставната програма, воопшто не се застапени. Тоа значи дека е запоставен еден дел од наставната програма, многу важен за постапно и успешно развивање на јазичната култура на учениците. До колку во некои школи и се применува овој вид на работа, поголем дел од наставниците обично лесно минуваат преку овие вежби и најчесто не се подготвуваат за нив, затоа, како необмислени доволно, импровизирани на

брзина, а со тоа и неинтересни, тие стануваат монотони, здодевни, па, се разбира, не можат да разбудат никаков интерес кај учениците и фактички не придонесуваат за она што им е цел.

На тој начин, за жал, се минува преку еден непобитен факт дека писмените вежби, кои треба да уследат по усните, а да претходат на писмените задачи, претставуваат една тесно поврзана, целосна работа по својата тематика и по формата на изведувањето, која служи првенствено во процесот на развивањето солидна култура на усниот и писмениот говор, а не да го олеснат оценувањето на учениците, ако тоа не е извршено навреме и според барањата на современата методика.

Површно минување преку улогата и значењето на оваа наставна форма значи, всушност, запоставање на две компоненти од основната образовно-воспитна цел што ја има наставата по мајчин јазик и литература, во која, без сомневање, централно место зазема тенденцијата за совладување на граматиката и јазичната стилистика уште во текот на школувањето.

Што се однесува до писмените работи како задолжителна наставна форма, може да се констатира дека и тие ретко се изведуваат така како што наложува методиката по мајчин јазик и литература, макар што и овој вид на работа се вбројува меѓу оние форми коишто одигруваат многу важна улога во формирањето и усовршувањето на усниот и писмениот говор на учениците.

Часовите наменети на развивањето на писмената култура воопшто, доколку остануваат во рамките на она што им е основна цел, би требало да будат голем, жив и општ интерес кај учениците, да внесуваат секогаш осетно оживување во наставниот процес, кое би ги терало учениците на масовно учество во дискусијата по оној материјал што би требало потоа да се користи за писмена работа.

За да се постигне успех во оваа работа, неизбежно е исполнувањето на некои услови, како на пример, наставникот мора однапред да се ангажира во изборот на темата за писмената работа, да ја определи нејзината воспитно-образовна цел, да фиксира час за подготвување на темата и потоа да пристапи кон писмената работа.

Праксата покажува дека изборот на темата има пресудно значење за квалитетот на писмената работа. Една јасна тема што може да даде доволно познат материјал, со кој ученикот владее добро и сигурно, ветува, без сомневање, успех во разработувањето на темата.

Разновидноста на темите го зголемува интересот на учениците, но, се разбира под услов, тие да се движат во сферата на нивното најживо интересирање: животот, општествено-политичките настани, литературата, прашања од естетска, правна и морална природа. Низ такви теми учениците ги изнесуваат своите разбирања, мисли, чувства, стремежи, својата индивидуалност или, поточно речено, себеси.

Наставникот ако сака да не дојде до непријатни изненадувања, треба да ги одбегнува темите што се некогаш како ребуси и не можат да се решат, а камоли да го постават ученикот во ситуација за позадлабочено и сестрано навлегување во проблемот.

За да може писмената работа нсцело да се исползува како наставна форма во процесот на развивањето на писмената култура, неоспорно дека големо внимание заслужува и поправката на писмената работа. Внимателно и солидно поправена писмена работа од наставникот дома треба да мине и низ рацете на ученикот на час определен за поправка, за да му ги открие слабостите и пропустите што веќе не треба да се повторат, како и да му укаже на некое подобрување и на успехот констатиран во работата, што треба и да го поттикне ученикот кон поголема активност во иднина.

Со ваков однос кон една форма на работа, ако е тој перманентен, успехот е неминовен, не изостанува.

Големиот број елементарни јазични и правописни грешки во писмените задачи на завршниот испит, дури и во оние кои се оценети со одлична и многу добра оценка, зборува за слабата и неефикасно организираната настава по граматика и во основното училиште и во гимназиите. Пропуштеното по однос на усвојувањето на основните граматички норми тешко се пополнува во гимназиите, каде што се предвидува по наставната програма не елементарна туку стилистичка граматика.

За жал, од увидот во работата на некои гимназии треба да се истакне дека ни едното, ни другото не нашло место во наставата по мајчин јазик и литература. Инаку како би можел да се објасни фактот, еден матурант, кој релативно добро пишува, да прави основни стилистички грешки од морфолошки или синтаксички карактер. Пропуштеното увежбување на партиите од граматика преку писмени вежби, школски и домашни, претставува голем минус за успешно реализирање на ова наставно јазично подрачје.

2) Наставните програми, учебниците и учебните помагала

Извесен дел од вината за недоволната култура на писмениот говор паѓа и врз наставните планови и програми по мајчин јазик и литература. Ако се разгледаат добро наставните програми, ќе се види како типична појава дека никаде не е прецизирано колку часови да се земат за писмени, а колку за усни вежби. На овој факт мора да се обрне поголемо внимание и да се определат што повеќе часови, бидејќи процесот на писменото изразување се развива многу побавно и потешко од секоја друга наставна форма. Со прекинување и намалување на вежбите, многу од порано здобиените знаења, со текот на времето, се заборават.

Во наставната гимназиска програма по литература и јазик има извесни укажувања и упатства како да се изведува усното и писменото изразување. Се определува, макар и не многу прецизно, тематиката и на едното и на другото. Но треба да се истакне и тоа дека во неа не се конкретизирани наполно задачите и формите на работа врз негувањето на културата на усниот и писмениот говор, иако се стремело, во однос на определувањето на тематиката, да се запази принципот на постапност и системност.

Еве како е тоа формулирано во програмата по класови:

I кл., теми за говорни вежби: Изразно читање и рецитирање, одгледување правилна дикција, логичка и емотивна изразност при читањето и рецитирањето, развивање смисла и навики за свесно користење на лектирата; избор, водење дневник за прочитано и забележување кратки содржини, нови зборови и фигуративни изрази; апстрактни и конкретни зборови, синоними и омоними, основно и преносно значење, значења на зборовите во контекст и во интонација.

Воведување на учениците во изработка на писмени состави: избор на теми, одбирање и сведување на материјал, форма на обработката, композицијата.

Тематиката на писмените состави да се земе од областа на набљудувањето и доживувањето, во врска со материјалот по литература, природните науки и други наставни дисциплини, по можност со прошетки и екскурзии. Како теми да се користат и посети на театарски и филмски претстави, музеи и културни споменици, а во форма на опис, впечаток, пејсаж, портрети, прикази и известувања.

Во II и III кл. за усни и писмени вежби се зборува многу малку, а во IV кл. не е дадено ништо ново, туку се повторува кажаното од претходните класови.

Освен тоа што не се конкретизирани задачите и формите на работа врз развивањето на јазичната усна и писмена култура, во програмата не се определуваат методите и потфатите во учебната работа. Ова не може да се смета како голем недостиг, зашто задачата на програмата е да определува што ќе се предава, а не како ќе се предава. Меѓутоа, мислам дека во оваа наша ситуација тоа сепак би им помогнало повеќе на наставниците.

Впрочем, ова го сметам за нужно, бидејќи до денес сè уште нема изработени методски упатства за усни, писмени вежби и писмени работи.

Поради преминот на и. -е. *ŏ* во герм. *ă*, и. -е. *ā*, во герм. *ō* и. -е. *oi*, во герм. *ai*, и. -е. *ou* во герм. *au*, прагерманскиот вокален систем, наследен од индо-европскиот можел да има ваков изглед:

кратки вокали: *i, e, a, u*
долги вокали: *ī, ē, ō, ū*
дифтонзи: *ai, au, eu*

Освен овие вокали во прагерманскиот постои уште и вокалот $ē^2$ од несигурно потекло, кој во старо-високо-германски се дифтонгира во *ia*.

Старо-високо-германскиот го презема овој прагермански вокален систем во нешто изменет вид. Промените се однесуваат на долгите вокали и дифтонзите:

герм. *ē* > ст. -в. -г. *ā*: гот. *mana-sēþ*: ст. -в. -г. *sāt*
герм. *ō* > ст. -в. -г. *uo*: гот. *brōþar* : ст. -в. -н- *bruoder*
герм. *au* > ст. -в. -г. *ou* : гот. *aukan* : ст. -в. -н. *ouhhan*
герм. *ai* > ст. -в. -г. *ei* : гот. *stains* : ст. -в. -г. *stein*
герм. *eu* > ст. -в. -г. *iu* одн. *eo* > *io* : герм. **leuhtjan* : ст. -в. -г. *liuhtan* одн. **leuhtaz* : ст. -в. -г. *lioht*

Овде треба да се наведе во ст. -в. -г. уште и рефлексот *ia* од герм. $ē_2$: ст. -англ. *hēr* : ст. -в. -г. *hiar*.

Според тоа старо-високо-германскиот од индо-европскиот одн. прагерманскиот директно ги наследил овие вокали:

кратки: *i, e, a, u*
долги: *ī, ā, ū*
дифтонзи: *ei, ou, uo, iu. eo* > *io, ia*

Меѓутоа, старо-високо-германскиот вокален систем изгледа вака:

кратки вокали: *i, e, ë, a, o, u*
долги вокали: *ī, ē, ā, ō, ū*
дифтонзи: *ei, ou, uo, iu, io, ia*

Споредувајќи ги овие два система се гледа дека ст. -в. -г. има вокали што не се наследени од индо-европскиот. Тоа се: од кратките e (во понатамошниот текст *ë* е вокал добиен од и. -е. *e*) и *o*, а од долгите *ē* и *ō*.

Потеклото на овие нови вокали во ст. -в. -г. не е тешко да се утврди: *e* е добиен со и-умлаут од а: *lang*: *lengiro*, а *o* со гутурален умлаут од у: и. -е. *iug-om* (лат. *jugum*), герм. **juk-a* (*m*), гот. *juk*, ст. -в. -г. *joh* или: и. -е. *ghl̥tom*, герм. *gulþa-* (и. -е. *l̥* > герм. *ul*), гот. *gulþ*, ст. -в. -г. *gold*, но и *guldīn*; *ē* е добиено со монофтонгизација на дифтонгот *ei* пред консонантите *r, h, w*: гот. *saiwala*: ст. -в. -г. *sēla*; *ō* е добиено со монофтонгизација на *ou* пред *h* и сите дентали: гот. *raups*: ст. -в. -г. *rōt*.

Со оглед на тоа дека овие нови вокали во ст. -в. -н. се фонетски условени (и-умлаут за e; а-умлаут за o; одредени консонанти за ē и ō), прашањето што овде се поставува е: дали се ова нови фонеми или се работи за алафони во комплементарна дистрибуција?

Ако новите вокали ги третираме како алафони од стари фонеми, тогаш проблемот мораме вака да го поставиме:

Фонемот [a, e] се манифестира со алафонот *a* во сите позиции, освен ако во следниот слог се наоѓа *i, j, ī* кога се јавува алафонот *e*.

Фонемот [u, o] се манифестира со *u* во сите позиции, освен кога во следниот слог се наоѓа *a*, во кој случај се јавува алафонот *o*.

Фонемот [ē ei] се манифестира со алафонот *ē* пред *r, h, w*, а со *ei* во останатите позиции.

Фонемот *o, ou* се манифестира со алафонот *ō* пред *h* и пред сите дентали, а со алафонот *ou* во сите други позиции.

Истиот проблем се поставува и за двојниот рефлекс на и. -е. и герм. дифтонг *eu* во ст. -в. -г.: *io* и *iu*, со оглед на тоа дека *iu* се јавува ако во следниот слог се наоѓа *i, j*, или *u*, а *io*, ако во следниот слог се наоѓа *e, a, o*. (Овде не се земени предвид дијалектални разлики во ст. -в. -г.). Значи, и овде може да се тврди дека *iu, io* се два алафона на еден фонем, кои се наоѓаат во комплементарна дистрибуција. Така, имаме *beoton*, но *biutu; liogan*, но *liugu*.

Ако пак сакаме да докажеме дека се работи не за алафони туку за посебни фонеми, тогаш треба со минимални парови да се докаже дека тие се наоѓаат во опозиција. Ако успееме да ја покажеме таа опозиција, веднаш се поставува и прашањето на механизмот на фонологизацијата на овие алафони.

2.

Во старо-високо-германскиот постојат зборовите *wurt* (судбина) и *wort* (збор), *ē* (порано), *ei* (јајце). Веќе овие примери јасно зборуваат дека *u*, *o*, *ē* и *ei* во старо-високо-германски биле посебни фонеми, бидејќи меѓусебно создавале опозиција.

Прашањето како се развивал механизмот на фонологизацијата на овие алафони може да се уочи токму на овие примери. Постарата форма од *ē* е *ēr* (гот. *airis*), односно форма во која уште постои причинителот на монофтонгизацијата на дифтонгот *ei* во *ē*, т. е. причинителот на алафонот *ē*, а тоа е консонантот *r*. *ē*-то можело да стане посебен фонем дури тогаш кога се изгубил причинителот на неговото создавање. Сé додека *r*-то постоело, *ē*-то можело да биде алафон на *ei* и да се изговара повеќе или помалку како дифтонг *ei* или како монофтонг *ē*, бидејќи *r*-то ја одржувало опозицијата. Меѓутоа, со губењето на крајното *r*, *ei* и *ē* стануваат посебни фонеми, зашто сега тие два гласа се наоѓаат во опозиција.

Слична појава може да се констатира и со вокалите *u* и *o*. Овие два гласа можеле да бидат алафони сé додека во зборовите биле присутни причинителите на комплементарната дистрибуција, имено додека во следниот слог постоело едно *a* кое го создало алафонот *o*, или едно *i* кое го зачувало првобитното *u*. Со други зборови *o* и *u* можеле да бидат алафони додека постоеле зборовите *wurðiz* и *worðan*[1]). Во овие два збора *o* и *u* биле алафони, бидејќи опозицијата се одржувала со наставките. Меѓутоа, со губењето на наставките, што е типично за западно-германските дијалекти, одржувањето на опозицијата се пренесува на поранешните алафони и тие стануваат фонеми. Фонологизацијата на алафонот *o*, секако била олеснета со фактот, што во даденият вокален систем немало *ŏ*, а постоело *ō*, што можело да влијае за создавање на паралелизам во вокалниот систем[2]).

3.

Фонологизацијата на алафоните *io* и *iu* се врши малку поинаку Имено, освен губењето на причинителот на комплементарната дистрибуција на алафоните, за фонологизирањето на овие алафони помага и фактот што тие се слеваат со веќе постојните фонеми во старо-високо-германскиот вокален систем, спротивно на *o* и *ē*, кои се сосем нови фонеми. Тоа се случува во еден подоцнежен период, во средно-високо-германскиот, меѓутоа, во суштината ништо не се менува. Во средно-високо-германскиот крајните вокали преоѓаат во *e* и со тоа исчезнува причинителот на комплементарната дистрибуција на алафоните *iu*, и *io*. Истовремено дифтонгот *io*, преоѓа во *ie*. Меѓутоа, дифтонгот

[1]) W. G. Moulton: Zur Geschichte des deutschen Vokalsystems, стр. 8, vo Beiträge zur Geschichte der deutschen Sprache und Literatur.

[2]) Сравнительная грамматика германских языков, II, стр. 113

ie во ср. -в. -г. се добива и од ст. -в. -г. дифтонг *ia*, кој потекнува од германското $\bar{e}_2$. Значи, во ср. -в. -г. доаѓа до слевање на два ст. -в. -г. дифтонга, *io* и *ia* во *ie*. Од друга страна ст. -в. -г. дифтонг *iu*, во ср. -в. -г. се монофтонгира во [у:] и се слева со ср. -в. -г. [у:] добиено со умлаут од *u* (*hūs* — *hiuser*, в. долу) и има ист развој со него. Во ст. -в. -г. може да се допушти дека во зборовите *liuhten lioht* се работи за алафони, слично како во *biogan*, *biugu*, во ср. -в. -г., меѓутоа имаме посебни фонеми: [у:] во *liuhten*, кој се потпира врз [у:] во *hiuser* и *ie* во *lieht* кој се потпира на *ie* во *hieʒ*. Кај глаголските парадигми по исчезнувањето на причинителот на комплементарната дистрибуција, со дејствувањето на аналогијата дошло унифицирање на системот, па имаме *biegen* и *biege*.

Фонологизацијата на *ō* и *ou* била уште побавна, бидејќи причинителите на комплементарната дистрибуција се стабилни, пред сè денталите, кои се причина за алафонот *ō*. Тргнувајќи од ваков начин на гледање на работите имаме право да сметаме дека овие два гласа биле алафони во текот на целата старо-високо и средновисоко-германската епоха, бидејќи и во двете овие епохи *ō* и *ou*, се јавуваат во токму определени услови: *bōt* (пред дентал), но *frouwe*. Дури во ново-високо-германски доаѓа до нивната фенологизација, кога рефлексот *au* од *ou* се слева со рефлексон *au* од *ū*: *frouwe* — *Frau* : *hūs* — *Haus*.

4.

Сега доаѓаме на прашањето за алафоните [а, е]. Меѓутоа, со оглед на тоа дека во ст. -в. -г. постои уште и *ë* од и. -е *e*, ќе го прошириме ова прашање и на односот на *e* спрема *ë*, а со оглед на примерите *gëban* — *gibit*, *ërda* — *irdīn*, кои се слични со примерите **wurðiʒ* -**worðan* и *biogan* — *biugu* и на односот на *ë* спрема *i*.

Примерот *gëban* — *gibit* укажува на можноста во гласовите *ë* и *i* да гледаме два алафони на еден фонем, слично како што тоа беше со *u* и *o*. Меѓутоа, на ваков заклучок му противречат партиципите на I. аблаутен ред од јаките глаголи, кои гласат: *gi-smitan*, *gi-ritan* итн. Значи, освен комплементарната дистрибуција, која е очигледна во примерите *gëban* — *gibit*, во старо-високо-германски постојат и зборови како *fisc* (риба) и *ëzzan* (јаде), во кои *i* и *ë*, се самостојни фонеми, наследени од индо-европскиот[3]). Дека тука се работи за посебни фонеми, а не за алафони уште појасно се гледа ако се споредат формите *ëzzan* (со *ë* од и. -е. потекло) и *gi-snitan* (со *i* исто така од и. -е. потекло, одн. нулта степен од и. -е. дифтонзи *oi*, *ei*), кои во следниот слог го имаат вокалот *a*. Краткото *i* во *gi-snitan* не минало во *ë* под дејството на *a*, бидејќи се потпирало на веќе постојниот фонем *i*. Фактот што *ë* преоѓа во *i* под дејството на *i* зборува не за тоа дека се работи за два алафона, туку само за тоа дека умлаутното дејство на вокалите од преден ред е посилно во

[3]) Поинаку Науман. Naumann: Althochdeutsche Grammatik, стр. 19—20.

ст. -в. -г. отколку на оние од заден ред. Впрочем, *ë* може да остане и тогаш кога во следниот слог се наоѓа *i*, како што е тоа случај во примерите *wëlih*, *lëdih*, што зборува за тоа дека *ë*, како фонем наследен од и. -е. можел да биде и стабилен, одн. да не погледне на дејството на умлаутот.

Прашањето на односот меѓу *e* и *ë* се состои во тоа дали се тоа алафони или фонеми. Споредувајќи ги формите *gëban — gibit* и *faran — ferit*, може да се помисли дека и тука се работи за комплементарно дистрибуирање на *ë* и *e* и тоа *ë* пред *a*, и *e* пред *i*. Но, овде лесно може да се одговори дека во ст. -в. -г. *ë* и *e* се посебни фонеми, бидејќи, прво, тие се наоѓаат во опозиција, како што покажуваат ср. -в. -г. примери *wëgen* (тежест) и *wegen* > *wagjen* (се движи)+, второ, горенаведените примери *wëlih* и *lëdig* покажуваат дека *ë* може да се најде и пред *i*, и трето, *ë* и *e* имаат и граматичка функција: *gëbet* (императив) и *ferit* (3. лице презент), што станува од особено значење во ср. -в. -г. кога ненагласените вокали преоѓаат во *e*.

Од примерите *lang — lengiro*, *lamb — lembiro* и *faran — ferit* јасно се гледа дека во ст. -в. -г. *a* и *e* се наоѓаат во комплементарна дистрибуција: *a* пред *a* и *e* пред *i*, одн. дека се работи за алафони. Фонологизацијата на овие алафони не одела по ист пат како кај *u* и *o* бидејќи наведените примери покажуваат дека причинителот на алафоните, т.е. следниот слог, никогаш не исчезнал, дури ни тогаш, кога наставките *-iro* и *-it* во ср. -в. -г. минале во *-er* и *-et*, зашто *e* во неакцентираниот слог, без оглед на неговиот изговор е знатно повисоко од *a*. Дури, чувањето на наставките кај овие граматички категории — градење на множина кај некои именки, градење на компаратив кај придавките и градење на 2. и 3. лице на презентот кај јаките глаголи — ја прави појавата на новиот вокал *e* редундантна. Поради сето тоа имаме причина да сметаме дека *a* и *e* во ст. -в -г. период останале алафони, кои поради звуковната оддалеченост се бележеле со посебни знаци.

5.

Средно-високо-германскиот ги наследил од старо-високо-германскиот следниве вокали:

кратки: *i, e, ë, a, o, u*
долги: *ī, ē, ā, ō, ū*
дифтонзи: *ei, ie, ou, uo,*

значи 15. Меѓутоа, ср. -в. -г. вокален систем ги има следниве вокали:

кратки: *i, e, ë, ă, a, ü, ö, o, u*
долги: *ī, ē, æ, ā, ō, ü, ö, ū*
дифтонзи: *ei, ie, ou, uo, öu, üe,*

односно 23 вокали.

[4]) Fourquet: The Two e's of Midle High German: a Diachronic Phonemic Aproach, стр. 122.

Како дошло до зголемувањето на бројот на вокалите?

Од фонетска гледна точка дејствувањето на *i* врз претходниот слог во ст-в.-г. не се ограничувало само врз *a*. Од ова дејствување не можеле да останат слободни ни останатите задни вокали. Тоа значи дека и вокалите *u, o, a, u, o, a, ou, uo* веќе во ст.-в.-г. се појавувале со алафоните [u, ü], [o, ö], [a, ä], [u, ü], [ō, œ], [a, æ], [ou, öu], [uo, üe], меѓутоа дури во ср.-в.-г. добиле графичко обележје. На пр. *sun* — пл. *suni* (ст.-в.-г. *suni*) *hūs* — пл. *hiuser* (ст.-в.-г. *hūsir*), *hœher* (ст.-в.-г. *hōhir*) итн.

Во средно-високо-германскиот краткото *a* бидува уште еднаш умлаутирано. Резултатот на овие два умлаута, на ст.-в.-г. (или стариот) и ср.-в.-г. (младиот или секундарниот) се, судејќи по графијата, два различна фонема *e* и *ä*.

Прашањето што овде се поставува е: со оглед на тоа дека овде се работи за два вокала кои имаат исто потекло (умлаут), но настануваат во две различни епохи, и со оглед на тоа дека имаат исти горенаведени функции дали се тоа два различии фонема или се алафони на еден ист фонем? За да одговориме на ова прашање треба да се види во кои услови се јавува ср.-в.-г. *ä*. Овој глас се јавува како резултат на умлаут на *a* пред консонантските групи *ht, ft, lt*, пред кои во ст.-в.-г. краткото *a* не можело да биде умлаутирано. Така имаме:

ст.-в.г.: *gast- gesti, lang — lengiro, faru — ferit*, но: *maht — mähti, alt aitiro, haltu haltit*.

ср.-в.-г. *gast — geste, lang — lenger, vare — vert*, но: *maht mähte, alt — älter, halte — hält*.

Од овие примери се гледа дека *e* во *geste, lenger, vert* и *ä* во *mähte, älter, hält* во ср.-в.-г. имале иста граматичка функција па можеле да стојат во комплементарна дистрибуција и тоа *ä* пред одредени консонантски групи, а *e* во сите останати позиции. Дури новогерманскиот правопис ја отстрани ортографската разлика на овие два алафона.

Што се однесува до фонологизацијата на останатите умлаутирани алафони во ср.-в.-г., таа можела да се изврши во време кога формите со умлаутираните алафони почнале да градат опозиции со формите во кои алафоните не биле умлаутирани, значи кога се појавиле минималните парови: *Tochter — Töchter, mochte — möchte, Mutter — Mütter*. Слевањето на *e* и *ä* во еден фонем имало за последица да се создаде опозиција спрема *a* во слични граматички категории како горе: *Vater — Väter, hatte — hätte* итн.

6.

Преминувајќи од средно-високо-германски во ново-високо-германски, вокалниот систем уште еднаш се промени, овојпат според нови критериуми, пред сé според тоа дали вокалот се наоѓал во отворен или затворен слог. Во ср.-в.-г. долгите и кратките вокали можеле да стојат во сите позиции независно од карактерот на слогот, а единствено зависно од потеклото на вокалот. Така во *gap*, *a*-то било кратко, бидејќи потекнува од и.-е. кратко *o*, иако се наоѓа во отворен слог. Од друга страна *o* во *hōrchen* е долго бидејќи потекнува од и.-е. дифтонг *ou* (гр. α- κουων — слушам), иако слогот е затворен. Во современиот германски јазик имаме *gab* [ga:p] (*a* е долго бидејќи се наоѓа во отворен слог) и *horchen* [hɔrçən] (*o* е кратко бидејќи се наоѓа во затворен слог). Ср.-в.-г. фонеми [*ē*] и [*e*, *ä*] во ново-високо-германски стануваат фонеми [ɛ] или [ē:] во зависност од тоа, како што рековме горе, дали се наоѓале во отворен или затворен слог. Ср.-в.-г. *nēmen* во н.-в.-г. станува *nehmen* [ne:mən], ср.-в.-г. *edel* од ст.-в.-н. *edili* (*e* е и-умлаут од *a* сп. ст.-в.-г. *adal*), во н.-в.-г. станува *edel* [e:dəl], ст.-в.-г. *fravali*, ср.-в.-г. *frävale* (*ä* е секундарен умлаут од *i* во третиот слог), во н.-в.г. станува *Frevel* [frē:fəl].

Меѓутоа истите вокали може да останат и кратки односно доколку се најдат во затворен слог. Така, ст.-в.-г. ëззап, ср.-в.-г. ēззen, н.-в.-г. *essen* [ɛsən]; ст.-в.-г. *gesti*, ср.-в.-г. *geste*, н.-в.-г. *Gäste* [gɛstə]; ст.-в.-г. *altiro*, ср.-в.-г. *älter*, н.-в.-г. älter [ɛltɐ].

Според истите критериуми може и ср.-в.-г. вокали *ē* и æ да станат и кратки: ср.-в.-г. *hērre*, н.-в.-н. *Herr* [hɛr]; ср.-в.-н. bræhte, н.-в.-г. *brächte* [brɛhtə]; или тие може да останат и долги: ср.-в.-г. *sēle*, н.-в.-г. *Seele* [ze:lə); ср.-в.-г. bequæme н.-в.-г. *bequem* [bəkvē:m].

Слични процеси се одиграле и со другите ср.-в.-г. вокали. Така, ново-високо-германскиот вокален систем се состои од кратки и долги вокали прикажани во шемата 1.



Шема бр. 1

Од шемата се гледа дека кратките и долгите вокали се наоѓаат во опозиција на два нивоа: во квалитет и во квантитет. Општото правило гласи дека долгите вокали се позатворени од кратките. На пр. *Miete* [mi:tə] — *Mitte* [mitə]; *fehlen* [fē:lən[— fällen [fɛlən]; *fühlen* [fy:l n] — *füllen* [fylən], итн. Значи во фонолошкиот систем на германските вокали постои паралелизам меѓу кратките и долгите вокали.

Меѓутоа, овој паралелизам е нарушен со постоењето на едно долго и отворено *е* одн. [ɛ:], за кое В. Г. Молтон вели „[das keine Geschichte im gewöhnlichen Sinne des Wortes hat, sondern lediglich ein papiernes, oft prekäres, aber immerhin brauchbares Dasein fristet"[5].

Овој глас сепак не е сосем без „историја". Еве неколку примери од кои се гледа дека тој е наследен од ст.-в.-г.

Н.-в.-г. *Märchen* [mɛ:rçən], ср.-в.-г. mære, mærelin од ст.-в.-г. *märi*. Слично: *säen*, [zɛ:ən] ср.-в.-г. sæjen, ст.-в.-г. *sājen*; *māhen*, [mɛ:ən] ср.-в.-г. mæjen, ст.-в.-г. *mājen*. итн. Фактот дека во ст.-в.-г. покрај формите *sājen*, *mājen* напоредно постојат и формите *sāen*, *māen* укажува на тоа дека веќе во ст.-в.-г. постоел алафонот æ. Понатамошни примери на етимолошко [ɛ:] се *gābe* [gɛ.bə] ср.-в.-г. gæbe, ст.-в.-г. *gābi*; *wāre* [vɛ:rə], ср.: в.-г. wære, ст.-в.-г. *wāri*, итн.

Во голем број случаи во н.-в.-г. настанало со продолжување на вокалот во отворен слог: ср.-в.-г. *tal*, пл. *täler*, н.-в.-г. *Täler* [tɛ:le]. Од слично потекло е [ɛ:] во зборовите *Räder*, *Gräber*, итн.

Во исвесен број случаи [ɛ:] настанало благодарејќи на употребата на графијата *ä* наместо ср.-в.-г. *ë* и *e* во отворен слог: *gebërn gebären*, *bër Bär*, *erwëgen erwägen*, *jëten jäten*, итн. Или: ср.-в.-г. *weln* (ст.-в.-г. *wellen*, гот. *waljan*), н.-в.-г. *wählen*. Спореди: н.-в.-г. *legen* [le:g n], ср.-в.-г. *legen*, гот. *lagjan*. И во двата случаи се работи за едно *e* добиено со и-умлаут. меѓутоа, графијата беше меродавна што во н.-в.-г. еднаш се јавува фомот [ɛ:], а другпат [e:]

Фонемот [ɛ:] во н.-в.-г. не е значи без историја. Тој се наоѓа во опозиција со своите соседни фонеми [e:] и [ɛ]. На пр. Ehre [e:rə] — Ähre [ɛ:rə]; (ich) wehre [ve:rə] — (ich) wäre [vɛ:rə]. Или: Táler [tɛ:le] — Teller [tɛle].

Но, ако по секоја цена се сака да се бара прекерност на овој фонем, тогаш таа се наоѓа во фактот што тој гради опозиција спрема [e:] и [ɛ] само на едно ниво: во квалитет (спрема [e:]) и во квантитет (спрема [ɛ]), а не на два како останатите фонеми.

Dušan TOMOVSKI

PHONOLOGY OF SOME ALOPHONES IN THE GERMAN LANGUAGE

S u m m a r y

By using minimal pairs the author tries to explain the existence of certain phonemes in Old High German which weren't inherited from

[5]) W. G. Moulton. op. c. стр. 35.

Indo-European by phonetic development. An attempt has been made to explain the mechanism of the phonologization of the alaphones. The phonemes which are in question are, in OHG: *o, e, ō, ē, iu, io*; and in MHG: *ä, ü, ö, æ, œ, ü, öu üe*. Some of the results achieved by W. G. Moulton and J. Fourquet in the field of this problem have been utilized.

ЛИТЕРАТУРА

Wiliam G. Moulton: Zur Geschichte des deutschen Vokalsystems, vo „Beiträge zur Geschichte der deutschen Sprache und Literatur", 83, Tübingen, 1961, стр. 1—35

Сравнительная грамматика германских языков, II. Фонологија. Во редакција на М. М. Гухман. В. М. Жирмунский, Е. А. Макаев и В. Х. Јарцева, Москва, 1962

Hans Naumann: Althochdeutsche Gramatik, Sammlung Góschen, Berlin — Lajpcig, 1923.

J. Fourquet: The two e's of Middle High German: A Diachronic Phonemic Approach, vo „Word", New York, 1952, 8, Nr. 2, стр. 122—135.

Х. ПОЛЕНАКОВИЌ

БЕЛЕШКИ ЗА МАКЕДОНСКИТЕ СТУДЕНТИ И НИВНИТЕ СТУДИИ ВО XIX ВЕК

I

Прашањето со македонските студенти и нивните студии во минатото, и пред сè во XIX век, колку што мене ми е познато, никој досега кај нас во целина не го разгледал. Навистина постојат одделни прилози во кои се говори за некои студенти, но прашањето заслужува да биде простудирано колку е можно поцелосно, бидејќи правилното и сестраното расветлување на ова прашање може во голема мера да помогне за реалното разбирање на карактерот и дејноста на голем број наши луѓе во минатото. Од тоа каде некој наш млад човек се школувал, студирал, чија култура и наука примил и засакал, какви врски понатаму во животот одржувал со односниот универзитет и земја, често зависела и неговата ориентација и активната ангажираност на нашиот терен. Оттука и доаѓа: елинофилството, русофилството, франкофилството, србофилството, бугарофилството и толкуте други филства, што се особено карактеристични за многу наши луѓе од XIX век, кои инаку играле важна улога во животот на нашиот народ во времето на преломните години од неговата историја.

1.

Интересирајќи се за судбината на низа истакнати трудбеници на македонското народно дело во минатото, можев да приберам прилично податоци и за тоа каде тие, како млади луѓе, го оформувале своето образование, каде студирале, што студирале и под какви услови одело тоа студирање.

Податоците, што се патем собирани, се далеку од тоа да претставуваат една целост; тие — заедно со сугестијата што овој мој прилог треба да му ја даде на идниот истражувач на ова прашање — можат секако да претставуваат извесен скромен придонес кон што поцелосното решавање на поставеното прашање. Инаку, расветлувањето на ова прашање, во најможната целост, ќе се реализира откако ќе се проучат

универзитетските архиви во Атина, Цариград, Виена, Прага, Лондон, во руските, германските, италијанските, швајцарските универзитетски центри, секаде каде што младите Македонци оделе на студии во минатото, и особено во XIX век, за кој век во овој прилог се даваат податоци.

Во разгледувањето на ова прашање, природно, ќе треба да се осветлат низа околности и услови под кои се одвивало студирањето на нашите луѓе во странство. Пред сè, ми се чини, во прв ред за проучување доаѓа прашањето за режимот на студиите на односните универзитети на коишто студирале нашите луѓе во поголем број (Атина, Москва). Со какви квалификации можело да се стапи на универзитет? Во прво време, на Атинскиот универзитет, како и на руските универзитети до 1876 година (според И. С. Аксаков, Славянский вопрос, 1886) при запишувањето на универзитет се полагал приемен испит. Овој испит се состоел од разни предмети, што се менувале во текот на времето. Претходните квалификации не биле цврсто определени. Не се барала гимназиска матурска диплома. Така, на Атинскиот универзитет, според пишувањето на Григор Прличев, познатиот наш поет, кој таму студирал медицина, приемниот испит се состоел, во 1849 година, „само по елински" јазик, без оглед на претходната школска спрема на кандидатот. На руските универзитети се стапувало, исто така, откако би се положил приемниот испит, за кој кандидатите се подготвувале неколку години во гимназиите (случајот со Рајко Жинзифов), а можело да се стапи на универзитет и со завршена богословска семинарија. Добар дел од нашите студенти, од разни причини, не можеле да ги завршат студиите, туку некои ги прекинувале, други умирале, мнозина се враќале назад, а некои останувале во странство. Оние што дипломирале, добивале дипломи со кои можеле да ја вршат односната пракса. Поради тешките политички и културни прилики кај нас, мнозина од дипломираните студенти останувале во односните земји, течејќи таму кариера, но и понатаму одржувајќи врска со татковината и помагајќи ѝ на разни начини (Рајко Жинзифов и др). Имаме податоци дека надлежните органи, на пример во Русија, каде, релативно, имало најмногу македонски ученици и студенти, преземале мерки против нередовните студенти и ученици, кои ја смекавале редовноста во школската работа.

* *
*

Кон ова би требало да се проучат и наставните планови и програми, за да се види што добивале студентите од своите наставници во текот на студиите. Се разбира дека е важно да се утврдат и имињата на наставниците, што нашите студенти ги слушале и со кои доаѓале често во допир. Сето ова, природно, би било проучувано во разумна мера, доколку е тоа потребно за подоброто разбирање на идната дејност на нашите студенти. Познато е, да земеме неколку примери, дека про-

фесорот на Петроградскиот универзитет И. И. Срезневски му бил наставник на првиот наш славист, кој завршил факултетски студии, Константин Д. Петковиќ, башиноселец и дека професорот бил доста близок со својот студент, добивајќи од него различни податоци, пред сè во врска со јазикот и етничката положба во Македонија. Кога на проф. И. И. Срезневски му било потребно да ја провери автентичноста на пишувањата на својот колега од Казанскиот универзитет, Виктор Иванович Григорович, за богатството на светогорските и другите македонски манастири со драгоцени книжевно-историски споменици (В. И. Григорович ја пропатувал Македонија, Бугарија, во 1844—1845, собирајќи разни јазични и книжевно-историски споменици; неговите пишувања во врска со пронајдоците на спомениците и начинот како тој ги добивал тие предизвикале голема возбуда во научните кругови), тој го испраќа својот ученик Петковиќ, Македонец, на теренот, по Македонија и особено во Света Гора, да ги проверува изјавите на В. И. Григорович, и како резултат на тоа проверување се јавува книгата на Петковиќ: „Обзор Атонских древностей". — Од времето на студиите на Григор Прличев во Атина познати се неколку негови професори, чии имиња ни ги соопштува Прличев во својата „Автобиографија", истакнувајќи го фактот дека тие повеќе му ги одмилиле студиите на медицината отколку што му помогнале да ја засака медицината. И во врска со студиите на Константин Миладинов се споменува името на еден научник чиишто студии предизвикале особено жив интерес кај идниот поет, бидејќи во тие студии се говорело за блискоста на грчкиот со словенските јазици. Наставниците на Константин Миладинов, а потоа и на Рајко Жинзифов и група наши студенти во Москва, од 1858—1864, ни се познати: Осип М. Боѓански, Феодор Буслаев, Н. Тихонравов, Нил А. Попов и др. Тие преку своите предавања, и печатените дела, влијаеле со своите погледи врз ставовите на своите ученици, кои ставови ќе се изнесат во моментите кога нашите студенти ќе имаат прилика нешто да напечатат.

2.

Секако дека заслужува внимание прашањето за тоа кој ги издржувал нашите студенти за време на студирањето. *Издршката* на нашите студенти во минатото не била решавана еднообразно. Децата на економски јаките фамилии лесно се издржувале од нивните родители, бидејќи, главно, се школувале во оние универзитетски центри каде што нивните родители имале трговски куќи или одржувале трговски врски со тие места. Покомплицирано и потешко одело со студирањето на сиромашните студенти. Да се потсетиме на незгодите што ги имал Григор Прличев во текот на своите студии. Со заштедените 1500 гроша тој отишол во Атина, да студира медицина, но крајот на оваа скромна сума дотолку побргу се ближел, доколку интересот на поетот за медицинските студии се повеќе опаѓал. За да си помогне некако, Прличев морал да држи приватни часови по француски јазик

на некои ученици, синови на газдинската охридска куќа Робевци, кои се школувале во Атина, па откако му пресушил овој извор, тој се зафатил со старата работа, практикувана во Охрид — со препишување на цели дела, за што добивал скромна награда. Но и тоа не било доволно и тој морал да ги прекине своите студии, за да ги продолжи цели десет години подоцна, откако спечалил доволно пари . . . И Рајко Жинзифов се наоѓал во иста тешка материјална положба. Макар што добивал една мала стипендија, во износ од околу 17 рубли, тој бил принуден хонорарно да служи како библиотекар во една приватна библиотека во Москва, односно, едно време, да ги поучува децата на некои богати фамилии. Со колкава горчина пишува Жинзифов за материјалните тешкотии што го придружувале за сето време на студиите! — Студирањето на некои наши студенти било овозможувано со стипендирањето (односно давањето еднократни или повремени помошти) на одделни црковно-школски општини. Познато ни е, на пример, дека Константин Миладинов, првиот наш вистински поет, бил испратен на студии во Атина со помошта на општината на селото Магарево, кај Битола, каде што тој бил учител. Магаревчаните му дале помош под услов, по завршувањето на студиите, да отслужи неколку години во Магарево, што Константин го исполнил по завршувањето на студиите. Треба да се претположи дека ваквата помош на разните црковно-школски општини кај нас била прилично вообичаена. Нашите студенти добивале помош, или заеми, од разни завештанија, фондови, друштва, комитети, владетели. Еве неколку примери. За едно завештание што постоело во Атина, во времето на престојот на Прличев во главниот град на Грција, кога имало приличен број наши студенти на тамошниот Универзитет, ни зборува Прличев во својата „Автобиографија“: „Има тука — во Атина — едно богато завештание од еден Македонец, жител на Блаца, се вика Вељо. Тоа завештание е наменето исклучиво за стипендии на сиромашни Македонци“. Прличев се јавил за една стипендија од ова завештание, но не успеал да ја добие, бидејќи, како што често се случувало, сите места биле зафатени со „тамошни“ студенти. — Некои наши студенти добивале помош и од едно бугарско настојателство, што било основано во Одеса 1853 (случајот со Константин Миладинов кога, без средства, при крајот на 1856 дошол да студира во Русија). Повеќето од нашите студенти во Москва добивале една многу скромна стипендија од Московскиот славјански благотворителен комитет (основан на 26.I.1858). Имаме податоци и за тоа дека рускиот император давал годишно по пет илјади рубли во сребро како помош за образованието на јужнословенските ученици и студенти што се школувале во Русија.

3.

Идниот историчар на нашето универзитетско школство ќе треба да го проучи и прашањето за сместувањето на студентите во текот на нивните студии по разните универзитетски центри. Добар дел од студентите живееле по приватни станови, во скромни соби (за тоа дава

податоци Прличев; зиаеме и за Жинзифов) поединечно или по неколкумина заедно. Но имаме податоци дека и поголеми групи студенти живееле заедно во некои домови, пансиони. Од едно писмо на Константин Миладинов, од 1859 година, упатено од Москва до бугарскиот револуционер Георги С. Раковски, дознаваме нешто за сместувањето на нашите студенти: „Сите Македончиња — пишува Миладинов — заедно седиме на едно место и над ним имам свевозможно попечение за да успеем на науката поскоро . . .“ — Во 1863 година, во Николаев, е основан специјален „Јужнословенски пансион“, во којшто биле сместени ученици и студенти што дошле во Николаев од разни јужнословенски земји.

4.

Животот на нашите студенти во светските универзитетски центри не се сведувал само на посетување на предавањата и вежбите, на учењето по библиотеките и полагањето испити. Тие, наоѓајќи се далеку од родната земја, во поиздигната средина, каде имало студенти од разни земји, што студирале со нив, се дружеле меѓусебно и се организирале во разни културно-просветни и револуционерни друштва. Во овие друштва, на состаноците, се разгледувале разни прашања што ги интересирале студентите, а пред сè прашањата за решавање разни проблеми што биле во врска со прашањето за националното и политичкото ослободување на родната земја, со преземање на разни културно-просветни акции и сл. Во врска со работата на студентите во ваквите друштва треба да се спомене постоењето на едно „Македонско општество“, што некаде од 1839/1840 година работело во Атина на подготвувањето востание во поробената татковина. За жалост, за ова Општество многу малу се знае; она што се знае се наоѓа во изјавата на Г. С. Раковски, што ја дал на сослушувањето во врска со едно револуционерно движење во Браила, Романија. Од 1873 година, во Цариград, постои една „Македонска дружина“, што издавала и свои публикации. Ќе укажам уште на едно друштво на македонските студенти што постоело во Петроград. Тоа е Македонско научно-литературно другарство „Св. Климент“, во кое, меѓу другото, биле прочитани и продискутирани предавањата на Крсте П. Мисирков, пред да влезат како одделни глави во знаменитото дело „За македонцките работи.“

5.

Наоѓајќи се на универзитетите, нашите студенти основале весници и списанија, во коишто печателе свои книжевни творби и обиди на научно поле. Веќе во 1860 година во Москва нашите студенти, и некои бугарски студенти, го издаваат списанието „Братски труд“. Главната работа околу уредувањето и пополнувањето со материјал на списанието била во рацете на Рајко Жинзифов. На Жинзифов му помагал и Константин Миладинов и со тоа што во списанието објавувал свои книжевни творби, научни обиди и материјали од приго-

вуваниот Зборник од народни песни. — Подоцна, името „Братски труд“ ќе го носи журналот на питомците на спомнатиот „Јужнословенски пансион“ во Николаев

Покрај овие прашања, идниот историчар на нашето универзитетско школство ќе треба да разгледа и некои други прашања, што би припомогло за поцелосното разбирање на проблемот на студирањето на нашите студенти во минатото.

II.

Во продолжение на овој прилог ќе дадам неколку податоци за тоа каде студирале некои наши студенти во минатото.

1.

Од народите што се територијално најблиску до нас, меѓу првите се ослободиле Грците. Набргу по ослободувањето на земјата тие го основале и универзитетот во Атина. На Атинскиот универзитет студирале не само Грци, туку и млади луѓе од другите балкански земји, особено оние што се наоѓале под големо влијание на грчката култура и просвета: Македонците, Бугарите, Власите, Албанците.

Како што може да се види од досега кажаното, некои од повидните наши преродбеници биле студенти на Атинскиот универзитет. Да се сетиме само на тажната воздишка на големиот наш поет Прличев, кога го изјавил своето жалење дека во моментите кога се одлучувала неговата судбина немало некој што би го советувал да оди на студии „во Киев или Прага“, туку го испратиле во Атина (во „Мечта на еден старец“), а тоа испраќање во Грција го објаснува и, донекаде, оправдува со зборовите: „А пак тогаш само името на Атина и Јанина звучеше у нас“ (во „Автобиографијата“). Со неколку зборови, веќе го прикажавме студирањето на Прличев на Атинскиот универзитет. Во неговата „Автобиографија“ тој прилично место му дава на својот престој во Атина. Поради немаштијата, а и поради незаинтересираноста кон медицинските студии Прличев не ги завршил своите студии, туку се вратил во татковината, и го завршил својот живот како учител и борец за народното дело. Познато е дека за време на вториот престој во Атина, кога отишол да ги продолжи своите студии, тој успеал на поетскиот конкурс, во 1860 година, да го добие ласкавиот епитет „втор Омир“ и лаворов венец, за којшто мечтаел десет години, уште од првиот престој во Атина, кога започнал, како млад студент, да се занимава со поезија.

Во истото време кога студирал Прличев на Атинскиот универзитет, таму имало уште цела група македонски студенти, од коишто ќе споменам неколку од поважните. Изгледа најблизок до Прличев бил охриѓанецот Јоан Хармосину, подоцна Јоан Генадиев (1829—1890). Хармосину-Генадиев студирал филолошки науки. Во 1852 г. тој об-

јавил една збирка поетски состави на грчки јазик; покрај неговите состави, во истата книга, се објавени и неколку стихувани гатанки од Прличев. Подоцна Хармосину-Генадиев ќе има еден доста кривулест пат, ќе пишува низа статии со религиозна тематика; важни се неговите преокупации со музиката: компонирал неколку школски песни на македонски јазик, а покрај тоа „го нагласил источноцрковното пеење на словенски црковни текстови, со изменување на некои грчки ноти." Во Цариград, во 1869, издал една „Пасхалия". — Видовме дека на Атинскиот универзитет ги завршил филолошките студии и Константин Миладинов, идниот наш поет. На Атинскиот универзитет студирал и Јанаки Стрезов (1850—52), вујко на плодниот собирач на македонски народни умотворби и познатиот учебникар Кузман А. Шапкарев. Како учител по разни места во Македонија, Јанаки Стрезов активно учествувал во народната пробуда. Важен е и по тоа што се јавува како еден од првите собирачи на македонски народни песни во почетокот на шестата деценија на минатиот век, којшто со својот пример му дава поттик на Шапкарев да се зафати со собирање народни умотворби, препуштајќи му ги собраните материјали на својот внук Кузман. — Атински воспитаници се и Партенија Зографски, познатиот наш преродбеник, Антим Ризов од Струмичко, кој завршил теолошки студии и станал игумен на Зографскиот манастир; потоа Јоан Жинзифов, таткото на познатиот поет Рајко Жинзифов; Иван Б. Шумков, од село Цер во Демирхисарско, подоцна станал учител во Крушево и други места во Македонија; Киријак Држиловиќ, познат културеи работник и печатар во Солун во првите години од втората половина на XIX век; Петар Мишајков, идниот владика Панарет, и неговиот брат Константин Мишајков, обајцата од Битолско; од Битола е и некој П. Димковиќ-Радевиќ, којшто, покрај во Атина, студирал и во Виена, да биде ангажиран, по враќањето дома, и околу основањето на битолското читалиште; во Атина студирал и охриѓанецот Маргарит Димица, којшто ќе се прослави, како грчки научник, со своите студии од античката историја, станувајќи и професор на Атинскиот универзитет. — Ова е само еден, многу мал, дел од нашите луѓе што студирале во Атина во минатиот век. Со проучувањето на архивата на Атинскиот универзитет, без големи тешкотии, овој број ќе може да се наголеми неколку пати.

2.

Русија, која во XVIII век, и особено во XIX век, стануваше сè посилна и се јавуваше, врз база на православната и словенска линија — како заштитник на поробените словенски (и други) балкански народи под Турско, ги привлекуваше погледите на мнозина јужнословенски и балкански луѓе, особено на младината, којашто одеше на школување во Русија. По разните руски гимназии, духовни академии и на универзитетите наоѓаме знатен број ученици и студенти од разните балкански земји. Школувањето на јужнословенските ученици и студенти се овозможувало на разни начини, како што е тоа, главно,

кажано порано. До особено наголемување на јужнословенски младичи на руските универзитети и други школи доаѓа по Кримската војна, кога во Русија организирано се работи на привлекувањето на млади луѓе од кај Јужните Словени и на помагањето на нивното школување. Од ова време може да се смета и со доаѓањето на некои наставници на руските универзитети, коишто со својата наставничка и научна работа ќе го издигаат реномето на универзитетите на коишто работеле. Од поистакнатите јужнословенски луѓе што работеле на руските универзитети споменувам само неколку: Ватрослав Јагиќ, од Вараждин, професор на Одескиот и подоцна на Петроградскиот универзитет, еден од најславните слависти воопшто, потоа Валтазар Богишиќ, од Цавтат, професор на Одескиот универзитет, прочуен правник, и Марин Дринов, од Панаѓуриште, професор на Универзитетот во Харков, прочуен историчар и филолог. Знатниот дел ученици и студенти на руските универзитети и школи, што се враќале во своите земји, по завршеното школување, задоени со руската култура, претставувале пропагатори на руската култура и политика во односната земја, а тоа била и една од главните цели на бројните комитети и организации што, во Русија, ги прифаќале и ги помагале јужнословенските младичи.

Меѓу другите ученици и студенти, кои доаѓале во Русија од земјите што се наоѓаа под турското ропство, имало и не мал број Македонци. За жал, и во овој случај се повторува случајот со студентите на Атинскиот универзитет. Во изнесувањето бројот на студентите што студирале на руските универзитети, овдека ќе може да се даде одвај помалиот број, со кој никако не се претендира ни на една целост во поглед споменувањето на сите руски универзитети на коишто имало македонски студенти.

Мнозина македонски младичи студирале на разни духовни семинарии во Русија (на пр. познатиот учебникар Партенија Зографски ја завршил Московската духовна академија; Натанаил Охридски, од Кучевиште, познат политички деец, ја завршил Киевската духовна академија; Мелетиј Зографски-Софијски започнал да студира на Духовната академија во Петроград, но поради болест ја напуштил Русија; Петроградската духовна академија ја завршил прилепчанецот Методија Кусевич итн.).

Меѓу првите Македонци, што студирале на руските универзитети се браќата Константин Д. Петковиќ и брат му Андреја Д. Петковиќ, од Башино Село. Постариот Константин (роден 1826) е прв македонски славист што завршил факултетски студии. Неговото име се спомна порано, во општите забелешки. Тој го завршил Петроградскиот универзитет кај професорот Измаил И. Срезневски. По негова сугестија Петковиќ започнува со преведување од разни словенски јазици на македонски, велешко наречие. Првиот превод од чешки јазик на македонски се должи на Петковиќ. Тој превел дел од „Кралевдворскиот ракопис", мистификацијата на чешкиот политички деец и поет Вацлав Ханка, и ја печател во изданијата на Петроградската

академија 1852. Една година подоцна тој ќе го отпечати во Цариград и првиот превод од словенечки јазик на македонски: повеста „Борис" од списателката Јузефина Турнограјска. Пишувал и стихови на македонски јазик, собирал народни умотворби и лексички материјал. Бил долго години во дипломатска служба на Русија (на пример генерален конзул во Дубровник и др.). — Помладиот брат Андрија, како и Константин ги завршил универзитетските студии во Русија и бил руски дипломатски службеник — конзул (на пример на Риека и др.). И овој, како и брат му, пеел на македонски јазик. Од поважните песни е неговата песна „Глас од далека земља", што до неодамна му се припишуваше на Константин Миладинов, а во која се жигосуваат злосторствата на велешкиот владика Авксентија.

Голем прилив на македонски — и воопшто јужнословенски — студенти во Русија имаме по свршувањето на Кримската војна. Еден од првите студенти што отишол во Русија е Константин Миладинов, кој неколку години ќе студира како вонреден студент на Московскиот историско-филолошки факултет, работејќи во меѓувремето на средувањето на материјалите за големиот Зборник од македонски народни песни (што ќе се печати дури во 1861 г. во Загреб со помошта на ѓаковечкиот бискуп Јосип Јурај Штросмаер) и пеејќи, како еден од првите наши луѓе, почувствувани, искрени и топли песни на македонски јазик. Константин Миладинов уште во 1852 г. требало да појде во Русија на студии, веднаш по враќањето од Атина, но приликите уште не биле созреани; неговиот пријател, а ученик на Димитрија Миладинов, Партенија Зографски, кој во тоа време бил наставник во словенската школа во Зографскиот манастир, му ветил да го испрати на студии во Русија, штом тоа ќе го дозволат приликите. И ете, при крајот на 1856 г. Константин оди во Русија. Набргу по него и цела една група од пет-шест „Македончиња". Престојувајќи во Цариград, како раководител на бугарската црква Св. Стефан, и одржувајќи најживи врски со руското пратеништво при Високата порта, Партенија Зографски е главен организатор за испраќање млади македонски луѓе во Русија на школување. Од архивските материјали, што неодамна имав можност да ги проучам, на Света Гора, станува јасно дека Партенија Зографски раководел со обезбедувањето средства за престојот на нашите младичи во Русија. Од руска страна таква улога имал Виктор И. Рачински, агент на Московскиот словенски благотворителен комитет, којшто доаѓал во Бугарија и Македонија убедувајќи ги младите луѓе да одат во Русија на школување. Подоцна Рачински станува и конзул во Пловдив, така што можел од теренот да го помага испраќањето на млади Македонци и Бугари во Русија на школување и да води борба против унијатското движење, коешто беше пропагирано во Македонија (особено во Кукушко) и Бугарија од страна на разни западноевропски пропаганди (австриска, француска и др.), а со цел да се попречи ширењето на руското влијание кај поробените балкански Словени, и место него да се прошируваат западноевропските влијанија. Константин Миладинов бил прифатен од Рачински и можел да стапи

на Историско-филолошкиот факултет како вонреден студент, како се вели веќе. — Во средината на 1858 од Кукуш за Русија оди и Рајко Жинзифов, којшто откако ќе ги сврши студиите од старогрчки јазик, ќе остане до крајот на својот живот во Русија, еднаш посетувајќи ја Македонија. Целата негова поетска, публицистичка и политичка дејност ќе се развива во Русија, каде ќе настојува да ја информира руската, и светската, јавност за патилата на поробеиниот македонски и другите поробени балкански народи. Во врска со можностите за студирање и воопшто за школување на македонски младичи во Русија интересно е едно писмо на борецот Димитрија Миладинов од 27 мај 1859 упатено до калуѓерите во манастирот Зограф, во кое се одушевува со можноста, младичи наши да одат во Русија, каде „ќе учат во гимназиите и универзитетите на Петроград, Москва, Киев, Одеса". — До 1859 година, како што се виде порано, на Универзитетот во Москва имало уште пет—шест македонски студенти: од Кукуш, Дојран, Воден: Константин и Димитрија Станишев, Ѓорѓи Стаменов и Никола Иванов, Андреја Стојанов и др. Знатен број македонски младичи ги започнале своите студии во Русија, но од разни причини не можеле да ги завршат, туку се враќале назад, некои од нив умреле таму. Така, Константин Х. Узунов, од Охрид, учител, кој прв го запознал К. А. Шапкарев со словенското писмо, по кратките престој во Русија, во 1860, таму умрел. Крушовчанецот Константин Везенков свршил студии на московскиот Медицински факултет во 1870, а како потполковник во руската армија учествувал во Руско-турската војна од 1877/78, во која бил и ранет. — Вениjамин Мачуковски, од Мачуково, Гевгелиско, откако во Москва ја завршил Духовната семинарија, се запишал на Историско-филолошкиот факултет, но поради болест се вратил во татковината, корисно работејќи на народното дело. Ѓорѓи К. Динката во Москва студирал од 1858 до 1860, но поради болест ги прекинал студиите. И Трајче Китанчев, од Ресенско, едно време студирал правни науки во Москва, но и него болеста го приморала да ги прекине студиите и да се врати во татковината. На Универзитетот во Одеса три години студирал Ефрем Каранов, од Кратово, но и тој ги прекинал студиите, за да се истакне подоцна во животот со своите фолклористички студии и ангажираност на собирањето народни умотворби од Македонија. Јосиф А. Ковачев, идниот познат педагог, во Киев студирал од 1864—1868 година духовна академија. Во тоа време во Киев студирала и Царева Миладинова, ќерка на истакнатиот борец Димитрија Миладинов. Право студирал кратко време на Универзитетот во Одеса и Атанас Бадев, од Прилеп. Подоцна студирал музика на Универзитетот во Петроград, станувајќи еден од првите македонски музички образовани луѓе. Во Прилеп, и подоцна во бугарската гимназија во Солун организирал хорови и предавал пеење. Од него останала „Златоустовата литургија за смесен хор" (Липиска, 1898). — Историско-филолошкиот факултет на Универзитетот во Харков го завршил велешанецот Димитар Матов, еден од најсолидните научници-филолози и фолклористи на времето. На Универзитетот во Петроград ги завршил медицинските студии Јован Шантровиќ, којшто службувал во Беровско,

а во Москва ги завршил медицинските студии и Владимир Руменов, од Крушево. На уметничките академии во Москва и Петроград студирал зографство Ѓорѓи Зографски од Велес.

Петроградскиот Историско-филолошки факултет го завршил и знаменитиот Крсте П. Мисирков, човек кој, во своето дело „За македонцките работи", на научна основа и убедливо го докажа правото на македонскиот народ на политичка, национална и културна самобитност во кругот на балканските народи.

3.

На Универзитетот во Цариград студирале знатен број македонски студенти: Медицинскиот, Правниот, Фармацеутскиот факултет. Од фрагментарните податоци со коишто располагам, би можел да наведам извесен број имиња, но тоа не се луѓе кои оставиле видни траги во историјата на својот народ во XIX и почетокот на XX век.

4.

Во последните децении на XVIII век и во текот на XIX век поголем број луѓе од сите области на Македонија одржувале живи трговски врски со разни градови во Германија, особено со Лајпциг, каде — и поради познатиот Лајпцишки панаѓур — редовно сме имале по една доста голема група македонски трговци. На Универзитетот во Лајпциг студирале повеќе наши луѓе: во четвртата деценија на XIX век. Ѓеорги Анастаси Кокошти, од Битола, студирал медицина, Павле Димитар Шатисталија, студирал филозофија. Кон крајот на минатиот век во Лајпциг студирале Ѓеорги Ангелов Ромби (Робе) од Битола, медицина; Лука Димитров, природни науки, Червен Иванов, од Кукуш, хемија, Димитар Матов од Велес, филологија, Димитар Точков, од Охрид, државни науки, гродолжувајќи ги студиите и во Хајделберг, Александар Балабанов, од Штип, класична филологија, Андреја Протич, од Велес и др. — На Универзитетот во Берлин студирале: Филип Марков, од Прилеп (1873), Јован Пантазиев од Крушево, кој подоцна станал професор во Атина, Христо Н. Татарчев и Божидар А. Татарчев од Ресен (последниве претходно своите студии ги започнале во Цирих), Светозар Атанасиевиќ од Куманово; во Минхен во 1891 година докторирал Александар Н. Папазоглу од Битола, печатејќи ја таму во таа година и својата докторска дисертација; во Ерланген завршил медицински студии Спиридон Јефтимијадис од Вилвиндол во Егејска Македонија.

5.

Знатен број македонски студенти студирале во Виена разни науки, пред сè медицински. Наши луѓе студирале во Виена и во XVIII век и во средниот век (некој Andreas de Macedonia студирал во Виена во XIV век; за тоа види: мојот прилог објавен во „Нова Македонија"

Marmier n'avait nullement, à dire vrai, l'intention de composer un réquisitoire contre la Sublime-Porte, ni de s' ingérer dans le problème difficile qu' on appelle la Question d' Orient. Mais il se sent obligé de dire, au moins quelques mots, sur l' état véritable de cette contrée. D'ailleurs, le fait qu'il s'était exprimé sur les autres Slaves des Balkans, lui imposait cette obligation:

[26]) Xavier Marmier: *Pétition pour la Bulgarie*, p. 20.
[27]) Xavier Marmier: *Du Rhin au Nil*, Paris, A. Bertrand, 1847, t. Ier, p. 300.
[28]) Ibid., p. 320.

„A Belgrade, à Cetinje, je me suis aussi enthousiasmé pour les vaillants combats de Kara-Georges, pour le noble règne du Vladika Pierre Ier, ce Louis XIV de la *Cernagora*, pour les héroïques légendes de Lazare et de Marko Kralievitch."[29])

Cependant, sans même en être très conscient, Marmier en a dit un peu plus qu'il ne pensait. A un moment où cette question insoluble de la libération des Slaves des Balkans s'imposait d' elle-même à l'attention de l' Europe, il a eu le mérite, comme le fera un Anatole France dans ses *Discours* de Paris et de Rome en 1903[30]) ou, un peu plus tard, un Henri Barbusse dans son livre *Les Bourreaux* et ses nombreux articles publiés en 1906 et 1930,[31]) d' exposer dans une pétition la situation réelle de la raïa soufrante sous le joug des Turcs et sous celui des *fanariotes* „livrés à une idée fixe: *gréciser* cette région slave."[32]) Et il fait même allusion aussi, très rapidement, à nous Macédoniens. Il n'a, malheureusement, pas visité la Macédoine et cela probablement parce qu' elle ne se trouva jamais sur sa route au cours de ses nombreux voyages à travers le monde. Mais il lui donne une importance égale à celle des autres pays: „Que la Bulgarie soit donc libérée de sa servitude! — s'écrie-t-il. A sa libération s'adjoindra naturellement celle de la Bosnie, de l' Herzégovine, de l' Albanie, de la Macédoine."[33])

Evidemment, Marmier se présente ici plutôt en observateur politique qu' en littérateur. Mais cet esprit universel, n'est-il pas pour nous Slaves également intéressant sous tous ses aspects? Et puis, on ne doit pas oublier ici que cet „exotisme documentaire"[34]) interprétait si bien les aspirations collectives et les besoins de son temps, ce temps si mêlé, si exigeant.

*
* *

Sans tenir compte de l'intétêt politique dont les Slaves en général jouissaient à l'époque dans tous les pays d' Europe, y compris la France, bornons nous à rappeler seulement l'intérêt littéraire qui contribua beaucoup à la formation d' une physionomie littéraire si caractéristique et si variée de Marmier.

Les passages des voyageurs français dans les pays slaves si fréquents au début du XIXe siècle, ont presque tous eu des suites littéraires: à côté des moeurs et coutumes, ils ont fait découvrir la littérature et, plus encore, la poésie populaire, d'une part ce fut donc tout à l'avantage

[29]) X. Marmier: *Pétition pour la Bulgarie*, p. 11.
[30]) Sur le rôle d'Anatole France en Macédoine voir: H. Andonov — Poljanski: *Anatol Frans za Makedonija*, Sovremenost, 9, Skopje, 1966.
[31]) Cf. Božidar Nastev: *Anri Barbis i Makedonija*, dans Godišen Zbornik (Annuaire) de la Faculté de Philosophie de l'Université de Skopje, t. 17—18, 1966.
[32]) X. Marmier: *Pétition pour la Bulgarie*, p. 14.
[33]) Ibid., p. 24.
[34]) Terme emprunté à Pierre Jourda: *L'exotisme dans la littérature française depuis Chateaubriand* (du romantisme à 1939), Presses Universitaires, Paris, 1956, p. 157.

de cette poésie et d' autre part cela mit fin à l' ignorance profonde du monde slave qui régnait parmi le public français à la veille du romantisme et même à l'époque de son éclat. La conséquence en fut la création d'une chaire des langues et littératures slaves à l' Université de Paris (Claude Fauriel) et au Collège de France (Adam Mickiewicz et Cyprien Robert) qui, d' elle-même, développera l'intérêt pour ce monde incidemment connu jusqu'alors par quelques revues seulement: *Le Catholique*, La *Revue Encyclopédique*, la *Bibliothèque allemande* ou le *Globe*.

Il serait intéressant de savoir si Marmier, esprit largement ouvert à toute nouveauté, assista à ces cours et notamment à celui de Mickiewicz qui venait d'être nommé professeur de langue slave à l'époque où Marmier avait déjà donné des preuves de son intérêt dans ce domaine. Faute, pourtant, d' une donnée précise, nous nous contenterons d' une constatation qui, bien que tirée d'une source indirecte, nous paraît suffisamment plausible. Cette source, la voici: parlant de l' auditoire de Mickiewicz en 1840, Hippolyte Lucas[35]) dans la préface des oeuvres complètes d' Adam Mickiewicz[36]) nous offre une liste dans laquelle nous pouvons reconnaître plus d' un nom des amis intimes de Marmier:

> „La salle primitivement assignée à ses (Mickiewicz) cours, est devenue insuffisante pour contenir son auditoire composé de Français et de Slaves de tous les noms et de toutes les couleurs . . . Des notabilités littéraires de toute sorte se donnent à l' envie rendez-vous à l' amphithéâtre de Mickiewicz. M. Ampère, à peine descendu de sa chaire, vient à son tour, bénévole auditeur, s' asseoir parmi les élèves, et prodiguer à son successeur, les témoignages d' une sincère et non équivoque admiration. M. de Montalembert, M. de Salvandy, M. Michelet, M. Sainte-Beuve, George Sand, telles sont les personnes qui viennent s' emparer, au nom de la civilisation, de ce nouvel hémisphère de la pensée que le savant Polonais est chargé de lui découvrir."

Le fait que Marmier, à l' époque surtout, fréquentait les mêmes cercles qu' Ampère, Michelet, Sainte-Beuve, Montalembert et Salvandy qui, justement alors, lui avait offert la place de professeur à Rennes, nous permet de supposer que lui-aussi se trouvait parmi eux, mais que son nom, inconnu encore du journaliste Lucas, ne fut pas jugé digne d' être enregistré. Cette supposition est d' autant plus vraisemblable que Marmier se plaît à citer l'avis de Mickiewicz qualifiant la langue serbe de „dialecte le plus mélodieux des dialectes slaves". Et si l'on ajoute que le recueil des *Contes populaires des Serviens* d' Elise Voïart était tout récent (1834) et que Marmier, lecteur assidu de tout ce qui venait de l' étranger l' avait positivement lu, on ne sera pas étonné de le voir attiré par ces cours pour y retremper son goût à l' affût de l' inconnu.

[35]) Huppolyte Julien—Joseph Lucas, dramaturge et journaliste français, né à Rennes en 1807 et mort à Paris 1878.

[36]) Traduction par Christian Ostrowski, Paris, 1842.

Pour pouvoir entrer dans des considérations si diverses dont nous avons fait l'objet des lignes précédentes, Marmier se base, en premier lieu, sur ce qu'il a pu observer et remarquer personnellement au cours de ses voyages à travers les régions slaves, mais aussi sur une documentation très riche, sur de nombreux volumes d' études historiques ou récits de voyage publiés jusqu' alors en différentes langues.

Il nous paraît important et justifié aussi pour démontrer avec quel soin il s'est efforcé de s' informer et de se procurer les exemplaires relatifs aux Slaves, d' insister sur le fonds slave de sa bibliothèque qui appartient actuellement à sa ville natale de Pontarlier. Cette volumineuse bibliothèque que nous avons eu la chance de consulter (5813 volumes au total) est composée, en grande partie, d' ouvrages en langues étrangères. Dans une lettre autographe du 19 décembre 1890, que nous avons trouvée dans les Archives de Pontarlier et dans laquelle Marmier exprimait au maire de cette cité son intention de la léguer à la ville où il avait „passé les premières années de sa vie", son propriétaire lui-même la caractérisait ainsi:

> „Cette bibliothèque se compose de plusieurs grands ouvrages avec gravure, de plusieurs milliers de volumes de différents genres et en différentes langues: voyage, histoire, linguistique, littérature en français, italien, espagnol, anglais, hollandais, allemand, danois, suédois, islandais, russe."

Et nous pouvons ajouter: serbe également que Marmier néglige d'y joindre.

On y trouve donc des ouvrages en original, entre autres des ouvrages de Tourguéniev portant la dédicace de l'auteur ou de Njegoš: *Luča Mikrokozma* (*La Torche du Microcosme*) par exemple, un parfait modèle de poésie philosophique, acquis lors du séjour à Cetinje, ensuite de recueils de chants populaires de différents pays slaves. Pour exemple ne citons que le recueil des Български народни пѣсни (*Chansons populaires bulgares*) publiées et traduites par Auguste Dozon en 1875, (Paris, Maisonneuve) ou l' étude d' Ernest Faligan: *De la littérature populaire bulgare* (Angers Germain, 1883), envoi de l' auteur à Marmier en témoignage d'un „hommage de respectueuse et reconnaissante affection". On y trouve également de nombreux dictionnaires des langues slaves y compris des „illyriens", de nombreuses histoires littéraires etc.

*
* *

C'est dans ces sources que Marmier puisa abondamment pour enrichir sa propre moisson d'observations et de réflexions et pour donner une image sinon toujours objective et impartiale, du moins à peu près complète des Slaves qu'au fond il ne voulait ni flatter ni dénigrer. Il

reprend donc la méthode qu'appliquaient ses rares prédécesseurs: recourir à des „connaisseurs" et se propose un double but. D'une part, fournir des livres à la fois intéressants et utiles. D'autre part, offrir aux lecteurs une information plus vaste qu' autrefois sur ces pays incidemment entrevus, leur communiquer son enthousiasme devant une production littéraire si riche tout en leur permettant de la goûter par l' intermédiaire de ses traductions et de ses adaptations, leur donner enfin le désir de suivre son exemple pour s' enrichir de connaissances plus complètes. Car, après avoir lu ces récits de voyage, cette prose impressionniste dirigée si aisément par une palette aux couleurs exubérantes, lu avec autant de plaisir que son auteur en a éprouvé à les rédiger, on en garde une impression durable et reconnaissante. Est-il meilleur rôle pour un littérateur? Est-il travail plus méritoire pour un précurseur? Une oeuvre plus originale?

Quand on pense qu'il y a eu tant de négligences dans le passé à l'égard de Marmier — initiateur du slavisme en France, on ne peut pas rester indifférent à ce qu' il y en ait encore de nos jours. En réalité, s'il paraît un peu oublié parmi les érudits slavisants, c'est justement parce que, dans sa qualité de comparatiste avant la lettre, il aborda brès tôt cette matière slave et s'est présenté plutôt en voyageur lettré qu'en pédant. Ses traductions, il est vrai, paraissent un peu pâles, on peut y souligner aussi des imperfections de différentes sortes, mais on les reconnaît, par contre, tojours exactes et consciencieuses. Pourrions-nous lui en tenir rigueur aujourd'hui, avec un recul de 80 ans depuis sa mort, quand nous connaissons ses efforts pour s'informer de son mieux sur toutes les régions slaves? Quand nous savons qu'il avait lu presque tout ce qui avait été écrit sur elles avant lui? Pourrions-nous oublier qu' à cette date en France, c' était une nouveauté qu'un exposé aussi systématique sur la production littéraire des peuples slaves et que Marmier est un des premiers à s'être lancé dans une telle étude? Il mérite donc la place qu' on doit lui rendre parmi les pionniers des études slaves en France, parmi les érudits d' une époque, qui, il est vrai, ne connaissait pas encore les exigences de notre ère scientifique. Mais il fut l' érudit qui a frayé la voie que d' autres, de véritables savants depuis Auguste Dozon et Ernest Denis jusqu' André Vaillant, devaient élargir après lui et il a contrubué ainsi directement au développement des études slaves en France. Le chapitre slave de la littérature française retiendra donc son nom de précurseur dans ce domaine et l' estimera digne de tout respect.

Д-р Лилјана ТОДОРОВА

ЕДНО СЛАВЈАНСКО ПОГЛАВЈЕ ВО ФРАНЦУСКАТА ЛИТЕРАТУРА

По повод 80-годишнината од смртта на Гзавие Мармие

Р е з и м е

Во овој прилог авторот го разгледува интересот на францускиот академик, патеписец и писател од XIX век Гзавие Мармие за словенскиот свет и неговиот директен придонес за развитокот на француската славистика. Откако прави анализа на неговите дела напишани по патувањата низ словенските земји (Русија, Полска, Чехословачка, југословенските земји и Бугарија) во кои Мармие покажува жив интерес кон животот, историјата и обичаите на овие народи, авторот посветува посебно внимание на ликот на Мармие како преведувач и интерпретатор на нивното народно творештво, од една страна, (тој високо го цени ова творештво и го споредува, особено она на југословенските народи, дури и со страниците на *Илијадата*) и како критичар, литературен историчар и преведувач на уметничката литература, од друга страна (особено на онаа од Русија: Пушкин, Лермонтов, Гогол, Тургенев, Полевој, Жуковски и др).

Потоа се укажува на богатата книжевна документација на разни јазици со која Мармие, вистински полиглот, се послужил при составувањето на своите дела посветени на словенските земји за да може да даде една слика, ако не секогаш објективна и непристрасна, тогаш барем речиси комплетна и искрена за словенскиот свет кого успева да го воведе во интересот на француската јавност и со тоа да стане иницијатор на славистичките проучувања во својата земја заземајќи посебно место што авторот му го определува во низата француски слависти од Огист Дозон и Ернест Дени до Андре Вајан. Зашто Мармие не е само патеписец, туку во исто време и мислител и научник—писател со живописен импресионистички стил и оригиналност што дава задоволство при читањето, но и богатство на знаења.

Ташко БЕЛЧЕВ

ЈУЖНИТЕ СЛОВЕНИ ВО КОРЕСПОНДЕНЦИЈАТА, РОМАНИТЕ И МЕМОАРИТЕ НА МИХАЛ ЧАЈКОВСКИ

Резиме

на одбранетата докторска дисертација на 12-XII-1972 година

Соочувајќи се со животот и творештвото на Михал Чајковски, кој на времето, во средината на минатиот век, беше мошне популарен полски писател, а потоа заобиколуван и премолчуван, останав со убедување дека станува збор за случај што бара еден нов пристап, па дури и рехабилитација. Освен тоа за личност, каков што беше М. Чајковски, чија дејност не беше од чисто книжевен карактер, секогаш постојат можности и аргументи во извесни епохи нивното дело и значење да не се дооценува или пак да се одминува. Очигледно е дека денес такви аргументи губат од својата некогашна сила, то ест дека се создаваат услови за еден посмирен и пообјективен пристап кон делото на животната мисија на оваа необична и најблаго речено добронамерна личност на полскиот романтизам.

Созреа времето да се определат вистинските димензии и на неговите заслуги, неговите позитивни страни како во литературна така и во општествено-политичка смисла. Поради тоа уште пред десет години ме привлече животот, книжевната дејност и други идеи на Михал Чајковски, посебно од аспектот на Балканот. Тоа беа главните причини за моето определување.

*
* *

Чајковски како шеф на Источната агенција на Чарториски, од сè најповеќе беше загреан за идејата — *обединување на Јужните Словени*, која ја сигнализира уште во Париз 1838 година на страниците на романот „Крцали". Тој во таквото единство го гледаше идниот природен сојузник на Полјаците во борбата за ослободување на нивната татковина од тројното ропство.

Неговиот дипломатски пристап кон отворените проблеми, одличното познавање на францускиот јазик, запознавањето со дипломатите на таа земја, му ја олесни работата меѓу српските емигранти во Цариград (Тома Вучиќ-Перишиќ и др.), во чие лице откри луѓе готови да се посветат со своите способности не само за делото на Србија, туку и за обединувањето на сите други Јужни Словени. Чајковски стоеше на становиште дека Србија е единствениот народ меѓу Јужните Словени која поседува сè што е потребно за да застане на чело на јужнословенските народи и да ги прибере околу себе. „Таа има, така да се рече, пишува Чајковски, аристократија на разумот и дејството, нешто што другите народи воопшто го немаат, тие поседуваат живот и политичка енергија". Постоеја, се разбира, и извесни тешкотии во оваа соработка. Тоа беа, пред сè, разликите од верски карактер (Полјаците — католици, а Србите — православни), но Чајковски, благодарејќи на толерирањето на религијата ќе ги отстрани сите пречки и неговата политичка агенција ќе стане спроводник на полско-словенската политика на Чартористки, кој се беше спротивставил на рускиот панславизам и неговото влијание врз балканските Словени.

Чајковски настојчиво работи врз будењето на националната свест кај Јужните Словени за самостојно постоење и бит во рамките на Отоманската Империја. Убеден дека е изневерен од Чартористки и францускиот „геније", Чајковски дури за сметка на народноослободителното движење на балканските Словени ќе стори сè што е возможно, за да се зачуваат придобивките од изминатата деценија на Балканот. За оваа цел нему му претстои најголемата битка. Тој треба да ги увери турските државници во Цариград дека единствено со слободни Словени на Балканот и во сојуз со нив тие ќе можат да ја зајакнат Отоманската Империја.

Речиси немаше историски и политички настани на Балканот од средината и втората половина на XIX-от век што не го заинтересирале овој полски писател, политичар и дипломат. Така, со настаните во Босна, Чајковски им праќа совети на своите потчинети што да работат. Најновите моменти се состојат во тоа што сега тој гледа по секоја цена да ја принуди Турција да ја нападне Австрија. Со таа цел, една од точките во инструкциите од тој период гласи: Да се настројуваат војниците, колку што може, против Австрија и да им се каже дека треба да се нападне таа држава; дека Босна треба да стане алка на српската влада, а на црногорскиот владика да се влијае во духот на зближување со Србите. Сето ова зборува дека Чајковски отишол многу подалеку во своите планови во споредба со оние на Чартористки.

Чајковски од Цариград ги прави и последните напори да им помогне на *словенофилите* во движењето за создавање на јужнословенска федерација, во која, покрај Србија и Хрватска, би се вклучиле Босна, Бугарија и Илирија. За безрезервното учество на Чајковски во оваа акција и неговата искрена работа за нејзиното реализирање, сведочи и фактот дека тој без одолговлечување го испратил Зах во

Загреб, со цел да работи од името на Источната агенција за одвојување на Словените од Австрија, Германија и Унгарија во името на идното јужнословенско кралство или република.

Чајковски е против учеството на полските војници и генерали во унгарските настани во 1848 година, бидејќи тие настани не беа во интерес на словенското единство на Балканот, а Унгарците од поробен народ се претворија во народ со претензии, за сметка на Јужните Словени. Затоа Чајковски жали зошто Чарториски да се согласи на овој политички и военен потег, кој беше против интересите на Јужните Словени.

Од извршените испитувања во овој труд може да се заклучи дека дејноста и творештвото на Чајковски не се монолитни. Тој во почетокот, иако произлезе од позициите на Демократската партија, бидејќи не најде соодветна почва за реализирање на своите козакофилски идеи, премина на страната на кнезот Адам Чарториски, но со времето и него ќе го напушти, бидејќи програмата на „Хотел Ламберт" не му одговарала, па дури и му пречела за реализирањето на неговата протурска платформа — протурско словенофилство. Фијаското на овој негов политички чекор, истовремено консеквентното словенофилство, авторот на романот „Крцали" ќе го доведе на позициите на панславизмот. А последниов, во лицето на поразеното Јануарско востание, го плати со најскапото — популарноста и доброто име во неговата земја.

Литературна *демонстрација* на првиот демократски период во областа на балканската тематика е романот „Крцали" (1838). Ако погледнеме повнимателно на оваа книга, ќе видиме дека причината за успехот не е во егзотизмот, туку во новооткриениот рудник на медитации и проблематика многу блиска и општа со судбината на Полска. Тука веднаш се раѓа прашањето за основата, за почвата врз која израснал и која нé тера да ја бараме душевната врска или подлогата на ова зближување. И навистина таа основа не е случајна, како што не беше случајно што Чајковски така неочекувано се загреа за судбината на Јужните Словени, на што ќе посвети речиси полни 40 години од својот живот, бранејќи ги интересите на Словените на Балканот.

Романот „Крцали" сведочи дека Чајковски, како писателски талент се „влијаел" од историските романи на Валтер Скот, но балканската тематика која за Полјаците беше рамна на егзотика, го прави овој роман да биде еден од најпопуларните негови дела („Вернихора", „Стефан Чарњецки", „Украински хетман", „Кошовата", „Овручанин" и др.), во кои Чајковски не е само автор туку и „главен јунак", бидејќи во нив е вклучен пред сé неговиот личен живот со своите немири и авантури, без оглед на тоа што во нив станува збор за конкретни историски настани и ликови.

Чајковски успеал да вникне во суштината на душата на оние слоеви на Балканот кои сигнализираат ново време (време на српските

револуционери, италијанските карбонари, грчките „арматоли“ — револуционери од 1821 год., македонските комити и др.). Тоа се луѓето кои со својот живот и борбените традиции отвораа нова ера на Балканот и посебно меѓу Јужните Словени, чиј одраз го најдоа на страниците на романот „Крцали“. Меѓу овој роман, со решителен антитурски профил и романите од вториот период на неговото творештво — расказите во книгата „Козакството во Турција“, „Босна“ и „Бугарија“ — има огромна разлика. Слично како и во неговата дипломатско-политичка и воена дејност, последниве книги ќе бидат со протурска „симпатија“, а истовремено со јака доза русофилство, кое се родило како неопходност за „продолжување“ на неговото словенофилство.

Извршената компарација меѓу политичко-дипломатската и воената дејност и литературното творештво нè води кон заклучок дека книжевната дејност на Чајковски претставувала единствено средство за реализирање на неговите политички идеи, факт што сам го потврдува во предговорот на третото издание на романот „Овручанин“.

Советите што им ги давал на народите на Балканот, организирањето на Козаците и другите доброволци од Балканот, како и сета негова дејност што била заснована врз Портата го доведоа до крах целиот животен план на авторот на „Крцали“, — до сломот што стана причина тој да им се предаде на милост и немилост на Русите и како резултат на сето тоа да го заврши својот живот трагично — со самоубиство.

Програмата на Михал Чајковски беше чиста утопија и базирана на нереални претпоставки, на добрата волја и возможностите на мирниот протекторат на Турците на Балканот, а посебно на балканските Словени.

Тргнувајќи од полски аспект, протурската програма, а истовремено и антитурската биле оправдани, додека од балкански — не, бидејќи ако се земе предвид окупацијата на тие народи од Портата, ситуацијата темелно се изменува. Тоа Чајковски или не го разбирал или, пак, не сакал да го разбере како Полјак.

Оттука може да се заклучи дека позитивната програма на Чајковски во однос на Јужните Словени е базирана врз погрешна основа, а тоа е протурската наклоност. Најдобар пример за тоа е „Крцали“ — роман кој стана популарен не само во Бугарија и Србија, туку и за многу други народи, додека „Босна“ до денес остана да жолтее во ракописи.

Идеен спроводник за Чајковски во неговата дејност, не исклучувајќи ја и литературната, беше словенофилството — популарно движење во тоа време. Од него авторот на „Крцали“ го извлекол нереалното козакофилство и далеку пореалното јужнословенофилство. Тоа движење во своите основи беше прогресивно, бидејќи се стремеше да се спротивстави, главно, против германизацијата, иако не ги земаше предвид стремежите за кристализирање на националноста на одделни народи.

Врз основа на разгледаните дела на Чајковски треба да се каже дека тој не отишол толку далеку, па дури и во другата негова дејност не станал унитарист, зборувајќи само за федеративните планови, со зачувување на одделни словенски народи, факт што го потврдуваат и самите наслови на романите — „Бугарија“ и „Босна“.

Ова сведочи дека ако целото словенофилство тонело во утопија — програмата на Чајковски имала извесни реални основи потврдени од историјата, на пример на Југославија, Чехословачка и обединувањето на Источните Словени.

Практицизмот на Чајковски беше изразен уште на едно место: со организирањето на „словенската војска“. Овој факт е апсолутно позитивен за што сведочи бугарската историја, која не го напаѓа Сад'к-паша, иако тој бил испратен, меѓу другото, и против бугарските комити.

Чајковски е во право кога решил да организира словенска армија и им сугерирал на Бугарите и другите Јужни Словени да ја поддржат, зголемувајќи ги нејзините редови. Таа можела да стане реална сила ако командантот не бил толку лојален спрема Портата.

Сите овие идеи се одразени и во неговото литературно творештво, се разбира, за сметка на уметничката страна на романите. Ако „Крцали“, кој беше напишан пред започнувањето на дипломатско-политичката и воената дејност на Чајковски, — е зрел роман од литературен аспект, тогаш „Босна“ и „Бугарија“ остануваат само како чисти памфлети. Впрочем, не е првпат во литературата, политичката дејност да ја наруши естетската рамнотежа на литературното дело. Оттука можеме без двоумење да заклучиме дека Чајковски од првиот период го наречуваме писател кој ја издига балканската тематика во полската литература на високо ниво, додека истиот тој Чајковски, станувајќи политичар, дипломат и генерал, заостанува во своето литературно творештво како писател уметник. Неговата литературна дејност од вториот период е само дополнување на неговата политичка дејност — дипломатијата и неговата воена кариера.

Ако сакаме да ги истакнеме заслугите на овој писател, на прво место треба да констатираме дека тој е новатор во полската литература со јужнословенска тематика и им отвора пат на низа други писатели кои започнаа по него да се занимаваат со слични теми — Јеж, Бжозовски и др.

Второ, ако Мицкјевич во полската литература успеал да оформи лик КОНРАД ВАЛЕНРОД и да создаде неопходен тип на своето време со помошта на далечното минато на Литва, назначувајќи му конкретна мисија во периодот на романтизмот и поконкретно во епохата на Ноемвриското востание, оформен како идеја за спасување на честа на татковината, — тогаш Чајковски под влијанието на големиот полски поет се обидел да го создаде ликот на Крцали, кој го надраснува своето време, и да го претвори во симбол, херој неопходен во иста мера и

степен за решавање на судбината на балканските народи и посебно на балканските Словени. Ова не го крие авторот на „Крцали", бидејќи во предговорот на романот го наречува својот јунак „СЛОВЕНСКИ ВАЛЕНРОД".

Трето, Чајковски на оваа релација намеравал да изврши координација меѓу Словените на Балканот, Романците, Грците, Албанците и др. — како неопходен елемент во општата борба против отоманскиот окупатор. Крцали како најзрела и дооформена личност во таа средина во овој поглед го следи примерот на Милош Обреновиќ.

Четврто, поентата на идејата за доверба меѓу Јужните Словени, која е изградена врз основа на заемна спогодба, претставува факт близок до самите историски настани во движењето на крцалиите.

Авторот не случајно дава претставници од сите Словени (Јужни, Западни и Источни), тој всушност со ова алудира на поширок план за нивното сплотување и обединување во борбата против поробувачот. Духот на старата словенска слава има своја конкретна цел — *да разбуди кај читателот гордост за минатото на Словените.*

Петто, најпосле самата смрт на романтичарскиот јунак од рацете на Козакот Нечај зборува дека Чајковски дошол до заклучок (врз основа на личниот опит од времето на Ноемвриското востание, а и од историјатот на сите претходни востанија во таа земја), дека меѓу Јужните Словени, како и меѓу Словените воопшто, се одигруваат работи со нерасчистена заднина, кои претставуваат најголема пречка во борбата за нивното ослободување. Ова значи дека смртта на Крцали не е обичен крај на еден романтичарски херој, туку филозофски осмислено финале преку кое авторот ги предупредува Словените на опасноста од меѓусебните расправии што често доведуваат до најлошото, до национална катастрофа. Тука Чајковски пред сé алудира на опитот на полската, украинската и јужнословенските нации под туѓа доминација.

По однос на Јужните Словени со своето творештво и пред сé со романот „Крцали", како и со целокупната своја дејност Чајковски исполнува функција на будење на националната свест и популаризирање на балканската проблематика не само кај полската, туку и кај европската јавност.

За нас Македонците Чајковски е посебно интересен по оставените од него патеписни белешки за Македонија, посебно со описите на градовите Солун со неговата околина, Ениџевардарско, Воден со природните убавини, Островското Езеро и легендите за него, потоа Битола со стариот и новиот лик, Прилеп со легендите за Крали Марко, по кој повод Чајковски ги потсетува археолозите да дојдат и да видат дека и Словените во овој дел на Балканот имале и имаат сво́е минато и сегашност.

Авторот на белешките „Низ Македонија“ во градот Велес се восхитува на сè што се зачувало кај Македонските Словени и нивниот горд Вардар и на еден симболичен начин ги повикува Јужните, Западните и Источните Словени да се сплотат во една единствена сила и да се спротивстават на ропството на тие народи, факт кој сведочи дека Чајковски си останува, иако далеку од својот роден крај, консеквентен словенофил, вклучувајќи ги и Македонците во големото словенско семејство.

Д-р Вера ЈАНЕВА — СТОЈАНОВИЌ

КАРЕЛ ЧАПЕК И ЕКСПРЕСИОНИЗМОТ

Резиме

Карел Чапек е секако еден од најинтересните ликови во чешката литература. Како малку кој творец пред и по него, тој ја збогати чешката мисла со своето извонредно разнообразно творештво, за кое може слободно да се каже дека е сублимна еманација на комплексно развиен дух, кој претставува симбиоза од уметник, филозоф и теоретик.

Неуморниот негов библиограф, Мирослав Халик, којшто има за него досега објавено над 4 000 библиографски бројки, најекспликативно ја потврдува актуелноста на оваа полифоничка личност. Со некои аспекти, кои се доминантни во неговото творештво, Карел Чапек се пробива и денес длабоко во сознанието на современиот човек и не престанува да вознемирува, предизвикува и стимулира на размислување.

Во настојување да ги откријам нитките што го поврзуваат овој толку драматичен и противречен писател со денешницата, спонтано му се доближив на експресионизмот, кој со своите теми, како сугестија и атмосфера е трајно присутен во неговиот опус. Меѓу првите импулси за ваквата моја ериентација и пристап се изделуваат трудовите на чешкиот теоретичар на експресионизмот, Франтишек Гец: „Básnický dnešek", Praha, 1931, „Osudná ceská otázka", Praha, 1934, „Český roman po válce", Praha, 1936. Во нив Гец недвосмислено го вбројува Чапек во светскиот експресионистички контекст. Важно е при ова да се истакне дека Гец ја открива експресионистичката линија кај него во протестот против едностраната техничка ориентација во светот, која се заканува да прерасне во омамен култ на техниката, да премине во безидејна технодулија уништожувачка за основните човечки вредности.

Истакнатиот словачки научник, Александар Матушка ја објавува, во Братислава во 1963 година, својата монографија „Človĕk proti skáze", која претставува досега најсериозен обид да се реши про-

блематиката на Чапековото творештво сестрано и од најразни историски аспекти. Матушковата карактеристика за Карел Чапек, изразена афористички во самиот наслов на монографијата е сугестивно убедлива и наполно свртена кон денешницата. Укажувајќи токму на оние моменти во неговото творештво, со кои Чапек во почетокот на XX век се постави во заштита на човекот против уништувањето, Матушка го истакнува експресионистичкиот импулс, па вели: „Expresionismus (pôsobil abstraktnost'ou, diskusnostóu, pojatím psychológie a ideovo taktiez popieraním mechanickéj, civilizácie, zdôrazňováním človečenskosti a človečini, odporom k pozitivistickéj vede."

Литературниот историчар Франтишек Бурианек, во книгата „Česká literatura XX století", Praha, 1968, го класифицира Чапек како експресионист по онаа иста линија како и Гец: „Jako snahu prekonat nebezpeči lidstva, jez hrozilo z vyspelé technické civilizace v podobě války, mozno do těchto souvislosti uvést i prvni fázi tvorby Karla Čapka. I ona má expresionistické rysy. I ona tvori jakýsi fantasijně konstruovaný model možných konfliktú a osudových dilemat lidstva."

Прашкиот германист и кафколог Франтишек Каутман, во студијата Franz Kafka a česka literatura, објавена во зборникот Franz Kafka, Praha, 1963, зборувајќи за творечките принципи на експресионизмот, за експресионистичките тенденции во германската литература ги наведува: Франц Кафка, Георг Хајм и Ернст Штадлер. Притоа додава дека овие тенденции се појавуваат кај генерацијата на Алманахот од 1914 година, кај нејзините главни претставници: „Станислав Костка Нојман и браќата Чапек.

При конфронтацијата „Карел Чапек и експресионизмот" како прв проблем за решавање се постави проблемот на самиот експресионизам како термин и како идејно естетски систем. Во текот на проучувањето на мошне обемниот материјал, во кој е содржан еден комплекс од најдивергентни интерпретации и пристапи кон овие постојано интересни и сè уште отворени прашања, во својата ригорозност и негативното вреднување на експресионизмот се изделува есејот на Ѓерѓ Лукач: „Grösse und Verfall des Expressionismus", 1934, во кој, ограничувајќи се навистина само на германскиот, Лукач ја потенцира неговата формалистичка имманенција. Во протестните моменти кај експресионистите не гледа никаква општествена функционалност, ами ги карактеризира како чисто субјективни „ . . . subjektive Momente, die objektiv nur vom Kernpunkt der Klassenkämfe abgelenkt hätten." Од денешен аспект гледано, позитивно е мислењето на Лукач дека експресионизмот не е исклучно германска појава, туку социолошки условено интернационално движење. Во таа смисла пишува: „ . . . der Expressionismus eine internationale Bewegung war. So sehr wir uns jedoch darüber klar sind, dass seine Wurzeln überall im Imperialismus zu suchen sind, so sehr wissen wir, dass die ungleichmässige Entwicklung in verschiedenen Ländern verschiedene Erscheinungsformen erzeugen musste."

Авторитетот на Лукач влијае секако што во марксистичката литерарна историја неговата концепција за експресионизмот остана доминантна сè до шеесеттите години, односно до објавувањето на Бертолд-Брехтовите написи: „Anti — Lukacz Schriften," во книгата „Schriften zur Literatur und Kunst", Berlin und Weimar 1966, Bd. II. Забележителната низа студии, објавени по овој момент, укажуваат недвосмислено на сè поинтензивниот интерес за експресионизмот како и на стремежот кон пообјективно негово вреднување. Во таа смисла вредни за цитирање се: „*Реализм и его соотношения с другими творческими методами*, Москва, 1962, „Експресионизм", Сборник статеи, Москва, 1966 „Weltfreunde" — Konferenz über die Prager deutsche Literatur, Prag, 1965, преиздавањата на најпознатите експресионистички манифести и антологии: „Frühe Manifeste" на Казимир Едшмит и антологијата на Курт Пинтус „Menscheitsdämmerung" Verlag Philipp Reclam jun. Leipzig. Во настојувањето да се опфати што покомплексно ова прашање се истакнува обемната студија на италијанскиот естетичар Марио де Микели (Mario de Michelli): „Le avanguardie artistiche del novecento", Milano, Schwarz, 1959, студијата на чешкиот естетичар Квјетослав Хватик (Květoslav Chvatík) „Smysl moderního umění", Praha, 1963, како и најопсежната досега објавена студија за експресионизмот од американскиот литерарен историчар, Валтер Сокел (Walter H. Sokel, „The Writer in extremis", California, Stanford, University Press, 1959.

Поаѓајќи пред сè од творештвото на Карел Чапек и од интерпретациите за експресионизмот на Сокол, Де Микели и Хватик, доаѓам до оформено мислење дека експресионизмот како идејно естетски систем е сложена и длабоко противречна структура, која, согледана во својата комплексност, ја изразува драматичната состојба на човекот во XX век. Заснован врз етичка позиција и антрополошки ориентиран, експресионизмот ги одразува оние суштински конфликти што го предизвикаа разбивањето на граѓанската структура и ги истакнува феномените што се појавија во новиот општествен процес по Првата светска војна: стравот, несигурноста, осаменоста на човечката единка уфрлена во еден обесчовечен свет. Експресионизмот, тој „Sturz und Schrei" на незаштитениот човек поаѓа секогаш од моралистички, дури мисионерски импулс со аспирација кон еден реализам до екстрем. Во оваа смисла се движи и интерпретацијата на Сокел, содржана афористички во насловот на спомнатата студија.

Италијанскиот естетичар Марио де Микели го третира експресионизмот како и Сокел во рамките на опсежната модерна уметничка револуција, па на експресионистичкото движење му дава најголемо значење: „Тоа движење", вели Де Микели, „ги пречекорува програмските граници. Би можело можеби да се каже дека поголемиот дел од современите уметници, особено оние најспособните, ги сметале и ги сметаат експресионистичките теми за свои. Таквите теми се всушност непрегледни, не можат да бидат исцрпени. И понатаму ќе ѝ

припаѓаат на проблематиката на денешната уметност толку долго, додека ќе продолжува отуѓувањето на човекот.“

Оваа, според мене, најприфатлива концепција за експресионизмот ги отвора неговите затворени рамки, го актуализира ова движење, кое со своите бројни навестувачки елементи е свртено кон денешницата. Делото на Карел Чапек е најубедлива потврда на Де Микелиевата концепција. Обликувано во специфичната атмосфера на Австро-Унгарската Империја, во процесот на нејзиното последно разложување, во приквечерината на Првата и пред застрашувањето од Втората светска војна, ова дело ја носи врз себе стигмата на решавачките судбински пресврти во човековата историја. Експресионистичките теми кај овој писател се она што го потврдува како експресионист. Проблемите на современиот човек (алиенацијата во механизираниот свет, внатрешната дисперзија на човечката личност, емоционалната атрофија како симптом на обесчовечувањето, потенцијалниот страв од војни, нерамномерниот развој на модерната цивилизација и во врска со тоа интензивното истакнување на дисонанцата меѓу хуманистичката и техничката компонента) тоа сè се присутни чапековски проблеми, кои се појавија како актуелни во почетокот на овој наш немирен век полн со трагични судири. Се појавуваат наизменично, некогаш и комплексно во најпознатите Чапекови романи и утописки драми (RUR, Ze života hmyzu, Továrna na absolutno, Krakatit, Adam Stvoritel, Válka s mloky). Виситинската актуелност меѓутоа, овие проблеми ја добиваат допрва денес, кога моќта на техниката и општествените институции прераснува во сила над човекот и тие ја загрозуваат не само автономијата на неговиот микросвет, туку и биолошкиот негов опстанок.

Од овој аспект гледано, творештвото на Чапек, израснато од специфичната прашка атмосфера, го добива своето вистинско значење. Прага, таа ,,cause célèbre“ на прашко-германските уметници, го условува обликувањето на автентичниот прашко-германски експресионизам, претставен со грстка творечки индивидуи, кои го сочинуваа такананареченият ,,Der Prager Kreis“, со поетите Рајнер Мариа Рилке, сликарите и композиторите: Макс Брод, Франц Кафка, Франц Верфел, Јакоб Васерман, Ото Пик, Рудолф Фукс, Хуго Салус, Арнолд Шенберг. Овие амфибиски раздвоени писатели, кои го поднесуваа трагичното чувство на Niemandsland и Grundlosigkeit, беа први кои проблемот на отуѓувањето го истакнаа во неговата најсуштинска димензија. Прашко-чешкиот експресионизам, што го претставувам во дисертацијата преку творештвото на Чапек, се обликува временски речиси синхронично со прашко-германскиот. Ги содржи во себе и кафкианските антиномии, кафкианската напнатост, Рилкеовата механофобија, стравот од емоционалната атрофија, што ја истакнуваше Макс Брод, но и верфеловската свест на одговорност за својата епоха и општочовечкото, актуализацијата на уметноста преку социјалниот патос, унанимистички облик, драматичниот мотив на вината на секое јас,

истакнување на симултаната метемпсихоза на животното чувство ,,никако јас сум, туку ние сме,“ интеграција на светот преку љубовта.

Во основата на прашко-чешкиот експресионизам, кој во делото на Чапек добива облик на своевидна варијанта, лежат неколкукратни влијанија: експресионистичкото, дјуиовско-прагматистичко-мелиористичката филозофија, бергсоновската интуиција и бергсоновското сфаќање на времето, словенско-романските инфилтрати.

Спецификата на оваа варијанта кулминира во III-иот дел од Трилогијата, во романот ,,Obyčejný člověk“,. Во него, Чапек врз основа на прагматистичкиот принцип на плурализам, релативистичкиот закон на поврзување, со применување на принципот ,,stream of consiousnesse“ и со бергсоновското сфаќање на времето укажува дека во секој човек постои една магма од ликови, непрегледни ,,јас“ конфигурации, кои ја носат во себе потенцијалната сила за нови проекции на човечката автентичност, нови реконструкции на постојната егзистенцијална состојба.

Во варијантата победува идеалистичко-патетичката вера во човештвото, возвишување на човекот до највисок метафизички принцип апстрактно-идеалистички, специфичен за идеалистичкото хуманистичко сфаќање на авторот насочено кон прифаќање на таков живот, во кој секојдневната практична дејност, ,,малиот труд“ корисен за општеството, ќе стане кондензација на неговата творечка моќ и вистина на животот. Чапек сугерира чувствување на животот во неговата непосредност, едноставност, истакнувајќи го принципот на антиличен функционализам, самопожртвување како вистински вредности на творецот. Тоа се основите на чапековската варијанта на експресионизмот, до која тој, по многу трагања, колебања и совладување на сопствените внатрешни конфликти можел да дојде, како до некој чудесно спасоносен миг, во кој наивно верувал дека само со силата на сочувството и љубовта ќе може да се измири апсурдот.

Во развојот на експресионистичката проза, основите врз кои е поставена оваа варијанта како и естетските принципи со кои е обликувана означуваат нов момент, нова димензија, можна надеж да се совлада трагичниот, безизлезниот и морбидниот кафкински свет, но истовремено таа го симболизира и последното грчовито напинање на авторот да ја задржи општествената структура, чии основи беа подложни на разложување, значи едно априористичко задржување на светот, во кој е сместена неговата најголема илузија.

Но без оглед на тоа, на каков начин Чапек ги решава проблемите, тие се за нас она со што тој најмногу ни се доближува денес. Проблемот на отуѓувањето и проблемот на техниката се доминантните мотиви и теми на Чапековата утопија и утопизирани романи. Нивната актуелност лежи во Чапековата свесност за загрозувањето на автентичноста на човекот што се јавува како последица на нерамномерниот развој

на модерниот свет, од преекспонираниот развој на техниката и запоставувањето на хуманизмот. Со оглед на тоа што, според Чапек, носител на тој хуманизам е човечката индивидуа, окружена со заштитните слоеви на микросредината и само во неа таа ја наоѓа својата целосна егзистенција, јасен ни станува неговиот ужас од технизираниот макросвет, кој го вовлекува човекот во своите витли, што ја голтаат неговата автентична егзистенција.

Запазувањето на автентичноста Чапек не го гледа во револуции, во пречекорување на самиот себеси, туку во константност на индивидуата во микросредината, со способност да ги асимилира материите на макросветот и така да им даде градежна функција. Рамнотежата на светот, според Чапек, може да биде обновена само во услови на регулирани, ограничени процеси, процеси ослободени од титанизам, хероизми, просто во свет од човечки размери, па макар да бидат жртвувани во него и хипертрофираните интелекти, доколку го водат светот кон уништување. (Ова е и темата на „Кракатит").

Моделот на Чапековиот свет во утопиите произлегува од реалната состојба на општествениот развиток во првата половина на XX-иот век. Иако редуцирано претставен, тој ни го открива сè она што е длабоко скриено во заднината на тој историски момент: демонстрации, штрајкови, објавување на војни, одделување на техниката од човечката култура и хуманистичките принципи, осамостојување на техничките деструктивни сили од човекот, патолошката нивелизација и автоматизација на човекот. Целиот тој неприфатлив свет е интегриран во неговата стварност со големо искуство, во стварност, во која сите моменти на спротивности се заострени, катастрофално сложени и кои можеа да бидат претставени во гротеска како отуѓен свет, сонлив свет, зафатен во својот уништувачки вител.

Чапековата гротеска го спроведува принципот на деструкција на псевдоконкретноста. Овој уметнички принцип можеше најмногу да ја задоволи фантастичката апстракција, која применувана во експресионистичката проза, насочува кон осознавање и вистинско доживување на секојдневието, кое се појавува како отуѓено, псевдоконкретно. Чапековите метаморфози ни ја откриваат сушноста на една скриена ситуација. Тие ни го претставуваат светот онаков каков што е тој, вистински, предочен во својата суштинска состојба на негативност. Гротеската му послужи на Чапек како извонреден медиум, преку кој можеше најефикасно да ни го претстави светот како неподнослив, неприфатлив универзум, настанет со чудовишни објекти, лишени од секаков хуманизам. Поставен во конфликт спрема светот на техничкиот прогрес, Чапек ни ја открива потискуваната димензија на човекот во стварноста и го истакнува проблемот на човечката алиенација.

Денес, кога техниката се јавува како суверена сфера, во која се врши ригорозно процесот на алиенација, владавина над човекот потврдувана со двете светски војни, проблемот на отуѓувањето,

истакнат најпрвин во прашкиот експресионизам, условува ова творештво да ги надмине своите временски граници и нè стимулира да ја бараме неговата вистинска вредност во навестувачките елементи, присутни како во обликот на мислата, така и во структурата на поетскиот свет, зашто само преку нив комплексно Чапек можел да го реституира обликот на егзистенцијалната и онтолошката состојба на современиот свет, зафатен во својата автентична физиономија. Од денешен аспект гледано, Чапековото творештво токму со своите експонирани експресионистички теми влијае врз нас како жив мемето. Зашто токму тие теми и проблеми, коишто се јавуваа како резултат на една интензифицирана антрополошка мисла, условена од несигурноста на човечката единка во почетокот на XX-иот век, спаѓаат во суштинската проблематика на современиот свет.

Уште нерастоварена од трагичното искуство на Втората светска војна, човечката единка во ерата на атомската енергија се чувствува уште позагрозена, понесигурна и понеспокојна со суверено чувство на осаменост. Експресионистичката проблематика за неа добива нова, изразно практична смисла, што се потврдува во современата литература, во делата на Диренмат, Бекет, Јонеску, Макс Фриш. Мотивската врска меѓу нив и делото на Чапек е евидентна. Конечно тоа го потврдува и совјетскиот литерарен историчар Сучков, кога во книгата „Исторические судьбы реализма“ цитирајќи го Чапек како прв објавувач на цела една сфера од животни појави од XX век, вели: „В сущности многие писатели, столкнувшиеся в наши дни с явлениями, характерными для 'неокапитализма', исследующие духовные последствия одностороннего развития 'общества массового потребления' — например, Дюренматт в физиках обращающий внимание на опасность для человечества от научных открытий, используемых власть имущими для подавления свободы и творческой мысли человека Макс Фриш, показавший в романе Homo Faber, что одностороннее воздействие технического прогресса обесчеловечивает человека . . . во многом развивает круг идей, очерчонных пьесой Чапека.“

Одејќи по таа линија на трагање и откривање на оние живи врски меѓу експресионизмот и денешницата, посебно преку анализата на Чапековото творештво, кое во светскиот експресионистички контекст претставува своевидна варијанта, ја обликував докторската дисертација, потврдувајќи ја мислата на германскиот писател Јоханес Бехер, кој во делото „Das poetische Princip“, пишувајќи за експресионизмот вели: „Ich bin überzeugt, man wird eines Tages wieder auf diese Versuche zurückkommen und mit vielem, vielem inzwischen in Vergessenheit Geratenen auch diesen Aufruhr um die Jahrhundertwende wiederentdecken.“

Лилјана ТОДОРОВА

ГЗАВИЕ МАРМИЕ И ЈУЖНИТЕ СЛОВЕНИ[1])

(ДОКТОРСКА ДИСЕРТАЦИЈА)

Резиме

Докторската дисертација на Лилјана Тодорова *Гзавие Мармие и Јужните Словени* опфаќа 331 страница поделени на следниве поглавја:

Прелиминарен дел

Увод

Прв дел

I. Гзавие Мармие, неговиот живот и неговите патувања.

II. Гзавие Мармие како писател.

III. Гзавие Мармие, истражувач на странските литератури:

А) Иницијатор на компаративната книжевност.
В) Иницијатор на славистичките проучувања во Франција.

Втор дел

I. Интересот на Гзавие Мармие за Јужните Словени.

---

[1]) Дисертацијата е напишана и одбранета на француски јазик. За насловот на оригиналот: XAVIER MARMIER ET LES SLAVES DU SUD, авторот доби претходна писмена согласност од Филозофскиот факултет во Париз, посебно од професорот на Институтот за компаративна книжевност на Сорбона, Шарл Дедејан. Дактилографскиот текст на дисертацијата доби лауреат од Академијата на науките и уметностите од Безансон, на 9 јуни 1972 година.

II. Престојот во Белград во 1845.

III. Патување по Јадранскиот брег и во Црна Гора (поглавје со 7 потпоглавја во врска со етапите од итинерерот на писателот).

IV. Гзавие Мармие, истражувач и интерпретатор на народното творештво на Јужните Словени.

V. Изворите со кои се служел.

Заклучок

Библиографија

Три индекси (индекс на автори, индекс на имиња и индекс на предмети).

